**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА СТЕПЕНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО ПОЧИТУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА

# 2025

**Скопје, 2026**

**Наслов:** ***Годишен извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права 2025***

**Издавач:** Народен правобранител на Република Северна Македонија

**Уредник:** Фатон Сељами, народен правобранител

**Јазична контрола:** Тања Трајковска

**Графички дизајн:** Кети Стефкова

**Печатница:** ДПТУ „Студентски сервис“ Скопје

**Тираж:** 60 примероци

# СОДРЖИНА

**СТЕПЕН НА ОСТВАРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА ПО ОБЛАСТИ** 11

**ОД РАБОТАТА ВО 2025** ........................................ 13

**ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ПО ОБЛАСТИ** .................. 25

**Права од правосудството и казнено-поправните и воспитно-поправните институции** 28

Правосудство . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 32

*- Постапки пред извршители . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 33*

*- Постапки пред јавното обвинителство . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 35*

Казнено-поправни и воспитно-поправни установи . . . . . . . . . . . . . . 36

Финансии . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 40

Избирачки права. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 42

**Граѓански слободи и права, права од социјална заштита и права на припадниците на заедниците** 45

Социјална заштита и сигурност . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 48

Полициски овластувања . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 51

Граѓански состојби . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 54

**Заштита од дискриминација, права на децата и лицата со попреченост, здравствена заштита и пензиско и инвалидско осигурување** 57

Права на детето . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 61

*- Заштита на најдобриот интерес на детето во областа на семејните права и правото на грижа во семејна средина. . . . . . . . . . 61*

*- Право на образование. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 63*

*- Право на детето на заштита од насилство . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 68*

*- Право на паричен надоместок за дете, право на детска и социјална заштита. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 70*

*- Право на име, идентитет (упис во матична евиденција). . . . . . . . . . 72*

*- Право на здравствена заштита на дете. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 73*

*- Деца во ризик (деца корисници на дрога и психотропни супстанции и деца на улица) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 75*

Права на лица со попреченост. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 76

Здравствено осигурување и заштита . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 79

Пензиско и инвалидско осигурување. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 82

Права од високо образование . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 84

Заштита од дискриминација. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 87

**Право на работа, еколошки права и права на корисниците на услуги** **91**
Работни односи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 94
Имотно-правни односи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 97
Урбанизам, градба и домување . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 99
Потрошувачки права . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 101
Животна средина . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 106
Други права . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 108

**РАБОТАТА НА ПОДРАЧНИТЕ КАНЦЕЛАРИИ НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ** . . . . . . . . . . . . . . . . **109**
Народен правобранител - Подрачна канцеларија Битола . . . . . . . . . **109**
Народен правобранител - Подрачна канцеларија Куманово . . . . . . . **118**
Народен правобранител - Подрачна канцеларија Штип. . . . . . . . . . . **124**
Народен правобранител - Подрачна канцеларија Струмица . . . . . . . **132**
Народен правобранител - Подрачна канцеларија Тетово . . . . . . . . . . **135**
Народен правобранител - Подрачна канцеларија Кичево. . . . . . . . . . **139**

**ПРИМЕРИ ОД ПРАКТИКАТА** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **144**

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ-НАЦИОНАЛЕН ПРЕВЕНТИВЕН МЕХАНИЗАМ** **155**

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ-МЕХАНИЗАМ ЗА ГРАЃАНСКА КОНТРОЛА** **159**

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ-ПРИЈАТЕЛ НА СУДОТ** **165**

НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ-НАЦИОНАЛЕН ИЗВЕСТУВАЧ ЗА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА 169

ПРОМОЦИЈА НА ЧОВЕКОВИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА - ПРОЕКТНО РАБОТЕЊЕ 173

КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ СО МЕЃУНАРОДНИТЕ ТЕЛА И АСОЦИЈАЦИИ 177

СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ 179

Податоци по области . . . . . . . . . . 183
Постапување . . . . . . . . . . 186
Констатирани повреди и преземени мерки . . . . . . . . . . 188

ЗА ИНСТИТУЦИЈАТА 191

Организација (правен основ) . . . . . . . . . . 192
Начин на работа. . . . . . . . . . 192
Кадровска состојба . . . . . . . . . . 193
Средства за работа . . . . . . . . . . 194

*Почитувани,*



*Со особена чест како новоизбран народен правобранител ви го претставувам Годишниот извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права за 2025 година.*

*Институцијата Народен правобранител во 2025 година се соочи со најголемиот предизвик од нејзиното основање, шест месеци функционираше без првиот човек, како лице кое ја претставува и обезбедува законито и ефикасно раководење, што, пак, остави последици врз функционирањето во одредени сегменти, од причина што како инокосен орган, не беше во можност да работи со полн капацитет. Тоа се одрази и на нејзиното присусутво, како во јавноста, така и на меѓународен план.*

*И покрај тоа што Институцијата шест месеци фунционираше без народен правобранител, сепак тоа во голема мера не влијаеше врз предметното работење, како едно од нејзините примарни задачи-заштита на правата на граѓаните, па намалувањето на бројот на претставките беше незначително во споредба со претходната година. Во овој контекст, не треба да се занемари и фактот што годината беше изборна - се одржаа избори за локалната власт, па во тој период (повеќе од два месеци), согласно изборните правила, постапките по предметите мируваат бидејќи надлежните органи не смее да постапуваат по истите.*

*Овој извештај, кој се доставува до Собранието на Република Северна Македонија, претставува реален одраз на состојбата со почитувањето на правата на граѓаните во речиси сите сегменти од нивното општествено живеење, како на централно, така и на локално ниво, затоа што во себе содржи и посебни делови за работата на шесте подрачни канцеларии на Народниот правобранител во Тетово, Кичево, Битола, Струмица, Штип и Куманово, со нивните карактеристики во работата. Во него, дадени се 96 препораки за констатираните состојби во сите области од надлежност на Народниот правобранител, а со цел подобрување/отстранување на слабостите во системот кои влијаат врз остварувањето на правата на граѓаните.*

*Во своето постапување, Народниот правобранител остана доследен на принципите на независност, непристрасност, транспарентност и професионалност. Притоа, нашата улога не е само да констатираме повреди на правата, туку и да укажуваме на потребата од подобрување на законската рамка, административните практики и институционалната култура заради градење правна држава заснована врз принципот за владеење на правото и почитување на човековото достоинство.*

*Граѓаните, и во извештајната година, најмногу претставки поднесуваа за работата на извршителите и судството генерално. Во овој сегмент, доминираа претставките кои се однесуваа на барањата за деблокада на сметките, на висината на каматата и трошоците, кои ги наплатуваат извршителите, како и за проблемите поради блокада на сметките од страна на повеќе извршители. Непочитувањето на принципот за судење во разумен рок, особено во управното судство и понатаму претставува причина, за која најмногу се жалеа граѓаните, кои, исто така, поднесуваа и претставки дека, во многу ретки случаи овие судови пристапуваат кон мериторно одлучување.*

*Она што ја одбележа извештајната година, беше еколошката катастрофа која се*

*случи во селото Трубарево, во непосредна близина на главниот град Скопје и каде во пожар, меѓу другото, гореше складиран опасен отпад. Овој настан, како и останатите еколошки инциденти и проблеми низ државата во делот на животната средина, придонесоа во оваа сфера да има најголемо зголемување на бројот на претставките, споредено со сите изминати години. Земајќи го предвид значењето на ова прашање, односно живеењето во здрава животна средина, Народниот правобранител отвораше предмети и по сопствена иницијатива.*

*Оттука, и препораките да се зајакнат ресурсите на сите институции, како на државно, така и на локално ниво, со цел непречено и во целост да ги извршуваат надлежнстите во поглед на заштитата и унапредувањето на животната средина и обезбедување пристап на граѓаните до информациите од оваа сфера.*

*Голем беше и бројот на претставките од граѓани и од членови на нивните семејства, кои се жалеа за ненавремено добивање на терапијата, особено на онколошките пациенти чии животи зависат токму од квалитетна и навремена терапија. Дополнително, тие искажуваа незадоволство од начинот на делење на истата, односно укажуваа на фактот дека таа ја има само во Скопје, па поради тоа се принудени секојдневно да патуваат, притоа судрувајќи се со долги чекања, административни пречки и недостаток на соодветни услови на клиниката.*

*Работните односи и натаму претставуваат една од позначајните области во кои граѓаните се соочуваат со повреди на нивните уставни и законски загарантирани права. Содржината на претставките од оваа област последните неколку години останува непроменета - тие најчесто се однесуваат на повреди во постапките за вработување, за права од работен однос кај приватен субјект, дисциплинска постапка спрема вработен, неисплата на плата, надоместоци и додатоци или нивно доцнење, неусогласеност на договорите за вработување со законите, колективните договори и останатите прописи, мобинг и повреда на достоинството на вработениот и слично.*

*Пренатрупаноста и несоодветните услови за живот во казнено-поправните установи, претставуваат дополнителен извор на зголемени тензии меѓу лицата лишени од слобода, кои во одредени случаи резултираат со појава на меѓусебни конфликти и зголемен број на поднесени претставки по тој основ.*

*Остварувањето на правото на соодветна и навремена здравствена заштита и понатаму останува еден од најголемите предизвици со кои се соочуваат лицата лишени од слобода. Во овој дел, Народниот правобранител констатира дека постојат сериозни и системски слабости во функционирањето на затворскиот здравствен систем, кои директно влијаат врз нивното здравје и достоинство. Недостигот од медицински кадар, особено лекари и медицински сестри со постојано присуство, предизвикува состојба здравствените проблеми да не се третираат навремено или соодвтено, а недоволната достапност на лекови и медицинска опрема, ги принудува затворениците сами да ја набавуваат потребната терапија или да останувaат без истата.*

*Во извештајната година, се обезбеди формално и континуирано образование на децата во Воспитно-поправниот дом „Волковија" - Тетово, преку имплементација на Законот за основното образование, што со години беше заложба на Народниот правобранител.*

*По однос на правата на детето, Народниот правобранител и во овој Годишен извештај повторно препорачува државата да пристапи кон менување на Законот за семејство, на начин што ќе го уреди прашањето на одговорностите на родителите во процесот на воспитување и развој на детето во согласност и со Конвенцијата за правата на детето. Исто така, центрите за социјална работа при следење на начинот на остварување и исполнување на родителските права и обврски, особено треба да внимаваат на случаите во кои постојат меѓусебни родителски конфликти.*

*Со цел, пак, да се спречат манипулациите и дискриминаторските практики при упис на ученици во прво одделение, особено во градовите каде што истражувањата покажаа дека постои оваа практика, се препорачува надлежните органи при издавање на лични*

*документи да спроведат контрола во однос на адреса на живеење на ученикот, како и зајакнување на координацијата меѓу локалната самоуправа, социјалната служба и надлежните институции.*

*Карактеристично за извештајната година е и конечното решавање на долгорочниот проблем во остварувањето на правата на социјална сигурност на голем број на македонски државјани, кои својот работен век го поминале во Република Италија бидејќи стапи во сила соодветниот билатерален договор, кој по долги години беше ратификуван и од страна на Република Италија.*

*Народниот правобранител оцени дека законското решение според кое зголемувањето на пензијата се врши само на корисниците, кои истата ја примаат во државата, а не и корисниците кои живеат надвор од земјата, создава нееднаквост меѓу пенизонирите. Следствено на тоа, Народниот правобрантел достави предлог за оценување на уставноста и законитоста на соодветните одредби од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување до Уставниот суд, кој до крајот на извештајната година, не се произнесе за истата.*

*Отсуството на ефикасна и континуирана координација помеѓу надлежните институции, со јасно дефинирани протоколи за размена на информации заради следење на предметите, навремено доставување на медицинската и другата документација помеѓу надлежните органи, предизвикува проблеми во делот на остварувањето на правата по основ на социјалната заштита  и сигурност.*

*Од анализата на содржината на поединечните претставки, како и состојбата во врска со случаите на семејно и родово базирано насилство, Народниот правобранител констатираше дека Министерството за внатрешни работи мора под итно да преземе мерки за обучување и едукација на полициските службеници и инспекторите за обезбедување поефикасна заштита на жртвите од семејно и друг вид насилство, како и мерки за постапување согласно Законот за превенција и заштита од насилство врз жените и семејно насилство. По пријавите од жртвите мора да се постапува со максимална итност и професионалност и со должно внимание кон жртвите, а со цел спречување на фемициди и какви било други форми на семејно и родово-базирано насилство.*

*Полициските органи и понатаму не преземаат навремени и ефикасни мерки и активности по поднесените кривични и други пријави на граѓаните, а полициските истражни органи, не спроведуваат брза и ефикасна истрага, за расчистување на кривичните дела и откривање на сторителите на кривичните дела.*

*Со оглед на тоа што во извештајната година продолжија случаите на неосновано задржување на граѓаните на граничните премини, останува препораката Бирото за јавна безбедност да  ги преземе сите потребни мерки и дејствија со цел да се превенира неосновано задржување на граѓаните, а проверките без исклучок да бидат законски оправдани и врз основа на ажурирани податоци во електронските системи.*

*Во делот на имотно-правни односи, состојбата останува непроменета. Доминираа претставките за одолжување на постапката пред управните органи и управните судови. Кај урбанизмот, градбата и станбените односни, евидентно е повеќегодишно немање на соодветни инспекциски служби и тоа како на локално, така и на централно ниво.*

*Во врска со спроведувањето на локалните избори и оваа година, во институцијата функционираше бесплатната телефонска линија за пријавување на какви било нерегуларности. Во таа насока, на истата имаше значително помал број на јавувања, споредено со претходни изборни циклуси. Сепак, останува констатацијата дека во избирачкиот список и натаму фигурираат починати лица, како и лица кои воопшто не живеат на адреса на која се запишани во истиот.*

*Почитувани,*

*Констатирам дека и во извештајната година нема никакво подобрување на законскиот статус на вработените во Стручната служба на Институцијата, а истата констатација е и*

*во поглед на обезбедувањето на финансиските средства.*

*Министерството за финансии и понатаму во голем обем ги намалува средствата во буџетот на Народниот правобранител, а тоа го доведува во прашање нормалното фунционирање на институцијата и остварувањето на севкупната надлежност.*

*Исто така, ова Министерство одбило да ги исплати додатоците на плата на вработените согласно Колективниот договор. Сето ова, ја попречува Институцијата согласно Парисските принципи да може да аплицира за добивање на акредитација со статус А - национална институција за човекови права и да ужива функционална, финасиска и кадровска независност и самостојност.*

*Зад институцијата Народен правобранител остана година, во која Собранието на пленарна седница не го разгледа Годишниот извештај за работата и со тоа не ги утврди мерките за спроведување на дадените препораки. Очекувам дека оваа состојба ќе се надмине, односно дека во иднина значително ќе се подобри соработката со Парламентот, сé во насока и на подобрување на состојбите со почитувањето, унапредувањето и заштитата на човековите слободи и права.*

*Како нов народен правобранител и раководител на Институцијата Народен правобраниел, која во моментов е исправена пред многу предизвици, сакам да нагласам дека имам волја и спремност да работам со сите чинители, со цел подобрување како на состојбите и капацитетите на институцијата, така и на состојбите со почитувањето и остварувањето на правата на сите граѓани подеднакво.*

**Народен правобранител**
***Faton Selami***

# 1 СТЕПЕН НА ОСТВАРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА ПО ОБЛАСТИ

# ОД РАБОТАТА ВО 2025

Во почетниот дел од Годишниот извештај издвојуваме неколку карактеристични случаи, состојби, конкретни проблеми на граѓани, во кои од страна на Народниот правобранител се утврдени прекршувања и повреди на уставните и законските права на граѓаните.

Освен, што сака да посочи дека овие констатирани повреди/состојби се всушност нелогични, незаконски, па дури и апсурдни ситуации настанати поради незаконско, нестручно и непрофесионално работење на органите, и истовремено да ги повика надлежните органи да преземат итни мерки и дејствија за отстранување на констатираните повреди, Народниот правобранител посочува дека неговите намери и заложби се сериозни, конструктивни и на закон засновани, и воедно се оградува од какво било друго сфаќање вон контекст, во однос на издвоените случаи, а сé со цел обезбедување на навремено и непречено остварување, почитување и унапредување на човековите права и слободи во државата.

Воедно, Народниот правобранител со истакнатите примери сака да даде позитивен импулс во постапувањето на органите на државната управа и другите организации за почитување на со Устав и закон гарантираните права на граѓаните.

## НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ АПЕЛИРА ЗА ПОГОЛЕМА ПРЕВЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ОД НАСИЛСТВО

Народниот правобранител постапуваше по случај на тешко физичко насилство врз дете од неговиот татко, дополнително заострен поради објавување на снимки на социјалните мрежи. Детето било врзувано со јаже околу вратот и рацете, што укажува на висок ризик по неговата безбедност и здравје.

Центарот за социјална работа веднаш го смести детето во интервентно згрижувачко семејство, а судот изрече привремени мерки за заштита од семејно насилство.

Случајот ја потврдува потребата од поголем фокус на превенцијата. Народниот правобранител апелира за рано откривање на ризици преку координација меѓу социјални, здравствени и образовни институции, редовна поддршка и едукација за родителите, како и воспоставување механизми за брза интервенција пред да се случат сериозни инциденти.

## ЗАБЕЛЕЖАНИ СЛУЧАИ НА КРИВИЧНО ГОНЕЊЕ НА ГРАЃАНИ КОИ ПРИЈАВУВААТ МАЛТРЕТИРАЊЕ ОД ПОЛИЦИЈАТА

Народниот правобранител – Механизам за граѓанска контрола нотира практика во повеќе случаи кога граѓаните, барајќи заштита од малтретирање од страна на полициски службеници, се соочуваат со кривични пријави поднесени против нив од страна на Министерството за внатрешни работи (МВР) за кривични дела како „Напад на службено лице при вршење работи на безбедноста" или „Спречување службено лице во вршење службено дејствие".

Следејќи ги овие постапки, Народниот правобранител забележува дека поднесувањето на кривичните пријави може да има ефект на одвраќање на граѓаните од пријавување на незаконско постапување од страна на полициски службеници, особено во случаи поврзани со употреба на сила, средства за присилба или противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување и казнување, доколку законот предвидува кривично гонење по службена должност.

Народниот правобранител апелира до Министерството за внатрешни работи да преземе соодветни мерки и активности за надминување на ваквата пракса, преку спроведување на ефикасна, непристрасна и темелна истрага, со цел правилно утврдување на фактичката состојба. Дури по обезбедување на неоспорен доказен материјал, МВР треба да постапи согласно законските правила и процедури.

## НЕРЕДОВНА ИСПЛАТА НА СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ ЗА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ, НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ АПЕЛИРА ЗА КОНТИНУИТЕТ ВО ИСПЛАТАТА И СИГУРНОСТ

Народниот правобранител отвори предмет, по сопствена иницијатива, поради сознанија и поплаки за нередовна и задоцнета исплата на надоместоците за социјални услуги наменети за деца и лица со попреченост.

Поради дисконтинуитетот во исплатите, кои директно ги засегаат корисниците зависни од овие услуги, од Министерството за социјална политика, демографија и млади беа побарани појаснувања за причините за застојот и за преземените мерки за негово надминување.

Наместо детално образложение за причините, Министерството достави само делумни податоци за лиценцираните даватели на услуги.

Според Народниот правобранител, ваквата состојба може да предизвика нарушување на правата на лицата со попреченост и нивните семејства, како и сериозни последици врз секојдневниот живот и егзистенцијата на корисниците, кои зависат од континуираната финансиска поддршка.

При тоа, имајќи предвид дека се работи за ранлива категорија граѓани, Народниот правобранител апелира за посериозен пристап кон ова егзистенцијално прашање и непречена и континурана исплата на средства, со цел да се обезбеди континуитет и сигурност во користењето на социјалните услуги.

## ВОЛУНТАРИЗАМ ВО СЕКТОРОТ ЗА ДАНОЦИ И КОМУНАЛНИ ТАКСИ ВО ГРАДОТ СКОПЈЕ

Градот Скопје, поточно Секторот за даноци и комунални такси очигледно си работи по свои правила и прописи, спротивно од оние утврдени во законите. Доказ за тоа е случајот со жител на Скопје, кој по смртта на неговиот татко ја спровел оставинската постапка, станал наследник, но кога побарал да му биде верифукувано наследното решение (да се ослободи/задолжи со данок на наследство) и потоа имотот да го запише на свое име во катастарот, наишол на бариера во Секторот. Имено, оттаму одбиле да му го примат ова решение, со образложение дека прво мора да го плати заостанатиот долг на неговиот татко на име данок на имот.

Народниот правобраните за овој случај, упати барање за објаснување - „врз основ на кој член и во кој закон постои одредба со која е можно институцијата да одбие да прими наследно решение и потоа да спроведе постапка за даночно ослободување за наследен недвижен имот, како и тоа според кој член и од кој закон за вакви случаи граѓанинот се условува, односно од него прво се бара да го плати заостанатиот долг".

Народниот праобранител ниту по упатената ургенција, не доби објаснување од Град Скопје за овој случај.

## ОДДАЛЕЧЕНОСТА И ОГРАНИЧЕНИОТ ПРЕВОЗ – ПРЕЧКИ ЗА КОНТИНУИРАНА ПОДДРШКА ОД ОБРАЗОВЕН АСИСТЕНТ ЗА УЧЕНИК СО ПОПРЕЧЕНОСТ ВО РУРАЛНО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ

Народниот правобранител постапуваше по претставка поднесена од родител на ученик со попреченост, кој посетува настава во подрачно училиште при ООУ „Алија Авдовиќ", лоцирано во с. Цветово, Општина Студеничани.

Во текот на постапката, беше утврдено дека детето не може да оствари континуирана поддршка од образовен асистент, поради оддалеченоста на училиштето, тешката пристапност и ограничениот превоз. Ангажираните образовни асистенти не беа во можност долгорочно да ја извршуваат својата работа, што доведе до чести прекини на поддршката и отежнато следење на наставата од страна на ученикот.

По преземените мерки и обраќања до надлежните институции, беше констатирано дека ваквата состојба директно влијае врз остварувањето на правото на еднаков пристап до образование и инклузивна настава. Народниот правобранител упати укажувања до Министерството за образование и наука за изнаоѓање соодветно и одржливо решение, и повратно беше посочено на можност за реевалуација и евентуално продолжување на образованието во ресурсно училиште, но системско решение за обезбедување образовен асистент во местото на живеење не беше воспоставено.

И покрај преземените активности, проблемот остана без конкретна разрешница, и детето во учебната 2024/2025 година не доби континуирана поддршка од образовен асистент.

Овој случај укажува на потребата од итно и координирано делување на сите надлежни органи за надминување на инфраструктурните и организациските пречки кои го ограничуваат пристапот до инклузивно образование, особено во руралните средини. Неопходно е да се воспостават одржливи механизми, како обезбедување превоз, дополнителни стимулативни мерки за ангажман на кадар и флексибилни модели на поддршка, со цел ниту едно дете да не остане без образование поради услови кои државата е должна да ги надмине.

## ГРАЃАНИН ОД СКОПЈЕ ИАКО Е ЖИВ, Е ВПИШАН КАКО ПОЧИНАТ-ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ЛАВИРИНТ БЕЗ РЕШЕНИЕ

Постапувајќи во рамките на своите уставни и законски надлежности за заштита на правата на граѓаните, Народниот правобранител постапуваше по претставка поднесена на 24.01.2023 година од граѓанин од Скопје, кој повеќе од седум години води постапки пред повеќе органи за да биде избришан од матичната книга на умрени, каде што бил погрешно впишан по смртта на неговиот брат – близнак, во странство, поради замена на личните документи.

Граѓанинот поднел барање до Основниот граѓански суд Скопје да биде прогласен за жив, но судот донел решение со кое се прогласил за ненадлежен, образложувајќи дека ваква постапка не е предвидена со важечките законски прописи. По правосилноста на одлуката, граѓанинот бил упатен да го решава прашањето пред Управата за водење на матичните книги.

Од друга страна, Управата го упатила граѓанинот повторно на судска постапка, наведувајќи дека единствено судот е надлежен да донесе решение со кое лицето ќе се прогласи за живо, по што Управата би можела да го поништи уписот во матичната книга на умрени.

Со ваквото меѓусебно префрлање на надлежноста, без суштинско постапување по барањето, Народниот правобранител оцени дека се повредува основното право на живот, бидејќи на граѓанинот, формално евидентиран како починат, му е оневозможено да ги остварува и најелементарните права.

И покрај бројните интервенции од Народниот правобранител, Управата за водење на матичните книги останала на ставот дека е ненадлежна за надминување на состојбата, со што конкретниот проблем на граѓанинот и понатаму останува нерешен.

## МЕХАНИЗМОТ ЗА ГРАЃАНСКА КОНТРОЛА ПРИ НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ НЕ ПРОФУНКЦИОНИРА ВО ПОЛН СОСТАВ И ПО ШЕСТ ГОДИНИ ОД ФОРМИРАЊЕТО

Механизмот за граѓанска контрола формиран како посебна организациска единица во рамките на Народниот правобранител, и по шест години од своето формирање, не успеа да профункционира во полн состав со претставници на три граѓански здруженија, како што е предвидено со Законот.

Во 2025 година, и покрај завршениот избор на здруженијата од страна на Собранието, нивните претставници не отпочнаа со работа поради необезбедени средства од страна на Министерството за финансии.

Дополнително, Народниот правобранител забележува дека мандатот на претставниците на граѓанските организации е ограничен на една година. Поради тоа, во предложените измени и дополнувања на Законот за народниот правобранител од 2025 година, кои сѐ уште се во собраниска процедура, Народниот правобранител ја истакнува својата согласност за зголемување на мандатот од 1 на 3 години, со цел обезбедување на континуитет и ефективно функционирање на механизмот.

## МАЈКА, ЗА ИСПЛАТА НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧЕ ЧЕКАЛА ПОЛОВИНА ГОДИНА

Мајка, уредно/навремено доставила документи за остварување на правото на еднократна парична помош за новороденче и истото од Центарот за социјални работи Делчево и било уважено.

Откако поминал подолг временски период, а средствата не и биле иплатени, таа побара помош од Народниот правобранител. Одговорот, во однос на конкретниот случај, на Министерството за социјална политика, демографија и млади и Центарот, беше апсурден - наводен технички проблеми во системот при исплатата на средствата, односно неповрзувањето на социјалниот број со трансакциската сметка во банка.

Сепак, во вакви ситуации ова не треба да биде оправдување, затоа што странката која добива решение и уредно си доставува трансакциска сметка од банка, воопшто не смее и не треба да ги трпи последиците од недостатоците во системот и нивното ненавремено отстранување.

По интервенцијата на Народниот правобранител, мајката ја доби конкретната парична помош.

## НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ БАРА ПРАВО НА СОЦИЈАЛНА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА СТАРИ ЛИЦА ДА ИМААТ ДВАЈЦАТА СОПРУЖНИЦИ

Анализата на состојбите и примената на законските одредби за остварување на правото на социјална сигурност за старите лица укажа на нееднаква и рестриктивна примена. Во случаи кога двајцата сопружници или вонбрачни партнери ги исполнуваат условите за стекнување на правото, истото може да го користи само едно лице.

Народниот правобранител оцени дека ваквата поставеност доведува до индиректна дискриминација, особено со оглед на тоа што надоместокот е идентичен без разлика дали правото го користи едно лице или двајца партнери, а зголемените трошоци за живот и инфлаторните движења дополнително ја отежнуваат ситуацијата. Поради тоа, Народниот правобранител утврди потреба од преиспитување на висината на паричниот надоместок, како и можноста правото да може да се остварува индивидуално, за секој партнер, или пак, во случај на брачна/вонбрачна заедница износот да биде соодветно зголемен.

Врз основа на тоа, Народниот правобранител достави иницијатива до Владата на Република Северна Македонија и Министерството за социјална политика, демографија и млади за изменување и дополнување на Законот за социјална сигурност за старите лица, со цел усогласување на законската рамка со начелата на праведност, хуманост и еднаквост.

Министерството ја поздрави иницијативата, оценувајќи ја како реална и насочена кон подобрување на положбата на старите лица,  и информираше дека ќе биде земена предвид при изработка на сеопфатна анализа на условите, критериумите и финансиските импликации, вклучително и можноста за зголемување на износот на правото, со обезбедување соодветни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

## ЗА ДОКТОРКА СО ЛИЦЕНЦА ЗА СУБСПЕЦИЈАЛИСТ ПО ДИЈАБЕТОЛОГИЈА НЕМА МЕСТО ВО ПОСТОЕЧКИОТ КАБИНЕТ ПРИ ЈЗУ „ЗДРАВСТВЕН ДОМ“ - СКОПЈЕ

Како во пракса се стимулира одливот на медицински кадар од јавните здравствени установи, покажува предметот со доктор со лиценца за работа како субспецијалист по дијабетологија, која од ЈЗУ „Здравствен дом“ - Скопје иако токму за таа цел била испратена на таква специјализација, сé уште не може да го обезбеди правото да работи на соодветно работно место.

Оваа здравствена установа не постапи ниту по укажувањето на Народниот правобранител веднаш да бидат преземени дејства за завршување на постапката за изготвување и донесување на измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места, на начин што ќе се предвиди и работно место за субспецијалист за дијабетологија на кое пак, таа дополнително и ќе биде распоредена во постоечкиот кабинет за Дијабетологија. Притоа, постапката за решавање на ситуацијата/измена на систематизацијата, наводно е започната уште во текот на месец мај и до крајот на извештајната година истата не беше завршена. Покрај тоа, на вработената не и се исплаќа плата според стекнатиот степен на образование (звање Доцент), а во согласност со Анексот за изменување и дополнување на предметниот Колективен договор за здравствена дејност на Република Македонија, ниту се преземаат дејства за надминување на состојбата со нејзиното ставање во нееднаква положба во однос со други вработени на ЈЗУ Здравствен дом Скопје - Скопје, при определувањето дежурство и пополнување часови во службите за кои немаат лиценца.

## ПРОБЛЕМ ЗА СКОПЈАНИ ПОКРАЈ ВОДАТА БЕШЕ И ЈАВНИОТ ГРАДСКИ ПРЕВОЗ, ПОДИГНУВАЊЕТО НА СМЕТОТ И ОДРЖУВАЊЕТО НА ЈАВНАТА ХИГИЕНА

Состојбата со јавниот градски и приградски превоз на подрачјето на градот Скопје и во извештајната година не се надмина, односно воопшто не се подобри. Впрочем, граѓаните и натаму се жалеа дека со часови чекаат автобуски превоз, а особено беа погодени жителите од општината Шуто Оризари, каде тој воопшто и не функционираше.

Исто така и ЈП „Комунална хигиена“ - Скопје, постапуваше спротивно на Законот за комунални дејности, програмата и плановите за управување со комуналниот отпад и не ги спроведуваше и не ги извршуваше целосно работите од утврдениот делокруг на работа, односно собирањето на сметот и чистењето на јавните површини, како и одржувањето на хигиената не го вршеше во континуитет и квалитетно. Поради ова, населбите во градот, како и делови од јавните градски и сообраќајни површини беа претворени во мини депонии, а сметот се одлагаше во непосредна близина на предвидените садови за собирање.

За надминување на овие проблеми, ниту една од надлежните институции, особено Градот Скопје, не преземаа ништо по укажувањата на Народниот правобранител.

## КОНЕЧНО Е ОБЕЗБЕДЕНО ФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ И ЗА ДЕЦАТА ОД ВПД ВОЛКОВИЈА - ТЕТОВО

По долгогодишното ускратување на правото на образование, од октомври 2025 година и децата сместени во Воспитно-поправниот дом Волковија во Тетово се вклучени во формалното образование.

Со донесените измени на Законот за основно образование, во учебната 2025/2026 година започна формална настава за овие деца, реализирана преку комбиниран модел на настава (со физичко присуство и настава од далечина) за вкупно 18 деца.

За учениците од ВП Домот се обезбедени лаптопи и училишен прибор, со цел да им се овозможи квалитетно учење, личен развој и изградба на нивната иднина. Остварувањето на ова право ќе придонесе за полесна ресоцијализација, а како крајна цел – реинтеграција во општеството.

## ЗА ОПШТИНАТА БУТЕЛ НЕ ВАЖАТ ЗАКОНИТЕ И КОЛЕКТИВНИТЕ ДОГОВОРИ КОГА ИСПЛАЌА СРЕДСТВА ЗА ПАРИЧНА ПОМОШ И ЗА ПЕНЗИОНИРАЊЕ

Општината Бутел при исплата на парична помош кон нејзините вработени, во случај на смрт на член на нивното потесно семејство, како и при заминување во пензија, исплаќаше пониски суми од оние утврдени со Законот за извршување на буџетот за 2025 година на Република Северна Македонија и колективните договори. Со ваквата пракса Општината ги ставаше во нерамноравна положба, како вработените во локалната самоуправа, така и оние во локалните јавни установи (основните училишта и градинките).

Имено иако Законот за извршување на буџетот за 2025 година на Република Северна Македонија и колективните договори предвидуваат износот на оваа парична помош да изнесува една просечна месечна нето-плата по работник во Републиката, објавена до денот на исплатата, сепак Општината за нејзините вработени истата ја исплаќаше во висина од 20.000,оо денари, додека пак, за вработените во локалната јавна установа (ОУ и ЈДГ), износот беше 15,000,оо денари. Дополнително, Општината ова право им го ограничуваше на лицата кои со починатиот родител/родители не живееле на иста адреса, што, пак, исто така е спротивно на законот и соодветниот колективен договор.

Оваа Општина и испратнината при одење во пензија, не ја обезбедуваше во висина определена согласно законот и соодветниот колективен договор.

Имајќи ја предвид таквата состојба, Народниот правобранител до Општина Бутел - Градоначалник на Општина Бутел, даде укажување да бидат преземени дејства за усогласување на посочените спорни одредби од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Бутел за 2025 година, со соодветните одредби од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и исплата на паричниот надоместок во еднаков износ за сите вработени во локалните јавни установи и општината.

Согласно ваквата интервенција, од страна на градоначалникот на Општина Бутел, до Народниот правобранител беше доставено известување дека укажувањето ќе биде земено предвид и ќе се изврши усогласување на спорните одредби при определување на правото на парична помош и други надоместоци со носење на новиот буџет за 2026 година.

## ЛИЦАТА СО АУТИСТИЧЕН СПЕКТАР НА НАРУШУВАЊЕ КОНЕЧНО МОЖАТ ДА СЕ ВРАБОТАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА

После 25 години од донесувањето на Законот за вработување на инвалидни лица, а по иницијатива на Народниот правобранител, лицата со аутистичен спектар на нарушување добија можност за вработување. Во септември 2025 година, Собранието на Република Северна Македонија ги донесе потребните измени и дополнувања на Законот.

Оваа измена е значајна за лицата со аутистичен спектар и нивните семејства, бидејќи голем број од нив се работоспособни и можат да придонесат за себе и за општеството. Новата законска регулатива овозможува инклузија на отворениот пазар на труд, препознавање на нивните вештини и потенцијали, како и нивно активно вклучување во заедницата.

## ЕКОЛОШКА КАТАСТРОФА ВО СКОПЈЕ, НО УШТЕ ПОКАТАСТРОФАЛНА СОСТОЈБАТА СО ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ

Народниот правобранител заради адекватно согледување на состојбата во врска со управувањето со отпадот, а во корелација со настанот во Трубарево, каде неколку дена гореше склад со отпад, меѓу кој имаше и опасен отпад, но и со другите еколошки инциденти (горењето на регионалната депонија Дрисла, поранешната депонија Вардардиште, огромна количина на пластичен отпад исфрлен во реката Вардар и.т.н.) од Министерството за животна средина и просторно планирање, Државниот испекторат за животна средина и Управата за животна средина, побара објаснувања, информации и докази во поглед на управувањето со отпадот, издадените дозволи, безбедноста на локациите, бројот на депонии и количината и видот на отпад и каде се складира. Исто така, беа побарани податоци и за евидентираните диви депонии, кои депонии имаат дозвола за работа, посебно за складирање и горење на опасен отпад и за бројот на инспекциските надзори, извршени во 2024 и заклучно со месец септември 2025 година.

Покрај тоа, поголема група жители на Град Скопје, поднесоа поединечни претставки со иста содржина, а во кои од надлежните органи/институции и единици на локалната самоуправа бараа „итно да се преземат мерки и дејства за да се заштити здравјето на граѓаните и да се најде системско решение за загадувањето на воздухот од депонијата Вардариште".

Народниот правобранител за сите овие случаи се обрати до Владата на Република Северна Македонија, Министерството за животна средина и просторно планирање, соодветните инспекторати (комунален, државен санитарен и здравствен и за животна средина), до Институтот за јавно здравје и до Општината Гази Баба. Притоа, од поголем дел од овие институции, Народниот правобранител доби несоодветни одговори бидејќи тие меѓусебно си ја префрлуваа надлежноста и одговорноста за преземање на потребните дејства и мерки.

Во овој контекст, загрижува тоа што во земјата се издадени само две дозволи за вршење на дејност депонирање отпад и тоа А интегрирана еколошка дозвола за ЈП „Дрисла" - Скопје и Б интегрирана еколошка дозвола за ЈКП „Комуналец Гевгелија" - Гевгелија. Притоа, нема издадено дозволи за депонии за опасен отпад, ниту за интерен отпад, а од двете депонии кои поседуваат интегрирани еколошки дозволи, воопшто нема доставено писмени известувања за негативни влијанија за животната средина.

## НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ ПОКРЕНА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ИТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТЕРАПИЈА ЗА ДЕЦА ЗБОЛЕНИ ОД АДХД

Народниот правобранител покрена постапка, по сопствена иницијатива, поради недостапност на соодветна терапија за деца со дијагноза АДХД, состојба констатирана при превентивна посета на Воспитно-поправниот дом Волковија – Тетово.

Утврдено е дека во државата нема официјално регистрирани лекови за оваа состојба, поради што семејствата се приморани терапијата да ја набавуваат од странство, со бројни административни и практични пречки.

За надминување на состојбата, Народниот правобранител достави мислење до Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување и надлежните стручни тела, барајќи разгледување на можноста за дополнување на позитивната листа на лекови, при што беше приложено и стручно мислење од Здружението за детска и адолесцентна психијатрија.

Повратен одговор од надлежните не е добиен, а случајот и натаму ќе се следи за да се обезбеди континуирана поддршка и грижа за децата.

## ФЕМИЦИД КАКО КРАЈНА ПОСЛЕДИЦА НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО –– ПРОПУСТИ ВО ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА РЕАКЦИЈА И ПОТРЕБА ОД СИСТЕМСКА ПРЕВЕНЦИЈА КАКО И ПОГОЛЕМА АЖУРНОСТ ПРИ ПОСТАПУВАЊЕТО НА ПОЛИЦИЈАТА

Ова, беше констатирано од страна на Народниот правобранител постапувајќи по сопствена иницијатива, во случај на семејно насилство кое заврши со фемицид, при што две деца беа директно засегнати, од кои едното било сведок на убиството на мајката. За истио случај претставка поднесоа и 24 здруженија и 63 активистки од Република Северна Македонија и други европски држави, во која се изразува сериозна загриженост поради ненавременото постапување на полицијата и непреземањето мерки за заштита на животот на жена-ромка, која трагично загина како последица на фемицид.

По испитување беше утврдено дека Центарот за социјална работа немал сознанија за семејството и не знаел за проблемите, додека МВР се оправдувало дека жртвата не сакала кривична постапка, туку само предупредување на сторителот. Сепак, сведочења од блиски роднини и пријатели укажаа дека претходно имало обиди за пријавување на насилството, но им било побарано жртвата лично да поднесе формална пријава.

Исто така Народниот правобранител утврди дека полицијата не постапила согласно законските одредби на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, поради што укажа на потребата од дополнителна едукација и обука на полициските службеници за навремено препознавање и постапување по пријави за семејно и родово-базирано насилство, со цел превенирање на фемициди и заштита на животот и сигурноста на граѓаните, што е основна должност на полицијата.

Случајот ја потврдува и потребата од координирано и системско следење на семејства со ризично однесување, како и воспоставување механизми кои овозможуваат рана интервенција и заштита на децата и другите членови на семејството, дури и кога жртвата формално не поднесува пријава.

## ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ СЕ СООЧИЈА СО ОГРАНИЧУВАЊА КОИ ГО ОТЕЖНАА НИВНОТО ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ГЛАС ЗА ВРЕМЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2025

Голем број гласачи со попреченост се соочија со пречки што ја ограничуваат нивната можност за самостојно и тајно гласање, покажа мониторингот спроведен на 53 избирачки места во Скопје, Куманово и Велес од страна на Здружението „ИНКЛУЗИВА", партнерска организација на Народниот правобранител во следењето на имплементацијата на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост.

Според наодите, над 70% од избирачките места биле непристапни, а рампи имало на само 35% од локациите, при што дел од нив биле несоодветни за користење. На повеќе од половина од местата параваните биле неправилно поставени или нестабилни, а гласачките кутии најчесто биле поставени неприлагодено и превисоко за лица кои користат инвалидска количка. Иако биле обезбедени шаблони со Брајово писмо, тие ретко се користеле поради недоволна обученост на избирачките одбори.

Наодите укажуваат дека се неопходни системски мерки за подобрување на пристапноста и инклузивноста на изборниот процес.

Се препорачува Државната изборна комисија навремено да ја проценува пристапноста на избирачките места и, кога е потребно, да понуди алтернативна можност за гласање на целосно пристапни локации, да обезбеди соодветна и континуирана обука за изборната администрација, како и да гарантира еднакви и достоинствени услови за гласање за сите граѓани.

## НА ВИСОКИТЕ ЛЕТНИ ТЕМПЕРАТУРИ ДЕЛ ОД ЖИТЕЛИТЕ НА СКОПЈЕ СО ДЕНОВИ ОСТАНАА БЕЗ ВОДА

Жителите од повеќе населби на главниот град Скопје, во летните месеци на високите температури останаа без вода. Објаснувањето од ЈП „Водовод и канализација" - Скопје, беше дека потрошувачката  е енормно зголемена и неконтролирана - на дневно ниво за цел Град Скопје, изнесувала околу 350.000 м3. Како последица пак, на тоа, градскиот водоводен систем функционирал со намален притисок и со повремени прекини на вода во делови од градот - населби Водно, Пржино, Чаир, Бутел, Маџари ...

Со оглед на изнесеното, како и на фактот дека Градот Скопје се снабдува со вода за пиење од природен извор со ограничена количина од непроценлива вредност, ЈП апелираше до сите граѓани на Град Скопје за рационално и совесна употреба на водата за пиење и избегнување непотребно трошење на водата и полевање на зеленило, бавчи и ниви, за перење автомобили, за полнење на базени и слично.

Сепак, остана отворено прашањето дали ваквиот проблем произлегува од најчестото објаснување - нерационално трошење, полевањето и полнењето базени или проблемот е во нешто друго.

Имено, со години (не) контролираната изградба на згради или надградби на постојните, а со тоа и континуираното зголемување на бројот на жителите не е во корелација со надградување и проширување на водоводната и канализационата мрежа и со дополнителни инвестиции во нови пумпни станици или резервоари со зголемен капацитет.

## НАСТАВНИК РАЗРЕШЕН ПО УТВРДЕНИ НЕПРАВИЛНОСТИ И НЕСООДВЕТЕН ОДНОС КОН УЧЕНИЦИ

По претставка од родител на ученик со попреченост, Народниот правобранител постапуваше за заштита на дете-жртва на насилство од наставник во основно училиште со ресурсен центар.

Во текот на постапката беа утврдени несоодветно, непрофесионално и неетичко однесување на наставникот, повторувано кон ученици, родители и вработени, што создаваше чувство на небезбедност.

По иницијатива на Народниот правобранител, во постапката беа вклучени Државниот просветен инспекторат и Бирото за развој на образованието, при што беше констатирано сериозно нарушување на професионалните и педагошките стандарди.

На барање на Училишниот одбор, директорката донесе решение за престанок на работниот однос на наставникот.

## УЈП ГИ ШОКИРАШЕ ГРАЃАНИТЕ КОИ РАБОТЕЛЕ ВО СТРАНСТВО СО РЕШЕНИЈА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД ЗА 2020 ГОДИНА

Управата за јавни приходи после шест години побара од граѓаните да го регулираат прашањето за плаќање на данокот на личен доход, па, кон крајот на извештајната година до Народниот правобранител голем дел од нив поднесоа претставки, затоа што добија известувања или решенија за плаќање на овој данок за 2020 година. Голем дел од граѓаните останаа затечени од ваквиот потег, поради тоа што никој од нив во споменатот период не добил ниту информација, ниту решение, за да го платат данокот на личен доход иако таквата обврска била предвидена уште од 2018 година со Законот за пресонален данок.

Се поставува прашањето: Зошто Управата за јавни приходи во изминатите 5 години не презела никакви активности за исполнување на својата обврска за наплата на данок за личен доход, а притоа по барањата на дел од овие граѓани, изминатите години им издавале уверенија за немање долг по основ на неплатен данок на личен доход?

Народниот правобранител од Управата за јавни приходи побара сите доставени докази од страна на овие граѓани, со кои несомнено се докажува дека данокот на личен доход е платен од работодавачот во земјата во која биле работно ангажирани, да се разгледаат со должно внимание и да се земат предвид при одлучувањето дали ги исполнуваат законските услови за ослободување од обврската за плаќање данок на личен доход.

Имено, за Народниот правобранител преземањето дејствија пред истекот на 5 години од настанувањето на обврската за плаќање на данокот за личен доход, при состојба на претходно непреземени никакви дејствија во насока на информираност и потсетување на овие граѓани за нивната обврска, претставува повреда на начелата на законитост, ефикасност и правна сигурност, како и обврската на даночниот орган да постапува навремено, по службена должност и со должно внимание.

Ненавременото постапување на УЈП, исто така, создава и правна неизвесност кај даночниот обврзник, ја нарушува предвидливоста на управното постапување и претставува неоправдано префрлање на последиците од неактивноста на органот врз странката иако органот имал законска можност и обврска навремено да ги преземе потребните дејствија.

## ЦЕЛИ 15 ГОДИНИ ЧЕКА ОДГОВОР ОД КОМИСИЈАТА ЗА СТАНБЕНИ ПРАШАЊА ПРИ ВЛАДАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТАН

Лице со 100 % воен инвалдитет, корисник на постојана нега и помош со семејство и малолетни деца, повеќе од 15 години чека одговор од Комисијата за станбени прашања на неговото барање да му се обезбеди соодветно безбедно и трајно сместување, земајќи ги предвид неговиот инвалидитет, здравствената состојба и семејните околности.

Имено, ова лице при настанатата поплава во село Стајковци, во 2008 година каде државата му доделила времена монтажна барака останал без домот и оттогаш иако е изминат подолг временски период сé уште не може да си го реши станбеното прашање, по што се наметнува дилемата како државата се грижи за оваа категорија на лица кои спаѓаат во таканаречената ранлива категорија за која треба посебно да се води сметка.

За овој проблем, Народниот правобранител достави и Посебен извештај до претседателот на односната комисија, но и покрај одговорот дека прашањето ќе се разгледа на првата наредна седница, сепак до крајот на годината тоа не беше сторено.

Од друга страна, државата преку соодветното акционерско друштво го тужи и против ова лице води постапка за присилна наплата на закупнината иако ниту живеел, ниту пак, ја користел времената монтажна барака.

## ИНИЦИЈАТИВА ЗА НАДОМЕСТОК НА ПЛАТА ЗА РОДИТЕЛИ НА ДЕЦА СО ТЕШКИ ХРОНИЧНИ ЗАБОЛУВАЊА

Народниот правобранител отвори предмет по сопствена иницијатива по поплаки од родители на деца со најтешки хронични заболувања, меѓу кои и цистична фиброза дека, не можат да го остварат правото на надоместок на плата за скратено работно време.

Анализата на важечката подзаконска регулатива покажа дека постојниот Правилник не ги препознава и не ги дефинира прецизно овие категории деца, со што на родителите фактички им е оневозможено да го користат ова право. Народниот правобранител оцени дека ваквата правна празнина е на штета на семејствата кои обезбедуваат континуирана грижа и нега.

Во таа насока, Народниот правобранител поднесе иницијатива до Министерството за социјална политика, демографија и млади за измена и дополнување на Правилникот, со цел експлицитно вклучување на децата со најтешки хронични заболувања. Министерството ја поздрави иницијативата, но посочи дека се потребни пошироки јавни консултации пред преземање конкретни мерки.

# ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ПО ОБЛАСТИ

## 1. Права од правосудството и казнено- поправните и воспитно-поправните институции

- **ПРАВОСУДСТВО**
  - ***Постапки пред извршители***
  - ***Постапки пред Јавното обвинителство***
- **КАЗНЕНО-ПОПРАВНИ И ВОСПИТНО-ПОПРАВНИ УСТАНОВИ**
- **ФИНАНСИИ**
- **ИЗБИРАЧКИ ПРАВА**

Во областа правосудство, во овој извештаен период се забележува намалување на бројот на претставките. Од предметното постапување, Народниот правобранител и оваа извештајна 2025 година констатира дека во дел од судските постапки, особено во управното судство, се уште е присутно непочитувањето на законски предвидените рокови за донесување одлуки. Имено, во значителен број случаи, постапките пред Управниот суд и Вишиот управен суд траат подолго од разумниот рок, при што често не се пристапува кон мериторно одлучување, со што се повредува принципот на судење во разумен рок. Народниот правобранител, со цел надминување на ваквата состојба доставуваше мислења и укажувања за начинот на отстранување на констатираните повреди до Апелациониот суд Скопје, Управниот суд на Република Северна Македонија и Вишиот управен суд на Република Северна Македонија.Воедно, достави два Посебни извештаи до Судскиот совет на Република Северна Македонија, поради непостапување по доставени мислења и укажувања на Народниот правобранител.

Народниот правобранител и оваа извештајна година констатира дека граѓаните бараа интервенција и поради недобивање одговори, информации или документи по поднесени барања и ургенции до судовите.

Во врска со претставките кои се однесуваа на работата на одделни нотари и адвокати, Народниот правобранител, имајќи го предвид Законот за нотаријат, согласно кој, надзор над законитоста на работењето на нотарите врши Министерството за правда, а надзор над нивната работа врши Нотарската комора на Република Северна Македонија, објаснувајќи им ја постапката и начинот на вршење на надзор ги советуваше граѓаните за иницирање постапки пред овие органи.

Во овој извештаен период, за работата на извршителите како лица со јавни овластувања, најголем број од претставките беа поднесени поради барања за деблокада на трансакциските сметки на должниците, потоа за износот на каматата на предметниот долг, висината и начинот на исплата, а подносителите бараа интервенција за други неправилности при спроведување на постапката за извршување. Понатаму, претставки се однесуваа на други видови на извршување, беа поднесени и поради неинформираност за поведување на постапка за извршување, а имаше и претставки во кои доверители побараа заштита на нивните права во постапките за извршување. Исто така, претставки имаше за утврдување на застареност на постапката за извршување, во врска со износот на трошоците пресметани во постапката за извршување, како и за редоследот на извршување на постапките.

По интервенција на Народниот правобранител, се вршеше деблокирање на трансакциските сметки. Во однос на претставките поднесени за висината на предметниот долг во постапките за извршување, односно на пресметката на каматата и начинот на отплата на долгот, беше утврдено дека извршителите постапуваат согласно измените и дополнувањата на Законот за облигационите односи и Законот за извршување, согласно кои износот на каматата не смее да го надмине износот на главниот долг. Додека, по барањата на граѓаните за добивање на целосни и прецизни информации за состојбата на предметниот долг, односно за износот на веќе извршената наплата и преостанатиот износ до целосно намирување на побарувањето, Народниот правобранител, постапувајќи во рамките на својата надлежност, ги обезбедуваше бараните податоци од извршителите и истите ги доставуваше до подносителите на претставките

Граѓаните бараа интервенција и за намалување на износот кој им се задржува од плата или пензија, наведувајќи ја својата тешка материјална и социјална состојба и постоењето на повеќекратни финансиски обврски кон различни доверители. Во рамки на овие постапки, а по интервенција на Народниот

правобранител, најчесто извршителите, во соработка со доверителите, го намалуваа износот на месечните рати за отплата на предметниот долг.

До Народниот правобранител се обраќаа и граѓани во својство на доверители во постапките за извршување, при што нивните претставки најчесто се однесуваа на ненаплата на побарувањата и покрај подолгото траење на постапките. Во овие случаи, беше утврдено дека извршителите постапувале согласно одредбите од Законот за извршување, но дека наплатата не можела да се реализира поради објективни околности, како што се неостварување приходи од страна на должникот, непоседување имот или постоење приходи кои согласно закон не можат да бидат предмет на извршување.

Во претставките кои се однесуваа на почитување на редоследот на извршување, Народниот правобранител ја утврдуваше фактичката состојба со издадените налози за извршување од извршителите и потоа укажуваше на почитување на редоследот за наплата на предметните долгови.

Во оваа извештајна година беа евидентирани помал број претставки кои се однесуваа на извршување врз недвижен имот. При постапувањето по истите беше утврдено дека извршителите постапувале во рамките на своите законски овластувања, што беше потврдено и со донесени судски одлуки во претходно спроведените судски постапки. Исто така, дел од подносителите во претставките бараа да бидат изземени од постапките за извршување, а при постапувањето по претставките, Народниот правобранител утврдуваше дека постапките за извршување се спроведувани согласно законските одредби од Законот за извршување.

Постапувајќи по предметите за извршување и оваа година може да се констатира дека соработката со извршителите е на завидно ниво, односно тие постапуваат по барањата на Народниот правобранител, доставувајќи ги бараните податоци, информации, како и копии од предметните списи.

Во извештајната 2025 година, Народниот правобранител постапуваше по претставки кои се однесуваат за работатата на обвинителствата во Република Северна Македонија. Како и минатата година, во најголем број од претставките граѓаните бараа интервенција во врска со постапки пред Основно јавно обвинителство , и пред Основно јавно обвинителство за организиран криминал и корупција. Потоа, следуваат претставките за постапки пред Вишо јавно обвинителство, Совет на јавни обвинители и пред Јавно обвинителство на РСМ.

Подносителите на претставките се лица кои во обвинителските постапки се со статус на пријавител на кривично дело, оштетен, осомничен или обвинет, а се однесуваат на одолжување на постапката по поднесена кривична пријава, недонесување на јавнообвинителска одлука, неизвестување на странките за тоа дали се преземаат дејствија, како и за неосновано одземање на предмети и нивно задржување подолг период.

Согласно содржината на поднесените претставки, најголем број од поплаките на граѓаните се однесуваа на ненавремено известување или поради недоставување на какво било известување за текот на постапката од надлежен јавен обвинител. Постапувајќи по овие предмети, имајќи предвид дека Јавното обвинителство нема обврска да ги известува за текот на постапката, Народниот правобранител ги советуваше граѓаните за можноста писмено да се обратат до органот заради добивање основни информации дали е поведена постапка, како и да направат увид во предметот. Исто така, ги информираше дека може да предложат докази/сведоци или други дејствија со барање од Јавниот обвинител да ги преземе истите.

Во врска со претставките за недонесување на јавнообвинителска одлука, Народниот правобранител од органот бараше образложување на причините поради кои не е донесена одлука, при што укажуваше на обврската Јавниот обвинител доколку нема донесено јавнообвинителска одлука за поведување или за запирање на постапката, во рок од три месеци од поднесената пријава, да ги извести пријавителот (граѓанинот) и Вишото јавно обвинителство. Додека, по претставките

во кои граѓаните изразуваа незадоволство од одлуката на Јавното обвинителство, Народниот правобранител ги советуваше да го искористат правото на жалба до Вишото јавно обвинителство или да пријават до Совет на јавни обвинители.

Народниот правобранител, во конкретни предмети утврди долго траење на предистражните постапки. Имено, во еден случај предистражната постапка е започната во 2019 година и се уште не е завршена, а во друг случај започнала во 2021 година, и повторно сé уште не е завршена. Иако одговорите од надлежните овбвинителства беа во насока дека се преземаат дејствија, а за траењето на предистражната постапка нема определено законски рок, Народниот правобранител со цел заштита на правата на граѓаните во своите обраќања до надлежните обвинителста укажуваше на почитување на принципот на разумен рок.

Од анализата на предметното работење произлегува дека Основното јавно обвинителство Скопје и Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во најголемиот број случаи постапуваа по барањата на Народониот правобранител, доставувајќи целосни и суштински одговори, иако има предмети по кои одговорите се ненавремени,нецелосни и несуштински. Во конкретен предмет за поднесено Барање објаснување, информации и докази до ОЈО ГОКК Скопје од 09.06.2025 г. и покрај упатените ургенции одговор не е доставен во период од неколку месеци. Наведеното не е констатирано за обвинителствата од другите градови кои постапуваат навремено по поднесените барања и одговорите од истите се детално образложени.

Претставките коишто во текот на 2025 година беа упатени до Народниот правобранител од страна на осудени и притворени лица повторно, беа јасен показател за состојбите во казнено поправните установи во државата.

Од содржината на преставките произ-легува дека најголемиот проблем во казнено-поправните установи се несоодветните сместувачки услови, состојбата на пренатрупаност, нехигиена во просториите, недостиг на дневна светлина и свеж воздух, неопременост на просториите во казнено-поправните установи во континуитет е присутна повеќе години наназад, поради што Народниот правобранител во повеќе наврати досега преку посебни информации и извештаи укажа на неопходноста од преземање на итни мерки за надминување на проблемите.

Бројна состојба и изразената пренатрупаност директно се одразуваат врз материјалните услови за сместување и престој на лицата лишени од слобода, при што се зголемува притисокот врз постојната инфраструктура и капацитетите на установите.Поради тоа, Народниот правобранител во континуитет апелираше на потребата од обезбедување на хумани услови за лицата лишени од слобода, укажувајќи дека ваквите состојби не се во согласност со минималните стандарди за хуман и човечки третман утврдени со домашното и меѓународното законодавство.

Пренатрупаноста и несоодветните услови за живот во казнено-поправните установи претставуваат дополнителен извор на зголемени тензии меѓу лицата лишени од слобода, кои во одредени случаи резултираат со појава на меѓусебни конфликти и зголемен број на поднесени претставки по тој основ. Во врска со ваквите настани, утврдено е дека припадниците на затворската полиција постапиле соодветно и навремено, со што биле спречени потешки последици.

Остварувањето на правото на соодветна и навремена здравствена заштита и понатаму е еден од најголемите предизвици со кои се соочуваат лицата лишени од слобода. Од анализата на претставките произлегува дека постојат сериозни и системски слабости во функционирањето на затворскиот здравствен систем, кои директно влијаат врз нивното здравје и достоинство. Најчесто се укажува на недостиг од медицински кадар, особено лекари и медицински сестри со постојано присуство, како и на недоволна достапност на лекови и медицинска опрема.

Од анализата на предметното работење произлегува дека осудените и притворените

лица имаат сериозни тешкотии во пристапот до здравствена заштита. Здравствените ординации во казнено-поправните установи често се лоцирани во затворски зони кои се тешко достапни за лицата лишени од слобода, а пристапот до нив е условен од внатрешната организација, што во пракса резултира со доцнење на медицинските прегледи или со целосно оневозможување на здравствената услуга.

Во значителен број претставки се укажуваше дека лошите хигиенски услови, пренатрупаноста и несоодветните сместувачки капацитети дополнително го влошуваат здравјето на осудените и притворените лица, при што здравствениот систем во рамките на установите не е во состојба соодветно да одговори на зголемените потреби.

Осудените лица често укажуваа на незадоволство во врска со ограничениот пристап до законски утврдените поволности, вклучително и користењето на слободни викенди, остварувањето на посети и други предвидени погодности, како и незадоволство од донесени судски одлуки и од висината на изречените казни.

Народниот правобранител го поздравува воспоставувањето на образовниот процес во казнено поправните установи, оценувајќи дека претставува значаен чекор кон остварување на правото на образование на лицата лишени од слобода и нивна успешна ресоцијализација. Образовниот процес се реализира во дел од затворите, додека останатите се во фаза на започнување на образовниот процес.

Народниот правобранител ја охрабрува континуираната имплементација и понатамошно проширување на овие образовни програми, обезбедување нивна одржливост, квалитет и еднаков пристап за сите лица лишени од слобода, во согласност со националните и меѓународните стандарди за заштита на човековите права.

Позитивен пример претставува воспоставувањето на услови за еднакво и безбедно сместување на девојчињата во Воспитно-поправниот дом „Волковија“. Овој предмет беше следен и обработуван повеќе години по сопствена иницијатива на Народниот правобранител, кој препозна потреба од обезбедување на еднаков пристап и третман за девојчињата и момчињата со изречена воспитно-поправна мерка. Исто така, во установата беше констатирано и успешно функционирање на системот на формално образование, кој обезбедува континуирано и инклузивно образование за сите деца, во согласност со законската и подзаконската регулатива, со соодветни материјално-технички услови, наставен кадар и поддршка од воспитувачите.

Народниот правобранител нотира дека присуството на женски кадар и дополнителната обука се клучни за заштита на достоинството, приватноста и психосоцијалната стабилност на девојчињата и за усогласеност со националните и меѓународните стандарди.

Во областа Финансии граѓаните за извештајната 2025 имаат поднесено преставки кои се однесува за административни, буџетски и судкси такси,за банки и други финансиски институции, за данок на добивка, за данок на додадена вредност, за данок на имот, за данок на промет на недвижности и права,за персонален данок, за правен совет, за радиодифузна такса, за финансии и друг вид помош и претставки кои се однесуваат на подобласта царина. По однос на остварувањето на правата од областа на финансиите, граѓаните поднесуваа претставки за проблемите кои ги имаат со Управата за јавни приходи (во натамошниот текст: Управата), градот Скопје и за присилна наплата на радиодифузна такса.

Од анализата на предметното работење по претставките произлегува дека Управата за јавни приходи присилната наплата на долг по основ на неплатени даноци од граѓаните, во одредени случаи, ја спроведува спротивно на одредбите од Законот за даночната постапка што се однесуваат на изземањето од присилно извршување.

Во тој сегмент, впрочем спаѓа и ограничувањето дека присилната наплата на даночниот долг се извршува од целокупниот имот, приходите и побарувањата на должникот во присилната наплата, освен детски додаток

и други примања врз основа на социјална заштита, како и две третини од нето личните примања по основ на работа, но најмногу до износ од 150 евра во денарска противредност од нето личните примања по основ на работаање и моментот кога извршувањето треба да се спроведува.

Оттука, должност на секој надлежен орган, вклучително и на Управата за јавни приходи е налогот, односно решението за присилна наплата од парични средства по сметка кај банка што му припаѓа на физичко лице, да го изготви почитувајќи ги и ограничувањата - иземањата од присилна наплата од членот 130 од Законот за даночната постапка.

Народниот правобранител постапуваше по предмет каде имаше двојно задолжување за плаќање на радиодифузна такса во едно семејно домаќинство кои предмети иако не во голем број се појавуваат секоја извештајна година

До Народниот правобранител со претставки се обратија поголем број на граѓани кои побараа интервенција за заштита на нивните со Устав и закон утврдени права, конкретно, на постапувањето на Управата за јавни приходи во однос на добиените дописи - Информација по однос на остварен доход од странство и друг доход остварен во државата кој подлежи на оданочување со ДЛД и со која се повикуваат да поднесат електронска пресметка за данок на личен доход преку системот е-даночни услуги на УЈП. Пресметката за утврдување на данокот на личен доход се однесува за 2020 година.

Во таа насока, Народниот правобранител укажа и на фактот дека до 2025 година, никој од нив не добил никаква информација или решение за да плати данок на личен доход иако таквата обврска била предвидена и во Законот за персонален данок на доход, кој бил во примена се до 31.12.2018 година. Оттука, се поставува прашањето, зошто Управата за јавни приходи во изминатите 5 години не презела никакви активности за исполнување на својата обврска за наплата на данок за личен доход, а притоа по барањата на дел од овие граѓани, изминатите години им издавале уверенија за немање долг по основ на неплатен данок на личен доход.

Имено, за Народниот правобранител презе-мањето дејствија пред истекот на 5 години од настанувањето на обврската за плаќање на данокот за личен доход, при состојба на претходно непреземени никакви дејствија во насока на информираност и потсетување на овие граѓани за нивната обврска, претставува повреда на начелата на законитост, ефикасност и правна сигурност, како и обврската на даночниот орган да постапува навремено, по службена должност и со должно внимание.

Ненавременото постапување на УЈП, исто така, создава и правна неизвесност кај даночниот обврзник, ја нарушува предвидливоста на управното постапување и претставува неоправдано префрлање на последиците од неактивноста на органот врз странката иако органот имал законска можност и обврска навремено да ги преземе потребните дејствија.

Народниот правобранител, постапувајќи во рамките на својата законска надлежност, врши континуиран мониторинг на почитувањето и заштитата на избирачките права за време на изборните процеси, со цел навремено идентификување и адресирање на евентуалните повреди,од причини што избирачкото право претставува една од најсуштинските демократски вредности, преку која се овозможува легитимно и ефективно учество на граѓаните во процесите на политичко одлучување во Република Северна Македонија. Во тој контекст, Во овој извештаен период, во кој се одржаа локални избори 2025 година, беа преземени засилени институционални мерки за олеснување на пристапот на граѓаните до заштита на нивното избирачко право, вклучително и воспоставување на бесплатна телефонска линија за прием на поплаки и претставки.

Од моментот на отварање на телефонската линија до денот на одржување на изборите кај Народниот правобранител примени се вкупно 24 телефонско јавување од граѓаните, најголем дел од јавувањата беа на самиот ден на одржување на првиот круг локални избори. Граѓаните, во своите јавувања посочуваа дека

во избирачкиот список се уште се запишани лица кои се починати, што како проблем Народниот правобранител го констатира години наназад и постојано повикува на координација помеѓу Државната изборна Комисија, Министерството за внатрешни работи и другите органи и институции. Странките беа упатени да се обратат до Министерство за внатрешни работи и да побараат поништување на живеалиште за лицата именувани во претставката.

Исто така, имаше јавувања од граѓани во кои се посочуваше на нефункционалност на уредите за биометриска идентификација, поради што се создаваа и долги редици за гласање. До Народниот правобранител беше пријавен и случај на агитирање од страна на лица акредитирани набљудувачи во една општина во Скопје. Во однос на неправилности во работењето на избирачките одбори беше посочено неставање печат на самото гласачко ливче, непрофесионален однос од страна на членовите на избирачките одбори како и несоодветно означување на гласачките места.

До Народниот правобранител беа доставени и претставки со наводи за евентуални казниви дела сторени во текот на изборниот процес, во кои случаи странките беа упатени своите наводи и докази да ги достават до надлежното јавно обвинителство.

До Народниот правобранител беше доставена претставка за изгледот на гласачките ливчиња за избор на градоначалник и членови на совет во Општина Центар и град Скопје, односно за отсуство на лого на кандидатските листи за група избирачи. Слична пријава за изгледот на гласачките ливчиња имаше и во однос на друга општина, со наводи дека има недостаток на место за заокружување на независен кандидат на гласачкото ливче.

Народниот правобранител даваше и правен совет за остварување на избирачко право на лица со физичка попреченост.

**Графикон бр.1**



## ПРАВОСУДСТВО

Во областа *Правосудство*, и овој извештаен период се забележува намалување на бројот на претставките, како и во 2024 година. Па така, ако во 2024 година беа евидентирани 360 претставки, во текот на 2025 година поднесени се вкупно 307 претставки или 53 помалку. Констатација која произлегува од анализата на содржината на претставките е дека, најголем дел од претставките и понатаму се однесуваат на постапки кои граѓаните ги водат пред лица со јавни овластувања – извршители (133). Потоа, следуваат претставките за постапки пред судската власт, во различни фази на одлучување: првостепени граѓански постапки (46), за првостепени кривични постапки ( 33), за постапки во втор степен (25), а за  постапки пред Управниот суд на Република Северна Македонија (17). Следуваат претставки за работата на нотарите (11), за работата на адвокатите (8), Виш управен суд (6), Судскиот совет (6), и (10) претставки за постапки пред други органи. Во (4) случаи граѓаните побараа исклучиво правен совет, додека (3) претставки се однесуваа на постапувањето на кривичната писарница, за постапки во трет степен беа поднесени (2) претставки, а по една претставка беше евидентирана за работата на граѓанската писарница, за постапување пред Уставниот суд на РСМ и друго.

Од предметното постапување, Народниот правобранител и оваа извештајна година констатира дека во дел од судските постапки, особено во управното судство, сѐ уште е присутно непочитувањето на законски предвидените рокови за донесување одлуки. Имено, во значителен број случаи, постапките пред Управниот суд и Вишиот управен суд траат подолго од разумниот рок, при што често не се пристапува кон мериторно одлучување, со што се повредува принципот на судење во разумен рок.

Народниот правобранител, со цел надминување на ваквата состојба доставуваше мислења и укажувања за начинот на отстранување на констатираните повреди до Апелациониот суд Скопје, Управниот суд на Република Северна Македонија и Вишиот управен суд на Република Северна Македонија, и по дел од овие интервенции, беа преземени конкретни дејствија од страна на судовите, со што беше овозможено поефикасно постапување по предметите и остварување на правата на подносителите на претставките.

Воедно, достави два Посебни извештаи до Судскиот совет на Република Северна Македонија, поради непостапување по доставени мислења и укажувања на Народниот правобранител, а во врска со непочитување на роковите за донесување одлуки од страна на конкретни судии од Апелациониот суд Скопје. Меѓутоа, од страна на Судскиот совет не беа преземени конкретни дејствија за утврдување на индивидуална одговорност, што претставува сериозен предизвик во обезбедувањето ефективна судска дисциплина и отчетност.

Граѓаните бараа интервенција и поради недобивање одговори, информации или документи по поднесени барања и ургенции до судовите, и во таквите случаи, Народниот правобранител се обраќаше до надлежните судови со барање за објаснувања, податоци и докази за причините за непостапувањето, по што подносителите беа навремено информирани и соодветно советувани со цел остварување на нивните права.

Во врска со претставки кои се однесуваа на работата на одделни нотари и адвокати, Народниот правобранител имајќи го предвид Законот за нотаријат, согласно кој, надзор над законитоста на работењето на нотарите врши Министерството за правда, а надзор над нивната работа врши Нотарската комора на Република Северна Македонија, објаснувајќи им ја постапката и начинот на вршење на надзор, ги советуваше граѓаните за иницирање постапки пред овие органи. Во случај, кога располагаше со докази кои потврдуваат повреда на права од страна на нотар, Народниот правобранител преземаше дејствија укажувајќи на позитивните законски прописи, по што по конкретни предмети, граѓаните успеале да ги остварат своите права. Исто така, и во однос на претставките за работата на адвокатите, ги упатуваше странките наводите за неетичко или несовесно постапување да ги поднесат до Адвокатската комора на Република Северна Македонија, а доколку

располагаат со соодветни докази за незаконско постапување ги советуваше да побараат заштита пред надлежен суд.

**Народниот правобранител, со оглед на констатацијата дека почитувањето на принципот на судење во разумен рок останува еден од клучните предизвици во оваа област, препорачува судовите да постапуваат ефикасно, навремено и во законски предвидените рокови, да ги спроведуваат постапките без непотребни одложувања и трошоци и да ги спречат злоупотребите на процесните права, а надлежните органи за надзор да преземаат конкретни мерки за утврдување одговорност во случаи на неоправдано одолжување на судските постапки.**

**Управниот суд на Република Северна Македонија да ја применува законската можност за одлучување и без доставени списи, кога тужениот орган не постапува по барање на судот, со цел спречување на неоправдано одолжување на постапките.**

**Второстепените судови, посебно по однос на предметите од работен однос да ги донесуваат одлуките по жалба во законски утврдените рокови.**

**Судскиот совет на РСМ да презема навремени, конкретни и ефективни мерки при утврдување на одговорност за непочитување на законските рокови од страна на судиите.**

## Постапка пред извршители

Во овој извештаен период, за работата на извршителите како лица со јавни овластувања поднесени се вкупно 133 претставки или 63 помалку споредбено со претходната година. Најголем број од претставките беа поднесени поради барања за деблокада на трансакциските сметки на должниците (36), потоа за износот на каматата на предметниот долг, висината и начинот на исплата (34), а во (21) претставка подносителите бараа интервенција за други неправилности при спроведување на постапката за извршување. Понатаму, (8) претставки се однесуваа на други видови на извршување, (7) претставки беа поднесени поради неинформираност за поведување на постапка за извршување, а во (6) претставки доверители побараа заштита на нивните права во постапките за извршување. Исто толку претставки имаше за утврдување на застареност на постапката за извршување. Дополнително, по (4) претставки беа поднесени во врска со износот на трошоците пресметани во постапката за извршување, како и за редоследот на извршување на постапките. Интервенција од Народниот правобранител беше побарана и за извршување врз недвижен имот во (3) предмети, во исто толку предмети се бараше интервенција и за изземање од извршување, а една претставка се однесуваше за ограничување во извршувањето.

Народниот правобранител, постапувајќи по претставките на граѓаните за деблокирање на трансакциските сметки, од извршителите бараше детални изјаснувања за преземените дејствија за наплата на побарувањата, а од подносителите беа побарани докази за остварените приходи и податоци за нивните обврски кон други доверители. Во најголем број случаи, беше утврдено дека станува збор за приходи по основ на договор на дело, кои согласно Законот за извршување не се третираат како приходи по основ на плата, поради што не подлежат на законските ограничувања за задржување на дел од месечните примања. По интервенција на Народниот правобранител, се вршеше деблокирање на трансакциските сметки, но наплатата на побарувањата продолжи со спогодбена отплата на долгот на месечни рати. Исто така, во одреден број случаи, трансакциските сметки на

подносителите беа деблокирани по доставување на докази за основот на остварените приходи до Народниот правобранител, кој истите ги проследи до извршителите. Дополнително, на дел од подносителите им беа давани и соодветни правни насоки за понатамошно остварување и заштита на нивните права.

Во однос на претставките поднесени за висината на предметниот долг во постапките за извршување, односно на пресметката на каматата и начинот на отплата на долгот, беше утврдено дека извршителите постапуваат согласно измените и дополнувањата на Законот за облигационите односи и Законот за извршување, согласно кои износот на каматата не смее да го надмине износот на главниот долг. Додека, по барањата на граѓаните за добивање на целосни и прецизни информации за состојбата на предметниот долг, односно за износот на веќе извршената наплата и преостанатиот износ до целосно намирување на побарувањето, Народниот правобранител, постапувајќи во рамките на неговата надлежност, ги обезбедуваше бараните податоци од извршителите и истите ги доставуваше до подносителите на претставките.

Граѓаните бараа интервенција и за намалување на износот кој им се задржува од плата или пензија, наведувајќи ја својата тешка материјална и социјална состојба и постоењето на повеќекратни финансиски обврски кон различни доверители. Во рамки на овие постапки, а по интервенција на Народниот правобранител, најчесто извршителите, во соработка со доверителите, го намалуваа износот на месечните рати за отплата на предметниот долг. Иако во помал број, сепак имаше претставки во кои подносителите наведуваа дека за постоењето на постапката  дознале дури по извршената задршка од нивните примања или по блокадата на трансакциската сметка. Во најголем број од овие случаи, извршителите доставуваа докази за уредна достава на актите, вклучително и доставници вратени со назнака „Известен, не побарал", со што се потврдуваше дека доставата е извршена согласно одредбите од Законот за парничната постапка и Законот за извршување.

До Народниот правобранител се обраќаа и граѓани во својство на доверители во постапките за извршување, при што нивните претставки најчесто се однесуваа на ненаплата на побарувањата и покрај подолгото траење на постапките. Во овие случаи, беше утврдено дека извршителите постапувале согласно одредбите од Законот за извршување, но дека наплатата не можела да се реализира поради објективни околности, како што се неостварување приходи од страна на должникот, непоседување имот или постоење приходи кои согласно закон не можат да бидат предмет на извршување. За утврдената фактичка состојба подносителите беа навремено и детално известувани, при што им беа давани и релевантни правни совети. Во врска пак, со оние претставки во кои се укажуваше на застареност на постапките за извршување, Народниот правобранител ги информираше подносителите за Одлуката на Уставниот суд од 10 октомври 2024 година, со која се укинуваат членовите 2 и 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/2023), со што во пракса е овозможено постапките за извршување да не подлежат на застарување.

Во претставките кои се однесуваа на почитување на редоследот на извршување, Народниот правобранител ја утврдуваше фактичката состојба со издадените налози за извршување од извршителите и потоа укажуваше на почитување на редоследот за наплата на предметните долгови. Најчесто, извршителите во овие случаи не биле информирани дека должникот веќе исплаќа долг кон еден извршител и поради тоа издаваа налози за извршување преку запирање на средства од плата, блокирање на сметка и сл. иако доверителот веќе исплаќа рата кај друг извршител, преку уплата на одреден износ од плата. По интервенцијата од страна на Народниот правобранител, најчесто се надминуваа таквите состојби, или се наоѓаше на разбирање од страна на извршителите за намалување на износот на месечната рата за исплата на предметниот долг, за да може должникот да врши исплата и на долгот кај друг извршител.

Постапувајќи по поплаките кои се однесуваа на висината на трошоците во постапките

за извршување, беше утврдено дека извршителите своето постапување го темелат на одредбите од Законот за извршување и на Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите.

Оваа извештајна година, беа евидентирани помал број претставки кои се однесуваа на извршување врз недвижен имот. При постапувањето по истите, беше утврдено дека извршителите постапувале во рамките на своите законски овластувања, што беше потврдено и со донесени судски одлуки во претходно спроведените судски постапки. Исто така, дел од подносителите, во претставките бараа да бидат изземени од постапките за извршување, а при постапување во претставките, Народниот правобранител утврдуваше дека постапките за извршување се спроведувани согласно законските одредби од Законот за извршување.

**Имајќи го предвид изнесеното, Народниот правобранител ја повторува препораката, Министерството за правда неодложно да преземе дејства за намалување на износите определени во Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите, со кои се задолжуваат граѓаните.**

**Извршителите, при спроведување на извршувањето врз плата, пензија или други приходи, во соработка со доверителите, да ја имаат предвид реалната социјална и материјална состојба на должниците, со цел избегнување на прекумерно загрозување на егзистенцијата на лицата и нивните семејства.**

## Постапки пред Јавното обвинителство

Во извештајната 2025 година, Народниот правобранител постапуваше по вкупно (47) претставки кои се однесуваат за работатата на обвинителствата во Република Северна Македонија или за (2) помалку од претходната година. Како и во 2024 година, во најголем број од претставките граѓаните бараа интервенција во врска со постапки пред Основно јавно обвинителство (33), и пред Основно јавно обвинителство за организиран криминал и корупција (7). Потоа, следуваат претставките за постапки пред Вишо јавно обвинителство (4), Совет на јавни обвинители (2) и пред Јавно обвинителство на РСМ (1).

Подносителите на претставките, се лица кои во обвинителските постапки се со статус на пријавител на кривично дело, оштетен, осомничен или обвинет, а се однесуваат на одолжување на постапката по поднесена кривична пријава, недонесување на јавно-обвинителска одлука, неизвестување на странките за тоа дали се преземаат дејствија, како и за неосновано одземање на предмети и нивно задржување подолг период.

Согласно содржината на поднесените претставки, најголем број од поплаките на граѓаните се однесуваа на ненавремено известување или поради недоставување на какво било известување за текот на постапката од надлежен јавен обвинител. Постапувајќи по овие предмети, имајќи предвид дека Јавното обвинителство нема обврска да ги известува за текот на постапката, Народниот правобранител ги советуваше граѓаните за можноста писмено да се обратат до органот заради добивање основни информации дали е поведена постапка, како и да направат увид во предметот. Исто така, ги информираше дека може да предложат докази/сведоци или други дејствија со барање од Јавниот обвинител да ги преземе истите.

Во врска со претставките за недонесување на јавнообвинителска одлука, Народниот правобранител од органот бараше образложување на причините поради кои не е донесена одлука, при што укажуваше на обврската Јавниот обвинител доколку нема донесено јавнообвинителска одлука за поведување или за запирање на постапката, во рок од

три месеци од поднесената пријава, да ги извести пријавителот (граѓанинот) и Вишото јавно обвинителство. Додека, по претставките во кои граѓаните изразуваа незадоволство од одлуката на Јавното обвинителство, Народниот правобранител ги советуваше да го искористат правото на жалба до Вишото јавно обвинителство или да пријават до Совет на јавни обвинители.

Народниот правобранител, во конкретни предмети утврди долго траење на предистражните постапки. Имено, во еден случај предистражната постапка е започната во 2019 година и сé уште не е завршена, а во друг случај започнала во 2021 година, и повторно сé уште не е завршена. Иако одговорите од надлежните овбвинителства беа во насока дека се преземаат дејствија, а за траењето на предистражната постапка нема определено законски рок, Народниот правобранител со цел заштита на правата на граѓаните, во своите обраќања до надлежните обвинителства укажуваше на почитување на принципот на разумен рок. Меѓу другото, Народниот правобранител укажуваше да се има предвид дека основниот јавен обвинител е должен да се грижи за ефикасноста на постапката и да бара од останатите субјекти да постапуваат согласно наредбите во дадените рокови, односно да презема мерки спрема нив доколку не ги почитуваат наредбите.

Констатација од постапувањето по поднесените претставки во оваа област, е дека Основното јавно обвинителство Скопје и Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција во најголемиот број случаи постапуваа по барањата на Народониот правобранител, доставувајќи целосни и суштински одговори, иако има предмети по кои одговорите се ненавремени. Во конкретен предмет, за поднесено Барање објаснување, информации и докази до ОЈО ГОКК Скопје од 09.06.2025 г., и покрај упатените ургенции, одговор не е доставен во период од неколку месеци. Наведеното не е констатирано за обвинителствата од другите градови кои постапуваат навремено по поднесените барања и одговорите од истите се детално образложени.

**Со оглед на гореизнесеното, Народниот правобранител препорачува:**

**Основните јавни обвинители како носители на јавнообвинителската постапка да постапуваат во тоа својство поажурно. Да водат грижа за ефикасноста на постапката, преземајќи мерки спрема другите субјекти во постапката со цел истите да постапуваат навремено и согласно наредбите и насоките дадени од јавниот обвинител;**

**Предистражните постапки да се водат во разумен рок и странките навремено да се известуваат за завршувањето на постапките.**

## КАЗНЕНО-ПОПРАВНИ И ВОСПИТНО-ПОПРАВНИ УСТАНОВИ

Претставките коишто во текот на 2025 година беа упатени до Народниот правобранител од страна на осудени и притворени лица, повторно, беа јасен показател за состојбите во казнено-поправните установи во државата. Во текот на извештајната година, Народниот правобранител постапуваше по вкупно 187 предмети од оваа област што е за три повеќе од претходната година. Притоа, доминираат претставките поднесени од осудени лица (159), значително помал број произлегуваа од лица на кои им е определена мерка притвор (19), како и поединечни претставки кои се однесуваат на барања за правен совет (9).

Од содржината на поплаките произлегува дека најголемиот проблем во казнено-

поправните установи се несоодветните сместувачки услови, и оваа година најбројни се претставките што се однесуваат токму на условите за сместување. Состојбата на пренатрупаност, нехигиена во просториите, недостиг на дневна светлина и свеж воздух, неопременост на просториите во казнено-поправните установи во континуитет е присутна повеќе години наназад, поради што Народниот правобранител во повеќе наврати досега, преку посебни информации и извештаи укажа на неопходноста од преземање на итни мерки за надминување на проблемите.

Покрај бројот на поднесени претставки, за прекубројноста јасно сведочат и официјалните податоци. Имено, во КПД Идризово, капацитетот на затворскиот дел изнесува 1.187 лица, додека вкупниот број на осудени лица е 1.402. Во КПД Штип, капацитетот на затворскиот дел е 139 лица, а вкупниот број на осудени лица изнесува 255. КПД Прилеп располага со капацитет од 108 лица, при што се евидентирани 143 осудени лица. Во Затвор Скопје, капацитетот на затворскиот дел изнесува 135 лица, а сместени се 191 осудено лице. Капацитетот на притворскиот дел е 243 лица, додека бројот на притворени лица изнесува 266, од кои 250 се машки и 16 женски лица. Слична состојба е констатирана и во Затвор Битола, каде што капацитетот на затворскиот дел е 77 лица, а вкупниот број на осудени лица изнесува 99.

Ваквата бројна состојба и изразената пренатрупаност директно се одразуваат врз материјалните услови за сместување и престој на лицата лишени од слобода, при што се зголемува притисокот врз постојната инфраструктура и капацитетите на установите. Во тој контекст, надлежните органи во текот на годината презедоа одредени активности насочени кон подобрување на условите и делумно ублажување на последиците од прекубројноста, преку реконструкции и инфраструктурни зафати во дел од казнено-поправните установи.

Во таа насока, Народниот правобранител увиде дека во текот на годината беа преземени одредени активности насочени кон подобрување на материјалните услови и реконструкција на дел од казнено-поправните установи. Така, во КПД Идризово беше извршено реновирање на Осмото крило, со цел растеретување на затвореното одделение, а воедно беше пуштено во употреба и детско катче. Во КПД Штип е воспоставен систем за парно греење. Дополнително, во Затвор Скопје беа преземени градежни активности во полуотвореното одделение, при што постоечката трпезарија беше преградена на два дела и формирани се две посебни простории: трпезарија со мала кујна и маси за јадење, како и библиотека наменета за читање и различни рекреативни активности. Во Затвор Охрид беа реализирани градежни активности кои опфатија поставување лимен кров, пластична ламперија и внатрешна ограда, како и реновирање на две келии и ходник во притворското одделение, варосување и други интервенции со цел подобрување на условите за сместување. И покрај преземените активности, истите не се доволни за целосно надминување на постојните проблеми.

Поради тоа, Народниот правобранител во континуитет апелираше на потребата од обезбедување на хумани услови за лицата лишени од слобода, укажувајќи дека ваквите состојби не се во согласност со минималните стандарди за хуман и човечки третман утврдени со домашното и меѓународното законодавство, воедно негативно влијаат врз достоинството на лицата и создаваат ризици од нарушување на здравствените, психолошките и безбедносните стандарди.

Пренатрупаноста и несоодветните услови за живот во казнено-поправните установи претставуваат дополнителен извор на зголемени тензии меѓу лицата лишени од слобода, кои во одредени случаи резултираат со појава на меѓусебни конфликти и зголемен број на поднесени претставки по тој основ. Во тој контекст, Народниот правобранител постапуваше по предмети што се однесуваа на меѓусебни конфликтни состојби помеѓу осудени лица во КПД Идризово. Во врска со ваквите настани, утврдено е дека припадниците на затворската полиција постапиле соодветно и навремено, со што биле спречени потешки последици. Истовремено, по иницијатива и барање на Народниот правобранител, управата на установата презеде активности за утврдување на безбедноста на осудените лица инволвирани во конфликтите, во однос на нивниот понатамошен заеднички престој во исто одделение. Врз основа на спроведените проценки, беа преземени соодветни мерки,

при што одреден број осудени лица беа преместени во други казнено-поправни установи или во други одделенија во истата установа.

Остварувањето на правото на соодветна и навремена здравствена заштита и понатаму е еден од најголемите предизвици со кои се соочуваат лицата лишени од слобода. Од анализата на претставките што осудените и притворените лица континуирано ги упатуваат до Народниот правобранител, произлегува дека постојат сериозни и системски слабости во функционирањето на затворскиот здравствен систем, кои директно влијаат врз нивното здравје и достоинство. Најчесто се укажува на недостиг од медицински кадар, особено лекари и медицински сестри со постојано присуство, поради што прегледите се одложуваат, а здравствените проблеми не се третираат навремено или соодветно. Претставките упатуваат и на недоволна достапност на лекови и медицинска опрема, при што лицата лишени од слобода често се принудени самите да набавуваат терапија или да останат без потребниот третман.

Констатација од претставките на осудените и притворените лица е дека има сериозни тешкотии во пристапот до здравствена заштита, како резултат на организациски пречки, и на зависноста од затворскиот персонал за упатување на лекар, што кај подносителите на претставките создава чувство на несигурност и беспомошност. Здравствените ординации во казнено-поправните установи често се лоцирани во затворски зони кои се тешко достапни за лицата лишени од слобода, а пристапот до нив е условен од внатрешната организација, што во пракса резултира со доцнење на медицинските прегледи или со целосно оневозможување на здравствената услуга. Особено загрижувачки се наводите за недоволна грижа за лицата со хронични заболувања, ментални здравствени проблеми или зависности.

Во значителен број претставки се укажуваше дека лошите хигиенски услови, пренатрупаноста и несоодветните сместувачки капацитети дополнително го влошуваат здравјето на осудените и притворените лица, при што здравствениот систем во рамките на установите не е во состојба соодветно да одговори на зголемените потреби. Дополнително, недоволната координација помеѓу службените лица во казнено-поправните установи и надлежните здравствени институции значително го отежнува навременото здравствено следење, упатувањето на специјалистички прегледи и обезбедувањето континуитет во лекувањето, поради што Народниот правобранител често се јавува како посредник и координатор помеѓу барањата на осудените и притворените лица за медицински преглед и самите медицински служби.

Преку интервенциите на Народниот правобранител, во значителен број случаи се овозможи воспоставување контакт со лекар и остварување на здравствената услуга, што укажува дека дел од лицата лишени од слобода, правото на здравствена заштита го остваруваат токму по негова интервенција. Овие наоди, произлезени директно од искуствата и поплаките на лицата лишени од слобода, укажуваат дека здравствената заштита во затворите сè уште не е поставена на ниво што ги гарантира уставно загарантираните права и меѓународните стандарди за постапување со лица лишени од слобода, што ја наметнува потребата од итни и суштински системски подобрувања.

Осудените лица често укажуваа и на незадоволство во врска со ограничениот пристап до законски утврдените поволности, вклучително и користењето на слободни викенди, остварувањето на посети и други предвидени погодности. Во овие случаи, Народниот правобранител укажуваше на релевантната законска рамка што ги уредува условите за користење на наведените права, како и на околноста дека примената на дисциплински мерки непосредно влијае врз можноста за нивно остварување. Притоа, беше појаснето дека Народниот правобранител нема овластување да интервенира во постапките за овозможување користење на погодности, но дека неговата улога се состои во обезбедување информираност, следење на почитувањето на законитоста и заштита на правата на осудените лица во рамките на надлежностите.

Исто така, беа доставувани и претставки кои се однесуваа на изразено незадоволство од донесени судски одлуки и од висината на изречените казни. Подносителите изнесуваа

наводи и лични перцепции за прекумерни казни кои не се во согласност со тежината на стореното дело или со нивната лична и семејна состојба. Во овие случаи, Народниот правобранител, постапувајќи согласно своите законски надлежности, ги информираше дека нема овластување да интервенира во однос на судските одлуки, бидејќи таквото постапување би било спротивно на принципот на независност на судството. Притоа, на осудените лица им беше укажано дека имаат право да побараат правна помош од адвокат и да ги користат расположливите правни средства, вклучително и жалби и барања за преиспитување на судските одлуки, во рамки на редовните судски постапки.

Народниот правобранител го поздравува воспоставувањето на образовниот процес во казнено поправните установи, оценувајќи дека претставува значаен чекор кон остварување на правото на образование на лицата лишени од слобода и нивна успешна ресоцијализација. Образовниот процес се реализира во Затвор Куманово, каде што осум осудени лица веќе полагале испити за средно образование, како и во Затвор Гевгелија, каде што се вклучени седум осудени лица. Во Затвор Охрид се очекува започнување на образовниот процес, при што ќе биде опфатено едно лице во средно образование, додека во Затвор Тетово во образовниот процес се вклучени три осудени лица. Казнено-поправниот дом Штип е во фаза на започнување на образовниот процес, со планирано вклучување на 29 осудени лица, а во Затвор Струмица во моментов се опфатени 10 лица. Во Казнено-поправниот дом Идризово се очекува започнување на образовниот процес, при што е планирано да бидат опфатени 24 осудени лица во основно и 12 осудени лица во средно образование.

Народниот правобранител ја охрабрува континуираната имплементација и понатамошно проширување на овие образовни програми, обезбедување нивна одржливост, квалитет и еднаков пристап за сите лица лишени од слобода, во согласност со националните и меѓународните стандарди за заштита на човековите права.

Позитивен пример претставува воспоставувањето на услови за еднакво и безбедно сместување на девојчињата во Воспитно-поправниот дом „Волковија". Овој предмет беше следен и обработуван повеќе години по сопствена иницијатива на Народниот правобранител, кој препозна потреба од обезбедување на еднаков пристап и третман за девојчињата и момчињата со изречена воспитно-поправна мерка. Исто така, во установата беше констатирано и успешно функционирање на системот на формално образование, кој обезбедува континуирано и инклузивно образование за сите деца, во согласност со законската и подзаконската регулатива, со соодветни материјално-технички услови, наставен кадар и поддршка од воспитувачите. Овие практики претставуваат значаен исчекор во обезбедувањето еднаквост, недискриминација и остварување на правото на образование како клучен сегмент во ресоцијализацијата и интеграцијата на децата. Воедно, извршениот увид во установата, после извршеното адаптирање на установата за сместување на девојчиња со изречена воспитна мерка, укажа на области кои бараат понатамошно унапредување, пред сè недостатокот на женски персонал во службата за обезбедување и потребата од стручна обука на нововработениот и постојниот кадар за родово сензитивен пристап и соодветно постапување со девојчиња со воспитно-поправна мерка.

Народниот правобранител нотира дека присуството на женски кадар и дополнителната обука се клучни за заштита на достоинството, приватноста и психосоцијалната стабилност на девојчињата и за усогласеност со националните и меѓународните стандарди.

**Народниот правобранител, имајќи го предвид гореизнесеното препорачува:**

**Редовно реновирање и проширување на капацитетите во установите, обезбедување простор, хигиена, светлина, свеж воздух и соодветна опрема за исполнување на минималните стандарди за сместување;**

**Обезбедување редовна и навремена здравствена заштита преку доволен медицински кадар, достапни лекови и опрема, и ефикасна координација со надлежните здравствени институции, со посебен фокус на хронично болни лица; и**

**Преземање мерки за вработување на женски персонал во Воспитно-поправниот дом „Волковија", особено во службата за обезбедување, како и организирање редовни и специјализирани обуки за персоналот, со акцент на родова чувствителност, работа со траума и комуникациски вештини.**

## ФИНАНСИИ

Во извештајната година, во областа *Финансии* примени се вкупно 98 претставки, односно 4 претставки повеќе споредбено со 2024 година. Граѓаните бараа заштита на правата пред Управата за јавни приходи (во натамошниот текст: Управата) и градот Скопје, а во врска со персонален данок (22), радиодифузна такса (14), данок на додадена вредност (11). Во десет (10) претставки е побарано интервенција во однос на банки и други финансиски институции. Претставките се однесуваа и за данок на имот (7), данок на промет на недвижности и права (4), за данок на добивка (3), за финансии и друг вид помош (2), за царина (2) и 1 претставка за административни, буџетски и судски такси. Во 23 предмети е побарано правен совет по однос на остварувањето на правата од областа на финансиите.

Од постапувањето по претставките произлегува дека Управата за јавни приходи присилната наплата на долг по основ на неплатени даноци од граѓаните, во одредени случаи, ја спроведува спротивно на одредбите од Законот за даночната постапка што се однесуваат на изземањето од присилно извршување и моментот кога извршувањето треба да се спроведува. Имено, постапувајќи по поединечни случаи, Управата скоро секогаш го одзема целиот износ на парични средства, кој на име плата, пензија ги прима даночниот должник и истиот останува без приход, и му е оневозможено да ги задоволи своите нужни егзистенцијални приходи. Народниот правобранител, во овие случаи укажуваше во постапката за присилна наплата што ја спроведува Управата за јавни приходи да се води сметка за одредени ограничувања - иземања, кои нормативно се пропишани во член 130 од Законот за даночната постапка („Службен весник на Република Македонија" број 13/06, 88/08, 159/08, 105/09, 133/09, 145/10, 171/10, 53/11, 39/12, 84/12, 187/13, 15/15, 97/15, 129/15, 154/15, 23/16 и 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 290/20 и 247/22). Во тој сегмент, впрочем спаѓа и ограничувањето дека присилната наплата на даночниот долг се извршува од целокупниот имот, приходите и побарувањата на должникот во присилната наплата, освен детски додаток и други примања врз основа на социјална заштита, како и две третини од нето личните примања по основ на работа, но најмногу до износ од 150 евра во денарска противредност од нето личните примања по основ на работа.

Оттука, должност на секој надлежен орган, вклучително и на Управата за јавни приходи е налогот, односно решението за присилна наплата од парични средства по сметка кај банка што му припаѓа на физичко лице, да го изготви почитувајќи ги и ограничувањата - изземањата од присилна наплата од членот 130 од Законот за даночната постапка. Поднесувањето на жалба и оспорувањето на Решението со кое се одредува данок на

лицата, не го задржува правото на извршувањето на решението и камата тече за време на постапката на жалба, а дополнително, граѓаните се изложени на трошоци за таквите постапки кои траат долго.

Народниот правобранител постапуваше по предмет каде имаше двојно задолжување за плаќање на радиодифузна такса во семејно домаќинство кои предмети иако не во голем број се појавуваат секоја извештајна година. По интервенција на Народниот правобранител, од страна на УЈП преземени се дејствија и кај подносителот на претставката извршено е сторнирање на должните салда и се констатира дека со исплатите од другиот член на семејството нема долг за радиодифузна такса.

По поднесена претставка од граѓанин, Народниот правобранител покрена постапка пред Град Скопје, поради тоа што не му го примаа оставинското решение со кое е огласен за наследник од неговиот татко. Причината е долг за данок на имот, кој, неговиот татко (оставителот) го немал платено подолг период. Народниот правобранител смета дека Град Скопје и општините не смеат да одбијат прием на секое барање поднесено од граѓанин и самото поднесување на барањето да го условува со претходно плаќање други обврски. Наплатата на заостанат долг, Град Скопје и општините можат да ја спроведат на друг законски начин, па дури и со присилна наплата. Ова, и од причина што наследникот е обврзан за долговите на оставителот до висина на наследениот имот по уписот во катастар.

Поголем број граѓани побараа интервенција за заштита на правата пред Управата за јавни приходи, во однос на добиените дописи - Информација за остварен доход од странство и друг доход остварен во државата кој подлежи на оданочување со ДЛД, и со која се повикуваат да поднесат електронска пресметка за данок на личен доход преку системот е-даночни услуги на УЈП. Пресметката за утврдување на данокот на личен доход се однесува за 2020 година.

Народниот правобранител укажа и на фактот дека до 2025 година, никој од нив не добил никаква информација или решение за да плати данок на личен доход иако таквата обврска била предвидена и во Законот за персонален данок на доход, кој бил во примена сé до 31.12.2018 година. Оттука, се поставува прашањето: Зошто Управата за јавни приходи во изминатите 5 години не презела никакви активности за исполнување на својата обврска за наплата на данок за личен доход, а притоа по барањата на дел од овие граѓани, изминатите години им издавале уверенија за немање долг по основ на неплатен данок на личен доход?

За Народниот правобранител, преземањето дејствија пред истекот на пет (5) години од настанувањето на обврската за плаќање на данокот за личен доход, при состојба на претходно непреземени никакви дејствија со цел информирање, потсетување на овие граѓани за нивната обврска, претставува повреда на начелата на законитост, ефикасност и правна сигурност, како и на обврската на даночниот орган да постапува навремено, по службена должност и со должно внимание.

Ненавременото постапување на УЈП, исто така, создава правна неизвесност кај даночниот обврзник, ја нарушува предвидливоста на управното постапување и претставува неоправдано префрлање на последиците од неактивноста на органот врз странката, иако органот имал законска можност и обврска навремено да ги преземе потребните дејствија.

**Врз основа на изложеното/констатираното, Народниот правобранител препорачува:**

**Да престане повеќегодишната воспоставената пракса на Управата за јавни приходи и Градот Скопје во постапките за присилна наплата да ги одземаат сите парични средства кои им се приход по основ на плата/пензија/надоместоци од социјална заштита, невработеност и слично, односно во истите задолжително и без исклучок, да водат сметка и за заштита на нивните легитимни права.**

**Град Скопје и општините да го примаат секое барање поднесено од граѓаните без условување за претходно намирување на други обврски.**

**Управата за јавни приходи да ги разгледува со должно внимание случаите со ретроактивна пресметка за утврдување на данок на личен доход остварен во странство и по однос на утврдувањето на околноста дали ги исполнуваат законските услови за ослободување од обврската за плаќање данок по овој основ на личен доход, да ги има предвид сите доставени докази од страна на граѓаните, со кои несомнено се докажува дека данокот на личен доход е платен од работодавачот во земјата во која/и биле работно ангажирани.**

## ИЗБИРАЧКИ ПРАВА

*Избирачкото право* претставува една од најсуштинските демократски вредности, преку кое се овозможува легитимно и ефективно учество на граѓаните во процесите на политичко одлучување во Република Северна Македонија. Во тој контекст, Народниот правобранител, постапувајќи во рамките на својата законска надлежност, врши континуиран мониторинг на почитувањето и заштитата на избирачките права за време на изборните процеси, со цел навремено идентификување и адресирање на евентуалните повреди. Во овој извештаен период, во кој се одржаа Локални избори 2025 година, беа преземени засилени институционални мерки за олеснување на пристапот на граѓаните до заштита на нивното избирачко право, вклучително и воспоставување на бесплатна телефонска линија за прием на поплаки и претставки.

За разлика од претходната, оваа извештајна одина, се забележува намален број на претставки кои се однесуваат на повреда на избирачките права во првиот и вториот круг од локалните избори. Во канцеларијата на Народниот правобранител беа поднесени вкупно 8 претставки и тоа, 3 се однесуваа на неправилности во работата на избирачките органи, 1 на исплата на надомест и друго (4).

Од моментот на отворање на телефонската линија до денот на одржување на изборите, во Народен правобранител примени се вкупно 24 телефонски јавувања од граѓани, најголем дел од јавувањата беа на самиот ден на одржувањето на првиот круг од локалните избори. Граѓаните, во своите јавувања посочуваа дека во избирачкиот список сé уште се запишани лица кои се починати, што како проблем Народниот правобранител го констатира години наназад и постојано повикува на координација помеѓу Државната изборна Комисија, Министерството за внатрешни работи и другите органи и институции. Странките беа упатени да се обратат до Министерство за внатрешни работи и да побараат поништување на живеалиште за лицата именувани во претставката. Ова, од причина што Министерството за внатрешни работи по службена должност ја известува Државната изборна комисија (ДИК) за лицата со важечки лични карти чиишто живеалишта се поништени. Следствено, ДИК по службена должност ќе ги избрише податоците од избирачкиот список за тие лица по основ на поништено живеалиште на дадената адреса.

Исто така, имаше јавувања од граѓани во кои се посочуваше на нефункционалност на уредите за биометриска идентификација, поради што се создаваа и долги редици за гласање. До Народниот правобранител беше пријавен и случај на агитирање од страна на лица акредитирани набљудувачи во една општина во Скопје. Од страна на подносителот на претставката, за настанатата состојба беа информирани Државната изборна комисија и независните набљудувачи.

Во однос на неправилности во работењето на избирачките одбори беше посочено неставање печат на самото гласачко ливче, непрофесионален однос од страна на членовите на избирачките одбори, како и несоодветно означување на гласачките места.

До Народниот правобранител беа поднесени и претставки со наводи за евентуални казниви дела сторени во текот на изборниот процес, во кои случаи странките беа упатени своите наводи и докази да ги достават до надлежното јавно обвинителство. Странките беа информирани дека сите евентуални сомненија за кривични дела кои би можеле да го нарушат изборниот процес може да се пријават на посебната електронска адреса izbori@jorm.mk објавена на страната на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Во контекст на изнесеното, до Народниот правобранител беше доставена претставка за изгледот на гласачките ливчиња за избор на градоначалник и членови на совет во Општина Центар и град Скопје, односно за отсуство на лого на кандидатските листи за група избирачи. Во овој случај, од страна на ДИК беше образложено дека во содржината на листата, која била поднесена до ОИК и ИКГС, за посочените кандидати не бил внесен симболот на подносителот на листа. Исто така, од ДИК посочија дека од таа причина, на гласачките ливчиња и на постерите од изгледот на гласачките ливчиња за Општина Центар и Град Скопје за посочените кандидатски листи од група избирачи не биле внесени симболите (лого), односно ДИК немала законски основ да ги внесе на гласачко ливче, затоа што воопшто не биле доставени во соодветна форма и на начин пропишан со упатство. Слична пријава за изгледот на гласачките ливчиња имаше и во однос на друга општина, со наводи дека има недостаток на место за заокружување на независен кандидат на гласачкото ливче.

Народниот правобранител даваше и правен совет за остварување на избирачко право на лица со физичка попреченост.

**Следствено на горенаведеното и констатираното, Народниот правобранител препорачува:**

**Континуирано запознавање на граѓаните за нивните избирачки права и избирачкиот процес во кој тие се најважната алка;**

**Обезбедување еднаков пристап до гласање за сите граѓани, особено за ранливите групи;**

**Поголема контрола врз функционирањето на електронските системи во изборниот процес, и**

**Државната изборна комисија во соработка со Министерството за внатрешни работи и другите државни органи и институции да преземат соодветни дејствија за систематско подобрување на точноста на Избирачкиот список, како и за ефикасно остварување на избирачкото право.**

# 2. Граѓански слободи и права, права од социјална заштита и права на припадниците на заедниците

- СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СИГУРНОСТ
- ПОЛИЦИСКИ ОВЛАСТУВАЊА
- ГРАЃАНСКИ СОСТОЈБИ

Во рамките на своите уставни и законски надлежности, Народниот правобранител и во текот на 2025 година, посветено ја следеше состојбата со остварувањето и заштитата на правата на граѓаните во областа на социјалната заштита и социјалната сигурност, со оглед на фактот што станува збор за ранливи категории граѓани - старите лица, лицата со попреченост, жртвите на семејно насилство и лицата во социјален ризик.

Преку постапувањето по претставки од граѓани, како и по сопствена иницијатива, Народниот правобранител ја оценуваше законитоста, навременоста и ефикасноста во работењето на надлежните органи и институции. Иако е забележано намалување на бројот на претставки во однос на претходната година, сепак и понатму се евидентни одредени системски слабости, пред сé, во делот на координацијата меѓу институциите, следењето на управните постапки, обезбедувањето навремено остварување на правата, како и почитувањето на начелото на еднаквост и недискриминација при пристапот и остварувањето на правата.

Во таа насока, останува констатацијата дека поради административни пропусти и недоволна соработка меѓу центрите за социјална работа и надлежните лекарски комисии, граѓаните со месеци чекаат изготвување на наоди и донесување на решенија. Поради тоа, тие се доведени во ситуација да чекаат и по неколку месеци за исплата на средства по основ на социјална заштита и сигурност, со што директно се загрозува нивната егзистенција.

Посебно внимание беше посветено и на заштитата на положбата на старите лица, како категорија што бара засилена институционална грижа. Имено, со поднесување иницијатива до Владата и до Министерството за социјална политика, демографија и млади, Народниот правобранител побара преземање дејствија за изменување и дополнување на одредбите од Законот за социјална сигурност за старите лица, со цел усогласување на законската рамка со начелата на праведност, хуманост и еднаквост.

Во делот на полициското постапување, загрижува зголемениот број на претставки во кои поедници и здруженија на граѓани бараа интервенција поради одолжување на постапките по пријави за кривичните дела поврзани со семејно и родово базирано насилство, вклучително и фемицид, при што, за жал имаше и жени жртви. За овие исклучително сензитивни случаи, Народниот правобранител посветуваше посебно внимание, спроведуваше детални истражувања и бараше целосни информации од Министерството за внатрешни работи и од другите надлежни институции. Сепак, останува констатацијата дека полициските службеници и натаму не се доволно обучени за соодветно постапување по пријави за семејно и родово базирано насилство.

Во извештајната година беа поднесени и претставки што се однесуваа на работата на сообраќајната полиција, особено во делот на ненавременото доставување на записници од увид извршен при сообраќајни незгоди. Оваа инертност создаваше потешкотии за граѓаните во натамошните постакпи за остварување на нивните права, како што е на пример, наплатата на отштетата од осигурителните компании.

Во извештајната година, се повторува констатацијата дека на граничните премини за дополнителна проверка се задржуваат исти лица, иако тие не припаѓаат на категорија за која постои основ за таква мерка. Ова, ја наметнува потребата надлежните органи приоритетно да ја отстранат оваа системска слабост, со цел неоправданото задржување на лица да се сведе на минимум, односно целосно да се исклучи.

Во областа на граѓанските состојби, и натаму е присутен значителен број нерешени барања за стекнување македонско државјанство, особено од лица кои аплицирале согласно член 7 од Законот за државјанство. Подносителите на овие барања се жалеа дека

од страна на Министестерството за внатрешни работи не добиваат информации за текот и статусот на постапките. Дополнителен проблем, во извештајната година, претставуваше фактот што речиси половина година не функционираше Комисијата, во рамки на Владата, за утврдување на условот за владеење на македонскиот јазик, што дополнително влијаеше за одолжувањето на постапките. Поради тоа, Народниот правобранител достави Посебен извештај до Владата и побара итно формирање на Комисијата, со цел да се обезбеди доставување мислења до МВР по сите заостанати предмети. По доставување на Извештајот, оваа состојба беше надмината.

Иако во помал обем во споредба со претходните години, граѓаните поднесуваа претставки и за одолжување на постапки за упис во соодветните матични книги, издавање умреници, патни исправи, дозволи за оружје и други управни акти.

**Графикон бр.2**



## СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И СИГУРНОСТ

Во текот на 2025 година, во областа *социјална заштита и сигурност,* до Народниот правобранител беа евидентирани вкупно 87 претставки или 27 претставки помалку споредбено со претходната година. Најголем број од поплаките се однесуваа на права на парична помош од социјална заштита (49), социјална сигурност за стари лица (11), семејно насилство (9), социјални услуги (8), како и претставки од граѓани во кои бараа правен совет за начинот на кој може да остварат определено право од оваа област (10).

Во однос на остварувањето на права на парична помош од социјална заштита, граѓаните најчесто бараа заштита за остварување на правото на гарантирана минимална помош, правото на надоместок за помош и нега од друго лице, еднократна парична помош, како и надоместок поради попреченост. Неколку поплаки имаше и за непостапување по поднесени барања, како и поради наводи за повреда на правата на граѓаните во управните постапки. Додека, во претставките за семејното насилство се укажуваше на насилство врз ќерка, син, родител, како и сопруг/сопруга, укажувајќи на непостапување на надлежните органи.

Постапувајќи по доставените претставки, Народниот правобранител во согласност со законските надлежности, презеде соодветни мерки и активности кон надлежните државни органи, органите на единиците на локалната самоуправа и установите од областа на социјална заштита, со цел обезбедување навремено, законито, целосно и ефикасно постапување по предметите, како и доследно почитување на прописите и утврдените законски рокови. Посебен акцент беше ставен на унапредувањето на административна ажурност, зајакнување на меѓуинституционална соработка и преземање превентивни активности со цел спречување на понатамошни повреди на правата на граѓаните. Истовремено, беше нагласена потребата од засилена заштита на социјално ранливи категории, особено жртвите на семејното насилство и повозрасните лица преку навремено обезбедување соодветни социјални услуги и мерки на поддршка.

И во текот на 2025 година, Народниот правобранител евидентираше случаи на ненавремено постапувањето по жалбите, како резултат на недоволно ефикасна и несоодветна меѓуинституционална соработка и отсуство на адекватна комуникација помеѓу Министерството за социјална политика демографија и млади, Центрите за социјална работа и управните судови. Воочените состојби укажуваат на системски слабости во начинот на доставување, евидентирање и следење на жалбите поднесени од страна на граѓаните, при што во одредени случаи предметите не биле навремено проследени до надлежните органи или не биле соодветно заведени во службените евиденции. Ваквата состојба резултираше со пролонгирање на управните постапки, повреда на законски утврдените рокови и доведување во прашање на правото на граѓаните на навремено и ефикасно остварување на нивните права.

Според Народниот правобранител, причините за ваквите појави произлегуваат од недоволна координација меѓу институциите, поради неусогласени интерни процедури, како и отсуство на унифициран систем за следење на движењето на предметите. Во таа насока, беа преземени соодветни дејствија кон надлежните институции, со укажување на потребата од зајакнување на меѓусебна соработка, воспоставување јасни протоколи за размена на документација и воведување механизми за контрола и следење на предметите.

Во однос на остварување на правото на надоместок за помош и нега од друго лице, Народниот правобранител утврди дека граѓаните сѐ уште се соочуваат со сериозни потешкотии поврзани со ненавременото доставување на наод, оцена и мислење од страна на Стручната лекарска комисија до надлежните Центри за социјална работа. Во повеќето случаи, ваквата документација не била доставувана во законски утврдените рокови, што директно придонесуваше за пролонгирање на постапките и одложување на остварувањето на правото на подносителите на барањата. Како резултат на ова, беа евидентирани случаи во кои странките го оствариле правото дури по нивната смрт, при што членовите на нивните семејства беа принудени да поведат оставинска постапка заради наплата на

средства, кои поради административни пропусти и задоцнувања, не биле исплатени од страна на Центрите за социјална работа.

Според Народниот правобранител, ваквата состојба претставува повреда на начелото на ефикасност во управната постапка и сериозно ја нарушува правната сигурност на граѓаните, особено имајќи ја предвид ранливоста на категоријата лица кои го користат ова право. Во таа насока, беа упатени укажувања до надлежните институции за потребата од воспоставување поефикасна координација меѓу стручните лекарски комисии и Центрите за социјална работа, како и за задолжително почитување на законските рокови, со цел спречување на понатамошни повреди на правата на корисниците или неосновано изложување на плаќање трошоци на нивните наследници за остварување на правото на неисплатениот паричен надоместок.

Во текот на извештајната година, Народниот правобранител постапувајќи по претставки и обраќања од граѓани, како и по сопствена иницијатива, отвори предмет во врска со остварувањето на правото на социјална сигурност за старите лица - право кое е уредено со Законот за социјална сигурност за старите лица. Имено, анализата на состојбите и примената на законските одредби укажа на нееднаква и рестриктивна примена на правото, особено во случаите кога двајцата сопружници, односно вонбрачни партнери, ги исполнуваат законските услови за стекнување на правото, но истото може да го користи само едно лице. Ваквата законска поставеност, според Народниот правобранител доведува до нееднаква положба и индиректна дискриминација, имајќи предвид дека надоместокот е идентичен без разлика дали правото го користи едно лице или лица кои живеат во брачна/вонбрачна заедница. Дополнително, имајќи ги предвид зголемените трошоци за живот и инфлаторните движења, Народниот правобранител оцени дека постои потреба од преиспитување на висината на паричниот надоместок, како и од можноста правото да се остварува индивидуално за секое лице, или во случај на брачна/вонбрачна заедница износот да биде соодветно зголемен.

Врз основа на наведеното, Народниот правобранител, до Владата на Република Северна Македонија и Министерството за социјална политика демографија и млади достави Иницијатива за изменување и дополнување на Законот за социјална сигурност за старите лица, со цел усогласување на законската рамка со начелата на праведност, хуманост и еднаквост. Следствено на тоа, Министерството за социјална политика, демографија и млади ја поздрави иницијативата на Народниот правобранител, оценувајќи ја како реална и насочена кон подобрување на положбата на старите лица како ранлива категорија на граѓани. Министерството информираше дека иницијативата ќе биде земена предвид во наредниот период, при што ќе се спроведе сеопфатна анализа на условите, критериумите и финансиските импликации поврзани со евентуалните законски измени. Исто така, беше наведено дека при подготовка на анализата ќе се разгледаат можностите за зголемување на износот на правото, како и обезбедување соодветни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија, во согласност со фискалните можности и буџетското планирање на наредната календарска година.

Народниот правобранител ја оценува иницијативата како особено значајна од аспект на заштитата на социјалните права и унапредувањето на еднаквиот пристап до социјална сигурност за старите лица, при што ќе продолжи да го следи постапувањето на надлежните институции, со цел навремено и суштинско подобрување на законската рамка и практиката во оваа област.

Претставките за заштита од семејно насилство потврдуваат дека оваа појава продолжува да биде сериозен општествен проблем кој директно ги загрозува безбедноста, достоинството и психофизичкото здравје на жртвите. Насилството најчесто се случува меѓу блиски лица-сопружници, поранешни партнери, родители и деца или други членови на семејството, што дополнително ја отежнува положбата на жртвата.

Народниот правобранител во ваквите случаи најчесто интервенира пред Центрите за социјална работа, полициските органи и другите надлежни институции заради испитување на наводите за непостапување, одолжување или нецелосно спроведување на мерките за

заштита. Притоа, особено внимание се посветуваше на поплаките дека не се изрекуваат или не се спроведуваат навремено изречените мерки за заштита на жртвите, или дека институциите не обезбедуваат соодветна поддршка и заштита, односно не се обезбедува доследно почитување на човековите права и законитост во работењето.

За случаите во кои утврди повреда на уставните и законските права, Народниот правобранител укажуваше на пропустите, барајќи преземање конкретни дејствија и давајќи препораки, со цел инситуциите поефикасно и посензитивно да постапуваат во случаите на семејно насилство. Во контакт со подносителите на претставките, Народниот правобранител им даваше правен совет и информации за нивните права, можностите за правна и психосоцијална помош, како и за механизмите на заштита што им стојат на располагање. Ваквиот пристап имаше за цел да ја зајакне положбата на жртвите и да придонесе кон нивна поголема информираност и охрабрување да побараат заштита.

Народниот правобранител потенцира дека благите санкции и бавното постапување можат да доведат до повторување на насилството и продлабочување на последиците кај жртвите. Исто така, се нотира дека долготрајните управни и судски постапки, особено во делот на социјалната заштита, претставуваат дополнителен товар за жртвите. Затоа, Народниот правобранител повторно апелира за поажурно, поефикасно и поодговорно постапување на сите надлежни институции, со цел да се обезбеди навремена и целосна заштита од семејно насилство.

**Врз основа на изнесеното и утврдените состојби, Народниот правобранител препорачува:**

**Воспоставување ефикасна и континуирана координација помеѓу надлежните институции, со јасно дефинирани протоколи за размена на информации заради следење на предметите, навремено доставување на медицинската и другата документација помеѓу надлежните органи, со цел донесување одлуки со почитување на законските рокови.**

**Навремено постапување во управните постапки, со воведување механизми за контрола и одговорност во случаи на неоправдано одолжување или губење на предмети.**

**Согласно предметната иницијатива на Народниот правобранител доставена до Владата на РС. Македонија и до Министерството за социјална политика, демографија и млади, да се изврши изменување и дополнување на одредбите од Законот за социјална сигурност за старите лица, со цел усогласување на законската рамка со начелата на праведност, хуманост и еднаквост и обезбедување еднаков, правичен и недискриминаторски пристап до правата.**

**Надлежните институции без какви било исклучоци навремено и доследно да ги изрекуваат и спроведуваат мерките за заштита на жртвите од семејно насилство, обезбедувајќи сеопфатна институционална поддршка. Следствено, да се зајакнат превентивните активности и сензибилизираниот пристап во постапувањето со жртвите на семејно насилство, особено кога станува збор за ранливи категории.**

## ПОЛИЦИСКИ ОВЛАСТУВАЊА

Во однос на *Полициските овластувања*, во текот на 2025 година, до Народниот правобранител се поднесени вкупно 137 претставки, што е за 45 претставки помалку во споредба со претходната година. Најголем број од претставките и оваа извештајна година се однесуваат на поплаки поради непреземање или недоволно преземање мерки и активности на полициските службеници по кривични пријави и други пријави на граѓаните (38), непрофесионално и незаконско постапување и однесување на полициски службеници (36), непреземање мерки за заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните од страна на полицијата (13), неоснованото задржување на граничен премин (10). Потоа, следуваат претставките за неосновано одземање на предмети (9), непреземање мерки за откривање и фаќање на сторители на кривични дела (8),неоснован претрес на лица, превозни средства или багаж (4), неоснован претрес на дом и други затворени простории (3), неосновано приведување (2). По една претставка од граѓани, беа поднесени за неосновано повикување и задржување во полициска станица, за неукажување на помош и заштита на граѓаните и за пречекорување и злоупотреба на службено овластување. Инаку, оваа извештајна година побаран беше правен совет во 6 претставки, и само 5 претставки беа поднесени поради незаконитости во постапувањето на прекршочниот орган.

Од содржината на претставките произлегува дека поголем број граѓани побараа заштита поради неостварување на своите права кои произлегуваат од пријавени сообраќајни незгоди. Имено, граѓаните се жалеа дека поради тоа  што, подолг временски период (во одредени случаи и по една година) не го добиваат записникот од извршен увид од местото на сообраќајна незгода од страна на полицијата, не се во можност да ги остварат другите права поврзани со ова прашање, како што е на пример наплатата на оштетата од осигурителните компании и слично. Според Народниот правобранител, иако не е предвиден законски рок за издавање на записник од извршен увид од местото на сообраќајна незгода, сепак истиот треба да биде изготвен во разумен рок, со цел граѓаните во понатамошните постапки да можат да ги остварат своите права. Сепак, интервенциите на Народниот правобранител даваа резултат, па  граѓаните успеваа да си ги остварат правата, односно полицијата им го доставуваше записникот.

Од предметното работење произлегува истата констатација од претходно дека претставките на граѓаните кои се однесуваа на состојбата со нерасчистени кривични настани, и по неколку години од случување на настанот, е делумно резултат на неажурноста на обвинителството, кое согласно Законот за кривична постапка, е надлежно за раководење со постапката, односно давање наредби до полицијата за спроведување на предистражни или истражни дејствија и активности во насока на расчистување на кривично-правниот настан. Народниот правобранител и покрај интервенциите, е незадоволен од доставените одговори од обвинителствата, кои најчесто се строго формални и несуштински, така што еден дел од граѓаните не можат да ги остварат своите права од постапката како оштетени. Во овие случаи, препорака на Народниот правобранител беше дека обвинителството и полицијата треба навремено и одговорно да постапуваат, односно да преземаат мерки и активности кои се во нивна надлежност за сите настани, не само за оние кои добиваат исклучително медиумско внимание.

Претставките кои се однесуваат на непреземање мерки за заштита на животот или имотот на граѓаните беа детално испитувани од страна на Народниот правобранител, со обезбедување на релевантни информации и податоци од страна на Министерството за внатрешни работи. Во тој контекст, за жал, оваа извештајна година ја одбележаа трагични настани, во кои две млади жени од Скопје и од Велес, жртви на семејно насилство, трагично го загубија животот.

За првиот настан групна претставка поднесоа 24 здруженија на граѓани за заштита на жените, заштита на родово-базирано насилство и семејно насилство врз жените, како и од 63 активистки од Република Северна Македонија и од други европски држави. Тие изразија загриженост дека поради ненавременото постапување на полицијата како

и непреземањето мерки, жена од Скопје трагично го загуби животот, посочувајќи дека полицијата не презела никакви мерки за нејзина заштита и заштита на нејзините малолетни деца. Според наводите изнесени во претставката, таа и нејзиниот татко повеќепати го пријавувале насилството (жртвата имала и видливи повреди по лицето), но од страна на полицијата била советувана дека треба да се смири со својот партнер, а дополнително `и било побарано да достави медицинска документација или лекарско уверение како доказ.

Здруженијата на граѓани во претставката посочија дека речиси сите жени жртви на семејно насилство, меѓу кои и конкретната, со години, редовно, во континуитет пријавуваат најразлични форми на насилство во кругот на семејството, најчесто од својот партнер, но ретко се постапува од страна на надлежните органи согласно законските правила и процедури, со крајна цел ефикасна заштита на животот и сигурноста на жените и други лица - жртви на семејно и родово-базирано насилство.

Народниот правобранител се обрати до надлежната организациска единица во Министерството за внатрешни работи, со барање на информации дали се евидентирани пријави за семејно насилство од страна на конкретната жртва во изминатиот период, и известување за преземените дејствија и мерки за заштита на нејзиниот живот и сигурноста. Исто така, од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР, побара да го истражи начинот на постапување на полициските службеници во конкретниот случај. Од прибавената документација и доставените одговори, Народниот правобранител констатираше дека блиски лица на конкретната жртва го пријавувале нејзиниот сопруг во неколку наврати, претходно, за упатување закани, навреди, физички напад и насилство од кое се стекнала со телесни повреди, но истите никогаш не приложиле медицинска документација како поткрепа на наводите, а дека жртвата не сакала нејзиниот сопруг да биде кривично гонет, туку само предупреден.

По спроведена постапка, Народниот правобранител констатираше дека не е постапено согласно законските одредби од страна на полициските службеници. Имено, одредбите на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство предвидуваат во случај на семејно насилство, но и кога има пријава за родово-базирано насисилство, полициските службеници заради отстранување на непосредна и сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членови на нејзиното семејство се должни да излезат на местото на настанот и да изготват полициски извештај веднаш, а најдоцна во рок од 12 часа од интервенцијата на настанот. Исто така, полицискиот службеник во случаи на родово-базирано насилство врз жени и семејно насилство, при преземањето на полициските работи и примената на полициските овластувања, секогаш мора да направи проценка на ризикот за сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членови на нејзиното семејство и на ризикот од повторување на насилството, со цел заштита на жртвата, преку соодветно управување со ризикот. Притоа, полицискиот службеник е должен, да го извести надлежниот Центар за социјална работа заради преземање на итни мерки за заштита на жртвата. Исто така, полицискиот службеник кога ќе процени дека на самото место постои висок ризик од непосредна и сериозна опасност по животот, физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членови на нејзино семејство треба да го лиши од слобода сторителот согласно со закон.

Во конкретниот случај, Одделот за внатрешна контрола, не утврдил одговорност и со тоа не повел постапка против полициските службеници, со образложение дека немало доволно докази за да се поткрепат наводите за непостапување на полицијата.

Во оваа насока, Народниот правобранител смета дека полициските службеници не се обучени за заштита на жртвите од насилство, чиј број во последните години се зголемува и дека во случаите има посериозни последици. Оттука, Народниот правобранител укажува дека органите за заштита на жртвите, пред сé полицијата, треба да посветат посебно внимание на оваа проблематика, да постапуваат професионално и законски, со должно внимание кон жртвите, со цел спречување на фемициди, но и други форми на семејно или родово-базирано насилство.

Народниот правобранител покрена постапка по сопствена иницијатива и за вториот случај на фемицид, во кој, повторно млада жена од Велес, на возраст од 30 години, неколкугодишна жртва на семејно насилство, беше брутално усмртена од нејзиниот поранешен партнер. Во овој случај, по барање на Народниот правобранител, спроведена е темелна истрага од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР за начинот на постапување на полициските службеници. Народниот правобранител,  од добиената документација, констатира дека и во овој случај е сторена повреда на правата на жртвата поради непреземање соодветни мерки по поднесените пријави од истата. Имено, 11 полициски службеници од Полициската станица од општа надлежност Велес, не ги исполниле работните обврски, односно не постапиле соодветно по пријавите на жртвата. Следствено на ова, Одделот за внатрешна контрола покренал постапки за утврдување на дисциплински мерки, а доставил и соодветен поднесок до Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција при Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Народниот правобранител, согласно своите законски надлежности, ќе ја следи постапката пред надлежното обвинителство и ќе постапи согласно надлежностите предвидени со Законот за народниот правобранител.

Претставки од граѓани поради непрофесионално постапување и однесување на полициски службеници, беа поднесени во поголем број во споредба со минатата година. Во случаите, каде имаше индиции за незаконско или непрофесионално однесување на полициски службеници, Народниот правобранител се обраќаше до Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при МВР, со барање да се испита начинот на постапување на полициските службеници во конкретните случаи. Министерството на внатрешни работи ги прифаќаше барањата и доставуваше одговор дека ќе бидат преземени мерки согласно одредбите од Етичкиот кодекс за однесување на вработените во МВР.

Од постапувањето по претставките во кои граѓаните бараа интервенција поради задржување на граничните премини, произлегува констатацијата дека и понатаму не е решен проблемот со неоснованите задржувања на граѓаните на граничните премини за влез и излез од Република Северна Македонија. Исти лица, кои поднесуваа претставки, како и други граѓани поднесуваа претставки со барање заштита поради дополнителните проверки што им се вршат на граничните премини, а кои траат по повеќе часа, со што тие се изложени на стресна ситуација која предизвикува чувство на страв, срам и несигурност.

Народниот правобранител побара информации и објаснувања од Бирото за јавна безбедност ,поединечно за секоја поднесена претставка, а одговорите се идентични, како и минатите години дека конкретните граѓани не се евидентирани во системот на лица за кои се предвидени посебни мерки, туку дека се работи за стандардни процедури во рамките на граничните проверки. Објаснувањето е, и дека селекцијата на патници се врши врз основа на објективни критериуми кои се законска обврска, а не личен избор на полицискиот службеник.

Народниот правобранител, имајќи ги предвид одредбите од Законот за гранична контрола, според кој полициските службеници при вршење на граничната проверка на лица, се овластени да извршат проверка во оперативните и други евиденции и електронски бази на податоци и да го задржат лицето за време неопходно потребно за извршување на граничната проверка, но не подолго од 24 часа, побара дополнителни објаснувања за тоа што се подразбира под „стандардните процедури“ и „објективните критериуми“ на селекција на граѓаните, бидејќи граѓаните се жалат дека таквата пракса се повторува секојпат и трае со години, но не доби конкретен одговор и објаснување до крајот на извештајната година.

**Согласно констатираните состојби во областа, Народниот правобранител препорачува:**

**Полициските органи да преземат навремени и ефикасни мерки и активности по поднесените кривични и други пријави на граѓаните, а полициските истражни органи да спроведуваат брза и ефикасна истрага, со цел расчистување на кривичните дела и откривање на сторителите на кривичните дела;**

**Поголема ажурност во постапување по пријавите за сообраќајните незгоди, нивно навремено процесуирање заради остварување на правата на граѓаните во постапката;**

**Министерството за внатрешни работи да преземе мерки за обучување и едукација на полициските службеници и инспекторите за обезбедување поефикасна заштита на жртвите од семејно и друг вид насилство, како и мерки за постапување согласно Законот за превенција и заштита од насилство врз жените и семејно насилство. По пријавите од жртвите да се постапува со максимална итност и професионалност, со должно внимание кон жртвите, со цел спречување на фемициди и какви било други форми на семејно и родово-базирано насилство; и**

**Од страна на Бирото за јавна безбедност да се преземат соодветни мерки и дејствија со цел да се превенира неосновано задржување на граѓаните на граничните премини и проверките да бидат законски оправдани и врз основа на ажурирани податоци во електронските системи.**

**Организациските единици на Министерството за внатрешни работи, и оние надлежни за заштита на безбедноста на граѓаните и државата да соработуваат со Народниот правобранител и на негово барање навреме да му ги доставуваат бараните докази, податоци и информации, без оглед на степенот на класифицираност, и да му овозможат на Народниот правобранител спроведување на постапката согласно законските овластувања и заштита на правата на граѓаните од евентуални повреди од страна на државните органи, што претставува основна надлежност на Народниот правобранител.**

## ГРАЃАНСКИ СОСТОЈБИ

Во извештајната 2025 година, Народниот правобранител постапуваше по значителен број помалку претставки во областа на *Граѓанските состојби* (95), споредбено со претходната година (313). Притоа, најголем број од претставките се однесуваа на постапки за прием и отпуст од државјанство (47), за издавање на лични документи и патни исправи (15), постапки пред Управата за водење на матична евиденција (14), права на странци, мигранти, бегалци (7). Потоа, се бараше интервенција во постапка за добивање на оружје (6), издавање на возачка дозвола (3) и барање правен совет (3).

Најголем дел од претставките за државјанство се однесуваа на барања за стекнување, со природување, на државјанство на иселеници и нивните потомци до прво колено, поднесени согласно член 8 од Законот за државјанство.

Анализата на содржината на ваквите претставки, покажува дека најчеста причина за нивно поднесување е одолжувањето на постапките, односно непостапување во согласност

со одредбите од член 7 од Законот за државјанство, а во кој е определена должност за Агенцијата за национална безбедност („АНБ“), како орган кој дава мислење дали странецот ја загрозува или не, безбедноста и одбраната на Република Северна Македонија, да донесе одлука во рок од шест месеци, по поднесувањето на барањето на странецот.

Покрај долгото траење на постапките, подносителите на претставките, укажуваа и на отсуството на навремена информација за нивниот тек и статус од страна на Министерството за внатрешни работи (МВР).

Во рамките на предметното работење и воспоставената комуникација со Агенцијата за национална безбедност, Народниот правобранител утврди дека основна причина за непочитување на законски определениот рок за постапување е околноста што значителен број од доставените барања на Министерствотои за внатрешни работи не содржат ажурирани и целосни податоци (на пример, кое е вистинското име и преземе на барателот, ...... ), што пак, дополнително ја усложнува постапката за изготвување на потребните безбедносни проценки.

Од страна пак, на Министерството за внатрешни работи беше укажано дека барателите за прием во државјанство, односно лицата за контакт посочени од нив, често се недостапни, а во одредени случаи има и промени на личните податоци - околности кои секакако дека придонесуваат постапките да траат подолг временски период, па дури и со години.

Како последица на долгото траење на управните постапки, Народниот правобранител забележа и покренување управни спорови поради молчење на администрацијата, што негативно влијае врз правната сигурност на барателите и довербата во институциите.

Во текот на постапувањето по предметите, Народниот правобранител утврди и дека мислењата доставени од Агенцијата за национална безбедност, во пракса, од страна на надлежното Министерство се користат како елегантен основ за прекин на управната постапка, а која пракса дополнително придонесува за одолжување на постапките.

Народниот правобранител, како институција надлежна за заштита на човековите права согледувајќи ја комплексноста на постапката за прием во државјанство, како и задолжителноста на оперативно-безбедносната проверка, како еден од неопходните чекори во истата, во повеќе наврати со писмени информации, кои содржеа и листи на поединечни предмети, континуирано укажуваше на обврската за почитување на принципите на законитост, ефикасност и соработка меѓу МВР и АНБ.

Во извештајната година поради фактот што речиси шест месеци не функционираше Комисијата, во рамки на Владата на Република Северна Македонија, за утврдување на условот за владеење на македонскиот јазик, Народниот правобранител до Владата достави посебен извештај и побара да преземе дејствија за нејзино формирање, со цел таа дополнително до МВР да достави мислење по сите заостанати предмети. Следствено на тоа, Владата го извести Народниот правобранител дека во текот на месец јуни 2025 година, од нејзина страна е формирана односната комисија, која во меѓувреме, заклучно со месец декември, постапила по сите предметни барања на МВР.

Покрај интервенциите во надлежните органи, Народниот правобранител обезбедуваше и правна помош и советување на лица без државјанство, со цел нивно информирање за законските можности, условите и чекорите за започнување постапка за прием во државјанство.

Во Канцеларијата на Народниот правобранител во Скопје, во текот на 2025 година, од вкупниот број поднесени претставки за прием и отпуст од државјанство, мал број предмети, односно само 4 беа целосно завршени, што укажува на потребата од системски пристап и унапредување на ефикасноста на постапувањето по овој вид предмети од страна на надлежните органи.

Во делот на граѓански состојби, граѓаните бараа интервенција од Народниот правобранител и заради одолжување и административни пропусти во постапките за упис во соодветните матични книги, за издавање на патни исправи, лични документи, како и за издавање на дозволи за оружје. По интервенциите, надлежните органи преземаа дејства

за обезбедување на правото на граѓаните, освен во делот на издавањето на дозволите за оружје кои и понатаму траат неоправдано многу долго и не се почитуваат законските рокови за постапување и за одлучување.

По однос на правата на странците, мигранти/ бегалци беа направени неколку посети во местата каде истите се сместени и со нив се разговараше и им беа дадени правни совети за начинот на заштита на нивните права пред органите и телата во државата.

**Со оглед на погоре констатираното, Народниот правобранител препорачува:**

**Зајакнување на координацијата и соработката помеѓу Министерството за внатрешни работи и Агенцијата за национална безбедност, со цел навремено и законито завршување на постапките по барањата за прием и отпуст во државјанство, како и доследно почитување на законски утврдениот рок од шест месеци за изготвување на безбедносните проценки;**

**Унапредување на комуникацијата со барателите за прием и отпуст во државјанство заради обезбедување целосни, точни и ажурирани податоци и преземање системски мерки за зголемување на ефикасноста и правната сигурност во постапките за прием во државјанство;**

**Управата за водење на матичните книги да ги почитува законските рокови за упис и за издавање на документи на граѓаните; и**

**Министерството за внатрешни работи да ги реши сите заостанати предмети во врска со издавањето на дозволи за поседување на оружје, а по новите барања да постапува во законскиот рок.**

# 3. Заштита од дискриминација, права на децата и лицата со попреченост, здравствена заштита и пензиско и инвалидско осигурување

- ПРАВА НА ДЕТЕТО
- ПРАВА НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ
- ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА
- ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ
- ПРАВА ОД ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
- ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Заштитата на човековите права, во 2025 година опфати широка палета на индивидуални и колективни права, со особен фокус на ранливите категории граѓани. Акцентот беше ставен на обезбедување еднаков пристап до образование, здравствена заштита, социјални услуги и услови кои овозможуваат достоинствен живот и активно учество во општеството.

Во областа на правата на детето, постапувањето на Народниот правобранител и следењето на состојбите покажаа дека, и покрај постојните законски и институционални механизми, практичното остварување на правата се соочува со бројни предизвици. Најчесто се бележат тешкотии во остварувањето на лични контакти со родителот со кој детето не живее, ограничен пристап до квалитетно образование, недоволна поддршка за деца со попреченост, како и случаи на насилство и виктимизација во семејството, училиште или заедница. Особено внимание се посветува на меѓуврсничкото насилство, вклучувајќи физички пресметки пред училиште или надвор од него, но и дигитално насилство, кога учениците ги малтретираат врсниците преку социјалните мрежи или мобилни апликации.

Овие состојби укажуваат на потребата од системска едукација на децата за значењето на меѓусебното почитување, прифаќањето на различностите и решавањето на конфликти на мирен и конструктивен начин, без користење на физичка сила. Родителите, наставниците и училиштата имаат клучна улога во поддршка и насочување на децата кон позитивни модели на однесување, додека заедницата и институциите треба да обезбедат поддржувачка и безбедна средина, да интервенираат во случаите на насилство и да промовираат култура на емпатија, толеранција и ненасилно решавање на конфликти. Само преку координирана акција на семејството, образовните установи, локалната заедница и надлежните институции може да се создаде инклузивна и сигурна средина, во која секое дете ќе има можност достоинствено и безбедно да се развива, како во реалниот, така и во дигиталниот простор.

Современите форми на насилство, како што е сајбер насилството, претставуваат сериозна закана за психичкото и емотивното здравје на децата. Потребно е редовно едуцирање за безбедно користење на дигиталните технологии, препознавање на заканите, пријавување на вознемирувањето и развивање на дигитална писменост која ја промовира емпатијата и одговорното однесување на интернет. Народниот правобранител, исто така, поттикнува спроведување на програми и активности за подигање на свеста меѓу децата, наставниот кадар и родителите за важноста на почитување на индивидуалните разлики, развивање на емоционална интелигенција, меѓусебна солидарност и мирно решавање на несогласувањата.

Предизвици се нотирани и во однос на правата на лицата со попреченост, каде што, и покрај ратификуваната Конвенција за правата на лицата со попреченост и позитивните законски измени, присутни се системски ограничувања во практичното уживање на правата. Главните проблеми се поврзани со недоволна редовност на исплатата на услуги како лична асистенција и поддржано живеење, ограничена пристапност до јавни услуги и инфраструктура, остварување на избирачкото право и условите за инклузија на пазарот на труд. Активностите на Народниот правобранител, вклучувајќи промотивно-едукативни настани и иницијативи за законски промени, беа насочени кон унапредување на инклузивноста, континуитетот и еднаквиот третман на лицата со попреченост.

Во здравствената заштита, состојбите покажуваат значително зголемување на бројот на претставки, главно поврзани со болничко лекување, обезбедување основни и специјализирани здравствени услуги, набавка на лекови и одложување на постапки пред второстепени органи. Клучните проблеми, како што се недостиг на терапија за критични пациенти, долгогодишни застои во постапките на Министерството за здравство и несоодветно

кадровско и просторно опремување на здравствените установи, повторно беа забележани и претставуваа сериозна препрека во остварувањето на правата на граѓаните. Дополнително се нотирани и проблеми со електронската размена на податоци за ослободување од партиципација. Народниот правобранител препорачува итни дејствија за обезбедување навремена, квалитетна и достапна здравствена заштита, со особено внимание на ранливите категории граѓани.

Во областа на пензиите и инвалидското осигурување се нотираа одолжувања при остварување на старосна, семејна и инвалидска пензија, како и проблеми со исплатата на пензиските средства. Главните предизвици се застој во работата на лекарската комисија, недостиг на кадровски ресурси, одложување на редовното усогласување на пензиите и нееднакв третман на пензионери кои живеат надвор од земјата. Народниот правобранител интервенираше преку посредување со Фондот на ПИО, со странски пензиски органи, советување на граѓаните и поднесување иницијатива до Уставниот суд за оценка на уставноста на делови од законот. Навремено и ефикасно спроведување на постапките, почитување на правната основа и принципите на еднаквост се предуслов за одржлив и правично организиран пензиски систем.

Во високото образование се констатира потреба од подобрување на условите за студирање и инфраструктурата, соодветна на бројот на студенти и просторните капацитети на факултетите. Претставките укажаа на потреба од навремено признавање на завршено образование, исплаќање на соодветен надоместок на студентите и почитување на законските рокови за одлучување, како и обезбедување подобри услови за студентскиот живот преку модерни лаборатории, амфитеатри и студентски домови. Овие мерки се од суштинско значење за обезбедување квалитетно образование и професионална средина.

Сите овие области се тесно поврзани со принципот на недискриминација. Иако постои законска рамка за заштита од дискриминација и вознемирување на работното место, поднесените претставки покажуваат дека предрасудите и стереотипите продолжуваат да се присутни, особено во работните односи, јавната управа, пристапот до услуги и јавните позиции. Ефикасна институционална контрола, почитување на еднаков третман и спроведување на принципот на соодветна застапеност се неопходни за целосна реализација на правата, особено за ранливите групи, со што се унапредува довербата на граѓаните во системот.

Во целина, овие согледувања ја потенцираат важноста на системска и координирана заштита на човековите права, со посебен акцент на ранливите категории граѓани. Поддршката од семејството, образовните установи, здравствените и социјалните служби, институциите и заедницата, заедно со едукација и промоција на принципите на еднаквост, толеранција и ненасилно решавање на конфликти, претставува основа за создавање општество во кое секој граѓанин има можност за достоинствен и сигурен живот.

Во натамошниот текст ќе бидат детално презентирани состојбите и предизвиците во секоја од овие области, како и препораките за нивно унапредување.

Графикон бр.3



## ПРАВА НА ДЕТЕТО

Одделот за заштита на *правата на детето и лица со попреченост* при Народниот правобранител, во извештајната година постапуваше по вкупно 198 претставки во областа Права на детето (2 помалку од 2024). При тоа, во 20 случаи покрената беше постапка по сопствена иницијатива за заштита на правата и интересите на децата, во различни подобласти.

Најголем број од поднесените претставки се однесуваа на права од областа семејно-правни односи и грижа во семејна средина (79), правото на образование (36), заштита од насилство, злоупотреба и експлоатација (24). Потоа, следуваат права на дете со попреченост (15) и право на социјална заштита и животен стандард (13). Иако во помал број, поднесени беа претставки поврзани со право на име, државјанство и идентитет (8), предучилишно воспитание и образование (6), права на дете кое не живее дома (4), здравствена заштита (4), и неколку претставки се однесуваа на други права од Конвенцијата за права на детето или пак, се бараше правен совет (вкупно 9).

Според Народниот правобранител, познавањето, почитувањето и заштитата на правата на детето се клучни за секое дете да расте во безбедна и поддржувачка средина. Надлежните органи и институции, раководејќи се од најдобриот интерес на детето, треба да ги унапредуваат овие права со цел нивно ефективно и ефикасно остварување.

### Заштита на најдобриот интерес на детето во областа на семејните права и правото на грижа во семејна средина

Семејно - правните односи и заштитата на најдобриот интерес на детето се од суштинско значење за остварување на правото на грижа во семејството. Во таа насока, се постапуваше по најголем број претставки (вкупно 79), најчесто поднесени од родителите/или старателите. Претставките најчесто се однесуваа на неможност или ограничено остварување на лични односи и непосредни контакти со децата со кои родителите не живеат, одолжување или нестручно постапувањето на Центрите за социјална работа при доверување на дете, како и непреземање на соодветни дејствија по пријавена несоодветна грижа за детето. Во помал број се жалеа на неможност за остварување контакти како блиски роднини на детето или за нередовна исплата на алиментација.

Најчесто, интервенција од Народниот правобранител бараа родителите со кои детето не живее, но не беа исклучок ниту претставките од родители кај кои детето е доверено од страна на Центарот за социјална работа или со судска одлука. Тие, најчесто изразуваа незадоволство од односот на другиот родител кон детето или бараа промена на решението за видување. Во овие претставки доминираа наводи за непочитување на донесените решенија за видување, како и поплаки за пристрасност или наклонетост на Центарот кон едниот родител.

Народниот правобранител за секој предмет се обраќаше до надлежните Центри за социјална работа и до Министерството за социјална политика, демографија и млади. Во зависност од природата на проблемот, по потреба ги вклучуваше и надзорните органи – Секторот за инспекциски надзор и ЈУ Заводот за социјални дејности заради надзор над стручната работа на Центрите. Во постапувањето, Народниот правобранител укажуваше дека најдобриот интерес на детето мора да биде основен принцип и водечко начело. Дополнително, инсистираше на објективно согледување на фактичката состојба и на семејните услови, со цел непречено остварување на правото на детето на лични односи и контакти со двата родитела. Имајќи ги предвид расположливите мерки, ги потсетуваше Центрите дека родителите можат да бидат упатени на советувалишен третман и стручна помош кога не постапуваат во интерес на детето.

Следејќи го постапувањето на Центрите за социјална работа во случаи на

меѓуродителски несогласувања, може да се констатира дека најчесто им укажуваат на родителите за обврската за заедничко учество во воспитувањето и развојот на детето, како и за почитување на утврдената динамика за видување согласно донесените решенија. Понекогаш, родителите се упатуваат и на советување. Сепак, не во сите случаи беше обезбедена целосна заштита на правото на детето на еднакви релации и контакти со двата родитела и со блиските роднини, особено кога долготрајните конфликти и несоработката меѓу родителите доведуваа до отпор кај децата за остварување лични односи со еден од родителите. Народниот правобранител утврди дека незадоволните родители пред Центрите за социјална работа водат повеќе активни постапки, а се обраќаат и до други органи, како Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за внатрешни работи, полициските станици, па дури и до граѓанските и кривичните судови. Основаноста на наводите во претставките, Народниот правобранител ја утврдуваше преку надзор од надлежните органи, како и со непосреден увид и прибирање на потребната документација во Центрите за социјална работа. Во случаите каде беа констатирани неправилности, се даваа конкретни препораки и мерки за нивно отстранување, а постапката продолжуваше додека не се обезбеди доказ за нивното спроведување од страна на Центрите, согласно насоките на Заводот за социјални дејности или на Секторот за инспекциски надзор.

Народниот правобранител постапуваше и по претставки за непочитување на термините за видување, утврдени со решение на надлежен Центар за социјална работа, како и поради бавно постапување на органите по барањата за измена на динамиката на видување. Овие барања, најчесто се однесуваа на ситуации во кои родителот, кај кого детето не е доверено, бараше зголемување на термините за личен контакт со детето.

Чест основ за интервенција претставуваше и незадоволството од утврдената динамика на остварување на личните и непосредни контакти предвидени со решенијата на Центрите. Во овие случаи се укажуваше и на повреда на правата на детето, особено кога самите деца одбиваа да остваруваат средби и видувања со родителот со кој не живеат.

Во неколку случаи претставки доставуваа и двата родитела, секој со свои наводи и согледувања, често со меѓусебни обвинувања за негрижа за детето. Народниот правобранител во овие ситуации посебно внимателно постапуваше, вклучувајќи ги Центарот за социјална работа, Заводот за социјални дејности и Секторот за инспекциски надзор при Министерството за социјална политика, демографија и млади, со цел координирано постапување и првенствено раководење од најдобриот интерес на детето.

Постапувањето по овие претставки покажа дека родителите често не се раководат од принципот на најдобриот интерес на детето поради висококонфликтни односи, меѓусебни недоразбирања, различни родителски стилови и ставови во воспитувањето. Ова негативно влијае на психо-физичкото здравје и добросостојбата на децата. Дури и покрај напорите на надлежните Центри за смирување на ситуацијата и воспоставување на комуникација помеѓу поранешните партнери/сопружници во интерес на заедничкото дете/ца, не се забележаа значителни подобрувања.

И оваа извештајна година, за остварување на правото на лични односи и контакти со децата, претставки поднесуваа родители (татковци) кои се на издржување казна затвор. Народниот правобранител во овие случаи го следеше постапувањето на управите на казнено-поправните установи и на месно надлежните Центри за социјална работа, при што во одговорите најчесто укажуваа дека „не е во најдобар интерес да се остваруваат видувања со родителот". Исклучок беше поднесена претставка од татко на издржување казна затвор кој бараше остварување на лични односи и непосредни контакти со своите малолетни деца сместени во згрижувачко семејство. Старателскиот орган-Центарот за социјална работа и згрижувачкото семејство, изразија согласност за средба, но претходно требаше засегнатите институции да се координираат за утврдување на исполнетите услови за средба.

Народниот правобранител отвори предмет по сопствена иницијатива за согледување на остварувањето на правото на лични односи и непосредни контакти на осудените лица со нивните малолетни деца. Во рамки на постапувањето беа доставени прашалници до сите

Казнено-поправните установи, Центрите за социјална работа, ВПД Тетово и Малолетнички затвор Охрид. Од одговорите произлегува дека видувањата помеѓу родителите кои се на издржување казна затвор и нивните деца се одвиваат со потешкотии, при што присутни се случаи на одбивање на барањата за видување, поради возраста на децата, поради потреба од соодветна подготовка за овие средби или по проценка дадена од стручниот тим дека, остварувањето контакт би било штетно за децата. Во врска со наведеното, Народниот правобранител подготвува Посебен извештај каде детално ќе биде презентирана состојбата со остварувањето на правото на лични односи и непосредни контакти помеѓу децата и родителите кои се на издржување казна затвор за периодот 2023-2025 година.

Од постапувањето по оваа подобласт во извештајната година, произлегува дека проблемите во извршувањето на решенијата за видување, донесени од Центрите за социјална работа, се сé уште присутни. Овие проблеми можат да се надминат единствено со соодветни законски решенија кои ќе го зајакнат капацитетот и надлежностите на Центрите за социјална работа.

**Народниот правобранител повторно препорачува измени и дополнувања на Законот за семејството, со кои, во согласност со Конвенцијата за правата на детето, ќе се уреди вршењето на родителските одговорности меѓу поранешните брачни и вонбрачни партнери во однос на заедничкото дете/ца, како и заедничката одговорност на родителите во воспитувањето и развојот на детето.**

**Центрите за социјална работа да го следат начинот на остварување на родителското право и исполнувањето на родителските обврски, со посебен акцент на навремена проценка во случаи на висококонфликтни односи, и да поттикнуваат родителите да постапуваат согласно најдобриот интерес на детето, преку редовни советувања и стручна поддршка за подобрување на комуникацијата и смирување на конфликти.**

**Да се обезбеди координирано следење и евалуација на видувањата меѓу децата и родителот со кого не живее/ат, преку соработка помеѓу Центрите, Министерството за социјална политика, демографија и млади, Заводот за социјални дејности и Секторот за инспекциски надзор, со документирање на отстапувања и обезбедување на брза интервенција при потреба.**

**Да се унапреди соработката помеѓу казнено - поправните установи и Центрите за социјална работа, со воспоставување протоколи за размена на информации и координација, со цел соодветна подготовка на осудените лица и нивните деца, а во врска со правото на лични односи и контакти.**

## Право на образование

За повреда на правото на образование на детето најчесто подносители на претставки беа родители на ученици, додека дел од предметите Народниот правобранител ги отвори по сопствена иницијатива. Претставките опфатија широк спектар прашања, меѓу кои упис во основни и средни училишта, квалитет на предавање и оценување од наставниот кадар, материјални и просторни услови, училишна исхрана, ученички стипендии и учество на учениците во процесите на донесување одлуки. Во поединечни случаи се бараше и интервенција за обезбедување безбедност во училиштата, организирање продолжен престој, обезбедување наставен кадар, учебници и наставни материјали.

Прашањето за сегрегација на ученици Роми во основни училишта во Битола и Штип,

Народниот правобранител го следеше по сопствена иницијатива, а воедно беа поднесени претставки од родители кои бараа запишување на нивните деца во училиште надвор од реонот утврден со одлуките за реонизација. На почетокот на извештајната година беа донесени измени на Законот за основното образование, со кои се укина можноста за упис надвор од реонот на живеење врз основа на барање на родителите и со претходно обезбедена согласност од директорите на училиштата. Според важечката законска рамка, запишувањето на учениците во основно образование се врши во училиштето на реонот во кој живеат или престојуваат, со исклучоци предвидени за ученици за кои не се обезбедени услови за следење на настава на мајчин јазик, ученици со комплексни потреби, деца сместени во воспитно-поправни установи, како и во случаи кога релевантна здравствена установа ќе утврди дека уписот, односно префрлањето е во интерес на психосоцијалното здравје на ученикот. Донесувањето на овие измени произлегува од потребата за операционализирање на пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот „Елмазова и други против Северна Македонија", со цел надминување или минимизирање на долгогодишниот проблем со сегрегација на ученици Роми во одредени основни училишта.

Сепак, дел од подносителите изразија незадоволство од примената на ригидната реонизација заради неможноста да ги запишат своите деца во училиште по сопствен избор, а кои се обратија до Народниот правобранител со наводи за повреда на правата на нивните деца. Постапувајќи по овие претставки, Народниот правобранител отвори постапки во два предмета кои се однесуваа на ООУ „Добре Јованоски" во Прилеп. Во рамки на постапувањето, покрај училиштето, беше инволвиран и Државниот просветен инспекторат со цел целосно и објективно утврдување на фактичката состојба. По спроведениот инспекциски надзор, надлежниот орган не констатираше постапување спротивно на законските одредби, поради што постапките беа запрени без утврдување на повреда на правата.

Народниот правобранител по сопствена иницијатива ги следеше уписите на деца во прво одделение, со посебно внимание на училиштата каде што се евидентираат појави на етничка сегрегација, кои придонесуваат кон социјално дистанцирање на учениците од ромска етничка припадност. Во рамки на постапувањето беа побарани информации и податоци од Основните општински училишта „Ѓорѓи Сугарев" – Битола, „Гоце Делчев" – Штип и „Добре Јовановски" – Прилеп, како и од Министерството за внатрешни работи преку надлежните сектори за внатрешни работи во Битола, Штип и Полициската станица во Прилеп.

Од доставените информации произлезе дека училиштата формално ги почитувале законските одредби за упис на ученици во прво одделение во учебната 2025/2026 година. Сепак, истражувањето покажа дека и покрај формалното почитување на законот, дел од учениците не се навремено запишани. Причините се повеќеслојни и се однесуваат, пред сè, на промени на местото на живеење кај дел од неромските семејства. Во некои случаи родителите се обидуваат да ги запишат децата во училишта надвор од нивниот реон, во кои во паралелките има значителен број ученици Роми. За таа цел, некои семејства прибегнуваат кон промена на адресата на живеење, пријавувајќи живеалиште кај баби, дедовци или други роднини во друг реон, само за да го избегнат уписот во училиштето во нивниот законски реон. Истовремено, проблеми се нотирани и поради сезонската работа и неажурноста кај дел од родителите на ученици од ромската етничка заедница, кои го одложуваат уписот на своите деца.

Оваа практика, покрај тоа што го комплицира процесот на упис, индиректно ја засилува сегрегацијата во училиштата и создава дополнителни предизвици за системот на образование. Несоодветната реализација на законската реонизација ги нарушува принципите на еднаков и недискриминаторски пристап до образованието и дополнително го засилува социјалното дистанцирање на маргинализираните групи.

Заклучокот од постапувањето е дека задоцнетите уписи сè уште претставуваат сериозен проблем, особено за децата од маргинализираните заедници. За негово надми-

нување, неопходна е поинтензивна соработка помеѓу локалната самоуправа, училиштата и социјалните служби, како и зајакнување на контролата при издавањето на лични и други јавни документи од страна на Секторите за внатрешни работи, со цел навремена идентификација на незапишаните ученици и спречување на свесни манипулации со законските одредби за упис, кои можат да резултираат со индиректна дискриминација и дополнително интензивирање на сегрегацијата во училиштата.

Во врска со просторните и материјални услови за образование на учениците, карактеристична беше претставката на Советот на родители при подрачното основно училиште „Никола Карев" од с.Нерово, во која се изразуваше незадоволство од условите за образование. Родителите бараа интервенција од Народниот правобранител заради легализација на новоизграден училишен објект, кој бил изграден од самите родители на земјиште во сопственост на РСМ. За испитување на наводите, Народниот правобранител се обрати до Општина Крушево, Министерството за образование и наука, како и до Владата на РСМ. Одговорите од сите институции беа доставени, при што Владата извести дека на седница донесена е Одлука за запишување на правото на сопственост на недвижност во Катастарот на недвижности во корист на Република Северна Македонија, со цел обезбедување дозвола за трајно користење на објектот од страна на училиштето. На овој начин учениците добија можност да го користат новоизграденото училиште.

Исто така, и родители на ученици од ООУ „Мустафа Кемал Ататурк" – с. Пласница, реагираа на несоодветни просторни услови за образование. Според наводите, наставата се одвивала во подрумска просторија без природна светлина и вентилација, без алтернативен излез за евакуација, што го загрозувало безбедниот и здрав престој на учениците. Народниот правобранител се обрати до директорот на училиштето и до градоначалникот на Општина Пласница, укажувајќи на потребата од итни мерки за обезбедување безбедни и здрави услови за образование. Како резултат на интервенцијата, на почетокот на октомври 2025 година, учениците беа преместени во училница на првиот кат.

По добиени сознанија за појава на стомачни тегоби кај поголем број ученици во основно училиште, при што некои беа и хоспитално лекувани, Народниот правобранител отвори предмет по сопствена иницијатива. Во рамки на постапката беа побарани информации од повеќе надлежни институции. Здравствено-епидемиолошки испитувања покажаа присуство на норовирус кај седум деца, вирусна инфекција која лесно се пренесува, особено при недоволна лична хигиена. Анкетите на Центарот за јавно здравје Скопје – Одделение за епидемиологија, заедно со инспекторите од Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Агенцијата за храна и ветеринарство и Институтот за јавно здравје утврдија  дека не може со сигурност да се утврди изворот на заразата. Оваа појава ја истакнува потребата од континуирана едукација на учениците и вработените за значењето на личната и колективната хигиена како клучна превентивна мерка против ширење на заразни болести во училишната средина.

Народниот правобранител, по континуирано следење на инклузивното средно образование и по повеќекратните дадени препораки за системско обезбедување образовна асистенција како поддршка во учењето за учениците со попреченост, ја поздравува измената на Законот за средното образование. Со оваа измена, конечно учениците со попреченост, покрај образовна асистенција во средните училишта, можат да добијат и соодветна стручна поддршка од државните средни училишта со ресурсен центар, како и поддршка од центри за поддршка на учењето, асистивна технологија и инклузивен тим.

Во овој контекст, Народниот правобранител отвори предмет по сопствена иницијатива и заради согледување на состојбата и предизвиците во остварувањето на правото на образование за учениците со попреченост вклучени во редовното средно образование, како и обезбедување поефикасна и суштинска инклузија, побара податоци и информации од овие училишта. Следствено, сите четири државни средни ресурсни училишта доставиле податоци кои се однесуваа на почетокот на учебната 2025/2026 година и на крајот од првото полугодие. Според одговорите, на почетокот на учебната година, Министерството за образование и наука одобри вкупно 130 образовни асистенти, број кој до крајот на

првото полугодие се зголеми на 141. Од нив, 128 образовни асистенти беа распределени за поддршка на 143 ученици, додека 18 ученици останаа без поддршка. За овие ученици, процесот за обезбедување образовни асистенти беше во тек, бидејќи Законот за средното образование овозможува нивно ангажирање и во текот на учебната година.

Што се однесува до основните училишта со ресурсен центар, за сите пет државни училишта од овој тип, Министерството за образование и наука на почетокот на учебната 2025/2026 година одобри вкупно 1.344 образовни асистенти, од кои до крајот на првото полугодие беа распределени 1.338 кои обезбедуваа поддршка на 1.540 ученици со попреченост. Сепак, 114 ученици останаа без поддршка. Главните причини за оваа состојба, беа недоволната заинтересираност од страна на кандидати кои ги исполнуваат критериумите за ангажман или раскинување на договорите од страна на дел од веќе ангажираните образовни асистенти, поради што ресурсните училишта во повеќе наврати беа принудени да повторуваат јавни огласи за ангажирање. Покрај ова, Службите за функционална проценка на деца и млади континуирано вршат проценки и, согласно потребите, во секторот образование препорачуваат ангажирање на образовни асистенти, што значи дека обезбедувањето на асистенција се спроведува континуирано во текот на целата учебна година.

Карактеристично за оваа извештајна година, е тоа што дел од подносителите на претставки, родители на ученици со попреченост, се обратија до Народниот правобранител со поплаки за квалитетот на поддршката која нивните деца ја добиваа од ангажираните образовни асистенти. Родителите укажуваа на непрофесионален пристап и на несоодветна поддршка при учењето, и бараа промена на образовниот асистент. Народниот правобранител, постапувајќи по овие наводи, се обрати до соодветните основни училишта со ресурсен центар, по чија интервенција беше извршена промена на образовните асистенти со нови, со цел обезбедување на квалитетна поддршка за учениците.

Во извештајната година беше доставена и претставка од родител на ученик со попреченост, при подрачно училиште на ООУ „Алија Авдовиќ" во с. Цветово, Општина Студеничани, поради неможност за обезбедување континуирана поддршка од образовен асистент согласно Наодот и мислењето на Стручното тело за функционалната проценка. Поради оддалеченоста на училиштето и проблемите со пристапноста, образовните асистенти или не покажуваа интерес за ангажман, или брзо се откажуваа, што доведуваше до тоа детето да нема постојана поддршка потребна за целосно вклучување во наставата. Особено загрижуваше фактот што проблемот останал нерешен подолг временски период, па детето најчесто остануваше дома под грижа на мајката, која е невработена. По преземање на постапката, Народниот правобранител побара информации од основното училиште на кое ученикот е запишан, како и од надлежното ресурсно училиште. По констатирана повреда на правото на непречено образование, беше доставено укажување до Министерството за образование и наука со барање за итно преземање мерки за обезбедување на образовен асистент за конкретното дете. Министерството информираше дека ресурсното училиште стапило во контакт со подносителот и го упатило детето на реевалуација во Службата за функционална проценка, со што детето можеше да го продолжи своето образование во ресурсното училиште. Сепак, во учебната 2024/2025 година, детето остана без поддршка од образовен асистент, поради што Народниот правобранител го затвори предметот, откако беа исцрпени сите можности за надминување на проблемот.

Конечно, по повеќекратните препораки на Народниот правобранител за обезбедување формално и континуирано образование на децата во Воспитно-поправниот дом „Волковија" – Тетово, ова беше законски овозможено со измените на Законот за основното образование. Имено, од страна на ВПД „Волковија" – Тетово, беше известено дека наставата започнала на 1 октомври 2025 година. Основното образование се реализира преку Државното основно училиште за образование на возрасни и деца во воспитно-поправни установи „Антон Семјонович Макаренко" – Скопје, преку комбиниран модел со физичко присуство и настава од далечина, при што со основно образование се опфатени 18 деца.

Средното образование се спроведува одделно, преку испитни сесии и консултативна

настава за ученици запишани како вонредни во РЦСОО „Моша Пијаде" – Тетово, почнувајќи од 27 октомври 2025 година, при што на првата испитна сесија успешно се пријавија и полагаа пет ученици. Наставниот процес за двете нивоа на образование се реализира континуирано, со обезбеден наставен кадар, наставни програми, менторирање и оценување, во согласност со важечката законска рамка.

Воедно, Народниот правобранител ја поздравува измената на Законот за средното образование, со која вонредните ученици со попреченост, кои средното образование го следат преку Индивидуален образовен план или модифицирана програма, се ослободуваат од плаќање на трошоците за стекнување со средно образование. Оваа измена, е директна имплементација на препораката што Народниот правобранител ја даде минатата година во рамки на предметното постапување.

Со оглед на проблемите идентификувани во Годишниот извештај за 2024 година и препораките дадени во објавената Информација за правото на образование на знаковен јазик на учениците со оштетен слух при ДУЦОР „Партенија Зографски" – Скопје, Народниот правобранител се информираше за преземените активности во училиштето за подобрување на знаењето на знаковниот јазик кај наставно-воспитниот кадар. Имено, во учебната 2025/2026 година, училиштето организираше неколку обуки по знаковен јазик, во три наврати, на основно и напредно ниво, наменети за целиот училиштен колектив, вклучувајќи ги наставниците, особено новопримените, образовните асистенти и техничкиот персонал. За понатамошно унапредување на владеењето на знаковниот јазик, училиштето иницираше вклучување на персоналот во понапредни обуки, организирани од страна на Националниот сојуз на глуви и наглуви на РСМ. Дополнително, државното средно училиште со ресурсен центар „Партенија Зографски" достави иницијатива до Министерството за образование и наука за воведување на наставен предмет „Знаковен јазик" во јуни 2025 година. Иако овој наставен предмет сѐ уште не е формално дел од наставниот план и програма, училиштето продолжува со активности за професионално усовршување на кадарот и унапредување на комуникацијата и инклузијата на учениците со оштетен слух во образовниот процес.

За поздравување е, и тоа што учебната 2025/2026 година, како и минатата учебна година, започна со обезбедени учебници за учениците од основните и средните училишта. За прв пат, оваа година, беа обезбедени и учебници по странски јазици, со што се остварува препораката на Народниот правобранител дека со почетокот на учебната година е потребно навремено да се достават учебници по сите наставни предмети.

На крајот од извештајната година, беше доставена претставка од Советот на родители од едно основно училиште, во која се изразуваше загриженост за Концепцијата за основно образование. Поплаката се однесуваше на наставните програми, кои според подносителите не се соодветни на условите за реализација на наставата во училиштата, поради недостаток на ресурси, дидактички материјали, опремени кабинети, наставни средства и дигитална опрема. Родителите, исто така, посочија дека учебниците содржат апстрактни концепти несоодветни на когнитивните способности на учениците, што создава дополнителен товар за наставниците и родителите. За надоместување на ова, родителите се приморани да обезбедуваат дополнителна поддршка, преку ангажирање приватни наставници. Народниот правобранител се обрати до надлежното Министерство, а постапката по предметот, до моментот на подготовка на Годишниот извештај, сѐ уште е во тек.

**Заради непречено и квалитетно остварување на правото на образование на учениците на подеднаква основа, Народниот правобранител препорачува:**

**Надлежното Министерство за образование и наука, заедно со локалната самоуправа да преземе сеопфатни мерки за обезбедување соодветни просторни, материјални и кадровски услови во училиштата, со цел гарантирање еднаков и квалитетен пристап до образованието за сите ученици.**

**Да се воспостави редовен инспекциски надзор и системско подобрување на хигиенските услови во училиштата, вклучително обезбедување соодветни училници, санитарни простории, вентилација, со цел заштита на здравјето на учениците.**

**Со цел, да се спречат манипулациите и дискриминаторските практики при упис на ученици во прво одделение, особено во градовите каде што истажувањата покажаа дека постои оваа практика, се препорачува надлежните органи при издавање на лични документи да спроведат контрола во однос на адреса на живеење на ученикот, како и зајакнување на кординацијата меѓу локалната самоуправа, социјалните служби и надлежните институции.**

**Министерството за образование и наука, во соработка со ресурсните училишта, да спроведува редовни евалуации на квалитетот на поддршката која ја обезбедуваат образовните асистенти, со цел континуирана и професионална помош во учењето за сите ученици со попреченост.**

## Право на детето на заштита од насилство

Случаите по кои Народниот правобранител постапуваше во извештајната година, ја потврдуваат сериозноста и комплексноста на појавата на насилство врз деца, кое се манифестира во различни средини – во семејството, воспитно-образовните установи, но и надвор од училишниот простор. Анализата на постапувањето укажува дека насилството врз деца често се случува како континуиран процес кој не е навремено препознаен или соодветно адресиран. Ова, ја нагласува потребата од рано идентификување на ризиците, координирана интервенција и системско, институционално постапување, со цел спречување на потешки последици и дополнителна виктимизација.

Во дел од случаите беа констатирани сериозни системски слабости во раното препознавање и процесуирање на насилството, особено во контекст на семејно и партнерско насилство со висок ризик. Таков е случајот по кој Народниот правобранител постапуваше по сопствена иницијатива и се однесуваше на фемицид, каде едно од малолетните деца на жртвата станало директен сведок. Народниот правобранител побара од Центарот за социјална работа итни мерки за згрижување на децата, а преку Министерството за внатрешни работи се утврди континуитет на насилството и пропусти во процесирањето на претходните пријави. За жал системот не успеа да ја заштити мајката на децата, но интервенцијата овозможи стабилизирање на состојбата и спречување понатамошна трауматизација на децата, кои беа ставени под старателство на блиски роднини.

Во пракса, институционалната реакција настапува дури по ескалација на насилството, наместо преку превентивен и проактивен пристап заснован на процена на ризик. Таков е примерот на сериозно семејно насилство врз дете од страна на неговиот татко, кој вршел физички повреди врз детето, го врзувал со јаже околу рацете и вратот, а насилството било снимано и објавувавно на социјалните мрежи. Народниот правобранител побара интервенција од надлежниот Центар за социјална работа, кој веднаш го стави детето под старателска грижа во интервентно згрижувачко семејство, а Основниот суд донесе привремени мерки за заштита од семејно насилство, во траење од една година.

Загрижувачки се и случаите на меѓуврсничко насилство, кое претставува значителен предизвик за безбедноста и благосостојбата на децата, особено кога се повторува и не се препознава навреме од страна на училиштата, родителите и надлежните институции. Постапувањата на Народниот правобранител покажуваат дека овие инциденти бараат брза, координирана реакција, како и воведување превентивни мерки кои го поддржуваат развојот на безбедна и поддржувачка училишна средина.

Во ноември 2025 година, преку социјалните мрежи беше објавена видео-снимка за сурово, понижувачко и психички трауматизирачко насилство врз осумгодишно ромско

дете. Насилството било намерно организирано и демонстрирано, а јавната објава ја зголеми повредата на достоинството на детето. Народниот правобранител, постапувајќи по предметот се обрати до МВР, Основното јавно обвинителство и месно надлежниот Центар за социјална работа,. Се утврди дека сторители на овој насилен и понижувачки чин се четири малолетни лица, од кои три под 14 години. Против едно лице, кое имало 14 години поднесено е барање за поведување постапка пред Основниот суд, а Центарот за социјална работа презеде активности за психо-социјална поддршка на детето-жртва и неговото семејство, обезбедувајќи заштита и превенција од дополнителна виктимизација. Овој случај, потврдува дека насилството врз ранливи групи бара брза координација и заштита на децата, со превенција од  јавна виктимизација.

Во претставките за заштита од меѓуврсничко насилство во училиштата, родителите најчесто изнесуваа незадоволство од постапувањето на училиштата, и стручните служби. Народниот правобранител се обраќаше до надлежните институции, училиштата, Државниот просветен инспекторат, Министерството за внатрешни работи и центрите за социјална работа, со барање за координирани мерки и дејствија за заштита на најдобриот интерес на детето и спречување на дополнителна виктимизација.

Во конкретни случаи,  во едно основно училиште во Карпош, учениците ја бојкотираа наставата, по инцидент, при кој ученик нападнал наставничка. Народниот правобранител презеде дејствија за испитување на наводите. Притоа, беше информиран дека ученикот има проблематично, предизвикувачко однесување, но и наставничката подолг период покажувала несоодветно и непрофесионално однесување. Укажувајќи на потребата од обезбедување сигурна, безбедна средина за непречено остварување на правото на образование, како и по насоките од страна на Државниот просветен инспекторат и Бирото за развој на образованието, училиштето спроведе повеќе активности: следење на работата на наставникот, одржување на советување со родителите на ученикот и со сите други родители, работилници и активности со учениците со цел поттикнување на другарство, емпатија, взаемно почитување и почитување на различностите. Исто така, од страна на стручно лице од училишната стручна служба беше обезбедена постојана придружба на ученикот за време на часовите, по што учениците продолжија редовно да ја следат наставата.

Интервенција од Народниот правобранител имаше и за инцидентот што се случи во месец декември 2025 година пред основното училиште „Дитурија", кога шест ученици физички нападнаа двајца ученици од деветто одделение. По интервенцијата на Народниот правобранител, Основното јавно обвинителство достави барање до судија за деца за определување мерки на претпазливост спрема деца во судир со законот, а Центарот за социјална работа се вклучи со стручни активности за работа со децата.

Инаку, по добиени информации преку средствата за јавно информирање дека во Тетово двајца малолетници биле физички нападнати надвор од училиштето, Народниот правобранител по сопствена иницијатива  го испитуваше случајот, и по обраќање до надлежните органи беше информиран дека преземени се мерки за расчистување на случајот, односно до надлежното Основно јавно обвинителство  поднесена е пријава за постоење на основано сомнение за сторено кривично дело насилство. Народниот правобранител упати апел за ненасилство, при што ја информираше јавноста дека не поддржува насилство и агресивна комуникација.

Во извештајната година се постапуваше и по претставка поднесена од родител на ученик со попреченост, од основно училиште со ресурсен центар во Битола, во која се бараше интервенција за заштита на детето како жртва на насилство од страна на наставник. По преземените мерки беше утврдено дека наставникот покажувал несоодветно, непрофесионално и неетичко однесување во повеќе наврати кон различни ученици, кон нивните родители, како и кон другите вработени во училиштето, поради што сите се чувствувале загрозено и небезбедно.

Народниот правобранител, за случајот побара вклучување на Државниот просветен инспекторат, а на училиштето му укажа на обврската за итно преземање мерки за спречу-

вање, односно превенирање на насилство над ученик кое согласно Законот за основното е забрането. Директорката на училиштето го информира Народниот правобранител дека Државниот просветен инспекторат и Бирото за развој на образованието извршиле увид во работењето на наставникот и во преземените мерки и дејствија од страна на училиштето утврдиле дека наставникот не покажува задоволителни резултати и потешко ги нарушува стандардите на професионално однесување, односно дека сериозно ги нарушува нормите на професионално и педагошко работење, со што се доведува во прашање квалитетот и безбедноста на наставата. По Барање на Училишниот одбор, директорката на училиштето донесе Решение за престанок на работниот однос на наставникот.

Според Народниот правобранител неопходно е да се засили превенцијата на насилство врз децата, со посебен фокус на меѓуврсничкото насилство во училиштата и надвор од нив. Децата и младите треба да се охрабруваат да се воздржуваат од физички пресметки и насилни постапки, а конфликти да решаваат преку конструктивен дијалог и ненасилна комуникација. Во таа насока, сите надлежни органи треба да постапуваат координирано, навремено и со посебна чувствителност кон децата, имајќи ја предвид нивната ранлива положба, сериозноста на стореното насилство и ризикот од секундарна виктимизација.

**Со оглед на горенаведеното, Народниот правобранител препорачува:**

**Училиштата и наставниците во соработка со стручните служби, родителите и локалната заедница да преземат активности за превенција на насилство, поттикнување на емпатија, почитување на различности, другарство и безбедна социјална интеракција, како и подигање на свеста за штетните последици од насилното однесување.**

**Центарите за социјална работа, Министерството за здравство и Министерството за внатрешни работи да обезбедат навремена и ефикасна меѓуинституционална координација, размена на информации и доследна примена на проценките на ризик, со цел спречување на сериозни последици од семејно и друг вид насилство врз децата.**

**Министерството за образование и наука, Државниот просветен инспекторат и локалните самоуправи да ги поддржуваат училиштата во спроведување мерки за превенција на насилство и заштита на децата, како и континуирано да ги надгледуваат и евалуираат преземените активности.**

## Право на паричен надоместок за дете, право на детска и социјална заштита

Претставките за остварување на права на паричен надоместок за дете се однесуваа на право на додаток за образование, право на родителски додаток за дете, а неколку претставки беа за детски додаток, финансиска поддршка на социјално ранливи категории и финансиска поддршка на ученици.

Најголем дел од поплаките се однесуваа на оддолжување на постапките за остварување или продолжување на правата, поради што Народниот правобранител се обраќаше до надлежните центри за социјална работа, а по потреба и до училиштата, со цел утврдување на причината за прекинот, нередовноста или неисплатата на паричниот надоместок.

Народниот правобранител постапуваше по сопствена иницијатива во врска со правото на надоместок на плата за скратено работно време за родители на деца со најтешки хронични заболувања. Конкретно, по поплаки од родители на деца со цистична фиброза беше утврдено дека членот 2 од Правилникот за остварување на правото на надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со попреченост и најтешки облици на

хронични заболувања, не ги препознава и конкретно не ги дефинира децата со најтешки облици на хронични заболувања, што ги оневозможува родителите да го остварат своето право. За разика од ова, Правилникот за функционална проценка јасно ги наведува овие заболување како причина за сериозно нарушена здравствена состојба.

Народниот правобранител оцени дека актуелната регулатива го ограничува правото на родителите кои поради потребата од континуирана нега и грижа за децата не можат да бидат вработени со полно работно време, а истовремено им е неопходно да останат во работен однос поради егзистенцијални причини и зголемени трошоци Следствено, до министерот за социјална политика, демографија и млади беше поднесена иницијатива за измена и дополнување на член 2 од Правилникот, со цел вклучување на децата со најтешки хронични заболувања и овозможување на родителите право на надоместок на плата за скратено работно време.

Министерството ја поздравија иницијативата, но се огради од директно преземање конкретни мерки, нагласувајќи дека е потребно отворање на јавна дебата во интерес на сите општествени чинители, при што до крајот на годината таква дебата не беше отворена или реализирана.

Во текот на извештајната година Народниот правобранител постапуваше по претставка од граѓанин кој укажа на неможност неговите внуци да бидат запишани во јавна детска градинка во с. Брвеница, Општина Пласница, како и на недостаток на јасни и транспарентни критериуми за прием на деца. Постапувајќи по предметот, имајќи предвид дека овој проблем засега и други деца, Народниот правобранител побара информации од директорот на градинката, Министерството за социјална политика, демографија и млади и од градоначалникот на општината.

Од добиените одговори се утврди дека во постапката за прием на деца не се донесувале писмени акти (одлука/решение) за прием или одбивање, ниту пак родителите биле известени за конкретните причини за донесените одлуки, со што им се ограничуваше правото на жалба и правна заштита. За надминување на овие пропусти, Народниот правобранител достави укажување до директорот на градинката, препорачувајќи постапката за прием да биде јасна, транспарентна и правно уредена, а Комисијата за прием на деца да донесува писмени акти со образложение и правна поука за секое поднесено барање.

Директорот на градинката ги прифати препораките и беа преземени конкретни мерки: започна донесување на писмени и поединечни акти за прием или неприем на секое дете, воспоставен беше транспарентен начин на информирање на родителите за критериумите за прием, како и за конечните списоци на примените и непримените деца, во согласност со препораките на Народниот правобранител.

Во однос на правото на паричен надоместок за дете, Народниот правобранител постапуваше по претставка од граѓанин кој укажа на неможност за остварување на правото на образовен додаток за неговите четири деца, поради неажурно внесување на податоците за редовност на учениците во електронскиот дневник (Е-дневник) од страна на училиштето, што е услов за остварување на правото. Народниот правобранител се обрати до училиштето, укажувајќи на обврската за навремено внесување на податоците и преземање мерки за отстранување на последиците од пропустите.

И покрај доставените дописи и последователните ургенции училиштето не даде одговор до Народниот правобранител. Поради тоа, Народниот правобранител го информира Кабинетот на министерката за образование и наука, доставувајќи информација за случајот и предлог за преземање соодветни мерки. Министерството извести дека дописот е проследен до Државниот просветен инспекторат, до кој дополнително се обрати Народниот правобранител, но до изготвување на Годишниот извештај не беше доставен одговор.

Народниот правобранител оцени дека непостапувањето на надлежните институции е крајно неодговорно и несериозно, не само кон подносителот на претставката и неговите деца, туку и кон институцијата Народен правобранител, имајќи предвид дека институциите имаат законска обврска навремено да доставуваат побарани информации, објаснувања и докази.

**Со оглед на констатираните пропусти и утврдените недостатоци, Народниот правобранител препорачува:**

**Министерството за социјална политика, демографија и млади да преземе мерки за измена и дополнување на член 2 од Правилникот за начинот на остварување на правото на надоместок на плата за скратено работно време, со додавање на нова алинеја која ќе се однесува на деца со најтешки облици на хронично заболување и сериозно нарушена здравствена состојба, овозможувајќи им на родителите право на надоместок на плата за скратено работно време.**

**Детските градинки да обезбедат јасни, транспарентни и писмени критериуми за прием на деца, со можност родителите да се запознаат со нив и да реагираат правно доколку има неправилности, а Комисијата за прием по секое поднесено барање да донесува писмен акт со образложение и правна поука.**

**Училиштата да обезбедат навремено и редовно внесување на податоците за присуство и редовност на учениците во електронскиот дневник (Е-дневник), како услов за остварување на финансиските права на децата (образовен додаток).**

**Министерството за образование и наука и Државниот просветен инспекторат да ги поддржуваат училиштата во спроведувањето на овие мерки, да ги надгледуваат и евалуираат преземените активности, со цел навремено и целосно остварување на правата на децата.**

## Право на име, идентитет (упис во матична евиденција)

Народниот правобранител постапуваше по неколку претставки поднесени од граѓани и граѓански организации во врска со правото на упис на дете/ца во матична книга на родени (МКР). Најчесто од Народниот правобранител се бараше интервенција поради непостапување на Управата за водење на матични книги по поднесени барања за запишување на раѓање на дете во МКР, издавање на извод, како и дополнително запишување на име на дете во матична книга на родените.

Постапувајќи по предметите, во два случаи Народниот правобранител констатира состојба во која неколку деца, македонски државјани, биле родени во странска држава (Сојузна Република Германија, Р. Белгија), за што поседуваат интернационални изводи, но од страна на Управата за водење на матични книги на родени не им се издаваше извод од матична книга. Имено, во еден од случаите се бараше присуство на другиот родител, иако истиот не беше евидентиран како татко во странскиот извод, а во другито случај усмено беа известувани дека треба да извршат корекција во податоците во интернационалниот извод пред странскиот орган.

Во случаите пак, за дополнително запишување на име на детето, Управата не постапуваше по барањето подолг временски период.

Народниот правобранител достави укажување до органот повикувајќи се на принципот на најдобар интерес на детето и правото на име и идентитет, при што побара почитување на Конвенцијата за правата на детето и Законот за матична евиденција, каде изречно е наведено дека запишувањето на податоците за дете родено во странство, се врши врз основа на извод од матичната евиденција на соодветниот орган во странство и изводот го поднесува странката, ако со меѓународен договор не е предвидено поинаку. Воедно, побара ажурирање на постапувањето од страна на Управата по поднесните барања за

дополнително запишување на име на дете.

Народниот правобранител, во врска со предметите во оваа подобласт изврши и непосреден увид во Управата за водење на матични книги, по што за краток временски период сите предмети беа успешно завршени.

**Со оглед дека уписот во матичната книга на родени и поседувањето на матичен број е предуслов за остварувањето на какво било право на детето гарантирано со Конвенцијата за правата на децата, Народниот правобранител повторно препорачува во целост да се применува законската одредба за задолжително запишување во матичната книга на родените на секое дете родено на територија на РСМ, без оглед на државјанството и личниот статус на родителите.**

## Право на здравствена заштита на дете

Во извештајната година, родители на деца со попреченост се обраќаа со поплаки за неможност да закажат термин за проценка или репроценка пред Службата за функционална проценка на деца и младинци при ЈЗУ Здравствен дом Скопје. Проблемите, особено се интензивираа поради тоа што, Стручното тело во Штип сè уште не отпочна со работа, како и поради воведувањето на системот „Мој термин", преку кој, од септември 2025 година, закажувањето во двете скопски стручни тела, е единствено возможно. Според сознанијата на Народниот правобранител, кај останатите шест регионални стручни тела во државата и понатаму постои можност за телефонско закажување, но се очекува и тие во блиска иднина да бидат интегрирани во системот „Мој термин".

Народниот правобранител се обрати до раководителот на Службата за функционална проценка, кој посочи дека е запознаен со незадоволството на родителите поради ограничената достапност на термини, но дека службата е должна да постапува согласно воспоставениот начин на закажување на здравствени услуги. Притоа, беше нагласено дека растеретување на зголемениот притисок може да се постигне со формирање најмалку уште едно стручно тело во Скопскиот регион и со отпочнување со работа на регионалното тело во Штип, чиј старт подолг период се очекува. Поради нефункционирањето на телото во Штип, децата и младите од источниот регион се прераспределуваат во другите регионални тела, меѓу кои и скопските. Од раководителот беше добиена и информација дека во случаи на итност, двата скопски стручни тима излегуваат во пресрет и овозможуваат проценување

На почетокот од март 2025 год., Народниот правобранител отвори предмет по сопствена иницијатива со цел следење на состојбата со здравствената заштита за деца со канцерогени заболувања, и во таа насока достави барање за информации до ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести - Оддел за хемато-онкологија. По добиениот одговор, утврди дека Одделот за хемато-онкологија при Клиниката за детски болести е единствен од ваков вид во државата каде се дијаностицираат и лекуваат деца заболени од канцер. Најчесто се третираат деца на возраст од 1 до 14 години, при што доминираат случаите на акутни леукемии и лимфоми. Секое дете се евидентира во Националниот регистер за канцер при Министерството за здравство, а третманот се спроведува  согласно современи тераписки протоколи издадени од Светското и Европското здружение за педијатриска онкологија (SIOP/SIOPE). Терапијата е достапна и децата редовно ја примаат според прецизно дефинирани хемо-тераписки протоколи. Во однос на кадровската екипираност, на Одделот работат двајца лекари - субспецијалисти по педијатриска хемато-онкологија, двајца лекари - специјалисти по педијатрија и двајца лекари - специјализанти по педијатрија и 28 медицински сестри. Генерално, Одделот располага со добри материјално-технички ресурси, особено по неговото комплетно реновирање во 2022 година.

Народниот правобранител постапуваше по сопствена иницијатива во врска со обезбедување на соодветна медикаментозна терапија за деца, дијагностицирани со растројство на внимание и хиперактивност (АДХД -F90 според Меѓународната статистичка класификација на болести), по добиени сознанија дека во Воспитно поправниот дом Волковија – Тетово има недостапност на потребната терапија за овие деца. Наводите беа потврдени од надворешен соработник на НП-НПМ - редовен професор на МАНУ кој укажа дека децата често се третираат со терапија што не ја подобрува, туку дополнително ја влошува нивната состојба. Поради недостапноста на официјално регистрирани лекови за АДХД во државата, семејствата се принудени лекови да набавуваат од странство, што е отежнато поради потребата од валиден рецепт и проблемите со транспортот на лековите. Народниот правобранител достави Мислење до Министерството за здравство, Управниот одбор на ФЗОМ и Стручната комисија за позитивна листа, со цел разгледување на можностите за дополнување на Листата на лекови со современи терапии, при што беше приложено и стручно мислење од Здружението за детска и адолесцентна психијатрија, во кое се наведува дека државата е единствена во Европа без регистриран лек за третман на АДХД. До моментот на подготовка на Годишниот извештај, не беше добиен повратен одговор, поради што Народниот правобранител ќе продолжи да го следи случајот.

По медиумски објави за смрт на новороденче на Клиниката за гинекологија и акушерство – Скопје, Народниот правобранител отвори предмет по сопствена иницијатива и се обрати до Основното јавно обвинителство, од каде беше информиран дека е формиран предмет по допрен глас, во фаза на предистражна постапка. Од Државниот санитарен и здравствен инспекторат беше наведено дека по завршување на обдукцијата ќе биде поведена постапка за утврдување одговорност кај надлежните лекари. Се очекува и одговор од Министерството за здравство, по што ќе се следи понатамошното постапување на надлежните органи.

Во извештајната година се постапуваше и по претставка поднесена од родител на дете кое не било вакцинирано поради наводни срцеви проблеми, а на кое му бил оневозможен упис во детска градинка поради нецелосен вакцинален статус. Во текот на постапката беше добиено мислење од доктор специјалист – претседател на Стручниот тим за утврдување на трајни контраиндикации и поствакцинални компликации, според кое кај конкретното дете не постојат контраиндикации за одложување на вакцинацијата. Родителот беше советуван да продолжи со имунизација, по што би се овозможил упис во градинка.

**Имајќи го предвид горенаведеното Народниот правобранител ја повторува препораката за обезбедување административно-технички кадар и други неопходни предуслови за оптимално функционирање на сите Стручни тела на Службата за функционална проценка на деца и младинци при ЈЗУ Здравствен дом Скопје, со акцент на итно отпочнување со функционирање на стручното тело во Штип, како и разгледување на можноста од отворање на уште едно тело за поширок опфат на деца и млади од територија на Скопскиот регион.**

**Министерството за здравство итно да преземе мерки во координација со Управиот одбор на ФЗОМ и Стручната комисија за позитивна листа заради дополнување на Листата на лекови со нови современи лекови за третман на АДХД, со што ќе се обезбеди достапност до соодветна терапија за децата со оваа состојба.**

## Деца во ризик (деца корисници на droги и психотропни супстанции и деца на улица)

Во текот на извештајната година, Народниот правобранител спроведе истражување на тема „Анализа на состојбата на децата корисници на дроги и други психотропни супстанции", како дел од проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото", финансиран од Европската Унија. Целта на анализата беше проценка на квалитетот на третманот и поддршката на оваа категорија деца, идентификување на системските предизвици и предлагање мерки за унапредување на постојните политики и услуги.

Податоци за периодот од 1 јануари 2023 до 1 јуни 2024 година, укажуваат на значителни разлики во евиденцијата помеѓу институциите. Центрите за социјална работа евидентирале 31 дете во 2023 година и 19 нови случаи до јуни 2024 година, Министерството за внатрешни работи евидентирало 85 регистрирани деца во 2023 година и уште 45 нови случаи до јуни 2024 година, додека според граѓанската организација ХЕРА, регистрирани се  56 деца во 2023 година и 35 нови случаи до јуни 2024 година. Анализата укажа на недоволна превенција и рано откривање на ризичните случаи, отсуство на унифициран систем на статистички податоци, ограничени услуги за третман и рехабилитација, недоволна меѓуинституционална координација и ограничено учество на граѓанскиот сектор во креирањето на јавните политики.

Следствено на утврдените наоди, се препорачува развој на национална програма за третман и рехабилитација преку воспоставување специјализирани здравствени и социјални услуги за деца корисници на дроги, унапредување на превентивните мерки преку едукативни кампањи и програми за рано откривање, јакнење на институционалните капацитети преку обука на стручниот кадар и обезбедување соодветна инфраструктура, како и унапредување на правната рамка со јасни протоколи за постапување и ефективен мониторинг на политиките.

Народниот правобранител и во текот на 2025 година континуирано ја следеше состојбата со децата изложени на ризик од питачење, односно децата на улица. Во повеќе наврати се обрати до ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје, со барање за итно преземање дејствија и теренски  увид на пријавените локации, со цел заштита на малолетните лица од злоупотреба, занемарување и економска експлоатација. Интервентните тимови спроведоа повеќекратни теренски активности, при што во одредени случаи лицата не беа затекнати, додека во други беа затекнати семејства со деца, по што беа преземени мерки за предупредување и писмена опомена. Констатирано е дека појавата на деца на улица и понатаму е присутна, што укажува на потреба од системски и координиран пристап, особено имајќи предвид дека во одделни случаи семејствата директно или индиректно ги поттикнуваат децата да питачат. По добиени сознанија дека од јуни 2025 година не функционира Дневниот центар за згрижување на деца на улица во Кисела Вода – Скопје, кој е под надлежност на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје, Народниот правобранител отвори предмет по сопствена иницијатива. Постапувањето покажа дека Центарот повеќе месеци не обезбедувал услуги, при што родителите/старателите биле упатени самостојно да се грижат за децата во летниот период. По укажувањето доставено до Министерството за социјална политика, демографија и млади за потребата од континуирано функционирање на услугата, Центарот повторно започна со работа на 22.09.2025 година. Надлежното Министерство дополнително информира дека од март 2025 година, во рамки на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје е формирана Служба за деца во ризик и деца во судир со законот, со цел навремено препознавање и третман на социјалните ризици и спречување на нивна ескалација.

**Имајќи ги предвид утврдените состојби, Народниот правобранител препорачува:**

**Развивање национална програма за третман и рехабилитација на деца корисници на droги, преку зајакнување на превентивните мерки, обука на стручниот кадар и обезбедување соодветна инфраструктура и специјализирани услуги.**

**Воспоставување функционален и интегриран систем на податоци за деца во ризик и деца на улица, како и континуирана имплементација на Протоколот за соработка и постапување со деца на улица, со фокус на економското јакнење на семејствата, редовно вклучување на децата во образованието и обезбедување психолошка и психосоцијална поддршка.**

**Проширување на мрежата на дневни центри за деца во социјален ризик и обезбедување континуирана стручна, материјална и техничка поддршка за постојните центри.**

**Преземање координирани и системски активности за превенција, навремена интервенција и заштита на децата од сексуална злоупотреба и експлоатација.**

## ПРАВА НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Тимот за следење на спроведувањето на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост (КПЛП), кој дејствува во рамки на Одделот за заштита на правата на децата и лицата со попреченост во Народен правобранител, во извештајната година постапуваше по вкупно 11 претставки во врска со права на лицата со попреченост. Притоа, како подносители на претставки се јавуваа лица со попреченост, родители на лица со попреченост, и здруженија на граѓани чии целни групи се лицата со попреченост. Како и претходните години, претставките најчесто се однесуваа на прашања што засегаат поширока група или цела заедница на лицата со попреченост, при што преовладуваа барањата за заштита на правата од областа на соодветен стандард на живеење и социјална заштита (5), правото на работа и вработување (2), пристап до правда (1). Во останатите случаи се бараше правен совет во врска со начинот на остварување на други права гарантирани со КПЛП. Народниот правобранител, по добиени сознанија дека нередовно се врши исплатата на надоместоците на ангажираните лица кај лиценцираните и овластените даватели на социјални услуги (лична асистенција, индивидуален третман, живеење со поддршка, итн.) наменети за деца и лица со попреченост, отвори предмет по сопствена иницијатива. За овој проблем реагираа и самите лица со попреченост, како и здруженија на граѓани, кои укажаа на застој во редовната исплата на социјалните услуги.

Според сознанијата на Народниот правобранител, во периодот од јуни до октомври 2025 година, исплатите се вршеле со задоцнување, а во одредени периоди воопшто не се вршела исплата на финансиски средства кон давателите на социјалните услуги од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади. Ваквата состојба директно ги погодува крајните корисници кои се секојдневно зависни од услугите, поради што Народниот правобранител се обрати до надлежното министерство со барање појаснувања и информации за преземените мерки.

Секторот за социјална заштита при Министерството, во доставениот одговор не даде

појаснување туку достави само преглед на податоци за лиценцираните даватели на услуги со кои има склучено управен договор. Имено, во 2025 година биле склучени договори со 68 лиценцирани даватели на услуги, меѓу кои лична асистенција, живеење со поддршка и дневни услуги за лица со попреченост.

Во овој контекст, беше разгледана и претставка од лице со телесен инвалидитет од Штип, кое го изгубило правото на лична асистенција поради промени кај давателот на услугата. Вкупно 30 лица од општина Штип биле корисници на услугата, при што според наводите, на лицата со телесен инвалидитет им престанало користењето на услугата со почетокот на 2025 година, додека корисниците - слепи лица продолжиле да ја добиваат услугата  преку друг дател. Постапувајќи по предметот се утврди  дека новиот давател склучил договор со Министерството, но обезбедувањето на услугата било ограничено согласно капацитетот, поради што надлежниот центар за социјална работа донел решение за престанок на услугата, потврдено и во второстепена постапка.

По укажувањето на Народниот правобранител, Министерството извести дека личната асистенција за лицата со телесна инвалидност од Штип ќе биде овозможена по склучување управен договор со лиценциран давател за општина Штип и Карбинци. Меѓутоа, и покрај преземените активности, до крајот на извештајната година постапката не беше финализирана, поради што лицата со телесен инвалидитет, беа приморани самостојно да ја плаќаат услугата, што претставува значително финансиско оптоварување за нивните семејства. Народниот правобранител ќе продолжи да ја следи состојбата со цел обезбедување континуитет и достапност на услугите.

Народниот правобранител постапуваше и по претставка во врска со правото на ослободување од плаќање патарина за возила на лица со попреченост, кое произлегува од Законот за јавните патишта. Притоа, утврди дека ослободувањето од плаќање е условено со членство во надлежни здруженија за лица со попреченост, со што се доведува во прашање правото на слободно здружување утврдено во член 20 од Уставот. Констатирајќи дека со ова индиректно се принудуваат лицата со попреченост да се приклучат кон некое здружение за да го остварат правото, Народниот правобранител го информираше министерот за транспорт, укажувајќи на потребата од измена на Законот за јавните патишта, со цел правото да се остварува врз основа на попреченоста, а не на членство. Министерството за транспорт извести дека укажувањата ќе бидат земени предвид при првите законски измени.

Постапувајќи по иницијативата на Народниот правобранител од 2024 година, Собранието на 12.09.2025 година усвои измени и дополнувања на Законот за вработување на инвалидни лица, со кои  лицата со аутистичен спектар на нарушување и лицата со други первазивно развојни растројства се препознаваат како корисници на мерките од Законот. Според Народниот правобранител, ова претставува значаен чекор кон нивна поголема инклузија на пазарот на трудот, до донесување на нов закон усогласен со КПЛП, кој инаку е во подготовка. Оваа измена на актуелниот Закон им овозможува на лицата со аутистичен спектар на нарушувања и лицата со други первазивно развојни растројства да се вклучат на пазарот на труд, и да им бидат достапни поволностите што ги нуди истиот, како и подзаконски акти, за нив како вработени лица, и за потенцијалните работодавачи. Со ова, ќе се овозможи интегрирање и нивна инклузија на отворениот пазар на труд, препознавање на вештините и потенцијалите, како и подигање на нивото на социјална адаптација, создавање услови за независност и подобрување на квалитетот на нивниот живот.

Народниот правобранител постапуваше и по претставка од родител за незадоволство од условите и начинот на работа со корисниците во Дневниот центар на ЈУ Завод за згрижување на деца и младинци Топанско Поле. По извршените вонредни надзори и дадените препораки од надлежните институции (Министерството за социјална политика, демографија и млади, Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и ЈУ Завод за социјални дејности), при повторниот увид беше утврдено подобрување на условите, организацијата на работата и квалитетот на третманот на корисниците.

Во извештајната година беа нотирани и предизвици поврзани со остварувањето на избирачкото право на лицата со попреченост. Согласно податоците од мониторингот на локалните избори 2025 година, спроведен од Здружението „Инклузива", како партнерска организација во Националниот мониторинг механизам за следење на примената на КПЛП, беа утврдени сериозни пречки во пристапноста на изборниот процес. Имено, подрачните единици на Државната изборна комисија биле физички непристапни, а официјалната веб-страница не овозможувала самостоен увид во Избирачкиот список за слепите лица. Од вкупно 53 набљудувани гласачки места, над 70% не биле пристапни за гласачи со попреченост; само 35% имале рампи, од кои дел не ги исполнувале стандардите за пристапност. Дополнително, на повеќе од половина гласачки места параваните не биле правилно поставени или биле нестабилни, а гласачките кутии најчесто не биле на соодветна висина за лица кои користат инвалидска количка. Иако на најголем дел од избирачките места биле обезбедени шаблони на Брајово писмо, тие често не биле користени или членовите на избирачките одбори не биле запознаени со нивната намена. Овие наоди укажуваат на потребата од системско подобрување на пристапноста и унапредување на инклузивноста на изборните процеси.

Народниот правобранител во соработка со ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување, организација која е дел од Националниот мониторинг механизам за следење на примената на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, организира неколку локални настани од промотивно-информативен карактер, посветени на унапредување на правата на лицата со попреченост. Настаните се одржаа во Скопје, Куманово и Гостивар, во присуство на деца и лица со попреченост, родители на деца со попреченост и граѓански организации чии целни групи се лицата со попреченост.

Целта на овие настани беше учесниците да се запознаат со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост, како и со улогата на Народниот правобранител во заштитата и промоцијата на правата согласно меѓународната и домашната легислатива. За време на средбите преку излагања и дискусии се разгледаа моменталните состојби, како и предизвиците со кои се соочуваат лицата со попреченост при остварувањето на нивните права.

Народниот правобранител и ХЕРА ќе продолжат со реализација на вaквите промотивно-едукативни настани и во наредниот период, во различни градови низ државата, а по завршување на активностите ќе се формулираат препораки за унапредување на заштитата и правата на лицата со попреченост. Со ова, се овозможува активно учество на граѓаните во зајакнување на свеста за инклузивно општество и практична имплементација на начелата на недискриминација и еднаквост.

**Народниот правобранител, имајќи го предвид изложеното во овој извештај и состојбата со остварувањето на правата на лицата со попреченост, препорачува:**

**Да се преземат мерки за измена и дополнување на Законот за јавните патишта, со кои ќе се обезбеди еднаков третман за сите лица со попреченост. Препорачливо е да се изнајде системско и правично решение, со кое лицата со попреченост ќе можат директно да поднесуваат барање за ослободување од плаќање на патарина врз основа на соодветна потврда издадена од надлежен орган/институција, со што остварувањето на ова право нема да биде условено со членство во граѓанска организација или здружение.**

**Министерството за социјална политика, демографија и млади да обезбеди пристап до широк спектар на сервисни услуги за поддршка во заедницата, како и до друга помош за лицата со попреченост, која е достапна и соодветна на нивните потреби, согласно ратификуваната Конвенција за правата на лицата со попреченост.**

**Министерството за социјална политика, демографија и млади редовно да ја следи состојбата со испораката на социјалните услуги и да презема мерки за континуирана исплата на надоместоците кон овластените даватели на услуги, со цел заштита на правата и најдобриот интерес на корисниците.**

## ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗАШТИТА

Во извештајната година се забележува зголемување на бројот на претставки од *областа здравствено осигурување и заштита*, за 22 повеќе од претходната година. Имено, беа поднесени вкупно 55 претставки, кои се однесуваа на: правото на болничко лекување (12), обезбедување на основни здравствени услуги, како и здравствени услуги за одредена категорија на лица (9), несовесно, нестручно и неквалитетно лекување (8), одложување на постапки пред второстепен орган и друг правен субјект (8), набавка на лекови, рефундирање на средства и исплата на парични средства по основ на боледување (6). Граѓаните бараа правен совет и упатување како и пред кој орган да ја отпочнат постапката за остварување на правата (4), а во (8) случаи информативно се обраќаа до Народниот правобранител и при тоа изнесуваа мислења за одредена состојба во здравството или пак, информираа за нивни барања доставени до други органи.

Годината започна со бројни реакции и незадоволство од граѓани, вклучително и лица заболени од карцином поради ненавременото обезбедување на потребната терапија. Граѓаните преку социјалните мрежи и медиумите укажуваа на проблеми со недостиг на терапија за пациенти заболени од карцином, наведуваа лични приказни како лица кои се соочуваат со стрес и загриженост поради недостаток на биолошка терапија, стравувајќи од повторување или прогресирање на болеста. Притоа, се изнесе незадоволство и поради тоа што многумина живеат во други градови, а се принудени да патуваат во Скопје за лекот, соочувајќи се со долги чекања, административни пречки и недостаток на соодветни услови во клиниката.

Во врска со овие проблеми, Народниот правобранител презеде дејствија по сопствена иницијатива, и за заштита на правата на пациентите се обрати до директорот на Клиниката за радиотерапија и онкологија, како и до Министерството за здравство. При тоа, укажа на потребата од итно обезбедување на потребната терапија за пациентите заболени од карцином. Народниот правобранител, во своето обраќање, ја поздрави најавата на Министерството за регионализација на здравствената грижа за овие пациенти и укажа да се преземат соодветни мерки за елиминирање на постоечките проблеми заради непречено функционирање на здравствените установи за лекување и третман на пациентите со малигни заболувања.

Лековите кои недостигаа беа обезбедени кон крајот на јануари и почетокот на февруари 2025, што беше потврдено од ЈЗУ Универзитетска Клиника за радиотерапија и онкологија, а непредвидливоста во дистрибуцијата и производните дефекти беа посочени како причина за недостигот на дел од лековите. Клиниката информираше и дека ограничениот буџет кој се обезбедува од страна на Фондот за здравствено осигурување на РСМ и законските процедури за јавна набавка понекогаш предизвикуваат недостиг на лекови. Во овој контекст, Клиниката потврди дека бројот на пациенти е во постојан пораст, а наспроти тоа се соочува со недостиг на кадар и ограничување на просторот, поради што пациентите за терапија чекаат со часови. Токму во таа насока, беше нагласена потребата од оспособување на последниот кат од Клиниката, кој се користи за чување стари документи и опрема, а за кој според доставените докази од Клиниката, известено е

и Министерството за здравство уште во октомври 2024 година.

Министерството за здравство го извести Народниот правобранител дека континуирано е во процес на подобрување на здравствената заштита и здравствените услуги на цела територија, и на сите нивоа на заштита (примарна, секундарна, терциерна) како и на ниво на општа или специјализирана болница, амбулантски или хоспитален начин на лекување. Потврди дека дневно, амбулантски се третираат помеѓу 400-600 пациенти, терапија во дневна болница се дава за 200-300 пациенти, а со радиотерапија се третираат околу 200 пациенти дневно. Наспроти ова, извести дека Клиниката располага со околу 100 легла како болнички капацитет, чија исполнетост во просек е 90%. Во дописот, Министерството за здравство најави профункционирање на Одделенијата во ГОБ „8 Септември" – Скопје, Клиничка болница Тетово, Штип и Битола, за што Народниот правобранител со Информација со Иницијатива за интегрирање на дејностите Онкологија и Радиотерапија во рамките на ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија - Скопје, ја извести Владата на РСМ. Но, и покрај најавените активности, до крајот на годината интегрирањето, како и дисперзија на терапиите за пациентите не беше извршена.

Во однос на правото на болничко лекување се постапуваше и по претставки за добивање отпусно писмо или копии од медицинско досие, и по вклучувањето на Народниот правобранител, кој согласно неговите законски надлежности постапуваше и се обраќаше до здравствените установи, истите постапуваа и ги остваруваа правата на граѓаните. Проблемот со одложување на постапки пред второстепениот орган, односно Министерството за здравство, остана актуелен и во овој период. Народниот правобранител повторно укажа на потребата од надминување на пречките со постојаното пролонгирање на управните постапки по жалба, како и постапување по пресудите на Управен суд, донесени во корист на граѓаните, по кои долг временски период не се преземаа дејствија. Меѓутоа, и покрај бројните интервенции, наместо почитување на законските рокови за постапување, од Министерството за здравство беше доставено известување дека второстепената управна постапка при Одделението за здравствено осигурување во Секторот за нормативно-правни, управни работи и здравствено осигурување е речиси во целосен застој, поради најавените измени на Законот за здравствено осигурување, со кои постапката требаше да биде префрлена во надлежност на Државната комисија за одлучување во втор степен.

Според Народниот правобранител, причината наведена за застој во постапувањето по предметите на граѓаните не е објективна ниту правно основана. Неспорно, во услови кога измените на законот не се донесени и истите не се во сила, моменталната надлежност за постапување по поднесените жалби на граѓаните е на Министерството за здравство. Следствено, Народниот правобранител укажа на потребата од преземање на дејствија за да се откочи застојот кај надлежниот сектор, односно постапување по предметите. Но, Министерството за здравство не постапи согласно барањето на Народниот правобранител туку извести дека поради донесените измени на Законот за здравствено осигурување, со кои се иззема Министерството како надлежен орган за решавање во втор степен, започнатите, а незавршени управни постапки пред ова Министерство, се предадени на надлежност на Управниот суд на РСМ.

Ваквиот одговор дополнително го отвори прашањето: Зошто надлежноста за постапување по предмети по уважена пресуда на Управен суд повторно се префрла кај истиот суд, поради што Народниот правобранител побара дополнително образложение од Министерството за здравство. Со оглед дека за истото имало реакција и од Управниот суд на РСМ, надлежното Министерство информираше дека предметите ги достави до Фондот за здравствено осигурување на РСМ, односно до подрачните служби на Фондот за здравствено осигурување, на нивно натамошно постапување, а согласно дадените задолженија од Судот. Поради префрлување на надлежноста од еден на друг орган, како и неосновано чекање за донесување на нова правна регулатива, а потоа и стапување во сила на истата, стотици граѓани до крајот на извештајниот период не добија повратен одговор за исходот по поднесените жалби, односно по донесените пресуди од Управниот суд. Дел од овие предмети се и претставки на граѓаните по кои Народниот правобранител интервенираше со отворање на постапка во 2024 година.

Во претставките, во кои се изнесуваа наводи за несовесно и нестручно лекување на пациенти, при што во некои од нив се укажуваше и на смртни последици на членови на нивни семејства и други блиски сродници, Народниот правобранител постапуваше со должно внимание. Поради неможноста од стручен аспект да го оцени постапувањето на здравствените работници, дали во конкретните случаи се применувале и се постапувало согласно Протоколите и медицина базирана на докази, Народниот правобранител се обраќаше до Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Министерството за здравство заради вршење на стручен надзор, како и по нивна проценка, иницирање постапка пред Лекарската комора.

По јавното известување од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади дека граѓаните-корисници на права од системот на социјална заштита, кои се ослободени од партиципација за користење на здравствена заштита, ќе можат непречено да ги остваруваат своите права без да приложат потврда од Центарот за социјална работа, кај Народниот правобранител се обратија граѓани со известување дека се соочуваат со неможност да користат здравствена заштита поради невнесување на основот на ослободување во системот на здравствено осигурување.

Од страна на Центрите за социјална работа подносителите беа известени дека податоците се веќе соодветно пријавени, а постапувајќи по барањата на Народниот правобранител, Подрачни служби на Фондот за здравствено осигурување известија дека се преземени потребните мерки, со цел итно внесување на основот на ослободување во системот. Но, подносителите, до крајот на оваа извештајна година не можеа да го остварат правото на ослободување од партиципација согласно новиот начин.

Народниот правобранител, за состојбата со бариерите во системот го извести Фондот за здравствено осигурување, укажувајќи дека станува збор за ранливи категориии на граѓани кои имаат честа потреба од здравствена заштита, па истите подолг временски период се приморани да платат за здравствените услуги кои ги добиваат, што претставува повреда на нивните загарантирани права. Во тој контекст, побара без одлагање да се преземат мерки и дејствија за решавање на проблемот, до ефикасно поврзување на системите на социјална и здравствена заштита.

Министерството за социјална политика, демографија и млади, на почетокот на 2026 година јавно информираше дека се враќа старата пракса - издавање потврди од Центрите за социјална работа, до надминување на проблемот настанат со електронската размена на податоци помеѓу Центрите и Фондот за здравствено осигурување.

**Следствено на горенаведеното, Народниот правобранител ја повторува препораката за унапредување на здравствениот систем преку подобрување на просторните капацитети, соодветно екипирање и стручно зајакнување на кадарот во сите јавни здравствени установи.**

**Навремена, квалитетна и ефикасна здравствена заштита на сите граѓани, вклучително и на лицата од ранливи категории.**

**Министерството за здравство и Јавните здравствени установи благовремено да ги спроведуваат постапките за набавка на лекарства неопходни за лекување на пациентите.**

**Фондот за здравствено осигурување и неговите подрачни служби приоритетно да ги решаваат префрлените нерешени предмети од Министерството за здравство по жалба.**

# ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Во 2025 година, Народниот правобранител продолжи да го следи почитувањето и остварувањето на правата од *областа на пензиско и инвалидско осигурување*, како основни права кои произлегуваат од уставната определба за социјална сигурност на граѓаните. Во текот на годината, до Институцијата беа поднесени вкупно 92 претставки, при што во дел од нив се укажуваше на повреди на правата и интересите на поголема група граѓани - корисници на пензии. Согласно податоците од статистичката евиденција по подобласти, најголем број претставки се однесуваа на остварување на правото на старосна пензија (22), исплата на пензиски средства (17) и право на семејна пензија (14). Следуваат претставки поврзани со утврдување на пензиски стаж (12), право на инвалидска пензија (10) и висина на пензија (10). Во останатите случаи, граѓаните бараа правно советување за остварување на одредено право (4) или пак, упатување за постапување при конкретни проблеми од областа на пензиското и инвалидското осигурување (3).

Претставките поврзани со правото на старосна пензија се однесуваа на одолжување на управните постапки од страна на надлежните органи и укажување за непочитување на законскиот рок од страна на Фондот на ПИО на РСМ. Постапувањето по овие претставки покажа дека најчесто станува збор за постапки по поднесени барања во подрачните филијали на Фондот, кои се доставувале на одлучување во Стручната служба во Скопје, како и за одолжување на постапките за повторно одлучување по уважена жалба. За разлика од претходната година, ретки беа претставките во кои се посочуваше на непочитување на роковите за одлучување по жалба. Народниот правобранител, по секој од предметите доставуваше соодветно барање до надлежниот орган, при што, во случаите каде беа исполнети законските услови, подносителите по интервенцијата на Народниот правобранител ги остваруваа своите права.

Од постапувањето по предметите во кои граѓаните се жалеа на непочитување на законскиот рок во постапките за остварување на правото на семејна или инвалидска пензија, Народниот правобранител утврди дека барателите биле изложени на долги чекања до донесување на соодветен акт, особено кај барањата за инвалидска пензија. Во тој контекст, постапувајќи по барањата на Народниот правобранител, Фондот извести дека поради зголемен обем на работа и недостаток на медицински кадар, работата на надлежната лекарска комисија била отежната, што предизвикувало застој во постапките за утврдување на инвалидноста и оценка на работната способност. Исто така, работата на Комисијата привремено била прекината поради колективен годишен одмор на членовите. Во врска со наведеното, Народниот правобранител побара од директорот на Фондот да преземе мерки за непречено и континуирано функционирање на првостепената лекарска комисија, со цел надминување на застојот, така што, до последниот квартал на извештајната година наведените проблемите со кои се соочуваа граѓаните беа надминати.

Поплаките поврзани со измените на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, кои предвидоа пролонгирање на редовното пропорционално усогласување на пензиите, продолжија и во 2025 година. Иако според статистиката беа помалку, всушност тие се однесуваа на најмалку 12.000 корисници на пензија. Проблемот остана нерешен до крајот на годината, а беше поттикнат со усвојувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на РСМ" бр. 75 од 08.04.2025), според кој зголемувањето на пензијата се врши само кај корисниците на пензија кои истата ја примаат во Република Северна Македонија. Додека корисниците кои живеат надвор од земјата беа исклучени. Во врска со наведеното, до Народниот правобранител се обратија повеќе граѓани со барање за заштита на нивните права како корисници на пензија од Република Северна Македонија кои живеат надвор од државата, изразувајќи незадоволство, поради тоа што, со донесените измени се изземени од предвиденото покачување за разлика од другите корисници во државата.

Народниот правобранител оцени дека ваквото законско решение создава нееднаквост меѓу пензионерите, и побара образложение од Министерството за социјална политика,

демографија и млади. Отсуството на правно содржано образложение, беше повод за Народниот правобранител да се обрати до Уставниот суд на РСМ со Предлог за оценување на уставноста и законитоста на член 3 од посочениот Закон. Со оглед дека до крајот на годината Уставниот суд не се произнесе по иницијативата, Народниот правобранител, и понатаму ќе го следи овој случај.

Во претставките кои се однесуваа на висината на пензија, подносителите најчесто изразуваа незадоволство за утврдениот износ на пензија, сметајќи дека пресметката на износот на пензија е неправилна. Во врска со наведеното, од надлежниот Фонд се бараше дополнителна проверка на досиејата на корисниците на пензија, а во постапките по жалба, со оглед дека истите се однесуваа на решенија по повторно одлучување на првостепениот орган, од Државната комисија се бараше да се согледа можноста за мериторно одлучување по правата на граѓаните. Меѓутоа, речиси сите случаи по кои се постапуваше, а во кои жалбата на подносителите беше уважена, повторно беа вратени на одлучување кај првостепениот орган.

Претставки за остварување на права и исплата на пензија врз основа на примена на билатерални договори со други држави беа доставувани и во овој извештаен период. Народниот правобранител, во овие предмети бараше од Фондот континуирано постапување, односно да се обраќа до надлежните пензиски органи на странските држави, што беше прифатено и предметите беа успешно завршени. Во овие предмети, покрај интервенцијата пред домашните органи, Народниот правобранител во одредени случаи со замолница се обраќаше и до омбудсманите од соодветната држава заради завршување на постапките пред институциите на странската држава, а и органи/служби од други држави поднесуваа претставки во име на граѓани кои имаат остварено пензиски стаж кај нас. Па така, со барање/замолница за интервенција се обрати Службата за пензиско посредување од Белгија, во врска со потребата од потврдување на пензиски стаж од Република Северна Македонија заради остварување на право на пензија на македонски државјанин. Од страна на Одделението за применување на меѓународни договори при Фондот на ПИО на Република Северна Македонија беше постапувано согласно барањето на Народниот правобранител, со што беше надминат застојот во постапката при Федералната служба за пензии во Белгија.

Во врска со евиденција на пензиски стаж пред Фондот на ПИО на Република Северна Македонија, Народниот правобранител постапуваше по барања на граѓани/подносители заради евидентирање на стаж од други земји, при што по доставување на потребните докази беа внесени во евиденцијата на Фондот.

Карактеристично за извештајната година е конечното решавање на повеќегодишниот проблем во остварувањето на правата на социјална сигурност на голем број на македонски државјани кои својот работен век го поминале во Република Италија, што воедно се забележа и со намалениот број на обраќања до Народниот правобранител. Имено, во текот на извештајната година стапи во сила билатералниот договор за социјално осигурување, помеѓу Република Северна Македонија и Р.Италија, кое нашата држава го има склучено на 25 јули 2014 година, откако истиот беше ратификуван од страна на Р.Италија. Постапувањето по претставките во кои се укажуваже на застој во постапките за остварување на правото на пензиско и инвалидско осигурување, за граѓаните кои имаат остварено работен стаж во Р.Италија покажа дека Конвенцијата за социјално осигурување, преземена по пат на сукцесија од некогашна СФРЈ, доведува до застој на постапките и неможност мериторно да се одлучува по поднесените барања. Со усвојувањето на новиот билатерелен договор за социјално осигурување се очекува надминување на досегашните проблеми со кои се соочуваа македонските државјани, постојаните одложувања и застои на постапките и бавната комуникација со италијанскиот носител за социјално осигурување.

Граѓаните кои во претставките бараа совет во врска со одредени прашања од областа на пензиското и инвалидското осигурување беа информирани за правата и за органот надлежен за одлучување, преку соодветно објаснување на законската регулатива, а беа и советувани за начинот на остварување на определено право.

**Следствено, Народниот правобранител препорачува:**

**Навремено и ефикасно спроведување на постапките по барањата на граѓаните, како и редовно ажурирање на постапките за остварување на право и исплата на средства по основ на пензија за корисниците надвор од државата.**

**Фондот на ПИО на РСМ да преземе мерки за непречено функционирање на Комисијата за оценка на работната способност заради навремено утврдување на работната способност на барателите.**

**Интервенциите во Законот за пензиско и инвалидско осигурување треба да бидат базирани на јасна и аргументирана правна основа, при што неопходно е да се почитуваат начелата на владеење на правото и еднаквост на граѓаните.**

## ПРАВА ОД ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Во областа, оваа година примени се вкупно 19 предмети, 5 повеќе од минатата година. Претставките се однесуваа на остварување на права по основ стипендии и кредити (3), работата на наставниот кадар (2), вториот циклус на студии (1), сместување во студентски домови (1), и друго (11), во кои, меѓу другото, претставките се однесуваа на издавање потврда од надлежна установа за завршен факултет, избор во наставно-научно звање, услови за полагање испити на факултет и сл. Карактеристично е тоа што дел од овие претставки беа поднесувани од поединци, а всушност се однесуваат за заштита на правата на поголем број лица – студенти, граѓани или вработени лица.

Во овој контекст, постапувајќи по претставка во врска со остварување на правото на признавање на завршено образование и правото на плата за извршена работа утврдено во соодветен колективен договор, Народниот правобранител утврди дека со овој проблем се соочува поголема група вработени во Универзитетски Стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон“ – Скопје. Заради утврдување на состојбата и заштита на правата на овие лица, Народниот правобранител достави допис до управата на Клиниката, укажувајќи да се има предвид стручната подготовка на вработените и следствено да им се исплати соодветен надоместок. Иако првично на вработените им беше ускратено правото на соодветен надоместок согласно завршената висока стручна подготовка, управата на Клиниката покажа подготвеност за соработка, што резултираше со остварување на правата на вработените согласно колективен договор.

Исто и во друг случај, по претставка од студент, која се однесуваше на условите за студирање, односно времето за полагање испити на Факултетот за информатички науки и компјутерско инжинерство (ФИНКИ), покрената е постапка во текот на која заради заштита на правата на студентите побарано е соодветно известување и докази од Факултетот и од Министерство за образование и наука (МОН). Во таа насока, се испитуваше дали има интерен акт во кој е утврдена временска рамка во која се закажуваат и одржуваат испитите на факултетот, со оглед на наводите дека се одржуваат во вечерните часови, испитувајќи и дали просторните капацитети ги задоволуваат потребите на факултетот.

Во одговор на барањето од Факултетот за информатички науки и компјутерско инжинерство, потврдено е дека реално постојат предизвици поврзани со големиот број на студенти и просторните капацитети со кои располога Факултетот, како и дека Факултетот има потпишано договор за користење државен простор со четири единици на Универзитетот Св. „Кирил и Методиј“ - Скопје. Сепак, и покрај огромниот простор со кој располага, наставата се одржува двосменски, со што работното време на факултетот е од 8 до 21 часот, а сите факултетски згради се затвораат најдоцна до 21:30 часот. Со

цел подобрување на условите за студирање на факултетот, Народниот правобранител е известен дека се опремуваат три нови лаборатории и амфитеатар со над 300 места. Во натамошното постапување, за сериозните предизвици со кои се соочуваат студентите од овој факултет, Народниот правобранител го информираше МОН, при што укажа дека ваквата состојба несомнено влијае не само на квалитетот на наставата, туку и на можноста на студентите да го апсолвираат потребното знаење, и воопшто на правото на образование и достапноста на образованието под еднакви услови на секого утврдено како уставно право на граѓаните на Република Северна Македонија. Од таа причина, побара да се преземат мерки за подобрување на условите за студирање на ФИНКИ, во смисла на подобрување на просторните капацитети на факултетот кои треба да соодветствуваат со бројот на студенти.

Министерството ја разгледа Информацијата и извести дека се преземаат активности кои предвидуваат трајно просторно решение. Информираше дека со Годишниот план за јавни набавки се предвидува доработка и ревизија на проектната документација за довршување на изградба на ФИНКИ, кој е во фаза на карабина и кој се наоѓа во склоп на кампусот на УКИМ-Скопје. Горенаведеното се спроведува во целосна координација со деканската управа на ФИНКИ.

Народниот правобранител, поведе постапка по претставка од Здружение на граѓани од Прилеп, во врска со остварување на правото на полагање на возачки испит за кандидати кои поседуваат Потврди за стекнато ниво на основно образование (VI степен) издадени од ООУ „Добре Јовановски"- Прилеп. Имајќи предвид дека се работи за голем број граѓани, се обрати до Секторот за сообраќајни работи при МВР, како и до Министерство за образование и наука, и побара известување за дејствијата кои надлежните министерства ги преземаат за овозможување на овие лица да полагаат за возачка дозвола.

Секторот за сообраќајни работи при МВР информираше дека согласно член 272 став 1 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, еден од условите за стекнување на право за управување со возило е завршено најмалку основно образование, а Министерството за образование и наука информираше дека е запознаен со проектот за стекнување основно образование за возрасни кој се спроведува преку УНДП, но со оглед на тоа дека програмата е на ниво на проект потребно е да се изнајде системско решение, посочувајќи дека формалниот и неформалниот начин на стекнување на знаење и нивно валидирање се уредува со Законот за национална рамка на квалификации и Законот за образование на возрасни, и двата објавени во Службен весник на РСМ бр.3/25.

Народниот правобранител анализирајќи го Законот за национална рамка на квалификации, утврди дека во Македонската рамка на квалификации има осум нивоа и шест поднивоа од кои „ниво I" се однесува на завршено основно образование. Имено, учесниците добиваат свидетелство за завршено основно образование за I ниво на квалификација и додаток на свидетелство за завршено основно образование, а во неформалното образование и обука кое се однесува на знаење и вештини за функционална писменост и нумерички вештини, учесниците добиваат сертификат за I ниво на квалификација со додаток на сертификат. Од друга страна, Законот за образование на возрасни во член 15 ги уредува правата и обврски на понудувачите на услугите за образование на возрасните, како во формално, така и во неформално образование. Во истиот закон е наведено дека со постапката на валидација, а преку идентификување, документирање, проценка и сертификација на стекнатите знаења, вештини и компетенции, лицето може да се стекне со стручна квалификација до ниво I од МРК (основно образование).

По констатацијата дека постои утврдена процедура за издавање сертификати за завршено основно образование за возрасни, Народниот правобранител ги извести подносителите за начинот на кој треба да постапат, при што посочи доколку поседуваат докази за различни пракси на ниво на различни општини, а кои се однесуваат на правото на полагање на возачки испит, да ги достават до Министерство за внатрешни работи, кое е надлежно за издавање лиценци за работа на автошколите, и кое врши надзор над нивната работа.

Инаку, Народниот правобранител и оваа година постапуваше по претставки на студенти кои укажуваа на непостапување на Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор од втор степен по жалби поднесени против решенија на Министерство за образование, со кои не им се признава право за стекнување со стипендија. Во еден од случаите утврди дека од страна на првостепениот орган донесено е решение во декември 2024 година, а Државната комисија, одлучила по жалбата на студентот во октомври 2025 година. Народниот правобранител, со повеќе интервенции до органите бараше ажурирање на постапката, и во моментот предметот е вратен на повторно одлучување пред Министерство за образование и наука, по кој, согласно сознанијата на Народниот правобранител, сѐ уште не е донесено решение.

Народниот правобранител, во предметното постапување констатираше одолжување на поведување на дисциплинска постапка од страна на Државниот просветен инспекторат против инспектор, што резултираше со пробивање на роковите за утврдување на дисциплинска одговорност. Имено, постапувајќи по претставка со наводи за неправилности во работата на државен просветен инспектор, Народниот правобранител од обезбедената документација утврди дека за случајот постапуваше и Државната комисија за спречување на корупција и судир на интереси, која со соодветно известување се обратила до Инспекцискиот совет. Претставката доставена до Инспекцискиот совет во јануари 2025 година, разгледана е од страна на членовите на советот во мај, при што било заклучено дека постои основ за поведување на соодветна постапка, согласно Законот за инспекциски надзор. Следствено, Инспекцискиот совет до Министерство за образование и наука, Државниот просветен инспекторат и до Државниот секретар на Министерството за образование и наука доставил Иницијатива за утврдување на дисциплинска одговорност за сторен дисциплински престап против конкретниот инспектор. Од страна на Државниот просветен инспекторат известувањето изготвено во јули 2025 година доставено е до Инспекцискиот совет при крајот на август 2025 година, во кое е наведено дека постапката по Иницијативата за утврдување на дисциплинска одговорност за сторен дисциплински престап ќе продолжи по завршување на локалните избори.

Имајќи предвид дека Државниот просветен инспекторат е во состав на Министерство за образование и наука, а согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, надзорот над законитоста и ефикасноста на работата на Државниот просветен инспекторат ја врши ова Министерство, Народниот правобранител, врз основа на член 25 од Законот за народниот правобранител достави Информација со предлог за преземање мерки. Притоа, во дописот потенцираше дека согласно член 8-а од Изборниот законик, од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори, па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи.

Во случајот, видно од предметниот допис од Инспекциски совет доставен до Народниот правобранител, Известувањето доставено од Државниот просветен инспекторат до Инспекцискиот совет е со датум од месец јули 2025 година, кога сѐ уште не е донесена одлука за распишување на изборите, односно, Решението за распишување на изборите број 09 - 4408/1 е со датум 09.08.2025 година, и истото е објавено во „Службен весник на РСМ" бр. 167/2025 од 09.08.2025. Оттука, според Народниот правобранител, не постоеле законски пречки за постапување по Иницијативата за утврдување на дисциплинска одговорност за сторен дисциплински престап од мај 2025 година, доставена од Инспекцискиот Совет.

Министерството за образование и наука навремено не одговори по дописот, по што беше доставена и Ургенција, по што Народниот правобранител беше известен дека заради истекување на законските рокови утврдени со Законот за административни службеници, дисциплинска постапка против Државниот просветен инспектор за кој беше поведена Иницијатива од страна на Инспекцискиот совет за утврдување на дисциплинска одговорност за сторен дисциплински престап нема да се поведе.

**Следствено на горенаведеното и констатираното, Народниот правобранител ја повторува препораката да се почитуваат роковите за завршување на градежните/реконструктивните активности во студентските домови заради обезбедување современи домови за сместување на студентите, и во континуитет да се преземат мерки за подобрување на студентскиот живот и стандард, како и инфраструктурата на факултетите.**

**Навремено постапување на надлежните органи во процесот на одлучување по барањата на студентите за стекнување на право на стипендија, како и почитување на законските рокови за одлучување по жалба.**

**Контрола и мониторирање на работата на Државниот просветен инспекторат од страна на Министерство за образование и наука со цел навремено и законско постапување.**

## ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Почитувањето на човековите права и уставно загарантираното начело на недискриминација останаа меѓу приоритетите на Народниот правобранител во 2025 година. И покрај воспоставената законска рамка која забранува дискриминација и вознемирување на работното место, предметното работење, но и генерално, следењето на состојбите во оваа област потврдуваат дека истите се и понатаму присутни, често поттикнати од предрасуди и стереотипи кон одредени групи или поединци.

Народниот правобранител, во согласност со член 3 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, евиденцијата/статистиката за претставките за дискриминација ја води по области. Имено, беа поднесени 60 претставки за дискриминација или седум повеќе од лани, од кои најголем број се во областа работа и работни односи (39), правосудство и управа (6). Следуваат поплаките во врска со нееднаквост во областа социјална сигурност, каде се вбројува пензиско и инвалидско осигурување (5), пристап до добра и услуги (3), јавно информирање и медиуми (2), како и по една претставка во домување, образование, наука и спорт, и соодветна и правична застапеност. Три претставки се категоризирани како „други области“, со оглед дека не се опфатени со предвидените области од споменатиот закон.

За вознемирување на работното место (мобинг) беа поднесени 12 претставки, честопати поврзани со иницијативи за покренување на дисциплинска постапка, донесени решенија за суспензија, прераспределување и задолжување со извршување на други работни задачи и тоа, непосредно од претпоставените лица или посредно, преку друго одговорно лице во органот/субјектот. Подносителите на претставки бараа заштита на правата како вработени лица во основни училишта, единица на локална самоуправа, детски градинки, јавни здравствени установи или други правни субјекти или органи на државната управа. По дел од овие претставки, Народниот правобранител давајќи правен совет ги насочуваше граѓаните како да постапат, а по оние за кои имаше законски основ заради испитување на изнесените наводи, освен обраќање до органот и барање одговор потврден со соодветни докази во прилог, ги вклучуваше надлежните инспекциски органи (Државен просветен инспекторат, Државен инспекторат за труд, Државен управен инспекторат) заради надзор во органот/субјектот, со што индиректно се утврдуваше основаноста на наводите за вознемирување на работно место.

Во врска со наведеното, Народниот правобранител ја поздравува иницијативата на

Министерството за економија и труд за изработка на нов Закон за вознемирување на работно место, за што во соработка со Меѓународната организација на трудот (МОТ) беше формирана работна група, и беа одржани две сесии кои резултираа со нацрт-текст на законот. Народниот правобранител го поттикнува неговото поскоро донесување, имајќи ја предвид исклучителната важност за заштита од вознемирување (насилство) на работното место, како и уредувањето на начинот на постапување на надлежните органи во случај на мобинг.

Како пример на опструкција на работата на Народниот правобранител би го навеле случајот кога група на граѓани преку претставка искажаа поплака поради незаконита примена на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со што граѓаните се ставени во нерамноправна состојба и кон нив се врши дискриминација по статусна и социјална основа во областа на пензиското и инвалидско осигурување, укажувајќи дека нееднаквоста се продолжува со непостапување на Уставниот суд на Република Северна Македонија пред кого имаат поднесено Иницијатива за оценување на уставноста на членот 18 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Сл.весник на РСМ" бр. 193/2024 година), како и на членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на РСМ" бр.154 од 29.07.25). Наведеното, затоа што се укинува примената на член 37 од основниот закон, со кој се предвидува редовно пропорционално усогласување на пензиите со порастот на плати и цени и пресметаниот вкупен износ за усогласување, согласно статистичките податоци. Имено, со измените е утврдено линеарно покачување, при што износот се распределува на сите пензионери подеднакво, без разлика кој колку има уплатено придонеси во пензискиот систем.

Ваквата измена ги загрозува основните права на пензионерите на социјална сигурност и еднаквост, пред сé што правото на пензија подразбира реален и правично пресметан надоместок базиран на уплатени придонеси, со што се врши дискриминација по основ на образование и работно место согласно стекнатите примања по кои е вршена уплата на придонесите. Исто така, тоа е спротивно на начелото на еднаквост и правната сигурност, правото на правна и финансиска стабилност и предвидливост како предуслов за одржлив пензиски систем, што влијае негативно на довербата на осигурениците и нивната мотивација за редовно уплаќање во пензискиот фонд.

Во врска со ова, Народниот правобранител интервенираше со Предлог до Уставниот суд за оценување на уставноста и законитоста до Уставниот суд, при што го искажа своето мислење дека со постапувањето по поднесената Иницијатива за оценка на уставноста на овој закон, ќе се потврди на јасен начин уставноста на член 37 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување како основен и заштитен член, кој обезбедува редовно усогласување на пензиите според индекси на плати и цени, со што не се руши пензискиот систем. Исто така, укажа дека какви било промени во овој член не можат да се прават дискреционо или селективно, и треба да се поттикне примената на принципот на еднаквост и недискриминација во третманот на пензионерите според реално уплатените придонеси и остварен стаж. Воедно, укажа дека правото на пензија е законско и уставно право и не смее да се третира како привилегија, или предмет на социјална политика и јасно треба да се разграничат социјалните права на лицата со ниски пензии од пензискиот систем кој се базира на придонеси. Меѓутоа, до крајот на извештајна година Уставниот суд и по неколку писмени ургенции, не достави известување за тоа кои дејствија ги презема, или планира да ги преземе по Предлогот за оценување на уставноста на споменатите одредби од Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Во рамки на надзорните активности, Народниот правобранител посочува на позитивен пример од Струга, каде постапувајќи по претставка за заштита од дискриминација, поднесена од вработено лице во основно училиште, по спроведен вонреден инспекциски надзор и согледување на аспектот на стручно и професионално работење на директорот на училиштето утврди постапување спротивно на член 5 став 1 и 5 од Законот за основно образование (дискриминација), и го задолжи со решение да ја спроведе инспекциската мерка во рок од 8 дена. Дополнително, инспекторот утврди дека именувањето на

наведеното лице за вршител на должност директор, е извршено спротивно на член 109 и член 118 став 2 од Законот за основното образование, за што го извести Градоначалникот, директорот на ДПИ и министерката за образование и наука. Ова постапување, според Народниот правобранител претставува пример за законито и ефективно спроведување на надлежностите на инспекторатите.

Во извештајната година поднесени се неколку претставки за заштита на начелото на соодветна и правична застапеност на припадници на турската заедница и на влашката задница, како и дискриминација по основ на домување на припадници на ромската заедница.

Во однос на турската заедница, изнесени се наводи за длабока и систематска дискриминација во пристапот до највисоките позиции во извршната власт, како континуирана повреда на уставните права и слободи на припадниците на турската заедница. Уставниот суд на Република Северна Македонија во врска со ова барање за заштита на слободите и правата од член 110 алинеја 3 од Уставот, донесе решение за отфрлање на барањето, кое Решение содржи издвоено мислење на еден уставен судија.

Инаку, пред Народниот правобранител во тек е постапување по поднесена претставка за дискриминација во областа на домувањето и пристапот до добра и услуги по основ на етничка припадност. Во случајот, изнесени се наводи за дискриминаторско постапување кое се манифестира преку системско занемарување на потребите за квалитетно водоснабдување во дваесет (20) населени места со мнозинско турско население, во рамки на девет општини: Радовиш, Врапчиште, Валандово, Василево, Студеничани, Чашка, Карбинци, Дојран Штип. Постапувањето е и пред Министерство за финансии и Министерство за животна средина и просторно планирање, пред кои органи подносителот се обратил со соодветни барања, но не добил никаков одговор.

По претставка од припадничка на влашката заедница, за повреда на правата од работен однос и непочитување на примената на начелото на соодветната и правична застапеност од страна на единица на локална самоуправа, во недостаток на доволно аргументи и докази за доставување конкретна препорака за отстранување на констатирани повреди, Народниот правобранител упати општо мислење до градоначалникот, со укажување општинските власти под чија надлежност се одредени установи во кои се именуваат и избираат раководните луѓе на истите, потребно е да усвојат соодветни правила и да пропише етички кодекс за избраните функционери, со кои акти би се овозможило порамноправно вработување на сите граѓани кои живеат во рамки на општината, особено во однос на спроведување на уставно пропишаното и загарантирано начело на соодветна и правична застапеност, со што во целост би се испочитувал членот 8 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија. Ова мислење го поткрепи со констатираните состојби од извршените анализи на податоци за застапеноста на заедниците во јавните установи, доставувајќи податоци кои се однесуваат на состојбата на вработени лица во јавниот сектор, установите и локалната власт за 2024 година во конкретната општина.

Европскиот центар за правата на Ромите од Брисел преку свој претставник во Скопје побара од Народниот правобранител  интервенција пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, со цел повторување на постапката за предмет по кој бил донесен Заклучок за неповедување постапка. Народниот правобранител утврди дека претставката се однесува на 10 ромски семејства кои живеат на подрачјето на општина Штип, на кои им било ветено дека ќе им биде обезбедено домување. Во обраќањето до Комисијата побарани се информации за преземените мерки, при што е посочено дека станува збор за припадници на социјално загрозена и ранлива група. Комисијата повратно извести дека ги зела предвид новите околности за случајот, со обезбедување домување на овие семејства и барањето на подносителот да се изврши увид во целокупната документација во предметот кој се водел пред Општина Штип во врска со изградбата на наменски куќи во населбата „Света Недела", по што констатирана е потреба од отворање на нова постапка за заштита од дискриминација, по која ќе бидат преземени потребните процесни дејствија и ќе биде извршен дополнителен увид во предметната документација.

Во делот на соодветна и правична застапеност на заедниците во јавниот сектор, беше спроведено истражување за состојбата во 2024 година, утврдувајќи ја структурата на вработените по етничка припадност, полова и образовна структура, како и нивното распоредување на раководни и нераководни позиции во 1340 субјекти. Народниот правобранител препорачува институциите да го спроведуваат начелото на соодветна и правична застапеност, почитувајќи го мерит системот и компетентноста на кандидатите. Податоците од ова истражување се слеани во Посебен извештај кој е доставен до сите надлежни институции, кој, исто така, е објавен на Веб - страницата на Народниот правобранител.

**Имајќи го предвид горенаведеното, Народниот правобранител препорачува:**

**Донесување на законско решение за спроведување на начелото на соодветна и правична застапеност, со што би се надминало субјективното толкување и злоупотреба при вработување.**

**Да се преземат мерки заради усогласување на надлежностите и постапките на инспекциските органи со Законот за спречување и заштита од дискриминација, за да се овозможи ефикасна и навремена заштита на граѓаните од дискриминаторски практики.**

**Активно следење и примена на заклучоците од Партиципативниот форум воден од Агенцијата за остварување на правата на заедниците, во насока на унапредување на правата на помалубројните заедници и еднаков третман во сите институции.**

# 4. Право на работа, еколошки права и права на корисниците на услуги

- РАБОТНИ ОДНОСИ
- ИМОТНО-ПРАВНИ ОДНОСИ
- УРБАНИЗАМ, ГРАДБА И ДОМУВАЊЕ
- ПОТРОШУВАЧКИ ПРАВА
- ЖИВОТНА СРЕДИНА
- ДРУГИ ПРАВА

Работните односи и натаму претставуваат една од позначајните области во кои граѓаните се соочуваат со повреди на нивните уставни и законски загарантирани права. Во текот на 2025 година, вкупниот број на претставки е зголемен и тие најчесто се однесуваат на повреди во постапките за вработување, за права од работен однос кај приватен субјект, дисциплинска постапка спрема вработен, неисплата на плата, надоместоци и додатоци или нивно доцнење, неусогласност на договорите за вработување со законите, колективните договори и останатите прописи, мобинг и повреда на достоинството на вработениот. Постоење на неправилности и пропусти во примената на законските и одредбите од соодветните колективни договори од страна на работодавците, беше утврдено во одредени случаи за остварување права по основ на осигурување од работен однос, при исплата на парична помош и испратнина при заминување во пензија на вработените, во постапки за распоредување и по однос на работата на Државниот инспекторат за труд.

Намалувањето на претставките во областа имотно-правни односи продолжи и во извештајната година. Сепак, како и претходните години, најголем број се однесуваат на постапката за денационализација и за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост. Народниот правобранител при постапувањето по претставките и анализата извршена согласно утврдената состојба по предметите, констатира повеќе системски проблеми. Имено, тоа се: неоправдано одолжување на постапката без постоење какви било објективни околности, нецелосно и неправилно утврдување на фактичката состојба, недоволна и несоодветна комуникација меѓу надлежните органи и странките, непочитување на роковите за постапување и одлучување утврдени со закон и различна пракса при решавањето на предметите, кои произлегуваат од идентична или слична фактичка состојба.

Во областа урбанизам, градба и домување, во предметите за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти, сé уште огромен број граѓани не можат да ги остварат своите права бидејќи за повеќе илјади предмети постапката се одолжува и тие не можат да бидат решени поради разни субјективни и објективни причини, како и слабости со кои се соочуваат единиците на локалната самоуправа. Притоа, останува констатацијата за недоволна кадровска екипираност, односно дека голем број на општини и натаму немаат градежни инспектори и по пријавите на граѓаните за бесправно изградени објекти воопшто не постапуваат, а треба да се истакне дека и Државниот инспекторат за урбанизам и градежништво, исто така, не располага со доволен број на инспектори. Во делот на домувањето, зголемен е бројот на поднесени претставки, а проблемите на кои граѓаните се жалат се за доделување на државен/социјален стан под закуп, како и за управување со станбени згради, одржувањето на нивните заеднички делови и спорови со управителите на згради.

Продолжи трендот граѓаните најмногу претставки во областа потрошувачки права да поднесуваат поради високите сметки за електрична енергија. Во овој сегмент, треба да се истакне дека новиот Закон за енергетика, кој стапи во сила кон крајот на мај 2025 година, предвидува обврска за ЕВН да се врши читање на броилата најмалку еднаш во три месеци, што во пракса ќе значи дека и натаму ќе се издаваат паушални фактури и ќе се предизвикуваат проблеми за граѓаните. Покрај тоа, извештајната година ја одбележаа и претставките во кои граѓаните се жалеа на нередовна испорака на вода во нивните домови, особено оние кои живеат во високите зони на град Скопје.

Најголемо зголемување на претставките има во областа животна средина. Она што ја одбележа годината, беше еколошката катастрофа, која се случи во селото Трубарево, во близина на Град Скопје, како и претставките во врска со другите еколошки инциденти (горење на регионалната депонија Дрисла,

поранешната депонија Вардариште, огромната количина на пластичен отпад исфрлен во реката Вардар и слично). Во таа насока, загрижува тоа што во земјата се издадени само две дозволи за вршење на дејност депонирање отпад и тоа А интегрирана еколошка дозвола и дека меѓу другото, нема издадено дозволи за депонии за опасен отпад, ниту за интерен отпад. Ресорното министерство, исто така, нема издадено интегрирани еколошки дозволи за постројки за горење или согорување на отпад.

Намалување на бројот на претставки е забележано и во областа Други права, каде Народниот правобранител за предметите во кои има надлежност да постапува, укажуваше на законската обврска надлежните институции да ги разгледаат барањата на граѓаните, да ја ажурираат постапката и подносителите писмено да ги известат за резулататите од постапувањето. Притоа, останува констатацијата дека состојбата со јавниот градски и приградски превоз на подрачјето на Град Скопје, не се надмина, односно воопшто не се подобри ниту оваа извештајна година.

**Графикон бр.4**



## РАБОТНИ ОДНОСИ

Во текот на 2025 година, Народниот правобранител, постапуваше по вкупно 219 претставки од областа *работни односи*, што значи дека се бележи нивно зголемување, споредбено со 182 во 2024 година. Најголемиот број од претставките (83), се однесуваат на постапка за права од работен однос во јавната администрација, (30) за постапка за вработување, (26) за обезбедување право на плата, надоместоци и други трошоци поврзани со работа, (25) за обезбедување правен совет или други прашања во врска со работните односи. Понатаму, (11) за права од работен однос кај приватен субјект, (11) за истапување од синдикална организација, (10) за дисциплинска постапка спрема вработен, (8) за нестручно и непрофесионално работење, (6) за избор/разрешување на јавни функции и должности, (5) за постапки по жалба, (3) за постапки пред Агенцијата за администрација и (1)за постапка пред Агенцијата за вработување.

Работните односи и натаму претставуваат една од позначајните области во кои граѓаните се соочуваат со повреди на нивните уставни и законски загарантирани права. Содржината на претставките од оваа област последните неколку години останува непроменета - тие најчесто се однесуваат на повреди во постапките за вработување, за права од работен однос кај приватен субјект, дисциплинска постапка спрема вработен, неисплата на плата, надоместоци и додатоци или нивно доцнење, неусогласност на договорите за вработување со законите, колективните договори и останатите прописи, мобинг и повреда на достоинството на вработениот и слично.

Народниот правобранител по претставките постапуваше согласно законската надлежност со барања информации и изјаснувања на надлежните институции, работодавачите и инспекциските органи. Во одредени случаи, беше утврдено постоење на неправилности и пропусти во примената на законските и одредбите од соодветните колективни договори од страна на работодавачите. Поради утврдените повреди Народниот правобранител даваше препораки за начинот на отстранување на констатираните повреди, како и укажувања за доследна примена на прописите и почитување на принципите на еднаквост и правичност.

Во контекст на предметното постапување, Народниот правобранител констатира дека поради отсуство на меѓусебна соработка и координација, долги преписки и недоставување на потребната документација или само нејзино делумно доставување од одредени работодавачи до Фондот на пензиското и инвалидското осигурување и Агенцијата за вработување, граѓаните се доведуваат во ситуација да бидат попречени да ги остваруваат своите права по основ на работен однос. Како потврда на наведеното, се случаите во кои одредени лица иако имаат правосилни и извршни судски одлуки да им биде дополнително платен стажот на осигурување и истиот да им се впише во соодветната евиденција, сепак истиот поради наведеното не им се впишува, со што не можат дополнително да ги остваруваат правата и остануваат, како со незапишан стаж, така и со пониски пензии. Државниот инспекторат за труд одбива да постапи по ваквите случаи, дури и по интеревенциите на Народниот правобранител и да преземе дејствија за заштита на правата на осигурениците, со изговор дека е ненадлежен, затоа што на подносителите на претставки во меѓувреме им престанал работниот однос.

Народниот правобранител констатира повреда на уставните и законските права, односно ставање во нееднаква положба-дискриминација на лица вработени во локални јавни установи (основни училишта и детски градинки), од страна на Општина Бутел при исплата на парична помош во случај на смрт на член на нивното потесно семејство. Имено, иако Законот за извршување на буџетот за 2025 година на Република Северна Македонија и колективните договори предвидуваат износот на оваа парична помош да изнесува една просечна месечна нето-плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата, сепак Општината за нејзините вработени истата ја исплаќа во висина од 20.000,00 денари, додека пак, за вработените во локалната јавна установа (ОУ и ЈДГ), износот е 15,000,00 денари. Дополнително, Општината ова право им го ограничува на

лицата кои со починатиот родител/родители не живееле на иста адреса, што пак, исто така е спротивно на законот и соодветниот колективен договор. Оваа Општина и испратнината при одење во пензија, исто така, не ја обезбедува во висина определена согласно законот и соодветниот колективен договор.

Имајќи ја предвид таквата состојба, Народниот правобранител до Општина Бутел - Градоначалник на Општина Бутел даде укажување да бидат преземени дејства за усогласување на посочените спорни одредби од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Бутел за 2025 година, со соодветните одредби од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и исплата на паричниот надоместок во еднаков износ за сите вработени во локалните јавни установи и Општината.

Согласно ваквата интервенција, од страна на градоначалникот на Општина Бутел до Народниот правобранител беше доставено известување дека укажувањето ќе биде земено предвид и ќе се изврши усогласување на спорните одредби при определување на правото на парична помош и други надоместоци со носење на новиот буџет за 2026 година.

Во врска со поднесените претставки за престанок на работниот однос, се издвојува случајот со Македонска академија на науките и уметностите на Република Северна Македонија (МАНУ), која како работодавач му го прекинала работниот однос на подносителот на претставка и го одјавила од осигурување. Ова иако од Државниот инспекторат за труд, било донесено правосилно и извршно решение за одлагање од извршување на решението за престанок на работниот однос, се до завршување на судската постапка. МАНУ ја игнорираше и интервенцијата на Народниот правобранител дадена за заштита на уставните и законските права по основ на работен однос дека треба без какви било условувања да постапи и да го почитува решението на односниот Инспекторат.

Повреда на правата по основ на работен однос, Народниот правобранител констатираше и за повеќе лица вработени во Министерството за внатрешни работи, а за кои од негова страна беа донесени поединечни решенија за мирување на нивните права и обврски. Конкретно, Народниот правобранител оцени дека за ваквата категорија вработени од Министерството за внатрешни работи не се почитувани предметните судски одлуки (со кои од надлежните судови им се изречени само мерки на претпазливост) и дека е извршена погрешна примена на материјалното право-одредбите од член 45 став 1 од Законот за работните односи, имајќи го предвид неспорниот факт дека тие не се наоѓаат на издржување на казна затвор и дека не им е изречена воспитна, ниту заштитна мерка. Мерките на претпазливост никако не може да се подведат под воспитни или заштитни мерки, па согласно тоа и нивниот работен однос не може да се стави во мирување. Притоа, особено треба да се има предвид и околноста дека мерката на претпазливост по однос на овие лица што е одредена од надлежниот суд се однесува само на определени работни активности поврзани со кривичното дело, а не и за останатите работни активности од работното место на подносителите или кое било работно место на работодавачот. Покрај тоа, со незаконското ставање во мирување на правата и обврските по основ на работен однос, подносителите на претставките од Министерството за внатрешни работи подолг временски период беа оставени без плата, а со тоа и без придонеси од социјално и здравствено осигурување, со што пак е направена и повреда на одредбите од член 24 и 39 од Уставот на Република Северна Македонија, со кои овие права се загарантирани.

Сепак, Министерството за внатрешни работи не постапи согласно укажувањето на Народниот правобранител да преземе дејства за преиспитување/поништување на поединечните решенија со кои е определено дека на подносителите на претставки им мируваат правата и обврските од работниот однос во Министерството и следствено на тоа, да биде извршено нивно распоредување на соодветно работно место, а согласно конкретните одлуки на судот. Сите овие лица во меѓувреме иницираа постапки пред надлежните судски органи што дополнително за Министерството за внатрешни работи може да предизвика плаќање на големи парични средства бидејќи по дел од тужбите до крајот на извештајната година веќе беа донесени првостепени пресуди со кои тужбеното барање им е уважено.

По однос на Министерството за внатрешни работи треба да се истакне дека и натаму продолжи праксата на повреда на правата на одредени вработени преку континуирано издавање наредби за извршување работни задачи во спротивност со Законот за внатрешните работи и колективниот договор бидејќи наредбата не е акт со кој може да се врши распоредување. Така, во еден случај вработен има добиено дури шест такви наредби без конкретно задолжение што треба навистина да работи, а со последната се упатува во организациска единица на Министерството која е оддалечена 65 километри од неговиот дом, при што до таму не постои ниту редовна автобуска линија.

Во овој сегмент, Министерството за внатрешни работи е на став дека природата и делокругот на надлежностите е специфичен и затоа мора често да се издаваат такви наредби.

Од друга страна, Државниот инспекторат за труд за конкретниот случај, а од извршениот увид во издадените наредби, констатира дека не е точно наведено работното место и работните задачи кои вработениот е потребно по „наредба" да ги врши во друга организациска единица, различна од организациската единица во која работникот работи. Истовремено, работодавачот не презентирал ниту доказ за укажаната потреба од итни, неодложни и специфични задачи чиј обем, сложеност и времетраење ги надминува расположливите ресурси на одредена организациска единица. Меѓутоа, и покрај таквата состојба Државниот инспекторат за труд, за случајот се огласува како ненадлежен со формален изговор дека „издадените акти се од времен карактер и истите не произведуваат правна сила и го упатува подносителот правата од работен однос да ги оствари пред надлежен суд".

Како пак, во пракса се стимулира одливот на медицински кадар од јавните здравствени установи, покажува предметот со лекар со лиценца за работа како субспецијалист по дијабетологија, која од ЈЗУ „Здравствен дом" – Скопје иако токму за таа цел и била испратена на таква специјализација, се уште не може да го обезбеди правото да работи на соодветно работно место. Оваа здравствена установа не постапи ниту по укажувањето на Народниот правобранител веднаш да бидат преземени дејства за завршување на постапката за изготвување и донесување на измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места, на начин што ќе се предвиди и работно место за субспецијалист за дијабетологија на кое пак, таа дополнително и ќе биде распоредена во постоечкиот кабинет за Дијабетологија.

**Заштита на правата од работен однос претставува клучен сегмент во остварувањето на социјалната правда и владеење на правото, па заради унапредување на состојбата, Народниот правобранител ги дава следниве препораки:**

**Јакнење на механизмите за превенција и заштита на работничките права;**

**Подобрување на ефикасноста на инспекцискиот надзор;**

**Зголемена едукација на работниците и работодавачите за законските и обврските согласно колективните договори;**

**Унапредување на законската рамка и нејзина доследна примена во пракса.**

## ИМОТНО-ПРАВНИ ОДНОСИ

Во областа *имотно - правни односи*, во 2025 година, евидентно е значително намалување на бројот на претставките. Вкупно беа поднесени 94 претставки или 36 помалку споредбено со 2024 година. За ваквата состојба покрај околноста дека граѓаните повеќе не може да поднесуваат нови барања за денационализација и приватизација на градежното земјиште, причина е и тоа што извештајната година беше изборна. Впрочем, согласно законските прописи од денот на распишувањето на изборите, па се до нивното завршување, постапката по таквите предмети мора да мирува, затоа што во тој временски период, меѓу другото, не може да се отуѓува ниту државен капитал.

Најголем број на претставки се однесуваат на постапката за денационализација (24), за приватизација и отуѓување на градежно земјиште во државна сопственост (23), за барања правен совет во врска со стекнувањето, остварувањето и заштитата на правата, кои произлегуваат од имотно-правните односи меѓу граѓаните и останатите лица (20), како и за запишување права на недвижностите (18) и за експропријација (9).

Останува истата констатација дека граѓаните скоро во сите поднесени претставки од оваа област, најмногу се жалеа на одолжувањето на постапката од страна на управните органи и управните судови (соодветните комисии за одлучување по барањата за денационализација на Министерството за финансии, Подрачните одделенија за првостепена управна постапка на Управата за имотно-правни работи, Управниот и Вишиот управен суд), како и за недонесување или ненавремено донесување на одлука/и. Во оваа насока, и понатаму е забележана појавата предметите за денационализација да не се решаваат подолг временски период, меѓу другото бидејќи е потребно странките/барателите да се менуваат (поради смрт на некој од нив), односно нивните правни следбеници да мора од судот да побараат тие да бидат прогласени за наследници на правото за денационализација, па постапката потоа да продолжи.

Нема промена ниту во однос на праксата Државниот правобранител скоро по сите позитивни решенија донесени од страна на комисиите, по автоматизам, без целосно согледување и анализа на предметите, да поднесе тужба до Управнот суд и на тој начин барателите да ги воведе во „вртлогот" на управното судство. Покрај ова, голем проблем е и праксата органите да не ги почитуваат правните ставови и дадените укажувања во одлуките донесени од повисоките органи. Тоа, конкретно се однесува за случаите кога предметите од Управниот и Вишиот управен суд се вратени на повторно разгледување и одлучување пред првостепените органи. Дополнително, подносителите на претставки укажуваа и за неправилна примена на законите и неажурно водење на имотните евиденции и повеќекратно одбивање на пријавите за запишување промени во катастарот на недвижностите. Додека пак, во претставките за експропријација, граѓаните искажуваа незадоволство од тоа што им се ограничува/одзема правото на сопственост на имот поради постоење јавен интерес. Тие бараа интервенција и за ажурирање на постапката за определување надомест за експроприраниот имот, со закажување расправа пред Управата за имотно-правни работи или за доставување на предметите од нејзина страна на натамошна постапка до надлежните судови, во случај кога нема да постигнат согласност ниту за видот, ниту за висината на надоместокот за експропираниот имот.

Народниот правобранител при постапувањето по претставките и анализата извршена согласно утврдената состојба по предметите, констатира повеќе системски проблеми. Имено, констатира: неоправдано одолжување на постапката без постоење какви било објективни околности, нецелосно и неправилно утврдување на фактичката состојба, недоволна и несоодветна комуникација меѓу надлежните органи и странките и непочитување на роковите за постапување и одлучување утврдени со закон.

Исто така, констатација е дека постои различна пракса при решавањето на предметите кои произлегуваат од идентична или слична фактичка состојба, што како појава негативно влијае врз правната сигурност и довербата на граѓаните во институциите.

Соработката на комисиите за денационализација и Подрачните одделенија за

првостепена управна постапка на Управата за имотно-правни работи со Народниот правобранител не е на задоволително ниво. По интервенциите не се постапуваше согласно роковите од Законот за народниот правобранител. Конкретно, бараните објаснувања, информации и докази за наводите во претставките, односно известувањата за спроведување на неговите препораки и укажувања, најчесто се добиваа дури откако дополнително беа доставувани ургенции или посебни извештаи за попречување на работата.

Во таа насока, одговорите добиени од страна на комисиите за денационализација, по барањата на Народниот правобранител, како претходните, така и оваа извештајна година, најчесто беа од формален карактер - дека ги немаат предметите и нивните списи дека, не е добиен одговор од надлежните судови по однос на околноста дали и кога донесената пресуда е правосилна дека, не располагаат со доказ за уредна достава на донесените решенија дека, сé уште се утврдува фактичката состојба и се обезбедуваат докази и слично. Следствено, законски определените рокови за постапување и одлучување, во најголем број случаи, не се почитуваат, а по предметите постапката се ажурира, дури по интервенција на Народниот правобранител.

Ваквата состојба (одолгжување на постапките, лоша координација помеѓу институциите, кадровска неекипираност и слично) се однесува и по однос на предметите за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост, а по кои постапуваат Подрачните одделенија за првостепена управна постапка на Управата за имотно-правни работи.

Заради обезбедување претпоставки за заштита на правата на граѓаните, Народниот правобранител спроведуваше постапки за испитување на наводите во претставките. Во случаите каде констатираше повреда на уставните и законските права на граѓаните, до надлежните органи даваше препораки, укажувања и барања за начинот на нивно отстранување.

Ваквите интервенции беа во насока - да се ажурира предметната постапка (за денационализација, за приватизација/отуѓување на градежно земјиште и за експропријација) и да се донесе одлука со правилна и еднаква примена на прописите или дополнително да се изврши исправка на правосилните решенија кои не може да бидат спроведени во катастарот. Ова, на начин што ќе се обезбеди соодветност/идентичност на податоците за недвижноста и носителот на правото на недвижноста со податоците запишани во катастарската евиденција. Покрај тоа, се интервенираше и да се исправат/усогласат личните податоци од носителот на правото на сопственост со податоците од предметниот имотен лист, како и да се наведе големината на идеалниот дел и парцелата која е предмет на приватизација и слично.

По однос на катастарот, Народниот правобранител од Агенцијата за катастар на недвижности бараше да преземе дејства за увид и контрола на законитоста во постапувањето, во контекст на наводите на граѓаните во претставките. Во тој сегмент, ако се утврдеше дека катастарот постапил во рамки на законот, Народниот правобранител ги информираше подносителите на претставката што дополнително треба да преземат и каде да се обратат, а со цел да го запишат правото на сопственост на предметната недвижност.

**Врз основа на анализата на состојбите произлезена од работењето во 2025 година, може да се заклучи дека и натаму постојат сериозни предизвици во областа на имотно-правните односи, па затоа, Народниот правобранител ги дава следните препораки:**

**Зголемување на ефикасноста во работата на управните органи;**

**Доследно почитување на законски определените рокови и правила на постапката за преземање на потребните дејствија во постапката и за донесување одлука по барањата на странките;**

**Подобрување на транспарентноста и континуирано информирање на граѓаните за статусот на нивните предмети;**

**Зајакнување на кадровските капацитети како и унапредување на стручноста на службениците.**

## УРБАНИЗАМ, ГРАДБА И ДОМУВАЊЕ

Состојбата во областа на *урбанизмот, градбата и домувањето* во 2025 година е слична, како и претходните години, односно проблемите со кои се соочуваа граѓаните и оваа година се скоро исти. Бројот на поднесените претставки во извештајната година е 154 претставки (од кои 113 за урбанизам и градба и 41 за домување), за разлика од претходната година, кога тој број изнесуваше 125. Притоа, најголемиот дел од претставките се однесуваа на постапка за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект ( 53), за управни постапки пред првостепените органи - Град Скопје и општините (24 ), за непостапување од страна на градежната инспекција и слични други потешкотии со кои се соочуваат граѓаните (19.) Покрај ова, беа доставени 13 претставки за постапки за изменување и дополнување на детален урбанистички план, 3 за правен совет и 1 поради одолжување на второстепена постапка по жалба, изјавена против одлука на првостапениот орган.

Во областа домување, поднесени беа 15 претставки кои се однесуваа на проблеми со управувањето со станбени згради и нивното одржување, 10 за доделување на државен стан под закуп, 9 за станови за социјално ранливи категории, 6 претставки за откуп на државни станови и 1 за правен совет.

Од предметното работење, Народниот правобранител констатира дека и натаму во предметите за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти, сé уште огромен број граѓани не можат да ги остварат своите права бидејќи за повеќе илјади предмети постапката се одолжува и тие не можат да бидат решени поради разни субјективни и објективни причини, како и слабости со кои се соочуваат единиците на локалната самоуправа. Притоа, многу скоро (март 2026 година) ќе заврши и рокот во кој согласно законот сите вакви предмети требаше да бидат решени.

Фактот што веќе неколку години наназад овие преставки се најбројни, укажува на потребата од сериозен пристап на државата во оваа сфера, каде и покрај бројните законски измени, сепак сé уште е голем бројот на граѓаните кои не можат да ги легализираат објектите. Впечаток е дека сакајќи да им се помогне на граѓаните и да се справи со нелегалната градба, истите се втурнати во лавиринт од кој тешко можат да излезат. Во контекст на ова, а со цел олеснување и забрзување на процесот на легализацијата на бесправно изградените објекти, во наредниот период надлежните институции треба да се зафатат со одредени измени, но не во смисла само на продолжување на рокот за легализација, туку и во насока на создавање претпоставки за суштинско завршување на веќе почнатите постапки. Впрочем, Народниот правобранител смета дека е поминат доволен период за да се утврди што точно претставува пречка за легализирање на овие објекти.

Исто така, впечаток е и дека единиците на локалната самоуправа покажаа недостаток на капацитет за решавање на овие предмети и треба да се размисли за изнаоѓање друг начин, организациска поставеност и процедура, за овој процес што поскоро да се заврши.

При постапувањето по претставките, особено оние кои се однесуваат на проблемите со урбанизмот и градбата констатација е дека општините, во принцип соработуваат со Народниот правобранител и доставуваат целосни и суштински одговори со приложување

на бараните докази. Но, во повеќето случаи, тоа го прават со одредено пробивање на дадениот рок, односно после доставени ургенции. Поради попречување на работата и оневозможување на остварувањето на правата на граѓаните-подносители на претставки (тоа во пракса значи немање на никаков одговор) од Народниот правобранител беа доставени повеќе посебни извештаи до Градоначалниците на општините (Центар, Бутел, Чаир, Карпош, Гостивар ....), во контекст на што и по дел од нив, не се добиени суштински одговори.

Кога станува збор за урбанизмот останува констатацијата дека голем број на општини и натаму немаат градежни инспектори и по пријавите на граѓаните за бесправно изградени објекти воопшто не постапуваат. Покрај тоа, и Државниот инспекторат за урбанизам и градежништво, исто така, не располага со доволен број на инспектори.

По однос на процесот на урбанистичко планирање, Народниот правобранител констатира недоволна транспарентност, со оглед на тоа што граѓаните не се доволно информирани, ниту пак од општините навремено добиваат соодветни и квалитетни образложенија по однос на нивните забелешки за предложените урбанистички планови или за нивната измена. Таквата состојба, заедно со воспоставената пракса на селективна примена на прописите и нивното често менување, не треба и не смее да биде прифатлива за правна држава.

Во делот на домувањето, зголемен е бројот на поднесени претставки, иако во принцип проблемите на кои граѓаните се жалат остануваат исти. Конкретно, тоа се претежно претставки за доделување на државен/социјален стан под закуп, како и за управување со станбени згради, одржувањето на нивните заеднички делови и спорови со управителите на згради.

Народниот правобранител интервенираше во Комисијата за станбени прашања на Владата заради ажурирање на постапката и доставување одговор до подносителите на претставки за постапувањето и донесената одлука во врска со нивните барања. Комисијата најчесто доставува формални одговори дека барањата сѐ уште не се разгледани, односно дека ќе бидат разгледани на некоја од нејзините наредни седници.

Во овој сегмент, а за илустрација како државата, односно системот не треба да се однесува со граѓаните е следниот случај. Лице со 100% воен инвалидитет, корисник на постојана нега и помош со семејство и малолетни деца, повеќе од 15 години чека одговор од Комисијата за станбени прашања на неговото барање да му се обезбеди соодветно безбедно и трајно сместување, земајќи ги предвид неговиот инвалидитет, здравствената состојба и семејните околности. Имено, ова лице при настанатата поплава во село Стајковци, во 2008 година, каде државата му доделила времена монтажна барака останал без домот и оттогаш иако е изминат подолг временски период државата се уште не му го решила неговото станбено прашање.

За предметите што се однесуваат за управување со станбени згради и нивно одржување, Народниот правобранител со оглед на тоа што нема директна надлежност кон приватните субјекти кои управуваат со зградите, ги советуваше граѓаните за начинот и постапката како да го остварат правото или бараше интервенција од соодветните инспектори за домување при единиците на локалната самоуправа. Во овој сегмент, треба да се истакне дека голем број на општини немаат вработено инспектори за домување, па на граѓаните не им останува ништо друго освен правото да го остваруваат по судски пат, притоа изложувајќи се на дополнителни трошоци.

**Врз основа на гореизнесеното, Народниот правобранител препорачува:**

**Да се продолжи рокот за постапување по предметите за легализација на бесправно изградените објекти, но да се создадат и суштински претпоставки, истите да се решат позитивно за граѓаните;**

**Да се подобри транспарентноста на процесот на урбанистичко планирање, вклучително и преку електронски јавни анкети и обезбедување достапност на планската документација за граѓаните и сите заинтересирани лица;**

**Комисијата за станбени прашања да биде поажурна, особено во случаите кога станува збор за лица во социјален ризик;**

**Кадровско екипирање на надлежните инспекторати со инспектори за домување и со градежни инспектори.**

## ПОТРОШУВАЧКИ ПРАВА

Во областа *потрошувачки права*, евидентирани се вкупно 264 претставки, што е незначително намалување во однос на претходната 2024 година, кога беа поднесени 284. Инаку, во континуитет најмногу претставки, повторно се однесуваат за услугите за електрична енергија (141), за испорака на вода и други комунални услуги (75), за услугата снабдување со топлинска енергија (17). Понатаму, 10 претставки се однесуваат за комуникациски и ПТТ услуги, а во 21 претставка од граѓаните побаран е правен совет или објаснувања и информации за други прашања во врска со остварувањето и заштитата на правата на потрошувачите.

Во однос на испораката на електричната енергија, граѓаните најмногу се жалеа на високите фактури, односно за високи сметки и бараа нивна корекција. Дел од нив пак, бараа испитување на состојбата со заостанатите долгови евидентирани во фактурите и основот од кои произлегуваат. Останатите претставки, се однесуваат на остварување на право за повторно приклучување на електродистрибутивната мрежа, склучување спогодби за плаќање на заостанатите долгови на рати, обезбедување право на приклучување на електродистрибутивната мрежа на нов корисник. Граѓаните се жалеа и дека во нивните домови не се испорачува електрична енергија со соодветен напон и дека тоа им предизвикува штети и проблеми во секојдневното живеење, а бараа интервенции и за дислокација на електрични столбови, надомест на штета предизвикана поради прекин на испораката на електрична енергија и за обезбедување јавно осветлување.

ЕВН Македонија АД Скопје (ЕВН) соработуваше со Народниот правобранител и навремено ги доставуваше бараните објаснувања, информации и докази за наводите во претставките. Во случаите кога се констатираше дека станува збор за нереални фактури, вршеше нивна корекција.

Во овој сегмент, а со цел согледување на состојбата со процесот на отчитувањето на броилата за електрична енергија на граѓаните и високите/паушалните сметки, Народниот правобранител интервенираше и во Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, како надлежен орган за одлучување во втор степен по приговорите поднесени од потрошувачите против снабдувачите.

Конкретно, беа побарани информации за тоа колку жалби поради високи сметки за електрична енергија од граѓани се пристигнати во Регулаторната комисија, во првата

половина на 2025 година и како е одлучено по истите, кои и какви дејства има преземено и презема заради надминување на проблемот со нередовното отчитување на броилата за електрична енергија, односно доставување од ЕВН на проценети сметки. Исто така, беа побарани информации и дали се планираат измени и дополнувања на правилата за снабдување со електрична енергија, на начин што читањето еднаш месечно ќе биде задолжително (наместо моментното решение на секои три месеци) и следствено на тоа, потрошувачите ќе бидат сигурни дека плаќаат за тоа што го потрошиле.

Регулаторната комисија информира дека во периодот од 01.01. до 17.07. 2025 година, биле пристигнати 696 приговори од кои уважени биле 41, а дека постапката е во тек за 97 приговори. По однос на останатите барања на Народниот правобранител, Регулаторната комисија информира дека врши анализа, одржува состаноци со претставниците на операторот на електродистрибувниот систем, како и со заинтересираните страни и дека прибира информации, со цел дополнително влкучување на јавноста и овозможување транспарентност на процесот. Притоа, новите правила за снабдување со електрична енергија, кои ќе бидат усогласени со во меѓувреме донесениот нов Закон за енергетика, планира да бидат донесени не подоцна од 27 февруари 2026 година.

Во овој сегмент, треба да се истакне дека новиот Закон за енергетика, кој стапи во сила кон крајот на месец мај 2025 година, предвидува обврска за ЕВН да се прави читање на броилата најмалку еднаш во три месеци. Конкретно, тоа значи дека во пракса и натаму ќе се издаваат паушални фактури и дека тоа и натаму ќе предизвикува проблеми за оние граѓани, за кои нема можност за далечинско отчитување на броилата.

Токму затоа, како императив се наметнува потребата ЕВН дополнително да инвестира многу повеќе во т.н. паметни броила, а и да создаде многу поедноставна веб-платформа на која домаќинствата ќе можат да ги доставуваат своите читани податоци за броилата. Ова, за да не се јавуваат беспотребно и да чекаат на телефон или да праќаат пораки преку други средства за комуникација.

Заради поголема транспарентност, граѓаните од средината на извештајната година започнаа да добиваат и нови сметки/фактури за електрична енергија, а на кои може да се види дали броилото е читано или не. Така ако има ознака „О" тоа значи дека е прочитано, а ако има ознака „М", тоа значи дека фактурата содржи претпоставени вредности врз основа на историјата на потрошена електрична енергија на корисникот.

За претставките на граѓаните кои се однесуваа за утврдувањето на состојбата со заостанатите долгови и нивно плаќање на рати, Народниот правобранител од ЕВН им ги обезбедуваше и им ги презентираше потребните информации и податоци.Така, граѓаните добиваа увид за износот и видот на долгот, неговиот правен основ, дали се води и каде постапка за присилна наплата, колкави се трошоците и каматата и слично. Во таа насока, Народниот правобранител на ЕВН му укажаше на потребата на граѓаните, а особено на тие кои се корисници на права по основ на социјална заштита и сигурност или се наоѓаат во тешка финансиско-материјална состојба, да им биде овозможено склучување на спогодби за плаќање на заостанатиот долг на повеќе рати и со помал месечен ануитет.

По однос на испораката на вода и други комунални услуги, како и претходни години, најголемиот број од ваквите претставки беа поднесени против давателите на услуга ЈП „Водовод и канализација" Скопје и ЈП „Комунална хигиена" - Скопје. Останатите пак, претставки, се поднесени за работата на ЈКП Скопска Црна Гора, ЈКП Дервен, ЈКП Илинден н. Илинден и други даватели на комуналните услугите, како и против неколку општини - Велес, Гази Баба и Шуто Оризари, како надлежни за обезбедување на одредени комунални услуги.

Инаку, оваа извештајна година ја одбележаа претставките во кои граѓаните особено во летниот период се жалеа на нередовна испорака на вода во нивите домови, пред сé оние кои живеат во високите зони на главниот град Скопје. Постапувајќи по истите, Народниот правобранител утврди дека ЈП „Водовод и канализација" - Скопје, во системот за мониторинг и мерења на дневната потрошувачка на вода има евидентирано енормно зголемена и неконтролирана потрошувачка, која на дневно ниво за градот Скопје (во

целост), изнесувала околу 350.000 м$^3$. Како последица пак, на тоа, градскиот водоводен систем функционира со намален притисок и со повремени прекини на вода во делови од градот - населби Водно, Пржино, Чаир, Бутел, Маџари...

Со оглед на изнесеното, како и на фактот дека градот Скопје се снабдува со вода за пиење од природен извор со ограничена количина од непроценлива вредност, ЈП апелираше до сите граѓани на градот Скопје за рационално и совесна употреба на водата за пиење и избегнување непотребно трошење на водата и полевање на зеленило, бавчи и ниви, за перење автомобили, за полнење на базени и слично. ЈП, исто така, апелираше и до органите на локалната самоуправа, согласно надлежностите преку службите со кои располагаат, како и преку месните заедници на територија на општините да се ангажираат во подигање на свеста на жителите на општините за рационално користење на водата за пиење. Сепак, отворено е прашањето дали ваквиот проблем произлегува од најчестото објаснување - нерационално трошење, полевањето и полнењето базени или проблемот е во нешто друго.

Имено, со години контролираната/неконтролираната изградба на згради или надградби на постојните, а со тоа и континуираното зголемување на бројот на жителите не е во корелација со надградување и проширување на водоводната и канализационата мрежа и со дополнителни инвестиции во нови пумпни станици или резервоари со зголемен капацитет.

Како и во делот со сметките за електрична енергија, беа евидентирани претставки за паушално задолжување со услугата за потрошена вода и тоа најчесто поради две причини - непристапност на водомерот за читање или негово закочување.

Народниот правобранител за ваквите проблеми на граѓаните утврди дека оваа состојба е резултат на пропустите во работење на службите на ЈП кои веднаш не интервенирале и не ги отстраниле. Забележан беше и случај со условување на граѓанин да го плати целиот долг за да му се изврши промена на водомерот.

Народниот правобранител утврди дека по пријавите за дефекти на водоводната мрежа се постапува со задоцнување, со образложение на ЈП дека истите се санираат согласно планот за работа и според приоритетот и итноста на дефектите. Ваквиот начин на постапување-ненавременото санирање на дефектот, на граѓаните им предизвикува одредени штетни последици.

Во врска со претставките за корекција на високите фактура, ЈП не постапуваше по интервенциите на Народниот правобранител бидејќи барањата на граѓаните веќе биле одбиени како неосновани од неговата Комисија за спорни сметки. Во корелација со тоа, Народниот правобранител ги упатуваше граѓаните правото да го остваруваат преку инспекциските органи или во постапки пред надлежните судски органи.

По однос на претставките за доставени опомени за наплата на долг, негова состојба и регулирање, Народниот правобранител во поголемиот дел од истите утврдуваше дека се работи за долг за кој од ЈП е покрената постапка за присилна наплата. Следствено на тоа, граѓаните беа упатувани да ги искористат материјално правните средства со цел за евентуално докажување на нивната неоснованост.

Евидентирани беа и две претставки за неможност граѓани да бидат приклучени кон водоводната мрежа од страна на давателите на услугата снабдување со вода, поради тоа што општината во која живееат (Гази Баба и Велес) нема изградена водоводна линија на улицата, на која се наоѓаат нивните објекти. Постапувајќи по истите, беше утврдено дека Општината, во меѓувреме, или отпочнала постапки за изградба на водоводна линија или планира да отпочне таква постапка со цел обезбедување на оваа комунална услуга, која впрочем и е нивна обврска.

За услугата подигање смет беа поднесени повеќе поединечни претставки од граѓани и други лица, како и од повеќе Здруженијата на граѓани од општина Шуто Оризари, а во кои побараа заштита на правата на граѓаните кои живееат во општина Шуто Оризари поради системската дискриминација со која се соочуваат поради нередовното и ненавременото

собирање на комунален отпад од страна на ЈП „Комунална хигиена" - Скопје.

Народниот правобранител од Градоначалникот на Град Скопје и ЈП „Комунална хигиена" - Скопје (во понатамошниот текс: „ЈП"), наместо информации за мерките кои ќе ги преземат за надминување на состојбата со континуираното несобирање на сметот и неодржувањето на јавната хигиена, доби само формални одговори дека утврдената динамика за собирање и транспортирање на комунален отпад се реализира согласно Годишната оперативна програма за работа и тоа: пластични канти од 120л, два пати неделно и од контејнери од 1100л и 5000л, во согласност со потребите на комитентите (од еднаш до шест пати неделно).

Исто така, Народниот правобранител беше известен дека Општината Шуто Оризари, како и другите општини на територија на Република Северна Македонија, од Министерството за животна средина и просторно планирање, има добиено донација - контејнери од 1100л и пластични канти од 120л наменети за селекција на отпадот во сина и жолта боја за одлагање на хартија и пластика и истите од нејзина страна се поставени на јавни површини, а граѓаните ги користат за одлагање на комунален отпад. Нивната локација е утврдена од Општините, но тие не се дел од Годишната оперативна програма за ЈП, со што и обврската за нивно празнење не е на ЈП, туку на Општините.

Токму затоа, констатација на Народниот правобранител е дека скоро во целата извештајна година ЈП Комунална хигиена Скопје постапуваше спротивно на Законот за комунални дејности, програмата и плановите за управување со комуналниот отпад и не ги спроведуваше и не ги извршуваше целосно работите од утврдениот делокруг на работа, односно собирањето на сметот и чистењето на јавните површини, како и одржувањето на хигиената не го вршеше во континуитет и квалитетно. Впрочем, сосема неприфатливо е и никако не смее да се дозволи создавање депонии на јавните градски и сообраќајни површини како резултат на одлагање на отпадот во непосредна близина на предвидените садови за собирање. Во тој сегмент, во состојба кога претходно навремено не биле преземени потребните мерки, неприфатливо е и образложението дека претпријатието не располага, односно дека Град Скопје не обезбедил соодветна опрема, средства и објекти за вршење на услугата.

За претставките поднесени поради неосновано задолжување со услугата за подигање смет од викенд куќи или дека се приматели на права од социјална заштита, на граѓаните им беше посочен начинот и постапката врз основа на која давателот на услугата - одредено јавно комунално претпријатие или друг давател на таква услуга, го вршат задолжувањето по тој основ, како и за можноста за целосно или делумно ослободување од негово плаќање.

Бројот на претставките поднесени за услугата снабдување со топлинска енергија, оваа извештајна година, беше зголемен и сите се однесуваа на работењето за снабдувачот ЕСМ Снабдување со топлина ДООЕЛ - Скопје и Регулаторната комисија. Една пак, претставка е поднесена против снабдувачот Енерџи Еколинк АД Скопје. Во претставките граѓаните бараа интервенција за корекција на сметките за испорачана топлинска енергија, кои се однесуваа или на фиксниот или на варијабилниот дел од овој надоместок, кој пак, се утврдува согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија.

Народниот правобранител соодветно интервенираше и пред снабдувачот ЕСМ и пред Регулаторната комисија за енергетика, но не утврди дека е извршена погрешна пресметка. Во одредени случаи, граѓаните беа советувани за начинот врз основа на кој се врши пресметката и за постапката како и кога може да побараат од снабдувачот промена на утврдениот надомест за ангажирана моќност во текот на грејната сезона, имајќи предвид дека снабдувачот само на крај на грејната сезона е должен да изврши контрола на ангажираната моќност кај сите мерни места и корекција на овој надоместок доколку се задоволени условите од Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија.

По интервенциите на Народниот правобранител за преземање дејства по пријавите за дефект, истите беа санирани и граѓаните продолжуваа да се снабдуваат со топлинска енергија, а сметките се коригираа во зависност од околноста дали се задолжуваат на 8 или 12 месечни рати. Притоа, факт е дека овие граѓани се незадоволни, од причина што

сметаат дека штетата е моментална и тогаш плаќаат повисоки сметки за струја.

Евидентирани беа и неколку претставки за исклучување од системот за централно греење и за ослободување од надоместокот за фиксен дел, во контекст на што граѓаните беа информирани за начинот и постапката како може да го остварат правото согласно соодветните прописи за снабдување со топлинска енергија.

Претставките за телекомуникациски услуги, се однесуваа на телекомуникацискиот оператор А1 Македонија ДООЕЛ - Скопје и беа поднесени по различни основи - корекција на сметка или на долг, негово утврдување, необезбедување на одредена услуга и слично. Граѓаните корисници на услугите на операторот А1 Македонија, Народниот правобранител ги упатуваше првично да се обратат со приговор до операторот и доколку бидат незадоволни од одлуката да поднесат приговор до Агенцијата за електронски комуникации, како надлежна за постапување. За предметите во кои граѓаните веќе се обратиле до Агенцијата, Народниот правобранител соодветно интервенираше и од нејзина страна се доставуваа суштински и целосни одговори, поткрепени со соодветни докази, кога приговорите ги одбила како неосновани.

Претставките во кои граѓаните бараа заштита на потрошувачките права пред други правни субјекти или трговци, најмногу се однесуваа за рекламација за купените производи. Народниот правобранител упатуваше барање за вршење инспекциски надзор од Државниот пазарен инспекторат, со оглед на тоа дека нема законска надлежност да постапува пред овие правни субјекти.

Имајќи го предвид изложеното, неспорен факт е дека граѓаните сѐ уште недоволно ги познаваат своите права и дека голем дел од нив не располагаат со знаења за начинот и постапката за нивна заштита, како што впрочем, во пракса отсуствува и поголема координација меѓу институциите на државата за обезбедување претпоставки за ефикасен надзор и навремено постапување по нивните пријави.

**Оттука заради обезбедување повисоко ниво на правна заштита и обезбедување претпоставки за доверба на граѓаните во институциите, Народниот правобранител ги дава следните препораки:**

**ЕВН фактурите да ги издава исклучиво врз основа на реално измерена потрошувачка, а паушално фактурирање да биде во исклучителни случаи, односно само поради техничка неисправнност или оштетување на мерниот уред;**

**Дополнително зајакнување на системот за заштита на потрошувачите преку континуирана едукација на граѓаните за нивните права како потрошувачи и корисници на услугите;**

**Поефикасно и навремено постапување на инспекциските органи,**

**Зајакнување на институционалната соработка и транспарентност во работењето на давателите на услуги;**

**Инвестирање во нови водоснабдителни системи, нова техничка инфраструктура за водоснабдување, како и канализациската мрежа;**

**Создавање претпоставки за обезбедување на алтернативни извори за водоснабдување на градот Скопје;**

**Давателите на комуналните услуги, особено ЈП „Комунална хигиена" – Скопје, да обезбедат соодветни предуслови за нормално функционирање за целосно и доследно спроведување на Годишната програма за подигнување на сметот и одржувањето на јавната хигиена; и**

**Да се зајакне соработката меѓу општините и јавните комунални претпријатија во насока на континуирано обезбедување на јавните услуги за граѓаните.**

## ЖИВОТНА СРЕДИНА

Во текот на 2025 година до Народниот правобранител беа поднесени вкупно 79 претставки или 47 повеќе споредбено со претходната година. Притоа, најмногу или 62 претставки се однесуваа на загадувањето на амбиенталниот воздух, 5 за загадувањето на почвата, 4 за зголемена бучава, 3 за загадување на водата, а во 5 случаи беше побаран правен совет.

Она што ја одбележа извештајната година, беше еклошката катастрофа која се случи во селото Трубарево, во непосредна близина на главниот град Скопје и каде во пожар, меѓу другото, гореше складиран опасен отпад. Народниот правобранител заради адекватно согледување на состојбата во врска со управувањето со отпадот, а во корелација со настанот во Трубарево, но и со другите еколошки инциденти (горењето на регионалната депонија Дрисла, поранешната депонија Вардардиште, огромна количина на пластичен отпад исфрлен во реката Вардар и.т.н.) од Министерството за животна средина и просторно планирање, Државниот инспекторат за животна средина и Управата за животна средина, побара објаснувања, информации и докази во поглед на управувањето со отпадот, издадените дозволи, безбедноста на локациите, бројот на депонии и количината и видот на отпад и каде се складира. Исто така, беа побарани податоци и за евидентираните диви депонии, кои депонии имаат дозвола за работа, посебно за складирање и горење на опасен отпад и за бројот на инспекциските надзори, извршени во 2024 и заклучно со месец септември 2025 година.

Покрај тоа, од поголема група жители на град Скопје, поднесени се поединечни претставки со иста содржина, а во кои од надлежните органи/институции и единици на локалната самоуправа бараа „итно да се преземат мерки и дејства за да се заштити здравјето на граѓаните и да се најде системско решение за загадувањето на воздухот од депонијата Вардариште".

Народниот правобранител за сите овие случаи се обрати до Владата на Република Северна Македонија, Министертсвото за животна средина и просторно планирање, соодветните инспекторати (комунален, државен санитарен и здравствен и за животна средина), до Институтот за јавно здравје и до Општината Гази Баба. Од поголем дел од овие институции, Народниот правобранител доби несоодветни одговори бидејќи тие меѓусебно си ја префрлуваа надлежноста и одговорноста за преземање на потребните дејства и мерки.

Во овој контекст, загрижуваат податоците согласно кои во земјата се издадени само две дозволи за вршење на дејност депонирање отпад и тоа: А -интегрирана еколошка дозвола за ЈП „Дрисла" - Скопје и Б - интегрирана еколошка дозвола за ЈКП „Комуналец Гевгелија" - Гевгелија. Притоа, нема издадено дозволи за депонии за опасен отпад, ниту за интерен отпад, а од двете депонии кои поседуваат интегрирани еколошки дозволи, воопшто нема доставено писмени известувања за негативни влијанија за животната средина.

Ресорното Министерство, исто така, нема издадено интегрирани еколошки дозволи за постројки за горење или согорување на отпадот. Натаму, нема податоци дали на дивите депонии има опасен отпад, а Државниот инспекторат за животна средина, кој покрај тоа

што најчесто се прогласува за ненадлежен, наместо да му ги достави бараните информации за вкупниот број на инспекциски надзори и преземени мерки на Народниот правобраниел, упатува истите да ги бара од неговата веб-страница или од годишните извештаи.

Што се однесува до проблемот со поранешната градска депонија „Вардариште", по протестите на граѓаните, Владата презеде конкретни мерки во насока на забрана за движење во близина на истата, за идентификација на лицата кои живеат во нејзина непосредна близина, како и за изнаоѓање на системско и одржливо решение во врска со управувањето со комуналниот отпад во сите региони. Општината Гази Баба, во соработка со Градот Скопје отпочна процес за системско решавање на оваа поранешна градска депонија, вклучително и преку изготвување соодветни урбанистичко-плански документи и ревизија на старата „Физибилити студија" за рехабилитација на поранешната градска депонија „Вардариште".

Дел од претставките се однесуваа на проблеми од лична природа на граѓаните и тоа, пред сé, во однос на преголема бучава и загадување на воздухот и почвата предизвикани од индивидуални загадувачи од нивното непосредно соседство. Во овој сегмент, Народниот правобранител констатира дека по пријавите на граѓаните не се постапува и од причина што голем број на општини не се екипирани, односно, како и Државниот инспекторат за животна средина, немаат соодветни инспектори за животна средина.

Следствено на тоа, констатација на Народниот правобранител е и дека надлежните институции, а пред сé Министерството за животна средина и просторно планирање и единиците на локалната самоуправа со своите инспекциски служби, треба во континуитет и почесто да вршат инспекциски надзори и ригорозно да ги санкционираат сите сторители на дела и прекршоци поврзани со загадување на животната средина. Останува и апелот органите да посветат многу поголемо внимание за подигнување на свеста кај граѓаните за зачувување на природата и обезбедување чиста животна средина, а со тоа и услови за подобар и поздрав живот на сите граѓани.

**Имајќи го предвид изложеното, Народниот правобраител препорачува:**

**Да се заврши процесот на целосна ревизија на „Физибилити студија" за рехабилитација на поранешната градска депонија Вардариште со цел истата да почне да се ревитализира;**

**Инспекцискиот надзор над примената на законските прописи да се зајакне и кадровски да се екипираат со инспектори за животна средина како Државниот инспекторат, така и општините;**

**Да се преземат мерки за затворање и санација на дивите депонии и да престане праксата на одлагање на отпадот на нестандардни депонии;**

**Властите на централно и локално ниво сериозно и со конкретни дејствија, не само декларативно, да пристапат кон разрешување на еколошките проблеми и подигнување на еколошката култура/свест кај граѓаните.**

## ДРУГИ ПРАВА

Народниот правобранител во текот на извештајната година постапуваше и по претставки, кои се однесуваа на повреда на правата на граѓаните од областа *Други права*. Вкупно беа поднесени 157 претставки или 27 помалку споредбено со претходната година. Притоа, најголем дел од ваквите претставки (107), се однесуваат на органи, установи, институции пред кои Народниот правобранител надлежно постапува, 30 претставки се однесуваат за проблеми на граѓани и други лица произлезени од работење на правни лица (ДОО, ДООЕЛ, АД и слично), разни здруженија и други субјекти, и во 20 случаи се бараше правен совет или се однесуваа на прашања за различни проблеми од секојдневието на граѓаните и другите лица.

За претставките од граѓани по кои Народниот правобранител е надлежен, а кои најчесто беа поради недобивање одговор по нивни барања, беа преземани дејствија пред органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа и пред другите органи и организации што имаат јавни овластувања. Воедно, Народниот правобранител укажуваше на законската обврска, надлежните да ги разгледаат барањата и за резултатите од постапувањето писмено да ги известат подносителите. Во случаи кога стануваше збор за потреба од вршење на одреден инспекциски надзор, Народниот правобраните се обраќаше до соодветниот инспекторат со барање истиот да се спроведе.

Народниот правобранител, особено по предметите за исплата на субвенции, обезбедување паркинг и слично, интервенираше пред посочените органи, агенции или јавни претпријатија, со цел предметната постапка да биде ажурирана и следствено на тоа, да се постапи по поединечните барања на граѓаните.

За одбележување е и околноста дека оваа извештајна година до Народниот правобранител беа поднесени повеќе претставки во врска со секојдневното загрозување на животот и здравјето од глутници кучиња на територијата на градот Скопје и околните населби. Иако од ЈП за благостојба на животните „Лајка" - Скопје, се преземаат мерки и дејства по конкретните пријави, а преку заловување и отстранување, проблемот суштински воопшто не се решава бидејќи бројот на кучиња во јавниот простор постојано се зголемува.

Состојбата со јавниот градски и приградски превоз на подрачјето на градот Скопје, не се надмина, односно воопшто не се подобри ниту оваа извештајна година. Впрочем, граѓаните и натаму се жалеа дека со часови чекаат автобуски превоз, а особено беа погодени жителите од општината Шуто Оризари, каде тој воопшто и не функционираше. За надминување на овој проблем, веќе втора година по ред ниту една од надлежните институции, особено Градот Скопје, не преземаа ништо по укажувањата на Народниот правобранител дадени во таа насока.

За останатите претставки, Народниот правобранител ги упатуваше граѓаните каде да се обратат за да го остварат правото.

**Согласно горенаведеното, Народниот правобранител препорачува:**

**Итно да се преземат мерки за средување на алармантната состојбата со јавниот градски и приградски превоз на подрачјето на градот Скопје, со цел истиот да стане функционален, достапен, економичен и еколошки;**

**Надлежните институции да ги почитуваат законски опеделените рокови за постапување и доставување одговор по претставките и другите барања на граѓаните; и**

**Да се преиспита законската регулатива со која во пракса се потикнува постоење глутници кучиња на улиците.**

# РАБОТАТА НА ПОДРАЧНИТЕ КАНЦЕЛАРИИ НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

Во овој дел од Годишниот извештај, Народниот правобранител ги презентира констатираните состојби со обезбедувањето почитување и остварување на правата на граѓаните-жители на другите региони, односно градови од државата, а кои се констатирани преку работата на Подрачните канцеларии на НП во Битола, Кичево, Куманово, Струмица, Тетово и Штип.

Од статистичките податоци кои се однесуваат за 2025 година, констатација е дека најголем број претставки се поднесени во ПК Битола 192, потоа во Кичево 140, во Тетово 139, во Штип 133, во Куманово 125 и во Струмица 80.

## НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ - ПОДРАЧНА КАНЦЕЛАРИЈА БИТОЛА

Подрачната канцеларија Битола во своја надлежност на постапување ги има општините Битола, Новаци, Могила, Долнени, Демир Хисар, Прилеп, Крушево, Ресен, Росоман, Градско, Кавадарци и Неготино.

Во извештајната 2025 година вкупно беа примени 192 нови претставки или 25 претставки помалку во однос на претходната година. Најголем број на претставки се поднесени од областа правосудство (28), потоа други права (23), урбанизам, градба и домување (22), потрошувачки права (17) имотно-правни односи (17), полициски овластувања (14), пензиско-инвалидско осигурување (12) работни односи (12). Иако во помал број, граѓаните бараа заштита на права во областа казнено-поправни установи (8), социјална заштита (8), граѓански состојби (8), и финансии и царина (8). За права од здравствено осигурување и заштита (7), животна средина (3), образование и наука (2), обвинителство (1), избирачки права (1) и детски права (1).

Општ впечаток е дека граѓаните кои се обратија до ПК Битола, генерално, правата ги остваруваа со или без позначителни потешкотии, во зависност од органот спрема кој е насочена претставката. Во оваа насока, комуникацијата на ПК Битола со органите спрема кои се преземаа дејствијата (локални власти, министерства, државни комисии, јавни претпријатија, агенции,комисии, регулаторни тела и др.), генерално се одвиваше на професионално ниво, со доставување на суштински писмени информации и докази, по доставените Барања и Укажувања.

Во своето тековно работење по предметите, Подрачната канцеларија наиде на некомуникација или несоодветна комуникација  со локалните власти од неколку општини: Демир Хисар, Новаци и Градежниот инспекторат на Општина Битола. Ваквото уназадување во комуникацијата со овие општини се одвиваше на начин што не доставуваа целосни одговори, не приложуваа докази или не доставуваа известувања по дадени укажувања и сл., поради што Народниот правобранител беше принуден да се обрати со повторни барања, ургенции и повторни ургенции  за дополнувања на одговорите или доставување на докази.

**Графикон бр.5**

| 192 поднесени претставки | |
|---|---|
| | Полициски овластувања - 14 |
| | Граѓански состојби - 8 |
| | Правосудство - 28 |
| | Обвинителство - 1 |
| | Социјална сигурност и социјална заштита - 8 |
| | Работни односи - 12 |
| | Станбена област - 8 |
| | Здравствено осигурување и заштита - 7 |
| | Пензиско и инвалидско осигурување - 12 |
| | Образование и наука - 2 |
| | Урбанизам и градежништво - 14 |
| | Животна средина - 3 |
| | Финансии и царина - 8 |
| | Имотно-правни односи - 17 |
| | Потрошувачки права - 17 |
| | Казнено-поправни и воспитно-поправни установи - **8** |
| | Детски парав - 1 |
| | Избирачки права - 1 |
| | Други права - 23 |

И оваа извештајна година најголемиот број од претставките се однесуваат на областа **правосудство**. Од анализа на содржината на претставките неспорно е дека најмногу претставки беа поднесени против извршителите, со основ задршка на средства кои се изземени од присилно извршување, (надоместоци од областа на социјалната заштита-гарантирана минимална помош, надоместок поради попреченост и сл.), задршка на цела пензија и плата, задршка на регрес за годишен одмор (кој не е изземен од извршување), пресметување на камати поголеми од главниот долг. Во поголем дел од овие претставки не се констатирани повреди, затоа што должниците не доставувале докази до извршителите за основот на задршка на паричните средства, а самите извршители немале увид во банкарските сметки на должниците. По контактите со извршителите, од страна на Народниот правобранител должниците беа упатени до извршителите да ги достават соодветните докази, врз основа на кои извршителите во рок од неколку дена делумно ја симнуваа забраната од банкарските сметки.

Граѓаните, исто како и минатата година, бараа интервенција од Народниот правобранител за заштита на правата во првостепени граѓански и кривични постапки што се водеа пред Основните судови во Битола, Прилеп и Струга, Апелационите судови во Битола и Скопје, Управен суд и Вишиот управен суд и една претставка до Врховен суд на РСМ. Се бараше интервенција поради одолжување на постапката, незадоволство од донесени судски одлуки. Една претставка се однесуваше за одолжување на судска постапка пред Управниот суд и една пред Вишиот управен суд, но и во двата предмети не е констатирано одолжување на судските постапки. Постапувајќи по претставките, од страна на Народниот правобранител се преземаа дејствија, по што во најголем број не беа потврдени наводите

за одолжување на постапката по вина на судовите, додека во однос на незадоволството од донесените судски одлуки не се покренуваше постапка поради ненадлежност, но граѓаните се информираа за можноста да се обратат до Судскиот совет на РСМ како орган кој ја цени професионалноста и законитоста во работењето на судиите.

Во врска со работата на обвинителството поднесена е една претставка и постапката е сé уште во тек. Во овој предмет, преземени се дејствија пред ОЈО Охрид заради одолжување на постапка по поднесена кривична пријава. ОЈО Охрид не одговори по нашите дописи и Ургенции и две Повторни ургенции, поради што е известено Вишото јавно обвинителство во Битола, кое пак, по доставена Ургенција и Повторна Ургенција достави писмен допис, во кој известија дека се обратиле до ОЈО Охрид со барање да постапат по дописите-барањето на Народниот правобранител. Меѓутоа, ОЈО Охрид повторно не одговори, поради што испратена е Ургенција до Советот на јавни обвинители, со барање веднаш да постапат и да преземат дејствија спрема ОЈО Охрид.

Втори по бројност се претставките евидентирани во областа **други права**. Од страна на Народниот правобранител постапувано е пред Општина Битола, Општина Кавадарци, Општина Крушево, ЕВН, Агенција за храна и ветеринарство, ЈЗУ Општа болница со проширена надлежност Прилеп, Централен депозитар за хартии од вредност, ЈП Паркинзи - Битола, УЈП, МВР-Сообраќаен испитен центар-Битола, МВР-СВР-Битола, Основно јавно обвинителство Кавадарци, како и пред извршител. Според основот на овие претставки, граѓаните најповеќе бараа заштита на правата поради недобивање одговор и одолжување на постапка по поднесени барања. Народниот правобранител писмено, за секој од случаите бараше произнесување од органот и укажуваше на обврската за постапување по поднесените барања, со почитување на утврдените рокови во законот.

Во повеќето претставки од оваа област, поднесени спрема локалната самоуправа, наведено е непостапување на инспекциските органи на општините. Од доставените одговори на органите и установите, во поголем дел не е установена повреда на правата на подносителите на претставките. Неколку претставки се запрени, поради тоа што подносителите на претставките веќе го оствариле своето право. Две претставки се завршени успешно, а за една претставка поднесена против Испитниот сообраќаен центар во Битола и покрај констатираните неправилности и дадено укажување, МВР не постапи по истото, поради што постапувањето кај Народниот правобранител е завршено по преземање на сите дејствија, а подносителката е советувана во судска постапка да бара надомест на штета поради повреда на правото.

Во дел од претставките, Народниот правобранител не покрена постапка, поради анонимност и поради тоа што, од самите наводи во претставката беше видно дека нема повреда на право, или пак, не е во надлежност на Народниот правобранител да постапува.

Во областа **урбанизам, градба и домување** претставките се однесуваат за повеќе локални самоуправи: Општина Битола, Општина Прилеп, Општина Крушево,Општина Охрид,Општина Демир Хисар и Општина Ресен. Граѓаните бараа заштита на правата поради непостапувањето на општините по барањата на граѓаните или поради незадоволство од работата на градежниот инспекторат во општините, како и поради нереализирање на административно присилно извршување - отстранување на градби за кои е донесено решение за отстранување.

Во одговорите на повеќето од општините, кои се однесуваат на причините поради кои не е извршено административно отстранување на објекти за кои пред повеќе години е донесено решение за отстранување, како причина е наведено тоа што општините немаат овластено правни лица кои би ги отстраниле објектите за кои е донесено решение за отстранување. Во овој контекст, постапувајќи по претставка, од страна на Општина Охрид, според доставеното известување на Градежниот инспекторат до Народниот правобранител, за период од 2006 година до 2024 година, евидентирани се 869 нелегални градби, од втора категорија, кои чекаат за извршување. Приоритет се дава на објекти кои се наоѓаат на крајбрежниот појас - Охридско Езеро, нелегални градби изградени на државно земјиште. Согласно одговорот, во конкретниот предмет каде што подносителката

има поднесено барање да се руши бесправно изграден објект од страна на нејзин сосед, истата треба да чека, прво треба да се избере овластено лице за рушење на дивоградбите, а потоа да се рушат приоритетни објекти, за да дојде на ред рушење на објектот на соседот, кој со бесправна градба го повредува нејзиното право на слободно располагање со сопственоста, затоа што овој објект за Општината не бил приоритетен.

Во врска со претставките за правото на домување, најголем дел се однесуваат на работата на Комисијата за станбени прашања и иселеништво при Владата на РСМ, поради одолжување на постапките по поднесени барања за доделување на државен стан во закуп. Во постапувањата спрема надлежната Владина комисија, уредно и навремено се доставени барања, но одговори беа доставувани по упатени ургенции, при што истите често беа нецелосни, без да се наведат дејствијата кои ги има преземено Комисијата и дејствијата кои треба да ги преземе по поднесените барања на граѓаните за доделување на државен стан во закуп. Во една претставка поради молчење на Комисијата и за игнорантскиот однос кон дописите на Народниот правобранител, ја информиравме Владата, по што од страна на Генералниот секретаријат пратен е допис до Комисијата, со барање веднаш да се постапи по барањето на Народниот правобранител. Во другите претставки од оваа област кои се однесуваа за барања во надлежност на АД за стопанисување со станбен и деловен простор од важност за Републиката, навремено и целосно е одговорено.

Во областа **имотно-правни односи**, поднесените претставки во поголем дел се поради одолжување на постапките за денационализација од страна на Комисијата за денационализација за општините Битола, Прилеп, Крушево, Македонски Брод, Охрид, Струга и Ресен со седиште во Општина Битола. Народниот правобранител се обраќаше со барања, ургенции и повторни ургенции, но состојбата остана непроменета. Имено, Комисијата до Народниот правобранител благовремено не ги доставуваше бараните информации, ниту доставуваше барања за пролонгирање на рокот заради објективна спреченост за постапување во истиот, а кога конечно ќе се доставеа одговорите истите често беа недоволни со податоци и содржеа само информација дека Комисијата е во фаза на собирање на докази од ресорните органи. Во две претставки дадени се укажувања од кои по едно од нив е постапено и даден е реален тек на постапката, а по другото не е доставен одговор од Комисијата за текот на постапувањето.

Инаку, и оваа година продолжи неоправданото одолжување на постапките по предметите за денационализација и повреда на правата на граѓаните, кои со децении не можат да го вратат имотот или да добијат надомест за имот одземен во корист на државата. Покрај ова, поднесени се претставки поради одолжување на постапките за приватизација на градежно неизградено земјиште.Според доставените одговори од Управата за имотно -правни работи, одолжувањето на овие постапки е поради немањето на доволен број вработени. Имено, од одговорите, а во врска со поплаките на граѓаните поврзани со приватизација на градежното земјиште, констатација е дека бројот на вработени во подрачните одделенија на Управата за имотно-правни работи и натаму е недоволен.

Во оваа област е поднесена претставка за одолжување на постапката за легализација на бесправно изградени објекти во Општина Демир Хисар. Во оваа постапка, Општина Демир Хисар со решение ја запре постапката за легализација, од причина што Општината не располагала со стручен кадар од областа на архитектурата и урбанизмот, односно не располага со стручно лице кое би ја изготвило и потпишало урбанистичката согласност со која се утврдува дали се исполнети законските предуслови за вклопување на бесправниот објект во урбанистичкото-планската документација, и следствено на тоа не може да издаде управен акт.

Народниот правобранител ги зема предвид податоците од Ревизорскиот извештај на внатрешниот ревизор за извршена ревизија на регуларноста во процесот на легализација на бесправно изградените објекти во Општина Демир Хисар од 2024 година. Во овој Ревизорскиот извештај се констатирани неправилности во текот на овој процес, а најповеќе во делот на непочитувањето на законските рокови предвидени со Законот за постапување со бесправно изградени објекти. Една од забелешките на ревизорската контрола е

недоволната екипираност на Одделението за урбанизам, поради што не може да одговори на големиот број на барања за легализација на бесправните објекти. Потврдено е дека со Општина Могила имало склучен Договор од февруари 2024 година за воспоставување на меѓуопштинска соработка, со кој е предвидено дипломиран инжинер-архитект од Општина Могила во име и за сметка на Општина Демир Хисар да врши работи од областа на урбанистичко планирање, водење постапки за издавање на одобренија за градби и други работи во надлежност на Одделението за урбанизам. Меѓутоа, и покрај склучениот Договор за меѓуопштинска соработка со Општина Могила, ова лице не било овластено да ги презема работните задачи поврзани со утврдувањето на правен статус на бесправно изградените објекти.

Според Народниот правобранител, со одолжувањето на постапките за легализација на бесправни објекти настанати, поради тоа што Општина Демир Хисар подолг период нема овластено лице за работа на постапки за утврдување на правен статус на бесправните објекти во Општината, се врши повреда на уставно гарантираното право на сопственост на граѓаните, затоа што со ваквото одолжување на овие постапки, граѓаните не се во можност да ја запишат својата сопственост во јавните книги и со тоа да можат слободно и неприкосновено да располагат со сопственоста. Следствено, Народниот правобранител до Градоначалникот достави Укажување за повредата на сопственичкото право како на подносителот на претставката, така и на сите други граѓани на Општина Демир Хисар кои имаат покренато постапки за утврдување на правен статус на бесправен објект, а кои се прекинати, поради тоа што Општина Демир Хисар не е кадровски екипирана за реализација на овие постапки. На доставеното Укажување и Ургенција, Градоначалникот на Општина Демир Хисар повратно не одговори до крајот на извештајната година.

Претставките евидентирани во областа **потрошувачки права** во најголем дел се однесуваа на работата на ЕВН АД Скопје, а најчесто по основ корекција на фактура, испитување на состојба со заостанат долг, промена на тарифен модел, дислокација на електричен столб, чести прекини во снабдувањето со електрична енергија. За секоја од претставките Народниот правобранител се обраќаше до органот заради добивање на потребните објаснување и информации, а одговорите беа целосни и во рамките на дадениот рок. Во две претставки, ЕВН постапи по барањето на Народниот правобранител за дислокација на електричен столб и извршена е промена на тарифен модел.

Другите претставки од оваа област се однесуваа спрема Општина Битола, Општина Долнени, ЈП Паркинзи-Битола, ЈП Комуналец-Кавадарци и ЈП Комуналец – Битола, а во врска со испорака на вода и други комунални услуги, корекција на фактура и заостанат долг. Постапувајќи по предмет во кој се бараше дислокација на канализациска мрежа од имотот на подносителот на претставката, со цел заштита на правото на мирно владение на својата сопственост, Народниот правобранител побара од органот да се провери можноста за дислокација на канализациската мрежа, по што органот постапи по барањето и изнајде можност за дислокација на канализациската мрежа надвор од имотот на подносителот на претставката.

Инаку, и оваа извештајна година, ЕВН и некои комунални претпријатија во општините се обидуваа да наплатуваат застарени и неутужени побарувања, при што оние граѓани кои се обратија со претставка, Народниот правобранител успеа да ги заштити од ваквo постапување.

Во оваа област, Народниот правобранител покрена постапка по сопствена иницијатива, по добиени сознанија од граѓани на Општина Крушево и ЈПКД Комуна Крушево за енормно зголемување на износот на данокот на имот и заради нови ставки во сметките за комунални услуги и тоа: надоместок за одржување на водомери до ¾ во фиксен износ од 102,20 денари од сметка и ставка-манипулативни трошоци за физички лица во фиксен износ од 11,20 денари од сметка. Имено, ставката „надоместок за одржување на водомери до ¾", предвидена во сметките за комунални услиги, е неоснована и доведува до неосновано и незаконско зголемување на цените на извршените услуги, кој надоместок не опфаќа оштетување на водомерот од замрзнување, стопување и механичко оштетување.

Ваквите оштетувања на водомерите и отстранувањето на истите и до сега беа на трошок на корисникот на услугата, па, согласно тоа не е јасно што конкретно со овој вметнат надоместок се одржува кај водомерите.

Според објаснувањето доставено од директорот на ЈП, таа ставка всушност се однесувала „во случај да се расипел водомерот, кој се менувал со нов, на товар на ЈП „Комуна". Според директорот, ваквиот надоместок има основ во член 3 од договорите за користење на комунални услуги, склучени со жителите на Општина Крушево.

Народниот правобранител утврди дека ова објаснување не е во согласност со член 24 од Законот за комунални дејности, според кој цената се определува со мерни единици, а не во фиксен износ, а во врска со член 14 став 1 и 2 од истиот закон, кој пак, не предвидува комунална услуга „надоместок за одржување на водомери до 3/4". Дополнително, неоснованоста на оваа ставка произлегува и од фактот што граѓаните како потрошувачи не беа консултирани за предметниот надоместок преку законските облици на непосредно изјаснување. Оваа ставка не е во согласност ниту со Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, ниту со Законот за заштита на потрошувачите, ниту со Законот за јавните претпријатија и како таква е правно неиздржана и на штета на граѓаните, што предизвикува повисоки сметки и неоснован приход во буџетот на јавното претпријатие. Оваа ставка не е во согласност ниту со член 3 од Договорите за користење на комунални услуги кои ЈПКД Комуна ги склучила со жителите на Општина Крушево.

Тргнувајќи од важечките законски решенија, одржувањето на водоснабдителниот и канализацискиот систем (кој го имаат предвидено во член 3 од договорите кои ги склучиле со граѓаните) е регулирано со Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, каде точно е определена надлежноста и на давателот на услугата и на корисникот. Имено, корисникот на услугата има надлежност и обврска да се грижи само за водоводната мрежа од главниот водомер на водоводната шахта, во што спаѓа и водомерот, и тоа на свој трошок, што значи дека повикувањето на член 3 од договорите склучени со граѓаните не се однесува на ставката „надоместок за одржување на водомерите до ¾". Дополнително, ваквата законска поставеност на надлежноста на давателот на услугата и корисникот на услугата во делот на одржувањето, ја прават правно непоткрепена и беспредметна одредбата од член 3 од Договорите за користење на комуналните услуги, од причина што одржувањето на водоснабдителниот и канализацискиот систем е предвидено во сметките и тоа во цената за користење на тие услуги е и надоместокот за приклучок кон водоснабдителниот и канализацискиот систем.

За наведеното, Народниот правобранител до Јавното претпријатие достави допис со препорака во договорите за користење на комуналните услуги да се избрише член 3, затоа што истиот е беспредметен и нецелисходен, од причина што надоместокот за одржување на водоснабдителниот и канализацискиот систем е веќе пресметан во цената за овие комунални услуги, како што погоре е наведено во цитираните законски одредби. Во функција на беспредметното вметнување на член 3 во договорите, ја прави беспредметна и неоснована во сметките за комунални услуги ставката „надоместок за одржување на водомери до 3/4", затоа што исправноста на водомерите е во надлежност на корисниците.

Во однос пак, на ставката „манипулативени трошоци за физички лица", од увидот во доставените докази, Народниот правобранител констатира дека истата не е предвидена ниту во договорите за користење на комунални услуги, ниту во Ценовниците на услугите на ЈП „Комуна" Крушево бр.02-77/4 од 30.03.2025 година и број 02-236/8 од 26.12.2024 година, за кои е дадена согласност од Советот на Општина Крушево. Ваквата состојба ја прави целосно правно неоснована наплатата на ставката „манипулативни трошоци за физички лица" предвидена единствено во сметките за комунални услуги.

Граѓаните корисници на комунални услуги имаат право да бидат информирани зошто и по кој основ се должни во секоја сметка да плаќаат одреден износ на ставка „манипулативни трошоци" кога тоа не е јавна давачка, ниту е предвидена во ниту еден правен документ (закони, договори, ценовници, заклучоци за согласност на ценовник на услугите и сл.). Јавното претпријатие нема право да донесува одлуки со кои на граѓаните

им се наметнуваат разни давачки и на тој начин се оштетуваат. Иако навидум износите се мали, кога ќе се пресмета колку корисници плаќаат, на годишно ниво, тој износ излегува дека е многу голем и дека е тоа во полза исклучиво на јавното претпријатие, а на штета на граѓаните, што не е во согласност со Уставот и со законите. Граѓаните, во локалната заедница каде што живеат, имаат право и обврска да користат, но и плаќаат само и само комунални услуги кои ги добиваат, пресметани во износи определени согласно законите.

Со оглед на тоа што од страна на ЈП до Народниот правобранител не е дадено основано образложение за наплатата на манипулативните трошоци предвидени во фиксен износ во сметките (освен дека манипулативните трошоци почнале да се наплатуваат кога почнаа сметките да се изработуваат компјутерски), Народниот правобранител смета дека оваа ставка е неоснована затоа што, согласно Законот за снабдување со вода и одведување на урбани отпадни води, Законот за јавна чистота, Законот за комунални дејности, Законот за комунални такси, врз основа на кои се формираат цените за користење на комуналните услуги (снабување и користење на вода, испуштање на урбани води, одведување на смет, одржување на гробишта и јавна чистота и др.) и во нив е вкалкулиран и манипулативниот трошок за покривање на стварните трошоци на ЈП, настанати со компјутерската обработка на сметките.

Според Народниот правобранител, манипулативните трошоци не се јавна давачка и единствено можат да бидат предвидени во договорите, доколку се во согласност со Законот за облигациони односи. Во недостаток на доволно информации, Народниот правобранител препорача во делот на основаноста на наплатата на манипулативните трошоци, Управниот одбор на ЈП да ја ревидира цената на комуналните услуги, со цел да утврди дали во цената на дадените комунални услиги се вметнати манипулативните трошоците за изработка на сметките, со тоа што доколку е тоа така, ЈП не смее да наплаќа манипулативни трошоци и како ставка треба да ја избрише од сметките, затоа што доведува до двојна наплата, зголемување на сметките и неоснован приход само за јавното претпријатие.

Во областа **полициски овластувања,** најголем дел од поднесените претставки се под-несени против МВР-Сектор за внатрешни работи Битола со основ невраќање на одземени предмети, ограничување на правото на слободно движење, неоснован претрес на лица, превозни средства и багаж, непреземање мерки по кривична пријава, непрофесионално и незаконско полициско однесување, неосновано задржување на граничен премин на малолетно лице, непреземање на мерки за заштита на имотот и животот на граѓаните и неосновано приведување во Полициска станица. Во областа работни односи поднесените претставки се однесуваа на постапки за вработување во јавна администрација, кај приватни субјекти, постапки за права од работен однос во јавна администрација, дисциплинска постапка спрема вработен, постапка за унапредување на вработен во МВР и трансформација на работен однос. Во поголем дел од претставките не е покрената постапка, затоа што во тек била судска постапка, поради ненадлежност на Народниот правобранител или поради повлечени претставки.

Додека во областа **граѓански состојби**, во поголем дел поднесените претставки се однесуваат на одолжувањето на постапките за стекнување со државјанство, кои според подносителите траат повеќе години. Одолжувањето на овие постапки најповеќе е поради Агенцијата за национална безбедност која навремено, во законскиот рок од 6 месеци не дава мислење за барателот на државјанството и кај нив овие постапки траат со години. Од наша страна, за овие предмети се доставени укажувања кои беа прифатени од МВР и постапките беа завршени. Дел од претставките во оваа област се однесуваа на Управата за водење на матични книги-Одделение Битола заради одолжување во постапките од нивна надлежност (издавање на изводи, термини за склучување на брак и сл.),но, не се констатирани повреди.

Во областа **финансии и царина** преземени се дејствија кон УЈП РД Битола во врска со претставки од граѓани за наплата на даночен долг. По една претставка, е доставено Укажување до УЈП Скопје, поради неможноста на УЈП да спроведе правосилна судска одлука, во делот на исплата на придонеси за ПИО за стаж со зголемено траење, на група

вработени здравствени работници, поради несоодветна компјутерска програма која не дава поддршка за вакви трансакции. Со оглед на тоа што нефункционирањето на компјутерската програма на УЈП доведе до повреда на правата, во даденото Укажување го објаснивме начинот на кој може да се изврши трансакцијата на средствата од УЈП до Фондот за ПИО. Имено, со посредување на Народниот правобранител помеѓу УЈП, извршителот и работодавачот, со склучување на договор за отстапување на побарување (цесија), извршителот изврши уплата на средствата од неговата сметка на сметката на УЈП. Помеѓу органите била договорена динамиката на уплатите, но најважно е што подносителите на претставката ќе можат да го евидентираат бенифицираниот стаж во Фондот за ПИО. Даденото укажување беше прифатено и постапено по дадените насоки.

Покрај ова, беа поднесена претставки  во кои беше побарано УЈП да врши задршка на 1/3 од платата на должниците, врз кои УЈП стави целосна забрана заради наплата на даночен долг. Во интервенцијата, до УЈП РД Битола е сугерирарно да се разгледа можноста за задршка на 1/3 од платата на подносителката, како мајка на две малолетни деца,  согласно член 6 од  Законот за даночна постапка, според кој личните примања по основ на работа не можат да бидат предмет на присилна наплата во целосен износ. Законодавецот при определувањето на висината од платата која може да биде предмет на присилна наплата го имал предвид и социјалниот аспект кој опфаќа право на секој човек на минимум  парични средства за задоволување на основните  животни потреби. Од страна на УЈП, беше прифатена дадената Сугестија, при што донесено е решение за задршка на 1/3 од платата наместо целосна забрана. И во другите претставки, со истиот основ, беа доставувани Укажувања кои УЈП ги прифаќаше и постапуваше со симнување на забраната врз сметките на должниците, освен задршка на 1/3 од личните примања. Во другите претставки не се констатирани повреди на правата на подносителите.

Подрачната канцеларија на Народниот правобранител Битола во соработка со канцеларијата во Скопје, во врска со посебната надлежност - да дејствува како Пријател на судот (amicus curiae), пред Основен суд Битола мониторираше тек на кривична постапка и согласно надлежностите, како Пријател на судот, на барање на граѓанинот присуствуваше на судските претреси. Во овој предмет, кон крајот на 2025 година е донесена првостепена пресуда, но од наша страна до Основен суд Битола е доставено писмено барање за доставување на информации за текот на целиот судски процес, кој датира од 2017 година, со цел да добиеме целосен преглед за вкупниот број на судски претреси, промена на судии, одлагање на истите и други податоци, а заради утврдување на причините поради кои овој предмет се одолжуваше. Постапувањето по овој предмет продолжува. Исто така, Подрачната канцеларија на Народниот правобранител во Битола во областа казнено-поправни установи преземаше дејствија по поднесени претставки од осудени лица кои казната затвор ја издржуваат во КПУ Затвор Битола, и КПД Прилеп, а се однесуваа  на лоши услови во самица, неосновано задржување во самица, непружана соодветна здравствена заштита, лош третман од затворските службеници. Во најголем дел од претставките не е констатирана повреда на подносителите на претставката, освен во една претставка каде е дадено Укажување во делот на доставување и прием на решенијата за изречени дисциплински казни на осудените лица во КПУ Затвор Битола. При доставувањето на овие решенија осудениците по налог на затворските службеници беа обврзани да напишат своерачно дали ќе се жалат на решенијата иако решенијата имаа правна поука и рок за поднесување на жалба. Во тој контекст, беше извршен разговор и увид во претходно донесени  решенија за изречени дисциплински казни спрема осудениците во Службата за ресоцијализација на КПУ Затвор Битола.  Добиено е објаснување дека вакviот начин на достава е пракса во работењето на установата од поодамна и била со цел установата да има увид дали лицето ќе се жали на одлуката, што беше потврдено со доставување на увид на претходни одлуки со право на жалба и кај други осудени лица, кои ги имаа ставено истите забелешки. Народниот правобранител укажа дека ваквиот начин на доставување на одлуките со право на жалба, со ставање на забелешка на осудените лица треба веднаш да престане, затоа што самата одлука содржи правна поука во кој рок осуденото лице може да поднесе жалба. Исто така, и во случаите на дисциплинска постапка иако

осуденото лице е запознато со своите права, меѓу кои и правото на жалба на одлуката од дисциплинската постапка, Народниот правобранител смета дека на ваков начин на доставување со забелешка „се жалам", осуденото лице на кое се однесува доставената одлука, се доведува во заблуда дека со ставената забелешка веќе поднесол жалба или очекувал жалбата да ја поднесе установата во негово име, со што се попречува уставно гарантираното право на двостепеност на постапките пред надлежните државни и судски органи. КПУ Затвор Битола извести дека го прифаќа даденото укажување и во иднина при доставата на дисциплинските решенија, осудените лица освен потпис и датум на доставата нема да пишуваат дали се жалат или не на решенијата.

## НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ - ПОДРАЧНА КАНЦЕЛАРИЈА КУМАНОВО

Во Подрачната канцеларија на Народниот правобранител во Куманово, која го покрива североисточниот регион и градовите Куманово, Крива Паланка и Кратово, како и руралните општини Старо Нагоричане, Ранковце и општина Липково, во 2025 година беа поднесени 125 претставки, две повеќе од 2024 година. Во овој извештаен период, Подрачната канце-ларија на Народниот правобранител во Куманово беше посетена од над 500 граѓани кои побараа правен совет или информација за начинот на остварување на определено право.

Најголем број претставки се евидентирани за областа финансии и царина (21), полиција-полициско постапување (15), права на лица во казнено-поправни установи (13), потрошувачки права (13), пензиско и инвалидско осигурување (11), правосудство (11). Потоа, следуваат претставките за областите: граѓански состојби и работни односи (по 9 претставки), социјална сигурност и социјална заштита (6), други права, урбанизам и градежништво (по 4 претставки), имотно-правни односи (3), животна средина (2) и по 1 претставка за детски права, здравствено осигурување и заштита, избирачки права и обвинителство.

**Графикон бр.6**

**125**

поднесени претставки

| |
|---|
| Полициски овластувања - 15 |
| Граѓански состојби - 9 |
| Правосудство - 11 |
| Социјална сигурност и социјална заштита - 6 |
| Работни односи - 9 |
| Здравствено осигурување и заштита - 1 |
| Обвинителство - 1 |
| Пензиско и инвалидско осигурување - 11 |
| Права на децата - 1 |
| Урбанизам и градежништво - 4 |
| Финансии и царина - 21 |
| Имотно-правни односи - 3 |
| Потрошувачки права - 13 |
| Казнено-поправни и воспитно-поправни установи - 13 |
| Животна средина - 2 |
| Избирачки права - 1 |
| Други права - 4 |

Во областа **финансии и царина** поднесени се вкупно 21 претставка, од кои најголемиот дел се однесуваат на постапки пред Управата за јавни приходи, во врска со наплата на персонален данок на личен доход остварен во странство. Потоа, следуваат претставките за присилна наплата на данок на додадена вредност, како и за блокада на трансакциска сметка од страна на УЈП на должници - корисници на социјална парична помош.

Поголем број граѓани побараа правна помош од Народниот правобранител по информацијата, а некои и по добиени известувања од УЈП за наплата на данок на личен доход остварен во странство кој подлежи на оданочувањето со ДЛД, со што се повикуваат да поднесат електронска пресметка за данок на личен доход преку системот е-даночни услуги на УЈП. Граѓаните изразуваа револт поради фактот што даночната обврска се однесува на 2020 година, укажувајќи дека поминаа речиси 5 години, во кој период не добиле никакво известување од УЈП, како и дека данокот на личен доход е платен од

страна на нивните странски работодавачи, но доказите кои тие ги приложиле, УЈП не им ги прифаќа.

Народниот правобранител се обрати до УЈП Даночно одделение – Куманово со барање објаснувања за наводите во претставката,  по кои дописи, иако помина законскиот рок одговор сѐ уште не е доставен, па постапувањето продолжува.

По однос на барањата за присилна наплата на данок на додадена вредност, во еден од случаите беше утврдено дека кон подносителка како даночен гарант, согласно решението за присилна наплата е отпочната постапка за присилна наплата, при што ѝ беше одземен целокупниот паричен износ кој на име плата, го прима на трансакциската сметка во банка. Народниот правобранител достави укажување до УЈП за повреда на законските права на подносителката и побара да бидат преземени дејства за прекинување на предметната постапка за присилна наплата, деблокирање на трансакциската сметка на подносителката, и да и бидат вратени сите неосновано наплатени парични средства, додека присилната наплата на предметниот даночен долг да се врши со доследна примена на одредбите за ограничување - изземање од присилна наплата, нормативно пропишани во членот 130 став 1, точка 10 од Законот за даночната постапка, односно преку забрана на користење на две третини од нето-личните примања по основ на работа, но најмногу до износ од 150 евра во денарска противредност од нето-личните примања по основ на работа, која и ги исплаќа нејзиниот работодавач. И покрај укажувањата, УЈП продолжи со постапката за присилна наплата без да ги уважи укажувањата на Народниот правобранител, односно не постапи по истите.

Според Народниот правобранител, неспорно е дека секој граѓанин на Република Северна Македонија е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон. Впрочем, тоа е предвидено и во членот 33 од Уставот на Република Северна Македонија. Исто така, неспорно е дека Управата за јавни приходи самостојно одлучува кои дејствија и во кој обем ќе се преземаат во постапката, но, сето тоа мора да е согласно Уставот и законите. Оттука, во постапката за присилна наплата што ја спроведува Управата за јавни приходи, мора да се води сметка за одредени ограничувања-изземања, кои нормативно се пропишани во одредбите од член 130 од Законот за даночната постапка.

Претставките на граѓаните евидентирани во областа **полициски овластувања** се однесуваа на одолжување на постапката за издавање на Записник од настан, одземено оружје од страна на полицијата, непрофесионално постапување по пријави за кражби, а во една претставка се бараше правен совет.

Народниот правобранител преземаше дејствија пред Министерството за внатрешни работи, Сектор за внатрешни работи Куманово заради добивање објаснување, информации и докази по предметните пријави од граѓаните, по што повратно беше известен дека се преземени натамошни дејствија, односно за дел од овие пријави до Основното Јавно обвинителство Куманово имаат поднесено кривична пријава.

Исто така, Народниот правобранител се обраќаше до Министерството за внатрешни работи - Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди со барање информации за преземените мерки, по однос на претставки за непрофесионално постапување на полициски службеници од Полициска станица Крива Паланка. Од страна на овој Оддел се доставуваа опширни одговори поткрепени со соодветни докази за преземените дејствија и активности. Па така, за еден од случаите по извршените непосредни проверки, увид во службената документација и извршените разговори, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, ги оцени како „делумно основани" наводите, по што поради потешко кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со закон, колективен договор, правила и прописи на Министерството за внатрешни работи и на договорот за вработување, против еден вработен во СВР Куманово, ОВР Крива Паланка, поднесен е предлог за утврдување на одговорност за кршење на работниот ред и дисциплина до Одделот за дисциплински и судски постапки при МВР.

Од страна на граѓаните корисници на права како **потрошувачи** најмногу се бараше заштита во врска со енергетската услуга – снабдување со електрична енергија, а во помал број за испорака на вода и други комунални услуги. Поплаките на граѓаните во врска со услугите за електрична енергија се во врска со заштита на правото на регулирање на состојбата на заостанатите долгови, и на исклучувањата од електродистрибутивната мрежа. Покрај ова, граѓаните се жалеа и за нереалните фактури за потрошена електрична енергија, корекција на фактури за потрошена електрична енергија, непостапување по барање за повторен приклучок на електричната мрежа, контрола на мерно место, улично осветлување и сл.

Се постапуваше и по претставки во врска со испорака на вода и други комунални услуги како пред ЈП„Водовод" Куманово, така и пред ЈКП „Чист ден"- општина Ранковце, за приклучок на канализационата мрежа. Во овој контекст, во тек е постапка по предмет кој засега поголема група граѓани, а се однесува на наплата на надомест за одведување и прочистување на отпадни води во населеното место Долно Којнаре, Куманово. Имено, куќите во дел од ова населено место се приклучени на канализациската мрежа, но еден дел, не по вина на граѓаните, сé уште не е приклучен на канализациската мрежа, а им се наплатува надомест за одведување и прочистување на отпадни води. Исто така, овие граѓани се подложени и на трошок за ангажирање на цистерна од ЈП „Водовод" Куманово за празнење на септичките јами.

ЈП „Водовод" - Куманово при наплатата на надоместокот за користење на фекална канализација и прочистување на отпадни води се води согласно член 48 од Одлуката за начинот на снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, како и управување, изградба, одржување и користење на јавниот водоснабдителен и канализационен систем на подрачјето на Општина Куманово, донесена од страна на Советот на Општина Куманово, на 22.01.2016 година, согласно која „онаму каде што нема изградено канализационен систем, корисниците плаќаат надоместок за користење на фекална канализација и прочистување на отпадни води бидејќи отпадната вода од септичките јами се испушта во градската канализација и се прочистува во пречистителната станица за отпадни води".

Народниот правобранител констатира повреда на принципот на еднаквост, со оглед дека овие граѓани не се приклучени на уличната канализациона мрежа, не по своја вина, а покрај надоместокот за користење на фекална канализација и прочистување на отпадни води, на ЈП „Водовод" -Куманово, им наплаќа и по 1000,00 денари за цистерна со зафатнина од 5 м$^3$, за празнење на септичките јами. Притоа, ако септичките јами се празнат најмалку 2-3 пати годишно, произлегува дека овие домаќинства имаат дополнителен трошок од 2000,00-3000,00 денари - годишно.

Народниот правобтранител побара од Советот на Општина Куманово да ја преиспита можноста од измена и дополнување на гореспоменатата Одлука, на начин што ќе се предвиди, онаму каде што нема изградено канализациски систем корисниците да плаќаат помал надоместок за користење на фекалната канализација и прочистување на отпадни води од корисниците кои се приклучени на јавниот канализациски систем. Исто така, како алтернативно решение предложи во рамките на законските можности, Советот на Општина Куманово да донесе одлука онаму каде што нема изградено канализациски систем, а корисниците плаќаат надоместок за користење на фекална канализација и прочистување на отпадни води, истите да бидат ослободени од плаќање надоместок за празнење на септичките јами, услуга која ја врши ЈП „Водовод"- Куманово. Постапувањето по овие претставки е во тек.

Претставките од лица кои се наоѓаат во **казнено-поправната установа** Затвор Куманово со Отворено одделение Крива Паланка, се однесуваат на исти состојби како и минатата година, односно во врска со права од здравствена област, користење погодности, преместување, право на движење на свеж воздух и сл. Претставници на канцеларијата на Народниот правобранител, на редовна основа, најмалку еднаш во месецот вршеа посети на Затвор Куманово со Отворено одделение Крива Паланка, и постапуваа по доставените

претставки во посебното сандаче поставено од Народен правобранител. Имено, со осудените лица се вршеше непосреден разговор, и во зависност од проблемот се интервенираше пред надлежната затворска управа, директорот, воспитувачот или заповедникот во затворот. Во дел од претставките на осудените лица им беше даден правен совет во врска со постапка за преместување, добивање третман, здравствени услуги и слично.

Неспорно, прекубројноста на затворската популација е карактеристика за речиси сите казнено-поправни установи, вклучително и за казнено поправната установа Затвор Куманово, каде има и притворско одделение. Покрај ова, сериозен проблем е тоа што нема секојдневно присутен лекар, туку ЈЗУ Здравствен дом Куманово испраќа лекар двапати во неделата, додека медицинско лице е секојдневно присутен во затворот, кој ја дели терапијата на осудените и притворени лица. Стоматолог е присутен еднаш во неделата, што укажува дека проблемот со немањето лекар кој секојдневно ќе се грижи за здравјето на осудените и притворените лица и редовно снабдување со неопходните лекарства, е предизвик кој треба што поскоро да се надмине и реши.

Во областа **правосудство**, граѓаните преку поднесени претставки бараа заштита на правата поради одолжување на постапките по поднесена жалба до апелационите судови во кривични и граѓански постапки или за одолжување на постапки пред управните судови, а најчестите поплаки сепак се однесуваа за постапките кои ги водат пред лицата со јавни овластувања - извршители.

Постапувајќи по поднесени претставки, во корелација со доставените докази од поднесителите, како и од одговорот од Апелациониот суд Скопје, Народниот правобранител констатира неоправдано одолжување на судската постапка, поради што со доставеното Мислење за начинот на отстранување на констатираните повреди, побара да бидат преземени приоритетни дејствија во насока за одлучување по поднесените жалби, како и почитување на принципот за судење во разумен рок. Во овој контекст, Народниот правобранител укажа да се има предвид член 355-а од Законот за парнична постапка, според кој второстепениот суд донесува одлука по жалба најдоцна во рок од три месеци, а во посложените предмети во рок од шест месеци од денот на приемот на предметот во работа, што не беше запазено во конкретните случаи по кои постапуваше Народниот правобранител.

Од страна на Апелациониот суд Скопје доставен е одговор со образложение дека се пречекорува законскиот рок за одлучување по жалба поради недостиг на судии, а зголемен број на предмети.

Во претставките за работата на извршителите, граѓаните укажуваа на неправилности во работата на извршителите, поточно за неправилности во постапките на извршување и се бараше интервенција за блокирани сметки на приматели на право на гарантирана минимална помош, социјална сигурност за старите лица, право на надоместок за помош и нега од друго лице.

По преземените дејствија, во предметите за блокирање на сметки на примател на гарантирана социјална помош или друг социјален надоместок, по интервенција на Народниот правобранител и доставување на Потврда од Центрите за социјална работа, со кои се потврдува дека овие граѓани се примателии на гарантирана минимална помош или друг социјален надоместок, извршителите ги одблокираа паричните средства од социјален трансфер, а доколку истите се веќе одземени ги враќаа на сметката на граѓанинот. Инаку, констатација на Народниот правобранител е дека извршителите во основа постапуваат согласно одредбите од Законот за извршување и во поголем број случаи не сториле неправилности во постапката на извршување.

Во областа **пензиско и инвалидско осигурување** претставките се однесуваат на: утврдување на висината на пензија, остварувањето на правото на семејна и старосна пензија, инвалидска пензија, пресметување на правото на сразмерен дел на пензијата, односно пензија со странски елемент, како и одолжување на постапката по жалба изјавена до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен. Особено изразено е одолжување на постапките за

остварување право на старосна пензија кај предметите чиј основ е остварување право на старосна пензија врз основа на примена на билатерални договори за социјално осигурување кои Република Северна Македонија ги склучила со други држави, а главна причина е што дел од државите не доставуваат податоци навремено до македонскиот орган.

Во повеќето случаи каде што беше констатирана повреда, по интервенција на Народниот правобранител подносителите успеаја да го остварат правото од оваа област.

Во областа **граѓански состојби** се постапуваше по претставки од граѓани за постапките за стекнување на државјанство, постапките за добивање на документи кои ги издава Управата за водење на матични книги или за други права кои се остваруваат пред органите на Министерството за внатрешни работи. Констатација е дека и оваа година како и претходните, најголем проблем за одолжувањето во постапката за остварување на правото на државјанство, претставува недоволното ажурно постапување на Агенцијата за национална безбедност, која согласно Законот за државјанство, дава мислење за безбедносниот ризик на барателот, односно непочитување на законскиот рок од 6 месеци за давање мислење. Следствено, постапките за стекнување на државјанство траат и повеќе од две години, сметајќи од денот на поднесување на барањето за стекнување на државјанство.

Претставките евидентирани во областа **работен однос** се однесуваа на постапката за продолжување на договор за дело, оглас за вработување, а по една претставка се обративме и до Државниот инспекторат за труд за вршење вонреден надзор. Притоа, за претставките кои се однесуваа на исплата на регрес за годишен одмор во помал износ, се бараше утврдување на состојбата преку вонреден инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за труд, исто како и за претставките кои се однесуваа на незадоволство од непродолжување на договорот за дело за ангажман за извршување на работни задачи во јавна установа.

Граѓаните доставуваа претставки за заштита на правата од **социјална сигурност и социјална заштита** и истите, главно се однесуваат на проблеми во остварување на правото на гарантирана минимална помош, остварување на правото на исплата на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, социјална сигурност за стари лица, како и за постапките по поднесена жалба до второстепен орган. Од страна на Народниот правобранител, по претставките се вршеа непосредни увиди во списите во предметите во месно надлежните центри за социјална работа, а се поднесуваа и соодветни интервенции -барања, укажувања и сл. до Министерството за социјална политика, демографија и млади за соодветно одлучување по доставените правни лекови од страна на граѓаните.

Во врска со претставките за правото на помош и нега од друго лице, констатација е дека постапките за остварување на ова право се одолжуваат поради малиот бројот на термини кои се на располагање за преглед пред Стручната лекарска комисија за одлучување по правото на надоместок за помош и нега од друго лице

Од областа **урбанизам и градежништво** се бараше заштита на правата поради одолжување на постапките за рушење, односно отстранување на бесправно изградени објекти, кои не се опфатени со Законот за постапување со бесправно изградените објекти, укажувајќи дека истите им го попречуваат правото на непречено владение или дека им го отежнуваат секојдневниот живот, а локалните власти не преземаат ефикасни и ефективни мерки за нивно отстранување. Најголем предизвик во оваа област е справувањето со објекти кои се градат или се изградени без соодветно одобрение за градба. Иако градежната инспекција излегува на самото место по пријави на граѓани и носи решенија за остранување на градба, но, во случај кога инвеститорот доброволно не ја отстрани градбата, Општината не презема присилно извршување на решенијата, односно ваквите градби не се отстрануваат присилно. Инаку, по скоро сите претставки инспекторатот веќе постапил и донел управни акти со кои се наложува на бесправниот градител да ја отстрани градбата, но истите не се отстранети ниту доброволно, ниту со присилно извршување на решенијата. Оттука, останува препораката за локалните власти професионално, со почитување на законските рокови, да одговараат и постапуваат по барањата и предлозите

на граѓаните.

Во **останатите области** (други права, детски права, избирачки права, обвинителство, здравствена заштита и животна средина) поднесени се реалативно мал број на претставки, вкупно 10 во сите горенаведени области, по кои Народниот правобранител постапуваше согласно надлежностите, со доставување писмена до органите или вршење увид во списите во предметот, во органот на кој се однесува предметната претставка. Дел од претставките се однесуваа на неисплатени субвенции во земјоделството. Генерално гледано, во досегашното работење на Подрачната канцеларија на Народниот правобранител во Куманово, и оваа извештајна година незначителен е бројот на претставки од областа заштита на животната средина иако реалната состојба е сосема различна, имаме преголема загаденост на амбиенталниот воздух, несоодветно депонирање на отпадот со голем број мали диви депонии кои имаат директно негативно влијание врз загадувањето на животната средина во општините од североисточниот регион.

За областите **други права, полициски овластувања, финансии и царина и здравствена заштита** оваа извештајна година поднесени се реалативно мал број на претставки, по кои Народниот правобранител постапуваше согласно надлежностите, со доставување писмена до органите или вршење увид во списите на предметот во органот на кој се однесува предметната претставка, а сé со цел да им помогне на граѓаните да ги остваруваат правата.

## НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ - ПОДРАЧНА КАНЦЕЛАРИЈА ШТИП

Подрачната канцеларија на Народниот правобранител во Штип, која ги покрива градовите Штип, Пробиштип, Кочани, Виница, Свети Николе, Делчево и Македонска Каменица, во оваа извештајна година постапуваше по вкупно 133 претставки или 8 повеќе од 2024 година.

Притоа, најголемиот број од претставките се поднесени од лицата кои се на издржување казна затвор во казнено-поправната установа Штип (41), потрошувачки права (17) и правосудство (16). Потоа, следуваат претставки во областа урбанизам, градба и домување (9), работните односи и социјална сигурност и заштита (по 8 преставки), полициски овластувања (7) и други права (7). Четири претставки се поднесени за пензиско-инвалидско осигурување, имотно-правни односи (3), и по една претставка е евидентирана за граѓански состојби, животна средина, станбена област, финансии и царина и обвинителство.

**Графикон бр.7**

| **133** поднесени претставки | |
|---|---|
| | Полициски овластувања - 7 |
| | Граѓански состојби - 1 |
| | Правосудство - 16 |
| | Обвинителство - 1 |
| | Работни односи - 8 |
| | Пензиско и инвалидско осигурување - 4 |
| | Социјална сигурност и социјална заштита - 8 |
| | Станбена област - 1 |
| | Урбанизам и градежништво - 8 |
| | НП - механизам за граѓанска контрола - 9 |
| | Финансии и царина - 1 |
| | Имотно-правни односи - 3 |
| | Потрошувачки права - 17 |
| | Казнено-поправни и воспитно-поправни установи - 41 |
| | Животна средина - 1 |
| | Други права - 7 |

Претставките евидентирани во областа **казнено-поправни установи** се најбројни. Различен беше основот на изразените поплаки, голем дел, односно околу една третина се однесуваат на незадоволство од укажаната здравствена заштита, како и за постапувањето на затворските служби во поглед на нехумано и нечовечко постапување, за што Подрачната канцеларија во Штип постапуваше во соработка со канцеларијата на Народниот правобранител во Скопје, Посебниот оддел за механизам за граѓанска контрола.

Од предметното работење по претставките во врска со пристапот до здравствените услуги, констатација е дека сите лица кои пријавиле здравствен проблем биле соодветно третирани и по проценка на лекарот се упатени на специјалистички преглед. Сепак, и годинава, тешко достапни останаа психијатриските, кардиолошките, уролошките, стоматолошките прегледи и прегледите кај специјалисти ортопеди, па во неколку случаи, по интервенција на Народниот правобранител дел од осудените лица го остварија правото на секундарна здравствена заштита. Констатација е дека недоволните финансиски и човечки капацитети во установата го оневозможуваат ефикасното и ефективно извршување на

сите обврски, вклучително и организирање на медицински спроводи заради остварување на правото на секундарна здравствена заштита на осудените лица.

Постапувањето по неколку претставки го изнесе на виделина проблемот со нефункционалноста на „скенер вратата“ во КПД Штип, како и несоодветниот простор за чекање за лица/роднини дојдени на посета на осудените лица. Имено, постапувајќи по претставка од лице/роднина дојдено на посета на осудено лице во КПД Штип, затоа што при извршен претрес било побарано од него целосно соблекување за влез во установата, Народниот правобранител дојде до сознание дека „скенер вратата“ на влезот од Установата не работи, па претрес со соблекување на лицата кои се дојдени на посета се вршел на проценка на службените лица. Од страна на Народниот правобранител беше утврдено непочитување на одредбите од законските и подзаконските акти кои ја регулираат постапката за вршење на посета на осудените лица, поради што достави укажување до КПД Штип да се преземат дејствија за поставување функционален скенер на влезот од казнено-поправната установа, и особено укажа за начинот на идно постапување при извршување на претрес на лицата дојдени на посета на осудените лица. По доставеното укажување КПД Штип постапи, односно Народниот правобранител е известен дека веднаш се преземени дејствија за ставање во функција на старата „скенер врата“ со вршење на поправка на истата, а воедно, нé известија дека е започната постапка за јавна набавка на нова „скенер врата“. Покрај ова, КПД Штип го извести Народниот правобранител дека од страна на раководството на установата е издадена писмена наредба до сите вработени лица за начинот на вршење на претрес согласно позитивните законски прописи и подзаконски акти на Установата.

Во друг случај, сопруга на осуденик која дошла на посета, во услови на невреме, силни дождови и ветар, била оставена без засолниште пред вратата на установата, а изрази поплака и на односот на службено лице во установата. Народниот правобранител го имаше предвид просторниот капацитет со кој располага КПД Штип, но не можеше да го занемери фактот дека голем дел од лицата дојдени на посета на осудените лица се и од другите градови, кои во зависност од видот на превозот не можат во потполност да го испланираат времето на доаѓање, па честопати треба да почекаат, често при неповолни временски услови. Во интерес на почитување на човековата личност и достоинство, упати препорака со која побара да се создадат услови за лицата/роднини кои чекаат посета, по што од страна на установата беа преземени мерки, така што се поставија клупи под покриена површина, а за сите вработени службени лица беа одржани обуки за почитување на Етичкиот кодекс на однесување.

На барање на повеќе осудени лица, кои преку претставки изразија незадоволство поради недоволна информираност од управата на затворот за постапки по поднесени правни лекови и несоодветно укажана правна помош, од страна на Народниот правобранител беше доставена препорака до правната служба на установата, со која препорачаваме да се почитува обврската да им се даде информативна помош на осудените лица при составување на правни лекови, и тоа:до кој орган се поднесува, во кој рок и како формално изгледа (задолжителни елементи), можно приложување на образец како пример, услови и пристап за пишување, како и информации по однос на правото на бесплатна правна помош и начинот на поднесување на барање за истото. Народниот правобранител до КПД Штип достави препорака и за постапување со должно внимание и доследно почитување на законската и подзаконска регулатива во однос на упатување/издржување дисциплинска казна - самица. Наведеното, од причина што беше утврдено дека осудено лице започнало со издржување на дисциплинска казна „самица“ пред поведување на дисциплинската постапка и пред донесување на Решение со право на правен лек, а определената казна била со времетраење подолго од законски дозволеното. Надзорот, кој Народниот правобранител за конкретниот случај го побара од Управата за извршување на санкции не беше спроведен, ниту биле преземени мерки за прибавување на дополнителни информации. Според Народниот правобранител ваквиот однос од Управата за извршување на санкциите е целосно неприфатлив и недозволив, особено ако се има предвид дека овој орган треба да ги контролира и санкционира ваквите примери на самоволно и незаконско постапување. За конкретниот случај не се преземени мерки ниту од Министерството за правда, освен

од казнено-поправната установа Штип која одговори дека ја прифаќа препораката и ќе настојува вакви примери да не се повторуваат во иднина.

Нотирани се зачестени реакции од осудените лица за нехумано и нечовечко постапување на припадниците на затворската полиција, со наводи дека за поседување и користење на мобилен телефон добивале „ќотек", кој резултирал со телесни повреди од различен карактер. Овие настани целосно беа испитувани од страна на Подрачната канцеларија, а по претходен договор со Канцеларијата на Народниот правобранител во Скопје, со оглед на надлежноста за дејствување како Национален превентивен механизам. По преземените мерки се констатира дека ваквите настани не се евидентираат, а често не постоеше медицинска документација од преглед на лицето. Народниот правобранител укажа, после секоја пријава за физички напад врз осудено лице (независно од кој субјект произлегува повредата) да се изврши соодветна евиденција на настанот, да биде повикан лекар кој ќе ја документира здравствената состојба на лицето и ќе му се пружи непоходна медицинска помош, во спротивно ваквиот однос се подведува под нехумано и нечовечко постапување и казнување. Исто така, укажа, за осудените лица кои се упатуваат на „самица" да им се обезбедат сите права, вклучително и следење на нивната здравствена состојба преку секојдневна посета од лекар.

На укажувањето на Народниот правобранител за доследно почитување на Правилникот за поблиските услови и начинот на употреба на средствата за присилба од страна на припадниците на затворската полиција во казнено - поправните и воспитно-поправните установи, и за утврдените пропусти во постапувањето спрема одговорните лица да бидат преземени соодветни мерки, од страна на установата е одговорено со преземање мерки за спроведување на обуки за припадниците на затворската полиција. Во еден случај на физички напад од страна на службено лице врз осудено лице, кое се здобило со скршено ребро, од страна на Народниот правобранител беше доставено Барање до надлежен јавен обвинител за покренување на постапка заради утврдување на казнена одговорност против службено, односно одговорно лице за сторено кривично дело „Малтретирање во вршење на службата".

Во областа **потрошувачки права** граѓаните изразуваа незадоволство од работењето на комуналните претпријатија ЈП „ИСАР" Штип, ЈКП „Комуналец" Свети Николе, ЈПКД „Брегалница" Делчево и ЈП „Солидарност" Виница, главно за непостапување по пријавен дефект, приклучување на нов корисник и исплата на долгот на рати. По испитување на наводите во претставките главно беше утврдено постапување на комуналните претпријатија во согласност со соодветната правна регулатива, а во еден случај беше утврдена повреда на право на граѓанин од страна на комуналното препријатие во Делчево, со необезбедување на приклучок на неговиот објект на градската канализација. Во оваа насока, беше укажано на законската должност да го приклучи предметниот градежен објект на комуналната инфраструктура, на што подносителот стекнал право на приклучок со утврдување на правен статус на бесправен објект уште од 2012 година. Иако комуналното препријатие позитивно одговори на укажувањето, до завршување на реконструкција на фекалната канализациска мрежа во тој реон, која е во тек, сѐ уште не е реализиран предметниот приклучок.

По реакција на граѓани за ненавремa достава на фактури за електрична енергија, и следствено можна наплата на камата за задоцнето плаќање, Народниот правобранител постапуваше со прибавување на информации и докази од ЕВН Македонија АД Скопје, АД за поштенски услуги Пошта на Северна Македонија во државна сопственост, при што констатира дека ненавременaта достава на фактурите од ЕВН до АД за поштенски сообраќај, а од поштата до корисниците, особено по сознанието дека некои од корисниците се неуки по однос на користење на електронските услуги на ЕВН, но и неупатени дека недоставената сметка треба лично да си ја побараат, може да резултира со задолжување на корисниците со камата поради ненавремено плаќање, што секако е на штета на граѓаните.

Во таа насока, Народниот правобранител достави препорака до ЕВН Македонија АД Скопје за доследно почитување на пропишаното во Правилата за снабдување со електрична

енергија, односно да бидат преземени сите мерки од надлежност, фактурите да бидат доставувани навремено до корисниците, како и препорака до АД за поштенски сообраќај Пошта на Северна Македонија, доследно да ги почитува одредбите од Правилникот за општите услови за обезбедување на универзална услуга, поштенските пратки до корисниците да бидат пренесени најдоцна во рок од три дена од приемот, не сметајќи го денот на пристигнување во одредишната пошта и неработни денови, односно да бидат преземени сите мерки од надлежност, фактурите и другите пратки да бидат доставувани навремено до корисниците. За разлика од АД за поштенски сообраќај, ЕВН Македонија АД Скопје со доставување на формални одговори не изрази особена загриженост по однос утврденото, ниту заинтересираност за какви било промени на ова поле.

Испитување на состојба на заостанат долг, испитување на основаност за исклучување од електродистрибутивна мрежа и низок напон на електрична енергија, беа најчестите основи на поднесените претставки против работењето на ЕВН Македонија АД Скопје. Општа констатација на Народниот правобранител е дека сé уште присутен е проблемот со побарување на заостанати долгови од граѓаните по основ фактури за потрошена електрична енергија за кои им изготвува спогодби за исплата на рати, а поради кои, не ретко, им е исклучувана електричната енергија. Во неколку случаи, по совет на Народниот правобранител граѓаните поднесуваа барања за стекнување со статус ранлив потрошувач, како би можеле повторно да бидат приклучени на електродистрибутивната мрежа и да ги користат мерките согласно Програмата за заштита на ранливи потрошувачи на енергија за 2025 година, но проблемот со понуда на спогодби за плаќање на застарени долгови опстојува.

Граѓани од неколку реони на Штип изразија поплака поради низок напон на електрична енергија која им создава потешкотии при секојдневното функционирање и се изложени на значителни штети со постојано расипување на апарати за домаќинството. Поради целосно игнорантскиот однос на ЕВН Македонија АД Скопје, Општина Штип и Регулаторна комисија за енергетика и водени услуги на РСМ по однос на конкретната проблематика, побарано е Државниот инспекторат за енергетика, рударство и минерални суровини да изврши надзор во квалитетот на електричната енергија која им се обезбедува на овие корисници. Народниот правобранител повратно беше информиран дека надзорот ќе биде спроведен, но поради постоење на само еден државен инспектор истиот е невозможно да го запази предвидениот рок, со што постапувањето по предметот продолжува.

Во областа **правосудство**, иако најбројни беа претставките против работењето на извршителите, незадоволство граѓаните искажаа и од Адвокатската комора на Република Северна Македонија, постапување на адвокати, нотари, незадоволство од донесени судски одлуки, несовесно и неодговорно вршење на работата на судските служби. Граѓаните во претставките во врска со постапката на извршување, најмногу реагираа на застареност на долговите, неажурирање на побаруваните износи по извршени уплати, неосновани блокади на сметки и плаќање на трошоци за деблокирање на истите кај носители на платен промет по налог на извршител, за несразмерност на трошоците на извршување со вредноста на побарувањето, одбивање за достава на акти за преземени дејствија и несоодветност на генералиите на подносителот со лицето наведено во извршната исправа.

Во дел од поднесените претставки кои се однесуваа на работата на извршителите, особено во поглед на наводите на застареност на побарувањата, не беше констатирана повреда на правата на подносителите, односно извршителите навремено преземале дејствија на извршување соодветни на имотната состојба на должниците и со примена на одредбите на Законот за извршување, изготвените акти уредно биле доставувани, и во таа насока беше правилно применета Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите. Во неколку случаи утврдени се повреди во врска со блокирање на трансакциски сметки на подносителите, иако извршителите имале претходни сознанија дека лицата се приматели на надоместоци кои се изземени од извршување, следствено што неосновано се задолжуваат со надоместок за блокада и деблокада на сметка, како и со трошоци на извршување за преземените дејствија на блокада, кои согласно закон на извршителите не им следуваат. Народниот правобранител инсистираше за поврат на

неосновано наплатени парични средства, за коригирање на побарувањата и на трошоците за извршување онаму каде констатираше дека извршителите не постапиле правилно и во изготвените налози не ги земале предвид како извршените уплати од должниците/подносителите, така и известувањата на доверители за делумно повлекување на побарувањата, па откако по укажувањата не беше во целост постапено од страна на определени извршители, за ваквото постапување беа известени и Комората на извршители на РСМ и Министерството за правда. За жал, и двете институции не останаа доследни на своите законски должности и воопшто не беше земено предвид барањето да се изврши надзор над правилна примена на тарифата од страна на посочените извршители, особено за непочитување на членот 149 став 6 од Законот за извршување и преземање на мерки од надлежност на истите.

Постапувајќи пак, по конкретна претставка од мајка на осудено лице, кое до Основниот кривичен суд Скопје доставил барање за издавање потврда од казнена евиденција за осудени лица и по проток на период од 3 месеци потврда не добил, Народниот правобранител откако констатираше постапување на Судот спротивно на одредбите од Судскиот деловник, со цел превенирање на вакви постапувања во иднина, до Основниот кривичен суд Скопје, достави препорака по поединечните барања за издавање потврда од казнена евиденција за осудени лица, да постапува навремено и ефикасно, во разумен рок, по потреба и со примена на електронска комуникација, бидејќи ваквите податоци влијаат на остварување на нивните права во затворските установи. Судот го извести Народниот правобранител дека со особено внимание и загриженост ја примиле препораката, дека се прават напори за професионално и совесно постапување во рамките на реалните можности, но поради недоволен човечки капацитет и финансиски средства, не успевале да одговорат навремено на илјадниците поднесени барања.

Во претставките евидентирани во областа **урбанизам, градба и домување** незадоволството на граѓаните беше упатено кон работата на општинските градежни инспектори поради недоставување на одговори по поднесените барања/иницијативи од нивна страна за вонреден надзор, одолжување на постапките по донесени мерки од страна на општинските градежни инспектори, постапка на донесување на ДУП, доформување на градежно земјиште и непостапување на Државниот градежен инспекторат за вршење на надзор над работата на Општинските градежни инспектори.

Народниот правобранител не утврди дека постои барање за вршење надзор, по кое општинските градежни инспектори не постапиле, и уредно ги известиле подносителите во предвидениот рок, но сé уште перзистира проблемот со непочитување на одредбите од Законот за градење, каде членот 131 став 4 ја пропишува обврската на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам да врши контрола на законитоста во работењето на Општинските градежни инспектори во единиците на локалната самоуправа (кои се надлежни за објекти од втора категорија). Во оваа насока, сите барања за вонреден инспекциски надзор кои ги побара Народниот правобранител од Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам беа препраќани на постапување на Општините. Ваквата пракса во постапувањето на Инспекторатот, беше детектирана и во ситуација кога истиот има сознание дека одредена Општина/Општини (како што се Општина Пробиштип, Општина Чаир и.т.н), подолг временски период воопшто не располагаат со Овластен градежен инспектор, па од страна на градежните инспектори не се направени напори да извршат непосреден увид во постапките, со цел засегнатите граѓани да не трпат штета. Народниот правобранител, поради попречување на работата од страна на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам , со Посебен извештај го информираше Министерството за транспорт. По делегирање на извештајот до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, истиот достави произнесување кое повторно ја потврдува интенцијата да се избегнува неговата законска обврска и зад превезот на цитираните член 21 став 1 и член 50 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа, надлежноста за конкретните случаи ја префрла на овластените градежни инспектори во општините.

Во областа **работни односи,** граѓаните, преку поединечни претставки изнесуваа наводи за неправилности во постапките за вработување, неосновано намалување на фонд

на часови, неправилно пресметување на плата, незадоволство од донесени одлуки за мирување на права и обврски од работен однос поради определени мерки на претпазивост, неуважување на барање за продолжување на работниот однос по навршување на 64 години старост и неуважување од работодавач на Лекарско уверение за општа здравствена способност по добиено задолжение да се изврши периодичен здравствен систематски преглед. Од страна на Народниот правобранител се бараше инспекциски надзор од страна на надлежен просветен инспектор и инспектор за труд и по преземените дејствија, не беа констатирани повреди на права од работен однос во завршените предмети. Постапувајќи по конкретна претставка на граѓанин пред Државниот завод за статистика и Агенцијата за администрација, Народниот правобранител дојде до сознание дека по спроведен оглас за вработување на 14 места/позиции за административни службеници, биле донесени одлуки за вработување за исти кандидати, истовремено за повеќе работни места. По сеопфатна анализа на позитивните законски прописи и побарано мислење од Државниот управен испекторат беше увидено дека не постои пропишана законска постапка, доколку еден кандидат за вработување е избран на повеќе работни места и притоа, се определи за едно конкретно работно место, за ослободените работни места да биде избран наредниот кандидат согласно конечната ранг-листа. На тој начин, ослободените работни места се пополнуваат со распишување на повторен оглас, што непотребно ја оптоварува постапката со барања за нови согласности и пролонгирање на истата. По дел од претставките постапката е во тек, се чека исход од бараните инспекциски надзори од страна на надлежните инспекторати.

Во областа **социјална заштита** Народниот правобранител ги проверуваше наводите на граѓаните по однос на основаност на одлуката за губење статус на невработено лице и неможност за користење на права од социјален карактер, одолжување на постапки по барања за остварување на право на гарантирана минимална помош, престанок на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, како и за неисплата на истиот. Со плод вродија укажувањата на Народниот правобранител за почитување на одредбите од Законот за социјална заштита кои ги определуваат роковите за постапување на посочените субјекти и навремено донесување на одлуки по барањата на граѓаните за остварување на нивни права, како и почитување на начелата на сервисна ориентација, активна помош на странката, но и економичност и ефикасност на постапките пропишани со Законот за општата управна постапка.

Во две претставки со наводи за непостапување на надлежните институции по пријави за семејно насилство, Народниот правобранител констатира повреда на правото на односниве граѓани и упатени беа укажувања до сите надлежни институции кои затаиле во извршување на своите законски должности и по кои главно беа преземани мерки и добиен е позитивен одговор. Постапувајќи по конкретна претставка на подносителка од Пробиштип, Народниот правобранител дојде до сознание дека Министерството за внатрешни работи, СВР Штип, Полициска станица Пробиштип, ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип, и ЈЗУ Здравен дом Пробиштип, постапиле спротивно на одредбите од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство и спротивно на Протоколот за меѓусебна соработка на надлежните субјекти за преземање мерки за превенција, спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, па иако многу пати сторителот бил пријавуван, постапката била процесуирана дури откако подносителката се здобила со физички повреди од страна на нејзиниот сопруг. Слична ситуација со повеќекратно пријавување на семејно насилство беше костатирана и во семејство со нарушени меѓусебни односи во Општина Кочани, кога ниту 15 пријави не биле алармантни за Министерството за внатрешни работи да го извести надлежниот Центар за социјални работи за координирано постапување, правење на проценка на ризик и преземање на соодветни мерки за превенција и заштита на жртвите од семејно насилство. Во оваа насока, Министерството за внатрешни работи ги прифати упатените укажувања, а од страна на здравствената установа веднаш беше пристапено кон едукација на здравствените работници за рана детекција, грижа и помош на жртвите, односно едукација за достапноста на постоечките услуги за третман и поддршка на жените-жртви на родово-базирано насилство и семејното насилство.

Загрижува воспоставената пракса во постапувањето на институциите, особено на надлежните центри за социјални работи кои очигледно не доволно сериозно ги сфаќаат пријавите на жртвите се додека ситуацијата не ескалира до степен на физичко насилство, поради што редовно беше барано од Секторот за инспекциски работи во областа на социјалната заштита и заштитата на децата, да изврши контрола на ваквите незаконски постапувања и да се изречат мерки од надлежност за надминување на констатираните неправилности.

Во областа **полициски овластувања,** граѓаните најмногу незадоволство изразија поради непреземање мерки од страна на полицијата по кривични и други пријави, како и за непреземање на мерки за откривање, гонење и фаќање на сторители на кривични дела. Во овој сегмент, Народниот правобранител констатира основаност на наводите во претставка на граѓанин насочени кон МВР – СВР - ПС Штип, кога беше утврдено дека со пропуштање на преземање на дејствија од надлежност, по пријава на лице за исчезнато, потрагата ја изгубила својата ефикасност и навременост. На иницијатива на Народниот правобранител, по извршен надзор од страна на Одделот за внатрешна контрола криминалистички истраги и професионални стандарди, постапката резултираше со поднесени Предлози за утврдување на дисциплинска одговорност против неколку полициски службеници.

Народниот правобранител утврди постапување спротивно на Уредбата за канцелариско и архивско работење, спротивно на одредбите од Законот за постапување по претставки и предлози и на начелата на економичност и ефикасност на постапката и сервисна ориентација на јавните органи, од страна на МВР, СВР, ПС Штип, што резултирало со значително одолжување на постапување по пријава на граѓанин, па истата патувала 20 дена до ПС Кочани на надлежно постапување, а подносителот добил известување по истекот на законски предвидениот рок. Секторот за внатрешни работи Штип, го прифати укажувањето на Народниот правобранител упатено во превентивна смисла, со цел спречување на идни постапувања на органот спротивни на законските одредби, кои постапките по пријавите на граѓаните непотребно ги одолжуваат.

Во областа **други права** преовладуваа реакции на граѓаните поради недоставување на одговори по нивните барања, од страна на Единиците на локална самоуправа, како и неспроведување на решенија на надлежни инспекторати. Постапувајќи по претставка на група граѓани од  с.Немањици-Свети Николе, Народниот правобранител утврди дека после настанат пожар на 29.07.2024 година, несреќа која резултирала со комплетно уништување на повеќе од 20 куќи, изгорени штали, пчеларници и механизација, од страна на Општина Свети Николе не биле преземени законски мерки од надлежност со формирање на Комисија за проценка на штета и достава на извештај до Комисија при Владата на РСМ што ќе послужи за обештетување на оштетените жители. Народниот правобранител за сето утврдено го извести Министерството за локална самоуправа и со оглед дека пропустот на Општината не смее да доведе оштетените лица да не остварат финансиска поддршка, побара од негова страна сериозно разгледување на предметниот случај, надзор врз законитоста во постапувањето на Општината и изнаоѓање адекватно решение, вклучително и преку доставување на предлог до Владината комисија за проценка и утврдување на штета, притоа да ги земе предвид вештачењата и доказите обезбедени преку Основното јавно обвинителство. Следствено, Министерството за локална самоуправа, се огласи за ненадлежно во конкретниот случај и предметот бил препратен до градоначалникот на Општина Свети Николе. Во крајна инстанца, Народниот правобранител ја извести Владата на Република Северна Македонија со барање согласно надлежностите да иницира спроведување на надзор над законитоста на постапувањето на предметната Општина, односно да го задолжи Министерството за локална самоуправа да постапи согласно своите законски овластувања, за што сѐ уште не е доставен одговор.

Народниот правобранител по трагичниот настан во Општина Кочани на 16.03.2025 година, покрена постапка по сопствена иницијатива, и со цел да се согледаат околностите на случајов, односно дали, кога, како и на каков начин надлежните институции постапувале во врска со проверка на законитоста на работењето на угостителски објект на ул.„Крижевска"

бр.2 Кочани, познат како дискотека „Пулс", побара објаснувања, информации и докази од засегнатите субјекти: Општина Кочани, Државен инпекторат за труд, Дирекција за заштита и спасување, Државен пазарен инспекторат, Министерство за економија и труд, Министерство за внатрешни работи, СВР Штип, Одделение за внатрешни работи Кочани и Министерство за финансии, Управа за јавни приходи, Регионална дирекција Штип. Согласно добиените одговори од гореозначените органи, целокупниот доказен материјал веќе бил одземен и предаден во Основното јавно обвинителство Кочани, како надлежен орган за водење на предистражна и истражна постапка за конкретниот настан, а доставените информации до Народниот правобранител беа недоволни, парцијални и непоткрепени со материјален доказ што оневозможуваше понатамошното објективно постапување и во рамките на постапката.

Предвид фактот што е отпочната судска постапка за конкретниот настан, согласно законските овластувања Народниот правобранител немаше можност за понатамошно постапување. Инаку, во Забелешките доставени до Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот при Собранието на Република Северна Македонија, формирана по однос на настанот, Народниот правобранител препорача: Поддршка на жртвите и семејствата согласно европските стандарди, пред сѐ, добивање на хуман и достоинствен третман-особено од полициските и обвинителските служби и воопшто од сите чинители во рамките на отпочнатата судската постапка; синхронизација на институциите во постапувањата; обезбедување на долгорочна психолошка поддршка преку Центрите за социјална работа; брза исплата на сите форми на финансиска помош; избегнување да бидат изложувани на непотребни јавни изјави и медиумски притисок; право на увид во постапките; истакнување на мислења и приговори, и вложување на правни лекови, како и почитување на законските рокови при нивно одлучување, навремена и ефикасна судска постапка. Исто така, препорача: разгледување на можноста за законски измени кои ќе ја регулираат меѓуинституционалната соработка особено воспоставување на механизам за задолжителна размена на информации помеѓу сите инспекциски служби, протокол за координиран редовен надзор кај објекти со масовна посетеност, задолжителна електронска објава за извршените надзори и инспекциски акти, ангажирање и системско зголемување на бројноста на инспекцискиот кадар на локално ниво со цел обезбедување континуиран и ефективен надзор, и единствен регистар за објекти со висок ризик (голема посетеност).

Од претставките евидентирани во областа **пензиско и инвалидско осигурување,** Народниот правобранител утврди дека сѐ уште е присутен проблемот со ненавременото одлучување по вложен правен лек-жалба, од страна на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен. Во областа **финансии и царина,** иако поединечни, сѐ уште има случаи на двојно задолжување, со достава на решенија за присилна наплата на сопружници за исто домаќинство, кои опфаќаат ист период, за што интервенираше со соодветно укажување, но одговор за преземените мерки не е доставен ниту од ЈРП МРТВ ниту од директорот кој раководи со МРТ. Во областа **животна средина** беше поднесена претставка од само еден граѓанин кој реагираше на непостапување на Комуналниот инспектор и Инспекторот за животна средина во Општина Свети Николе, по поднесени пријави за предизвикување на штета со незаконско истурање на фекален отпад на отворена земјена површина. По обраќањето на Народниот правобранител до надлежните инспекторати, во фазата на прибарување на информации и докази, истите постапија со преземање на мерки од надлежност и санкционирање на сторителите.

## НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ - ПОДРАЧНА КАНЦЕЛАРИЈА СТРУМИЦА

Подрачната канцеларија Струмица постапува во подрачјето на општините Струмица, Радовиш, Берово, Пехчево, Ново Село, Дојран, Гевгелија, Богданци, Валандово, Неготино, како и другите општини и населени места кои гравитираат во тоа подрачје. Согласно законските одредби за заштита на уставните и законски права на граѓаните, во извештајниот период вршеше прием на граѓани и работеше по претставки поднесени лично, по електронски пат и по пошта.

Вкупниот број на претставки примени во 2025 година е 80 или 13 помалку споредбено со 2024 година. Притоа, најголем број претставки се евидентитани во областа правосудство (20), урбанизам, градба и домување (13), потрошувачки права (8), полициски овластувања (7). По шест претставки има за областите пензиско и инвалидско осигурување и имотно-правни односи. Потоа, финансии и царина (5), работни односи и граѓански состојби (по 4 претставки), други права и животна средина (по 2 претставки), и по една претставка е евидентирана во областите казнено-поправни установи, социјална заштита и права на детето.

Инаку, Подрачната канцеларија Струмица вршеше непосреден увид во предмети и имаше непосредни контакти и разговори со службени и одговорни лица во органите и организациите што имаат јавни овластувања како на локално, така и на централно ниво, со цел ефикасно решавање и отстранување на причините кои довеле до повреда на слободите и правата на граѓаните.

**Графикон бр.8**

**80**

поднесени претставки

- Полициски овластувања - 7
- Граѓански состојби - 4
- Правосудство - 20
- Социјална сигурност и социјална заштита - 1
- Работни односи - 4
- Пензиско и инвалидско осигурување - 6
- Урбанизам и градежништво - 12
- Животна средина - 2
- Финансии и царина - 5
- Имотно-правни односи - 6
- Потрошувачки права - 8
- Казнено-поправни и воспитно-поправни установи - 1
- Права на дете - 1
- Станбена област - 1
- Други права - 2

Претставките едвидентирани во областа **правосудство** во најголем број се однесуваа за постапувањето на извршителите како лица со јавни овластувања, а се бараше интервенција од Народниот правобранител по поднесени барања за одблокирање на трансакциски сметки, неправилности во постапка на извршување, изземање од извршување. Граѓаните, исто така, се жалеа на ненавремено информирање за постапката за извршување или пак, како доверители бараа заштита на правата. Неколку претставки беа поднесени со укажување за одолжување на постапката по поднесена жалба до надлежен суд, незадоволство од донесена судска одлука во првостепени граѓански и кривични

постапки, или пак, се бараше правен совет за начинот на остварување на правата пред правосудните органи.

Народниот правобранител по сите претставки преземаше дејствија согласно утврдените надлежности, при што во соработка со извршителите, таму каде што беа исполнети законските услови за изземање од извршување или за деблокирање на сметки, по доставување на потребните докази веднаш се преземаа мерки и подносителите ги остваруваа правата. Во претставките за работата на судовите се постапуваше со почитување на принципите на самостојност и независнот на судската власт, при што обезбедувајќи информации за текот на постапката пред органите, Народниот правобранител не констатираше повреда на принципот на судење во разумен рок. По претставките за незадоволство од донесена судска одлука граѓаните беа советувани за можноста да искористат правен лек пред повисока судска инстанца, со оглед дека Народниот правобранител нема надлежност за мериторно одлучување или пак, да укине, измени или поништи донесена судска одлука.

Во областа **урбанизам, градба и домување** по барање на граѓаните се интервенираше пред надлежни инспекциски органи со барање за надзор, а во врска со бесправно изградени објекти, одолжување на постапка пред локалните власти по поднесено барање за издавање на одобрение за градба. Во неколку случаи и поради запирање на постапки за легализација на бесправно изградени објекти, поради немање на согласност од сосопствениците на земјиштето. Народниот правобранител за претставките во областа вршеше непосредни увиди во соодветните локални самоуправи (Општина Василево, Општина Радовиш, Општина Струмица, Општина Гевгелија), како и службени разговори со раководителите на секторите за урбанизам и комунални работи, укажувајќи на потребата на самото место да се утврди состојбата со определена локација, записнички истото да се нотира  и да се преземат мерки согласно надлежностите. Во претставките поврзани со правото на владеење или наводи за нелегална градба на земјиште, граѓаните беа советувани за можноста со тужба за нарушено владение да побараат поврат на земјиштето, како и да побараат отстранување на бесправно изградената градба од надлежната локална самоуправа.

Постапувајќи по претставка за одржување на станбени згради, Народниот правобранител заради испитување на наводите изнесени во претставката во врска со неисправноста на лифтот во социјална зграда во Струмица, изврши непсореден увид во АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор, и по констатирање на основаноста на наводите и потребата од распишување тендер достави укажување до раководителот за преземање мерки, со цел одржување и сервисирање на лифтовите во конкретниот објект. Со оглед дека распишување тендер и избор на лиценцирана фирма изискува подолг временски период, а со цел станарите да можат да користат функционален лифт, се одлучи да се склучи договорот за одржување и сервисирање на лифтот со цел да се почитуваат законските одредби и да биде запазена безбедноста на станарите кои ќе го користат лифтот во зградата.

Граѓаните како корисници на права и услуги во областа **потрошувачки права** во претставките изнесуваа поплака за високи сметки за потрошена електрична енергија, задолжување со наплата на заостанати комунални долгови за струја и исклучување од мрежата, како и долгови за потрошена вода и собирање на смет. Народниот правобранител во постапувањето по овие претставки, укажуваше ЕВН да врши редовно отчитување на мерните уреди и до граѓаните да доставува фактури со реални износи. Воедно, бараше да им се овозможи на семејствата-корисници кои се во неповолна состојба, заостанатите - утужени долгови да ги платат на повеќе месечни рати. Иако во помал број, сепак имаше и претставки од граѓани во кои наведуваа дека биле принудувани да потпишуваат спогодби за плаќање на застарени долгови за да им се пушти електрична енергија.

Во областа **социјала заштита** се бараше интервенција пред месно надлежните центри за социјална работа или Министерството за социјална политика, демографија и млади, во врска со укинување на паричните надоместоци по основ на гарантирана минимална помош, одолжување на постапката за одлучување по поднесено барање за право од социјална заштита, помош и нега од друго лице, како и за задоцнување со исплата на овие

парични надоместоци. Во областа **пензиско и инвалидско осугурување** се преземаа мерки пред филијалите на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, во врска со неисплаќање на заостанати пензии, делови од пензии, одолжување на постапката за стекнување право на старосна или инвалидска пензија, особено на пензии со странски елемент. Народниот правобранител се обраќаше до Одделението за постапување по пензии со странски елемент и за секој од предметите бараше детално да се испита случајот и документацијата со која располага органот за остварување на конкретното право. Додека кај претставките од областа **имотно-правни односи** е нотирано одолжување на постапките за дооформување-приватизација на градежно земјиште, со често негативно мислење на Државното правобранителство. За повреда на правата од **работен однос**, преку неколку претставки од граѓани се бараше заштита на правото на работа, поради непродолжување на договор за работа склучен на определено време, во основно училиште. Исто така, се бараше совет во врска со неисплата на средства за регрес за годишен одмор (К-15), или поради неплатени придонеси за здравствено осигурување. Покрај до органот, Народниот правобранител бараше објаснување, информации и докази и од надлежните инспекциски органи: Државиот просветен инспекторат и Државниот инспекторат за труд, кои преку надзори ја испитуваа основаноста на наводите и ја утврдуваа фактичката состојба. Само една претставка има евидентирано во областа **животна средина**, во која беа изнесени наводи за проблем со одложување на смет во дворно место наследено од блиски роднини (наследници), кои фрлаат ѓубре во дворот, а физичка делба на дворот немаше направено. Со оглед дека се работеше за спор помеѓу две физички лица, Народниот правобранител нема надлежност да постапува и ја советуваше подносителката за можноста во судска постапка да побара физичка делба, а за негрижата за животната средина да се обрати до надлежен инспектор за животна средина.

По сите претставки каде што имаше основ за постапување, се преземаа дејствија, при што Народниот правобранител во постапувањето бараше поголема ажурност од органите, почитување на законските рокови за одлучување и поефикасно остварување на правата на граѓаните.

## НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ - ПОДРАЧНА КАНЦЕЛАРИЈА ТЕТОВО

Подрачната канцеларија на Народниот правобранител во Тетово постапува по претставки поднесени од граѓани/жители на општините Тетово, Јегуновце, Теарце, Боговиње, Желино, Брвеница, Гостивар, Врапчиште, Маврово и Ростуше.

Во извештајната 2025 година, во Подрачната канцеларија во Тетово примени се 139 претставки или 4 помалку споредбено со 2024 година. Притоа, најголем број претставки се поднесени во областите правосудство (26), работни односи (26), потрошувачки права (21), урбанизам, градба и домување (15) и имотно-правни односи (10). Следуваат претставките во областа социјална заштита и други права (по 9) претставки, обвинителство и финансии и царина (по 5 претставки), казнено-поправни и воспитно-поправни установи (4), граѓански состојби, пензиско и инвалидско осигурување, станбена област и полициски овластувања (по 2 претставки), и една претставка (1) е евидентирана во областа недискриминација и соодветна и правична застапеност.

**Графикон бр.9**

| **139** поднесени претставки | |
|---|---|
| | Полициски овластувања - 2 |
| | Граѓански состојби - 2 |
| | Правосудство - 26 |
| | Обвинителство - 5 |
| | Здравствено осигурување и заштита - 2 |
| | Социјална сигурност и социјална заштита - 9 |
| | Работни односи - 26 |
| | Недискриминација и соодветна и правична застапеност - 1 |
| | Пензиско и инвалидско осигурување - 2 |
| | Урбанизам и градежништво - 13 |
| | Финансии и царина - 5 |
| | Имотно-правни односи - 10 |
| | Потрошувачки права - 21 |
| | Казнено-поправни и воспитно-поправни установи - **4** |
| | Странбена област - 2 |
| | Други права - 9 |

Во областа **правосудство**, во текот на 2025 година, претставките во најголем број се однесуваа на постапки пред Основен суд Тетово, и тоа за првостепени граѓански и кривични постапки. Во таа насока, подносителите бараа информации за одредени судски предмети, односно за текот на постапката, укажувајќи на одолжување на постапката, а поретко за назадоволство од донесени судски одлуки. Исто така, се бараше интервенција за постапки пред Апелационен суд Гостивар, непостапување на Управен суд по донесена одлука по жалба, како и информации за текот на постапката по поднесено барање за ревизија до Врховен суд. Во овие предмети, Народниот правобранител постапуваше согласно законските овластувања, преземајќи дејствија и мерки за заштита од неоправдано одолжување на судските постапки и почитување на принципот за судење во разумен рок, неповредувајќи ги принципите на самостојност и независност на судската власт. Во тој контекст, бараше објаснувања, информации и докази за постапувањето и преземените дејства од страна на соодветниот суд и граѓаните по негова интервенција ги добија бараните информации.

Во однос на претставките во кои граѓаните изнесуваа наводи за несовесно работење на судии, од страна на Народниот правобранител беа информирани за надлежностите на Народниот правобранител и во таа насока беа советувани евентуална, понатамошна заштита на своите права да побараат пред Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Во претставките за работата на извршителите, граѓаните најчесто се поплакуваа поради присилна наплата, односно, затоа што им биле одземени средства од трансакциската сметка стекнати по основ на примања од социјална заштита. По интервенција на Народниот правобранител одземените средства од трансакциската сметка им беа вратени. Мал број претставки се однесуваат на постапки пред обвинителство, и тоа најчесто за постапки по поднесени жалби пред Вишо обвинитество во Гостивар. По интервенција на Народниот правобранител, согласно неговите законски надлежности, граѓаните ги добија бараните информации за текот на постапките по поднесените жалби.

Во областа **работни односи** нотирано е двојно зголемување на бројот на претставки во споредба со 2024 година, што укажува на зголемена свесност кај граѓаните во однос на остварувањето и заштитата на правата од работен однос, но и на препознавање на постоењето на системски слабости во практичната примена на законските одредби. Најголем дел од претставките се однесуваат на повреда на правата во постапките за вработување, особено во постапките за избор на кандидати и трансформација на работен однос од определено на неопределено време, и тоа, пред сè, во општинските основни училишта. Подносителите на претставките укажуваат дека во повеќе случаи биле избрани кандидати кои не ги исполнувале во целост условите и критериумите утврдени во јавните огласи, што ја доведува во прашање законитоста, транспарентноста и еднаквоста во постапките за вработување. Во оваа област, најголемиот број поплаки се за остварување на права од работен однос во јавната администрација, додека останатите предмети се поврзани со нестручно и непрофесионално работење, дисциплински постапки, исплата на плати и други парични надоместоци, како и постапки по жалба. Во пет случаи, Народниот правобранител интервенираше со укажување или препораки за начинот на надминување на констатираните неправилности, од кои два (2) предмета беа решени согласно член 35 став 2, односно Народниот правобранител ги исцрпи сите законски можности, а три (3) предмети беа завршени во корист на граѓаните, со прифаќање на укажувањата на Народниот правобранител, односно со отстранување на утврдените повреди на правата. Инаку, по поднесените претставки, Народниот правобранител до надлежните органи и институции континуирано доставуваше барања за објаснување, информации и докази во врска со наводите во претставките, како и барања за вршење инспекциски надзор, со цел целосно и објективно утврдување на фактичката состојба.

Поголем број претставки се евидентирани и во областа **потрошувачки права** во кои, меѓудругото, граѓаните како корисници на електрична енергија бараа интервенција, а за разлика од минатата извештајна година, помал е бројот на претставки кои се однесуваат на испорака на вода и други комунални услуги. Повторно, во претставките кои се однесуваа за работата на ЕВН, присутен е проблемот со побарување на заостанати долгови по основ на фактури за потрошена електрична енергија, како и барања од граѓани за корекција на фактура.

Постапувајќи по овие претставки, Народниот правобранител бараше да се утврди состојбата на заостанатите долгови, бидејќи граѓаните во претставките се жалеа дека не секогаш добиваат целосни информации за долгот, исто така бараше да се изврши повторна проверка на фактурираниот износ за наплата. По дадените укажувања од Народниот правобранител, на дел од граѓаните им беше овозможено заостанатиот долг да го платат со склучување на спогодба за плаќање на рати и беше доставувана листа за отворените задолженија, со цел граѓаните да имаат увид во побарувањето. Во однос пак, на барањата за корекција на фактурите, ЕВН пристапуваше кон повторна проверка и во зависност од утврдената состојба, вршеше соодветна распределба на киловатчасовите по блоковите што резултира со изготвување на нови коригирани фактури за наплата. Воедно, Народниот правобранител бараше да се почитува обврската за отчитување на

броилата, односно да не се испорачуваат фактури со аконтативен износ за кои граѓаните бараат корекција.

Реализирањето на барањата за повторен приклучок или приклучување на нов корисник, во помал број случаи беа причина за поднесување на претставка. Заедничко за овие случаи е веќе донесено решение за одбивање за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа, па иако граѓаните имаа право на приговор, подносителите во законски предвидениот рок го немаа искористено. Оттука, Народниот правобранител ги советуваше подносителите како незадоволна страна, како да постапат по дадената правна поука заради можно остварување на правото.

Од друга страна пак, граѓанин побара интервенција и поради донесено решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа, бидејќи не се согласува со местото на поставување на приклучокот. Во случајов, Народниот правобранител побара објаснување и евентуално изнаоѓање на решение кои ќе ги задоволи и барањата од подносителот, но по извршените проверки и мерења од страна на ЕВН, е утврдено дека предметниот објект може да се приклучи на дистрибутивна мрежа само под начин и услови кои веќе се презентирани на подносителот.

Во однос на проблемот поврзан со честите прекини во снабдувањето со електрична енергија, Народниот правобранител бараше од ЕВН да се направи контрола и мерење на односното мерно место, а ЕВН во одговорите посочи на планираните прекини со цел подобрување на мрежата и квалитетот со снабдување на електрична енергија, но и на непланираните прекини (испади и дефекти) кои не се предвидливи. Секако, ЕВН секогаш информира дека непланираните прекини се отстрануваат во најбрз можен рок, а воедно граѓаните се повикуваа да поднесат и барања за обештетување, доколку има какви било оштетувања поврзани со прекин на електричната енергија.

Во оваа област, се постапуваше и по претставки во врска со испорака на вода и други комунални услуги, но за разлика од минатата година значително е намален бројот на претставки по овој основ.

Од предметното работење произлегува дека граѓаните од Народниот правобранител бараа интервенција пред ЈКП „Шари" поради утврдување на состојба на заостанат долг. По преземените дејствија, заостанатиот долг граѓаните го подмирија со склучлување на спогодба за плаќање на рати, а во еден случај беше утврдено дека заостанатиот долг се однесува за викенд-куќа на Попова Шапка. Од ЈКП „Шари" е дадено објаснување дека секој сопственик на викенд-куќа е должен да плати месечна такса или годишна сметка доколку е приклучен на водоводна и канализациска мрежа. Оваа година, само еден граѓанин побара интервенција поврзана со комуникациски услуги и тоа за дислокација на дрвен столб. По преземените дејствија се констатира дека столбот бил поставен на државно земјиште (јавна површина), а на подносителот му остана можноста неговата молба да се реализира по платен надомест согласно определен тарифник.

Во областа **урбанизам, градба и домување** се забележува зголемување на бројот на претставки, а поплаките на граѓаните се однесуваа на: измени и дополнување на ДУП Тетово, утврдување на статус на бесправно изградени објекти, одолжување на постапка по барање за откуп на стан и доделување на стан за социјално ранливи категории. Карактеристично е дека и оваа извештајна година не се евидентирани претставки за заштита на правата по основ - отстранување на градба изградена без одобрение за градба. И оваа извештајна година, може да се констатира дека соработката на општините, односно секторите за урбанизам, како и инспекциските органи не е на задоволително ниво, особено со Општина Тетово, што впрочем произлегува и од постапувањето по барањата на Народниот правобранител со доставување на нецелосни и несуштински одговори. Во областа **имотно-правни односи** претставките се однесуваат на надоместокот за експропријација на недвижност и тоа по основ на неисплаќање на надоместокот за експроприрана недвижност на сопственикот на недвижноста. Од содржината на претставките и побараната интервенција, може да се заклучи дека и оваа година граѓаните се соочуваа со исти проблеми, односно одолжување на постапките или добиени несуштински одговори. Заради тоа, Народниот правобранител

преземаше дејствија согласно законските овластувања, па така по упатените барања или дадените укажувања, во голема мера истите беа прифатени од страна на органите спрема кои надлежно се постапуваше. Незначителен број на претставки се однесуваа на запишување на правата во катастарот на недвижностите, денационализација и приватизација на градежно земјиште во државна сопственост, по основ на одолжување на постапката за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост. Додека пак, во областа **социјална сигурност и заштита** беше побарано интервенција за продолжување на правото на надоместок за помош и нега од друго лице, остварување на правото на гарантирана минимална помош, како и остварување на право на социјална сигурност за стари лица. Народниот правобранител, за овие претставки постапуваше пред ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјални работи Тетово и Гостивар, како и пред Министерство за социјална политика, демографија и млади, со цел заштита на уставните и законските права на граѓаните. Граѓаните посочија на проблеми при поднесувањето на барањата, како и на долготрајноста на постапките за одлучување по истите, како и за ненавремено одлучување по жалбите. Интервенциите на Народниот правобранител во најголем дел завршија во корист на граѓаните, а во случаите кога беа донесени одлуки со кои се одбиваа барањата, подносителите беа советувани да го искористат правниот лек жалба до второстепениот орган. Инаку, од извршените разговори со граѓаните кои бараа правен совет, повторно е нотирано незадоволство од односот и работењето на службените лица, потешкотии при комплетирање на бараната документација и слично. Покрај ова, се следеше состојбата со **правата на осудените лица** кои издржуваат казна затвор во КПУ Затвор Тетово, и за таа цел Народниот правобранител вршеше редовни посети, при што извршени се разговори со 15 осудени лица. Незначителен е бројот на доставени претставки во оваа област (4), и видно од содржината на претставките се констатира дека истите се однесуваат на незадоволство од донесена судска одлука, односно за постапките што се водат против нив пред судски органи, барање за помилување и барање за условен отпуст. Инаку, во подобласта здравствена заштита, констатација е дека во установата не е воспоставена 24-часовна здравствена служба, што претставува сериозен системски недостаток. Здравствената заштита во КПУ Затвор Тетово се обезбедува во ограничен обем, при значително намален буџет за лекови и нередовно снабдување со терапија. Дополнително, зголемениот број осудени лица со хронични и психијатриски заболувања, како и постоењето на осудени лица без регулирано здравствено осигурување, сериозно го ограничуваат остварувањето на правото на здравствена заштита на осудените лица. Ресоцијализацијата во 2025 година се спроведуваше во ограничен обем поради изразен недостиг на стручен кадар. Недостасуваат воспитувачи, педагози, социолози и преведувачи, а тековните и најавените пензионирања дополнително го нарушуваат континуитетот на работата во овој сегмент.

Во делот на **други права**, во извештајниот период граѓаните се жалеа на недобивање на одговор, односно непостапување по нивните барања од страна на државната управа, но и јавните претпријатија и установи кои се во надлежност на локалната самоуправа. Постапувајќи по претставките, по проучување на содржината на претставките и приложената документација, во сите случаи беа побарани информации за причините поради кои не се постапува по барањата на граѓаните и, воедно, беше побарано да се исполни обврската и во законски определениот рок да се одговори на поднесените барања, за што и Народниот правобранител да биде соодветно известен. Како и во изминатите години и оваа година граѓаните се обраќаа до Народниот правобранител и за случаи кои се надвор од делокругот на работа на Народниот правобранител, заради што не беше покрена постапка, но и во овие случаи граѓаните преку совет беа посоветувани на каков начин да побараат заштита на своите права.

## НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ - ПОДРАЧНА КАНЦЕЛАРИЈА КИЧЕВО

Во Подрачната канцеларија на Народниот правобранител во Кичево, во извештајната година беа поднесени претставки од граѓани од градови и населени места во рамки на општините Кичево, Струга, Охрид, Дебар, Македонски Брод, Дебарца, Вевчани, Пласница и Центар Жупа.

Вкупниот бројот на претставки примени оваа извештајна година е 140, што е за 8 (осум) помалку во споредба со 2024 година. Притоа, најголем број на претставки се поднесени во областа правосудство (46), урбанизам, градба и домување (16), потрошувачки права (12), полициски овластувања (10) и работни односи (10). Потоа следуваат претставките во областа други права (8), имотно-правни работи (6), пензиско и инвалидско осигурување (6), обвинителство (5), финансии и царина (5), социјална сигурност и заштита (4), КПУ-ВПУ (3), граѓански состојби (2), права на децата (2), избирачки права (2). Додека во областите здравствена заштита, образование и животна средина се евидентирани по 1 (една) претставка.

Канцеларијата на Народниот правобранител во Кичево и во извештајната година продолжи да одржува редовните месечни средби со граѓаните од општина Дебар (секоја последна среда од месецот), со граѓаните на општина Охрид (секој последен четврток од месецот), и со граѓаните на општина Струга и околните Општини (секој последен петок од месецот) .

Подрачната канцеларија Кичево, со цел да биде поблиску до граѓаните, преку Соопштение, испратено електронски, кое го доставува до секоја од Општините, на почетокот на годината, се известуваат граѓаните за можноста лично да се сретнат со заменик-народниот правобранител и со претставници на Народниот правобранител од Подрачната канцеларија во Кичево, да поднесат претставка или пак, да добија бесплатен правен совет за евентуална повреда на нивните права.

**Графикон бр.10**

| **140** поднесени претставки | |
|---|---|
| | Полициски овластувања - **10** |
| | Граѓански состојби - 2 |
| | Детски права - 2 |
| | Правосудство - 46 |
| | Обвинителство - 5 |
| | Социјална сигурност и социјална заштита - 4 |
| | Работни односи - 10 |
| | Станбена област - 1 |
| | Пензиско и инвалидско осигурување - 6 |
| | Здравствено осигурување и заштита - 1 |
| | Образование и наука - 1 |
| | Урбанизам и градежништво - 15 |
| | Животна средина - 1 |
| | Финансии и царина - 5 |
| | Имотно-правни односи - 6 |
| | Потрошувачки права - 12 |
| | Казнено-поправни и воспитно-поправни установи - 3 |
| | Избирачки права - 2 |
| | Други права - 8 |

Најголем дел од претставки се поднесени во областа **правосудство**, а барањата на граѓаните се однесуваа за заштита на нивните права во постапките пред извршителите и тоа: одблокирање на трансакциски сметки, ограничување на извршувањето и за

редослед на извршување, укажуваа и на неправилности во постапката за извршување, ограничување на извршувањето, како и заштита на правата како доверители. Покрај ова, од страна на граѓаните се бараше интервенција од Народниот правобранител за заштита на нивните права во првостепени граѓански постапки, првостепени кривични постапки, поради одолжување на постапките пред Управен суд, а во дел од претставките и за заштита на правото на граѓаните за пристап до ефективни, правични и правни лекови за предмети пред Судскиот совет.

Во постапките кои ги водат пред лицата со јавни овластувања – извршители, се бараше интервенција најчесто поради блокирана сметка, укажувајќи на повреда на правото како приматели на гарантирана минимална помош, социјална сигурност за старите лица, право на надоместок за помош и нега од друго лице, приматели на семејна пензија. Вакво постапување на извршителите е забележано кај приматели на овие парични надоместоци, на кои трансакциските сметки им биле блокирани без претходно да бидат известени дека се води постапка за извршување. Во одредени претставки констатација е дека граѓаните не реагираа по доставениот налог за извршување, туку откако им беа блокирани трансакциските сметки или откако ќе измине рокот за поднесување приговор до надлежниот суд, односно откако средствата ќе им бидат блокирани од страна на банките. Во случаите, во кои, Народниот правобранител по спроведената постапка утврди повреда на правата интервенираше со соодветни укажувања, кои во најголем број случаи се прифатени од извршителите. Воедно, се интервенираше за деблокирање на сметките на граѓаните приматели на определени надоместоци од социјална заштита, а за што граѓаните доставуваа Потврда од Центрите за социјална работа дека се приматели на определени парични надоместоци. Од страна на извршителите се одблокираа паричните средства од социјален трансфер.

Мал број претставки се поднесени за работата на судската власт, при што граѓаните од Народниот правобранител најчесто бараа интервенција за добивање на информации во врска со конкретни предмети во првостепени граѓански постапки и првостепени кривични постапки, а во помал број и за постапки во втор степен и пред Виш управен суд. И овој извештаен период граѓаните поднесуваа претставки во кои изразуваа незадоволство од донесени одлуки во завршени судски постапки и бараа да се изврши промена на судска одлука, по кои Народниот правобранител ги советуваше подносителите за искористување на соодветен правен лек пред повисока судска инстанца, како и заштита на нивните права да побараат пред Судскиот совет на Република Северна Македонија, како орган кој е надлежен за утврдување на нестручно и несовесно работење на судиите.

Во овој контекст, мал број претставки се однесуваат на обвинителствата, во кои граѓаните бараа интервенција во врска со постапки пред Основното јавно обвинителството – Кичево, Охрид и Гостивар. Од содржината на претставките се утврдува дека на работата на обвинителствата се жалат граѓани, односно лица кои се подносители на кривични пријави, лица против кои се водат постапки, а поплаките се за одолжување на постапката по поднесена кривична пријава. По преземените дејствија и обраќања до наведените обвинителства, од добиените одговори беше утврдено дека се преземаат дејствија, но за истото обвинителите не секогаш ги известуваат странките. Во еден случај, Народниот правобранител утврди дека предистражна постапка е започната во 2022 година и не е завршена со јавнообвинителска одлука, односно постапката е сé уште во тек.

Во областа **урбанизам, градба и домување** претставките на граѓаните се однесуваат на иста проблематика, како и претходните години. Имено, главно се поврзани со барања за заштита на правата поради бесправно изградени објекти, односно градби изградени без соодветно одобрение за градба, како и со постапки за отстранување на објекти изградени без одобрение за градба. И понатаму останува актуелен проблемот со неизвршување на конечните и извршни решенија за отстранување на бесправно изградените објекти. Воедно, се нотира потребата од унапредување на координацијата и меѓуинституционалната соработка помеѓу секторите за урбанизам, инспекциските органи и единиците на локалната самоуправа, особено во општините Кичево, Охрид, Струга, Дебар и Маврово и Ростуше. Овие состојби се констатирани и при постапувањето по барањата доставени до Народниот

правобранител, при што од страна на надлежните инспекциски органи и општинските служби често не се доставуваат одговори ниту по повеќе доставени ургенции, или пак, се доставуваат нецелосни, недоволно прецизни и несуштински одговори, што негативно се одразува врз ефикасноста на постапките и навременото остварување на правата на граѓаните, а со што се попречува натамошното постапување по конкретните претставки

Во областа **потрошувачки права** најголем број од претставките се поднесени за услугата електрична енергија, при што граѓаните бараа испитување на состојба на заостанат долг, контрола на мерно место или пак, се бараше интервенција во врска со улично осветлување. Дел од претставките се однесуваа за фактури за вода и други комунални услуги, или непостапување по пријава за дефект, како и за ПТТ услуги. Имено, значителен број граѓани поднесоа претставки во врска со добиени повисоки сметки за потрошена електрична енергија, наплата на заостанати долгови и исклучување од електродистрибутивната мрежа.Постапувајќи по овие претставки, Народниот правобранител укажуваше на потребата ЕВН редовно и навремено да врши читање на броилата за електрична енергија, со цел фактурите да бидат реални и соодветни на фактичката потрошувачка. Воедно, се интервенираше во насока на забрзување на постапките по барањата на граѓаните за добивање нови приклучоци на електричната мрежа.

Во врска со побарувањата на ЕВН за неплатени долгови за електрична енергија, за кои граѓаните сметаа дека се застарени, Народниот правобранител по преземените мерки, во поголем број од овие претставки утврди дека граѓаните склучиле спогодби за отплата на долгот на рати, а во дополнителен разговор со нив за појаснување на утврдената состојба, беше информиран дека тоа го сториле со цел повторно да им биде вклучена електричната енергија, како и поради страв од дополнителни трошоци и камати. Во однос на претставките заназаконско задолжување од страна на Македонски Телеком и проблемите поврзани со телекомуникациските услуги, граѓаните беа советувани и упатувани да се обратат до Агенцијата за електронски комуникаци(АЕК) како орган кој врши надзор над законитоста на постапување на операторите. Инаку, органите кон кои се обраќаше Народниот правобранител во врска со претставките на граѓаните се: ЕВН Македонија, „Креди Јеес", Општина Македонски Брод, ЈП Охрдиски Комуналец, Македоснки Телеком, ЈП Водовод и канализација – Македонски Брод.

Во областа **полициски овластувања** се постапуваше по десет претставки, кои се однесуваа за работата на полицијата. Притоа, граѓаните изнесуваа наводи за непрофесионално и незаконито полициско однесување при вршење на службена должност, непрофесионално преземање на дејствија од страна на полициски службеници, како и непреземање на мерки по поднесени кривични пријави. По сите претставки е постапувано од страна на Народниот правобранител со соодветно обраќање до МВР, ПС Кичево, ОВККИПС и до СВР Охрид, но не се потврдени наводите за повреда на правата.

И во областа **работни односи** се постапуваше по десет претставки. Истите се однесуваа на наводи од граѓани за нееднаков третман  по јавен оглас за вработување, непостапување по барање за поврат на средства, неправилно раскинување на договор за работа, неправилности во постапките за вработување, избор на кандидат по завршен оглас за вработување, несоодветно однесување на работно место и сл. Народниот правобранител, во врска со овие претставки презеде дејствија за испитување на наводите со писмено обраќање до Општина Струга, ООУ Кузман Јосифовски – Питу, Министерство за одбрана, Државен инспекторат за труг-Кичево, Агенција за администрција, ЈЗУ Здравствен дом Кичево, ЈУ ДГ Олга Мицевска-Кичево, ЈУ ДГ Брешиа-Дебар. Во седум од случаите, Народниот правобранител не констатираше повреда на права од работен однос, а по останатите три предмети постапката е во тек.

Претставките на граѓаните евидентирани во областа **пензиско и инвалидско осигурување,** се однесуваа за утврдувањето на висината на пензијата со странски елемент, како и одолжување на постапката по жалба изјавена до второстепената државна комисија. Во повеќето случаи каде што беше констатирана повреда, по интервенција на Народниот правобранител подносителите успеаја да го остварат правото од оваа област. Одолжување на постапките пред Фондот за пензиско и инвалидско осигурување особено е нотирано

кај предметите за остварување право на старосна пензија врз основа на примена на билатерални договори за социјално осигурување кои Република Македонија ги склучила со други држави. Причина за одолжување на постапката е тоа што некои странски држави ненавремено ги доставуваат податоците до Фондот.

Во врска со наведеното, Народниот правобранител укажуваше Фондот за пензиско и инвалидско осигурување континуирано, со барања и ургенции да се обраќа до надлежните пензиски органи на странските држави со цел без поголемо одолжување да се обезбедат потребните податоци неопходни за постапување по барањата за остварување на правата на граѓаните од пензиското и инвалидското осигурување. Во дел од претставките е утврдено дека Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен кога одлучува по изјавена жалба на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, не се придржува на законскиот рок за донесување решение. Инаку, за заштита на правата на подносителите во оваа област Народниот правобранител интервенираше пред ФПИОМ-РСМ, ФПИОМ-Кичево, ФПИОМ-Струга, ФПИОМ-Охрид, ФПИОМ-Прилеп.

Во областа **финансии и царина** претставки се поднесени поради непостапување по барање за ослободување од РДТ (МФ-УЈП Битола). И оваа година, во неколку случаи е утврдено задолжување со радиодифузна такса, односно двојно задолжување на исто семејство. Неспорно, регистарот за обврзници го води МРТ, а блокирањето на сметките го врши УЈП, а во овој дел Народниот правобранител се соочи со потешкотии за добивање на информации по поднесените претставки. Во областа **имотно-правни односи**, граѓаните се жалеа на непостапување по барање за навремено доставување на одговор, непостапување по решение, непостапување по барање за исправка на правосилно решение или по барање за узурпирано земјиште, неодлучување по жалба, непостапување по барања за легализација. Исто така, укажуваа на проблеми во врска со постапка за излагање - незапишани права, денационализација и одоложување на постапка пред Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, како и непостапување по барање од Управа за имотно-правни работи-Подрачно одделение за првостепена управна постапка Кичево, Охрид и Струга. Народниот правобранител, постапувајќи по поднесените претставки констатираше недоволна соработка помеѓу Управата за имотно-правни работи, Подрачните одделенија за првостепена управна постапка и Државното правобранителство. Исто така, до Народниот правобранител навремено не се доставуваат бараните одговори и информации за предметите од страна на Министерство за финансии - Комисија за одлучување по барања за денационализација за општините Битола, Демир Хисар, Прилеп, Крушево, Македонски Брод, Охрид, Струга и Ресен со седиште во Битола. Од постапувањето по претставките за денационализација, произлегува дека и оваа извештајна година Комисиите за денационализација ја продолжија праксата да не преземаат дејствија за извршување на пресудите на Управниот суд, односно не пристапуваа кон донесување нов акт согласно изнесеното правно сфаќање и дадените укажувања по пресудите. Во врска со поплаките на граѓаните, Народниот правобранител интервенираше пред повеќе органи, меѓу кои: МФ-Управа за финансиска полиција-Скопје, Управа за имотни-правни работи-Охрид, МФ-Комисија за одлучувањеа по барања за денационализација-Битола, Државно правобранителство-Струга и Министерство за транспорт.

Претставките евидентирани во областа **казнено-поправни установи**, се однесуваат на непостапување по барање за лекарска контрола, штрајк во КПУ, здравствена заштита, по кои Народниот правобранител преземаше дејствија пред КПУ-Затвор Битола, КПД-ОВ Струга, а и непосредно, преку извршени увиди и разговор со службени и осудени лица, редовно ја следеше состојбата.

По телефонски добиена информација за започнат штрајк со глад од страна на 13 осудени лица (на 09.05.2025 г.), беше извршен увид во КПУ Струга, и во раговор со осудените лица истите го информираа дека причина за штрајкот е добиеното известување дека во наредните 6 месеци ќе им бидат укинати сите права како викенди, одмор, излез и работно ангажирање во фирма. Во разговор со директорот на установата беше посочено

дека за поединечена одговорност не може да бидат казнувани сите затвореници, укажано е да се почитуваат правата на осудените лица,а за времетраење на штрајкот со глад да се следи здравствената состојба на лицата и да се интервенира по потреба. Дополнително, во разговор со директорот добиени се информации дека службени лица од Секторот за ресоцијализација разговараа со осудените лица и истите го прекинале штрајкот на 12.05.2025 г. Народниот правобранител презеде дејствија и по претставка од близок роднина на осудено лице, во која беа изнесени наводи дека лицето кое издржува казна затвор во КПУ Битола не е однесен на лекарки преглед. По интервенција на Нардониот правобранител овој проблем е надминат.

Во областа **граѓански состојби,** претставките се однесуваа на непостапување по барање за издавање на лични документи, како и за непостапување по барање за државјанство. Констатација од постапувањето по овие претставки е дека Агенцијата не го почитува законскиот рок од 6 месеци за давање мислење, па постапката за стекнување на државјанство трае и повеќе од две години, сметајќи од денот на поднесување на барањето за стекнување државјанство. Во областа **образование и наука**, се постапуваше по претставки кои се однесуваа на поднесено барање за нострификација и еквиваленција на свидетелства и диплома за завршено средно образование, каде подносителката го оствари правото по интервенција на Народниот правобранител. Во областа **други права,** најголем дел од претставките се однесуваа на органи, установи и институции пред кои Народниот правобранител не е надлежен да постапува, за што од страна на Народниот правобранител се даваше правен совет за натамошно постапување.

# ПРИМЕРИ ОД ПРАКТИКАТА

## НП бр. 96/25

Народниот правобранител постапуваше по претставка од лице/роднина дојдено на посета кај осудено лице на КПД Штип, кое во своите наводи се повика на незаконски спроведен претрес на влезот од Установата, извршен со целосно соблекување, без основ, наредба и писмено образложение.

По спроведени дејствија од надлежност, увидена беше праксата во постапувањето на Установата при вршење на посети, кога поради недостиг на функционална скенер врата на влезот од Установата, претрес со соблекување се вршел на проценка на службените лица, при сомнително однесување на посетителите, надворешни дојави, како и од видот на кривичното дело за кое е осудено лицето кое се посетува.

Во конкретниот случај, на подносителката при самиот влез во Установата, од страна на службено лице `и бил извршен претрес со соблекување без наредба од директор, заповедник или командир на смена, без образложени причини кои создале сомнение претресот да се изврши со соблекување, и без истиот соодветно да биде евидентиран согласно правилата на интерните акти.

Народниот правобранител утврди непочитување од страна на КПД Штип на одредбите од Законот за извршување на санкции, Постапка за претрес на лица лишени од слобода и простории, Постапката за реализирање на посета на осудено лице и Правилникот за овластувањата на затворската полиција, начинот на вооружување и вршење на работите на затворската полиција, кои ја регулираат постапката за вршење на посета на осудените лица. Следствено на тоа, Народниот правобранител достави укажување до КПД Штип да се преземат дејствија во насока на поставување функционален скенер на влезот од Казнено поправната установа и доследно да се почитуваат сите предвидени чекори согласно цитираните интерни акти кои ја регулираат предметната проблематика, и во оваа насока претрес со соблекување на посетители да се врши само во исклучителни ситуации, со наредба на претпоставени лица, при сознание за влез на недозволени предмети или основано сомнение, за кои задолжително да постои писмена евиденција со образложение, како на основаноста за ваквиот претрес, така и за сите преземените дејствија, начинот на вршење на претресот, предмети, доколку се пронајдени и преземени мерки.

Казнено поправен дом Штип информира за преземените мерки за ставање во функција на старата „скенер врата“ со вршење на поправка на истата, започната постапка за јавна набавка на нова „скенер врата“ и издадена писмена наредба до сите вработени лица за начинот на вршење на претрес согласно позитивните законски прописи и подзаконски акти на Установата.

## НП бр. 1176/25

М.М.П од Скопје, од Народниот правобренител побара интервенција во врска со повреда на правата при вработување и избор на кандидати за приватна специјализација по интерна медицина во ЈЗУ „Здравствен дом” - Скопје.

Следствено на наводите во претставката и приложените докази во врска со огласот за вработување, како и изборот на кандидат за приватна специјализација, каде се врши избор на кандидат, кој според објавена Ранг - листа има освоено помал број на бодови, а подносителката според освоените бодови е прва на Ранг - листа, Народниот правобранител утврди дека поднела Жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во контекст на што пак, е донесено Решение, со кое истата се уважува, предметната Одлука за избор на кандидатот, донесена од в.д. директорот на ЈЗУ „Здравствен дом” – Скопје, се поништува и постапката се враќа на повторно одлучување.

Констатирајќи дека во случајот станува збор за повреда на уставните и законските права на подносителот на претставката, Народниот правобранител до Здравствен дом - Скопје, даде укажување без какви било дополнителни условувања и изговори да ги отстрани сите недостатоци во постапката, правилно да ја утврди фактичката состојба и да донесе одлука за избор на кандидат, во која пак, ќе ги образложи причините за изборот.

Сепак, од страна на ЈЗУ „Здравстен дом” - Скопје и во повторната постапка, не е избран прво-рангираниот кандидат туку истиот кандидат кој има освоено помал број бодови.

## НП бр. 1659/24

Народниот правобранител покрена постапка по претставка од лицето А.Д.Д.од Скопје, поднесена против Агенција за храна и ветеринарство, а во врска со исплата на плата за работник кој работи со скратено работно време, согласно решение од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, со кое му се утврдува намалена работна способност.

Притоа, врз основа на околностите на случајот, како и приложените и прибраните факти и докази, вклучително и тоа дека од Државниот инспекторат за труд, биле утврдени неправилности во работата на Агенцијата за храна и ветеринарство, за што пак, било донесено и решение за изрекување на инспекциски мерка - Опомена, Народниот правобранител костатираше дека станува збор за повреда на уставните и законските права на подносителот на претставката.

Следствено на тоа, Народниот правобренител до Агенцијата за храна и ветеринарство даде укажување без какви било условувања и изговори да постапи согласно предметното Решение ИП1 број 0907-869 од 01.07.2024 година, на Државниот инспекторат за труд и на вработената да и биде обезбедено правото на исплата на нето-плата во полн износ, вклучувајќи ги и додатоците на плата за посебни услови на работа (работа изложена на висок ризик - 30%) и додаток на плата за кариера, сметано од 03/2024 гдоина, па во иднина, односно се додека не биде донесено ново правосилно решение.

Агенција за храна и ветеринарство наместо да преземе дејства за спроведување на укажувањето, до Народниот правобранител достави одговор од исклучиво формален карактер, односно „дека во своето работење постапува согласно Законот за административните службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за работните односи, системот за плати ХРМИС и други подзаконски акти“.

## НП бр. 126/25

Џ.А. од Скопје, поднесе претставка поради одолжување на постапка за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект, покрената во 2016 година

Народниот правобранител по повод претставката повеќе пати се обрати до Општината Бутел, со барања објаснувања, информации и докази во врска со постапувањето и преземените дејства по конкретниот предмет. Притоа, и покрај дополнително доставените ургенции, од Општината воопшто не беше постапено по предметните барања.

Имајќи ја предвид таквата состојба, Народниот правобранител користејќи ги овластувањата што произлегуваат од содржината на одредбите од член 25 став 1 од Законот за народниот правобранител со посебен извештај, како функционер кој се грижи за извршувањето на работите што со закон се доверени на Општина Бутел, го информира Градоначлникот и побара да преземе мерки за надминување на истата, на начин што веднаш ќе му бидат доставени сите предметни објаснувања, информации и докази во врска со претставката поднесена од Џ.А. од Скопје.

Покрај тоа, а со цел во иднина повторно да не дојде до вакво попречување на работата и оневозмжување на остварувањето на правата и на други подносители на претставки, Народниот правобранител од Градоначалникот побара да им укаже на вработените во Општината Бутел на законската обврска да соработуваат со Народниот правобранител и редовно, целосно и навремено да бидат доставувани сите барани објаснувања, информации и докази.

Меѓутоа за овој, како и за други слични предмети, Народниот правобранител ниту од Градоначалникот на Општина Бутел, не доби известување за преземените мерки согласно содржината на посебниот извештај.

## НП бр. 364/25

Народниот правобранител постапувајќи по претставката поднесена од С.Д. од Скопје, во која бара интервенција во Комисијата за одлучување по барањата за денационализација, со седиште во Општина Кисела Вода, во Министерството за финансии, од нејзината содржина, околностите на случајот, како и приложените факти и докази, констатира дека е основана.

Имено, од Комисијата и по истекот на подолг временски период, во повторна постапка сé уште не е донесена нова одлука согласно изнесеното правно сфаќање и дадени укажувања во правосилната Пресуда У-2. бр. 76/2018 од 04.09.2020 година, на Управниот суд, со која пак, тужбата на односните тужители е уважена и Решението ДН. бр. 26-08-2823/07-3 од 28.12.2017 година, на Комисијата поништено.

Од таквата правна и фактичка состојба на работите, неспорно произлегува заклучокот дека во случајов станува збор за постапување на Комисијата спротивно на нормативно утврдените начела за правилата на управната постапка содржани во одредбите од Законот за денационализација, Законот за општата управна постапка и Законот за управните спорови.

Конкретно, постапката по барањето за денационализација, трае повеќе од 18 години и нејзиното одолжување, меѓу другото, се должи и на неефикасното и неактивно постапување на Комисијата, како и непреземањето дејства согласно изнесеното правно сфаќање и укажувања, односно напатствија, дадени во односната пресуда на Управниот суд. Притоа, дека станува збор за таква состојба, произлегува и од околноста што по предметот, во повторната постапка не е донесена нова одлука иако од денот на донесувањето на напред означената правосилна пресуда на Управниот суд, во меѓувреме се поминати повеќе од 4 години и 6 месеци.

Согласно даденото укажување на Народниот правобранител предметот за денационализација на односниот граѓанин беше решен, односно од Комисијата беше донесено ново решение.

## НП бр. 389/25

Група жители од Општина Чаир, се пожалија поради непостапувањето на надлежните инспекциски служби, по нивни пријави за бесправно изградени помошни монтажни објекти-гаражи на јавна површина, а со што се попречува нормалниот пристап до нивната колективна станбена зграда во која живеат.

Во текот на постапката, Народниот правобранител утврди дека Општината Чаир, подолг временски период нема овластен градежен инспектор надлежен за спроведување на постапки од таков вид. Државниот инспекторат за урбанизам и градежништво до кој пак, Народниот правобранител, исто така, интервенираше, наместо да преземе соодветни дејствија за разрешување на ваквите случаи, доставуваше формални дописи до „Општината/општините, да постапи по барањата/пријавите на граѓаните“.

Имајќи ја предвид ваквата состојба во која граѓаните не можат да ги остварат своите права поради лошата организација и нефункционирање на општинските и државните инспекциски служби, подносителите на претставки беа упатени натамошна правна заштита да побараат во судска постапка.

## НП бр. 1817/25

Народниот правобранител постапува по предмет за одолжување на постапката за прием во државјанство за две лица Е.Н и И.Д од 2020 година, која до денес не е завршена.

По поднесени две барања за прием во државјанство, одржано едно интервју со барателите на државјанство, четири вонредни инспециски надзори над работата на органите на управата, заведени три судски постапки од кои една заради молчење на администрација, укажување со констатирани повреди од Народниот правобранител, барателите на државјанство сé уште не добиле управен акт со кој ќе биде одлучено по нивното барање. Во моментот постапката се води пред Агенцијата за национална безбедност и сé уште не е завршена.

## НП бр. 924/24

Граѓанинот Ќ.Б. од Скопје, до Народниот правобранител поднесе претставка во која покрај останатото, побара интервенција и за обезбедување право на јавен превоз на патници на релацијата Драчево - Цветово и обратно.

Народниот правобранител во рамките на својата надлежност да ги штити уставните и законските права на граѓаните и на сите други лица, кога им се повредени со акти, дејствија и пропуштања на дејствија од органите на државната управа, од органите на единицата на локалната самоуправа и од други органи и организации што имаат јавни овластувања, одлучи по претставката да покрене постапка и се обрати до Јавното сообраќајно претпријатие Скопје („ЈСП“).

Согласно предметната интервенција, ЈСП го информира Народниот правобранител дека посочената линија не била вклучена поради недостаток на возен парк и од причини што станува збор за специфична линија, каде мора да сообраќа комби, а претпријатието моментно не располага со исправно возило-комби, кое би сообраќало на линијата.

Во таа насока, ЈСП наведе и дека се вршат испитувања на оваа линија во насока на исполнување на услови за сообраќање со автобус и доколку се исполнети сите услови, истата ќе биде пуштена во сообраќај во најкус можен рок.

## НП бр. 1056/25

С.М. од Скопје, од Народниот правобранител побара интервенција во ЕВН Македонија АД Скопје, заради корекција на нереални фактури за потрошена електрична енергија.

По интервенцијата на Народниот правобранител, односно по обезбедени отчитани состојби на броилото од страна на ЕВН Македонија АД Скопје, се направи корекција на нереалните фактури.

Имено, нереалните фактура беа сторнирани и изготвена нова коригирана фактура за конкретното мерно место.

## НП бр. 166/25

Народниот правобранител постапуваше по претставка поднесена од Н.Х од Тетово, поради одолжување на постапка за остварување право на социјална сигурност за старите лица.

По проучување на претставката и приложените докази, Народниот правобранител констатира дека е основана, конкретно утврди дека иако од Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен по изјавена жалба на подносителот на претставката беше донесено решение и предметот беше вратен на повторно постапување пред првостепениот орган, од страна на органот не се постапуваше.

Предвид таквата состојба, Народниот правобранител на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работа Тетово му укажа по однос на конкретниот предмет да преземе дејства, како и на обврската при повторно постапување да ги има предвид забелешките на второстепениот орган, во насока на правилно и целосно утврдување на фактичката состојба.

По преземените дејствија од страна на Народниот правобранител, ЈУ Меѓуопштински центар за социјани работа Тетово постапи и донесе Решение за остварување на правото на социјална сигурност за стари лица, со што подносителот на претставката го оствари своето право.

## НП бр. 247/25

До Народниот правобранител претставка поднесе лице со попреченост, со барање заштита заради остварување на правото на ослободување од плаќање патарина, кое според Законот за јавните патишта е условено со членство во надлежни здруженија. Покрај наводите од добиената претставка, до Народниот правобранител поплака изразија и други лица со попреченост кои укажуваа на истиот проблем, односно на неможноста за ослободување од плаќање на патарина на оние лица кои немаат членски книшки издадени од надлежните здруженија, потпишани и заверени од страна на Јавното претпријатие со што се потврдува нивното ослободување од плаќање патарина, согласно членот 66 став 3 од Законот за јавните патишта.

Народниот правобранител анализирајќи го Законот за јавните патишта утврди дека истиот не обезбедува формална и суштинска еднаквост на граѓаните со попреченост, односно обезбедува бенефиции само за одредена група на лица со попреченост кои се членови на здруженија.

Постапувајќи по предметот, Народниот правобранител оцени дека ваквата регулатива индиректно го ограничува правото на слободно здружување и претставува дискриминација по статусна основа. Поради тоа, достави препорака до министерот за транспорт да се преземат мерки заради измена на законот, со цел ослободувањето од плаќање патарина да се овозможува врз основа на попреченост, а не заради членство во здружение, во согласност со принципот на недискриминација и еднаквост.

Министерството за транспорт информираше дека извршиле консултации со Јавното претпријатие за државни патишта и известија дека барањата и укажувањата на Народниот правобранител ќе бидат земени предвид при следната измена на Законот за јавните патишта и ќе бидат имплементирани соодветно.

## НП бр. 587/25

Народниот правобранител постапуваше по претставка од ЈУ за згрижување на деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение-Скопје за малолетно дете кое и по хоспитализација на ЈЗУ УК за психијатрија Скопје и враќање во мал групен дом, продолжило со агресивно однесување во малиот групен дом каде е сместено. Според стручно мислење од Клиниката за психијатрија, детето имаше потреба од континуиран и строго надгледуван психијатриски третман во затворена установа, заради што Јавната установа чиј корисник е детето, побара прием во ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар.

Постапувајќи по претставката, Народниот правобранител се обрати до директорот на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар со барање да се разгледа случајот и следствено да се преземат мерки за сместување на пациентот согласно дадената препорака од соодветната здравствена установа. Повратно, беше известен за стручното произнесување од именуваната болница дека сместувањето на пациентот не претставува превентивна мерка туку напротив со тоа дополнително би се предизвикувало психијатризација на малолетникот, затоа што сместувањето во болница не претставува соодветна тераписка мерка.

Во натамошното постапување по претставката, Народниот правобранител се обрати до ЈЗУ УК за психијатрија-Скопје, како највисока институција во државата од областа на психијатријата, а воедно и установа која го предлага сместувањето на пациентот во ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар, со барање стручно да се произнесат во контекст на настанатата ситуација и можностите за изнаоѓање на решение за превенирање на какви било несакани последици по здравјето и животот на пациентот, со цел соодветно сместување на детето и негов третман согласно Протоколите и медицина базирана на докази.

Во повратен одговор, ЈЗУ УК за психијатрија-Скопје го извести Народниот правобранител за ставот дека пациентот има потреба од континуиран и строго надгледуван психијатриски третман. Имено, став на установата е дека упатувањето на пациентот во Психијатриска болница Демир Хисар-адолесцентно одделение е засновано врз стручно мислење на супспецијалист по детска и адолесцентна психијатрија.

Во услови на противречни ставови на двете здравствени установи, Народниот правобранител го информира министерот за здравство дека детето не може да биде соодветно лекувано, што е спротивно на неговиот најдобар интерес.

Министерството одговори дека за случајот било побарана стручна анализа од мултидисциплинарен тим согласно кој, во случајот утврдена е потреба од институционална рехабилитација, воспитување и континуирана психосоцијална поддршка на детето. Воедно, информираа дека јавните здравствени установи ќе придонесуваат во решавање на акутните состојби од ваков тип, со оглед дека нема како поинаку соодветно да бидат третирани, односно дека таков тип на згрижување и третман, во моментов во државата не постои.

## НП бр. 21/25

Родител на корисник на услугата дневно згрижување во ЈУ Завод за згрижување на деца и младинци Топанско Поле поради незадоволство од условите и начинот на работа со корисниците поднесе претставка.

Народниот правобранител покрена постапка по претставката и заради испитување на изнесените наводи, во рамките на својата надлежност се обрати до Министерство за социјална политика, демографија и млади и до ЈУ Завод за социјални дејности, а дополнително беше извршен и увид во просториите на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци Топанско Поле, како дел од постапувањето по предметот.

По барање на Народниот правобранител беа извршени вонреден надзори од ЈУ Завод за социјални дејности и Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита при Министерството за социјална политика, демографија и млади и беа дадени препораки за подобрување. По преземените мерки работата во Дневниот центар беше подобрена.

Народниот правобранител при увид констатира дека условите за престој и работа станаа соодветни, хигиената беше на задоволително ниво, а вработените применуваа соодветни методи и техники за работа со корисниците.

## НП бр. 1110/25

Од Народниот правобранител е побарана интервенција во врска со спроведување на постапка за извршување, во насока на намалување на износот на предметниот долг.

Подносителот, посочи на наводно непочитување на законската одредба согласно која, каматата на главниот долг не треба да го надминува износот на главниот долг, поради што побара да се направи корекција на налогот за извршување.

По утврдување на фактичката состојба за спроведување на постапката за извршување, Народниот правобранител го извести подносителот дека предметниот долг бил пресметан согласно извршната исправа и законските одредби од Законот за извршување и дека каматата не го надминува износот на главниот долг.

Согласно целосниот преглед на предметната докуменатција доставена од страна на извршителот, Народниот правобранител утврди дека при спроведување на постапката за извршување не е сторена повреда на правата на подносителот на претставката.

## НП бр. 939/25

Лице од Пробиштип со поднесена претставка иницира поведување на постапка од Народниот правобранител за заштита на нејзините уставни и законски права, за кои наведе дека се повредени од страна на надлежните - Министерството за внатрешни работи, СВР Штип, Полициска станица Пробиштип и ЈУМ Центар за социјална работа Пробиштип со наводи за непреземање на никакви мерки од надлежност по пријава на семејно насилство од страна на нејзиниот сопруг. Понатаму се пожали на некоординирано постапување меѓу институциите, без соодветно да биде поучена за правата и услугите кои и стојат на располагање, не била згрижена, ниту бил извршен увид и процена на безбедносен ризик по неа и двете малолетни деца.

Преземајќи дејствија од надлежност, Народниот правобранител дојде до сознание дека подносителката побарала заштита од страна на надлежното Министерство за внатрешни работи во пет наврати, со наводи кои содржат елементи на семејно насилство. Но, органот одлучил да го извести Центарот за социјални работи дури по шестата пријава, откако било применето физичко насилство.

МВР не извршиле ниту проценка на ризик, кое нешто е задолжително и е неизоставен дел од превентивната улога на оваа институција, особено што во семејството имало и малолетни деца, која околност несомнено остава последици врз нивниот развиток.

ЈЗУ Здравен дом Пробиштип, со доства на доказ од амбулантскиот дневник, потврди прием на подносителката која изјавила дека физички е нападната од нејзиниот сопруг, за извршениот лекарски преглед и констатирана состојба, за која било издадено и соодветно лекарско уверение. Здравствената установа настанот го пријавила до МВР кои веднаш не реагирале, туку презеле мерки откако подносителот настанот лично го пријавил, што се коси со законската обврска на обата субјекта за итно и неодложно постапување при сознание за настан, кој содржи елементи на семејно насилство.

Земајќи ги предвид на сите околности, Народниот правобранител утврди дека во конкретниот случај Министерството за внатрешни работи, СВР Штип, Полициска станица Пробиштип, ЈУ Центар за социјална работа Пробиштип, и ЈЗУ Здравен дом Пробиштип, постапиле спротивно на одредбите од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство и спротивно на Протоколот за меѓусебна соработка на надлежните субјекти за преземање мерки за превенција, спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, па иако многу пати сторителот бил пријавуван, постапката била процесуирана дури откако подносителката се здобила со физички повреди.

Народниот правобранител со посебни обраќања им посочи на сите засегнати субјекти за утврдената повреда на права на лицето жртва на семејно насилство, и во насока на заштита на правата на односново лице, но и превентивно, да не се повторуваат вакви пропусти во иднина, укажа за начинот на отстранување на повредата, односно постапувањата по пријави на настани со елементи на семејно насилство да бидат во согласност со претходно цитираните прописи. Се бараше сериозно да биде испитано стручното постапување на вработените служби, и следствено со прифаќање на дадените укажувања беа преземени соодветни мерки од надлежност на посочените субјекти.

## НП бр. 1080/25

Народниот правобранител покрена постапка по претставка од Советот на родители при подрачното основно училиште „Никола Карев“ во с. Нерово, кои изразија незадоволство од просторните и материјалните услови за образование на нивните деца, и побараа интервенција од Народниот правобранител со цел легализација на нов училишен објект кој бил изграден од страна на родителите на учениците на земјиште во сопственост на РСМ.

Во постапувањето по предметот беа вклучени Општина Крушево, Министерството за образование и наука и Владата на РСМ.

Општина Крушево, постапувајќи по барањето извести дека до Генералниот секретаријат на Владата на РСМ поднесе Предлог-одлука за пренесување во сопственост на недвижна ствар на Општина Крушево, со која се бара објектот да биде префрлен на Општина Крушево со цел негово ставање во употреба.

Од страа на Владата добиени се  информации дека донесена е одлука за запишување на правото на сопственост на земјиштето во Катастарот на недвижности во корист на Република Северна Македонија, со што на ООУ „Никола Карев“ е овозможено трајно користење на новоизградениот објект и учениците можат да започнат со негово користење.

## НП бр. 1601/25

Народниот правобранител постапуваше по претставка поднесена од граѓанин, во која беше укажано на отсуство на јасни и транспарентни критериуми при прием на деца во јавна детска градинка во с. Брвеница, како и на неможност за запишување на неговите внуци во установата. Постапката се водеше пред установата - градинката, надлежната општина и Министерството за социјална политика, демографија и млади. Од добиените одговори беше утврдено дека градинката при прием, односно одбивање на упис на деца не донесувала писмен акт – одлука/решение, ниту формално ги информирала родителите за причините за донесените одлуки, со што им било оневозможено правото на поднесување жалба до повисок орган.

Народниот правобранител достави укажување до директорот на градинката да изготвува писмен акт со образложение и правна поука по секое поднесено барање за упис на дете. Директорот на установата ги прифати препораките со што беше воспоставен транспарентен начин на информирање на родителите.

## НП бр. 1808/25

Подносител поднесе претставка со поплака за несоодветни просторни услови за изведување на наставата во ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“ во с. Пласница. Според наводите, наставата за учениците кои се на возраст од шест години се одвива во подрумска просторија која нема природна светлина, нема соодветна вентилација, и е изложена на влага. Исто така, не поседува алтернативен излез во случај на потреба од евакуација, со што се создаваат небезбедни и штетни услови за престој и образование на децата.

Народниот правобранител со цел заштита на правото на образование и обезбедување безбедни услови за престој на учениците презема дејства за  утврдување на состојбата со обраќање до директорот на училиштето и до градоначалникот на Општина Пласница, како и со укажување за потребата од преземање итни мерки за обезбедување соодветни и безбедни услови за изведување на воспитно-образовниот процес.

По интервенцијата, на почетокот на октомври 2025 година учениците беа преместени во училница на првиот кат од училиштето, со што беа обезбедени посоодветни услови за непречено следење на наставата.

## НП бр. 1515/25

Од Народниот правобранител беше побарана интервенција во врска со блокирање на трансакциска сметка од страна на извршител заради наплата на долг. Подносителот остварувал примања за работа по сонов на договор на дело и за тоа му доставил доказ на извршителот, со што побара да му се овозможи плаќање на долгот на повеќемесечни рати. Извршителот побарал да се уплати одреден износ на средства за да може да се промени начинот на наплата на долгот, но и покрај извршената уплата од страна на подносителот, извршителот не ја деблокирал сметката.

По интервенција на Народниот правобранител од извршителот беше побарано да се деблокира сметката на подносителот и да му се овозможи плаќање на долот на повеќе месечни рати, притоа посочувајќи го фактот дека ова примање е единствен приход за егистенција на семејството и дека подносителот ги има извршено побараните уплати.

Извршителот постапи по барањето на Народниот правобранител, односно направена е деблокада на трансакциската сметка на подносителот и  потпишана е согласност за исплата на долгот на мечечни рати. По наведената интервенција на Народниот правобранител, подносителот го оствари своето право.

## НП бр. 1507/25

Народниот правобранител постапуваше по претставка на Н.Н од Скопје, за одолжување на судска постапка пред Управниот суд на Република Северна Македонија.

По преземените дејствија за испитување на наводите и од увид во доставената документација, Народниот правобранител констатираше непочитување на законски предвидените рокови, поради што достави Мислење со препорака за преземање приоритетни дејствија, во насока на донесување на судска одлука.

По даденото Мислење, од страна на Судот беше закажана јавна расправа, при што странката го оствари своето право.

Овој случај ја потврдува улогата на Народниот правобранител во обезбедување на правото на судење во разумен рок и ефективна заштита од неоправдано одложување на постапките пред управните судови.

## НП бр. 1818/25

Од страна на лице припадник на бошњачката заедница, поднесена е претставка за извршена дискриминација по етничка и национална основа поради непостапување на Основното јавно правобранителство во Скопје.

Имајќи предвид дека во претставката беа изкажани факти зе сериозно кривично дело по кое обвинителството не постапило во законски предвидениот рок, додека во други слични предмети кога се работи за лица од мнозинските етнички заедници се постапува со поголема ажурност, Народниот правобранител укажа и препорача на обвинителството да преземе итни и неодложни дејствија за исполнување на своите надлежности, со што би се отстранил сомнежот дека по предметот не се постапува поради етничката припадност на подносителот на претставката и неговото семејство.

По интервенцијата на Народниот правобранител во рок од 30 дена беа спроведени сите предистражни и истражни дејствија и Народниот правобранител беше известен дека е поднесен обвинителен акт против сторителот на кривичното дело, со што подносителот на претставката го оствари своето право.

## НП бр. 307/25

Од страна на административен службеник од Велес поднесена е претставка за извршена дискриминација во работен однос и претрпено вознемирување на работното место од Градоначалникот на Општина Велес, кои дејствија, биле спроведувани преку секретарот на Општината.

Народниот правобранител по однос на искажаната поплака за непостапување по изадено решение за времено прераспоредување согласно колективен договор на Општината, нерамноправен третман меѓу административните службеници во врска со исплата на додаток на плата, упати соодветно Барање со укажување до Градоначалникот на Велес и до Државниот управен инспекторат со барање да се изврши вонреден инспекциски надзор.

По упатеното укажување на Народниот правобранител и по неколкуте дополнителни интервенции, како и по спроведениот вонреден надзор на Државниот управен инспекторат, од страна на општината постапено е по издаденото решение за времено прераспоредување и исплатен е износ кој и следувал по овој основ на подносителката на претставката.

## НП бр. 101/25

Со претставка за заштита на уставните и законските права се обрати татко на исчезнато лице од Штип, со наводи за противзаконско, неетичко и непрофесионално постапување на Министерството за внатрешни работи - Полициска станица Штип (понатаму: „МВР“), по однос на поднесената пријава за исчезнување на неговиот син.

Во текот на постапката, МВР информира за преземените дејствија и мерки по однос на предметната пријава, кои пак, наводи Народниот правобранител побара да бидат предмет на надзор од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи (понатаму: „Одделот“).

Во таа насока, преземени биле дејствија од надлежност на МВР, известување на сите расположливи полициски служби на подрачје на ПС Штип за преземање на потражни мерки, по изготвен оперативен план бил извршена истрага на терен, контактирано било со блиски лица и пријатели на исчезнатото лице со цел прибирање на сознанија за негово можно наоѓање, извршен бил разговор со сведок кој дал изјава за движењето на исчезнатото лице, но Одделот констатирал и низа пропусти во постапувањето, од неизвршување на препознавање на лицето од страна на сведокот, не била извршена проверка на мобилниот телефон за евентуални последни контакти кои би можеле да и дадат насока на порагата, ниту пак, била извршена проверка на можни подоцнежни трансакции на платежната картичка. Исто така, не било поднесено ниту барање до Единицата за службени кучиња при МВР за употреба на куче-трагач, кое Одделот го оправда со неговата неефикасна примена за пребарување во урбана средина.

Предвид сето наведено, Народниот правобранител констатира основаност на предметнава претставка бидејќи со пропуштање на преземање на дејствија од надлежност, потрагата ја изгубила својата ефикасност и навременост, а утврдено е постапување на полицијата спротивно на Правилникот за начинот на вршење на полициските работи, согласно кој за преземените мерки, како и за постигнатите резултати, полицискиот службеник писмено го известува подносителот на пријавата во рок од 30 дена, од денот на приемот на пријавата.

Постапката спроведена во Одделот резултираше со дисциплинска одговорност против неколку полициски службеници и изречена е и парична казна на одговорно лице во Министерството поради констатирани неправилности во постапувањето.

По утврдената повреда, Народниот правобранител достави укажување до МВР веднаш да се пристапи кон преземање на сите пропуштени дејствија посочени по извршената контрола од страна на Одделот, и на подносителот да му се достави писмено известување со кое детално ќе биде информиран за текот на постапката, по кое МВР, СВР Штип позитивно одговори.

## НП бр. 1582/25

До Народниот правобранител доставена е претставка од Б.Д. со цел интервенција за запишување на раѓање на нејзиното дете во матична книга на родени. Во претставката беа изнесени наводи дека детето е родено во Белгија, за што има оригинал документи (извод) од белгискиот орган за раѓањето на детето, со нотарски заверен превод на македонски јазик, при што информираше дека во изводот како родител е впишана само мајката (подносител на ова барање).

Со оглед дека детето и мајката се државјани на Република Северна Македонија, се обратиле до УВМК заради упис на раѓањето во матичната евиденција во РСМ, врз основа на приложениот странски јавен документ, по кое усмено беше информирана дека треба да се обрати кај странскиот орган заради коригирање на податоците.

Народниот правобранител се вклучи во постапката со свое обраќање до Управата за водење на матичните книги, при што укажа дека согласно Законот за матична евиденција, запишувањето на податоците се врши врз основа на извод од матичната евиденција на соодветниот орган во странство и изводот го поднесува странката, ако со меѓународен договор не е предвидено поинаку. Следствено побара да се преземат соодветни мерки за неодложно запишување на раѓањето на детето во книгата на родени заради непречено остварување на правата.

Управата повратно извести дека е донесено позитивно решение со кое се врши дополнителен упис во матичната книга на родени, за што подносителката беше известена и упатена да поднесе барање за добивање извод од матична книга на родените за детето.

## НП бр. 1666/25

Од Народниот правобранител подносителката побара интервенција за деблокада на трансакциската сметка од страна на извршител. По утврдување на фактичката состојба од приложената документација, се утврди дека во налогот за извршување е наведено дека наплатата на долгот ќе се извршува преку налог издаден до Стопанска банка (каде подносителката ги прима средствата од плата), а сепак во постапката за извршување. извршено е блокирање на сите сметки на подносителката, односно и на сметката на која подносителката ги прима средствата за додаток за дете по основ на алиментација.

Народниот правобранител упати Укажување до извршителот и побара деблокада на трансакциската сметка, посочувајќи на почитување на законската одредба од Законот за извршување, во која примањата по основ на законска издршка (како во конкретниот случај) се изземени од извршување.

Извршителот веднаш постапи по укажувањето на Народниот правобранител и оствари договор со подносителката на претставката продолжувајќи ја исплатата на долгот како и претходно, преку запирање на средства од платата што ја остварува подносителката. Согласно наведеното, подносителката го оствари своето право по интервенција на Народниот правобранител.

## НП бр. 1646/25

Во 2025 година Народниот правобранител постапуваше по претставка од М.Ѓ. од Скопје, за одолжување на судска постапка пред Вишиот управен суд на РСМ. Народниот правобранител констатира неоправдано одолжување и достави Мислење со препорака за итно преземање на дејствија. По вака поднесеното Мислење, судот го зема предметот во работа и извести дека во најкраток рок ќе биде донесена одлука по жалбата и истата заедно со целокупниот предмет ќе биде вратен до Управниот суд на РСМ, а заради доставување на одлуката на Вишиот управен суд на РСМ до странките во постапката.

Со преземените дејствија, Народниот правобранител ја заврши постапката, потврдувајќи ја улогата на институцијата во заштита на правото на судење во разумен рок и ефективна заштита од неоправдано одложување на постапките пред овој суд.

# 2 НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ – НАЦИОНАЛЕН ПРЕВЕНТИВЕН МЕХАНИЗАМ

Народниот правобранител - Национален превентивен механизам (НПМ) континуирано го следи постапувањето и почитувањето на правата на лицата во местата на лишување од слобода и задржување, а со цел превенција од тортура и друг вид на сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување. Во оваа смисла, во извештајната година, НПМ спроведе вкупно 13 посети: 4 посети во полициски станици од општа надлежност, 5 во казнено-поправни и воспитно-поправни установи, 3 посети во центрите каде што се сместуваат и задржуваат мигранти, односно странци и баратели на азил, како и 1 (една) посета (состанок) на психијатриска установа.

Тимот на НПМ, во текот на 2025 година, ги посети Полициските станици од општа надлежност (ПС ОН) во Карпош, Тетово, Гостивар и Чаир. Притоа, посетите на ПС ОН Тетово и Гостивар се реализираа во ноќните часови и имаа за цел да се утврди фактичката состојба во врска со приведени, лица лишени од слобода или задржани лица, како и да се провери дали полициското постапување во ноќните часови се одвива согласно законските прописи и меѓународните стандарди за заштита на човековите права. Наведеното, поради тоа што ноќните часови се препознаваат како период со зголемен ризик од евентуални неправилности, имајќи предвид дека токму во овој временски интервал често се вршат лишувања од слобода, спроведувања и краткотрајни задржувања, при намален надзор и ограничена присутност на раководен кадар.

За време на посетите, наведените полициски станици немаа задржани лица, па следствено, не постоеја ниту индикации за несоодветно постапување кон нив.

НПМ ја посети реконструираната ПС ОН Чаир (Бутел), која се наоѓа во дел од комплексот на Домот за деца без родители „25 Мај" Скопје. Ова решение е од времен карактер, бидејќи како долгорочно решение е предвидена изградба на нова полициска станица, заедно со противпожарна станица. Имајќи го предвид времениот карактер на постојното решение и најавите за изградба на нов објект, НПМ смета дека при идното планирање и проектирање на нова полициска станица ќе биде неопходно да се предвидат и вградат сите минимални стандарди за просторно уредување, со јасно разграничени и наменски простории за разговори, распити, задржување на лица и постапување со деца, како и соодветни безбедносни и информативни елементи, со цел целосно усогласување со националното законодавство и релевантните меѓународни стандарди за спречување на тортура и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување или казнување. Од друга страна, по посетата на ПС ОН Карпош, тимот на НПМ препорачува адаптирање на просторија за разговор со деца, како и итно санирање на недоследностите во просториите за задржување. Истовремено, НПМ тимот ја нотира и потребата од зголемување на бројот на униформирани полициски службеници, како и организација и реализација на обуки за нив.

Од посетата извршена во КПУ-КПД Идризово, произлегува констатација дека проблемот со здравственото осигурување на осудените лица сѐ уште не е во целост разрешен. Во однос на бројноста на затворската полиција и останатиот персонал, се добива впечаток дека иако истата се зголемува, сепак и понатаму е присутен одлив на кадар по различни основи, пензионирање, суспензија, отказ. Понатаму, состојбата со осудените лица, пред сѐ материјалните услови, се запазува категоризацијата на осудениците, а заради пренатрупаноста реновирано е и осмото крило каде се сместени по 4 до 6 лица во соба, со

што се растеретени останатите крила во објектот „зграда" каде се сместени осуденици со затворен третман. Во женското одделение сѐ уште е присутен проблемот со снабдувањето со топла вода.

Во КПУ Затвор Куманово, тимот на Националниот превентвен констатира потреба од конечно санирање и надминување на проблемот со водоснабдувањето на Затворот, но и потреба од нов кадар, функционални возила, како и современа опрема за обезбедување. Додека, по посетата на КПУ-КПД од отворен вид Струга, НП-НПМ препорача при евентуална трансформација на КПУ-КПД Струга, во затвор за женски осуденички, треба да бидат запазени меѓународните стандарди за сместување на лица лишени од слобода од женски пол, со акцент на Правилата од Бангкок.

Во извештајната година тимот на Народниот правобранител-НПМ го посети Воспитно-поправниот дом Волковија – Тетово, од која посета констатира потреба од вработување на стручен кадар во сите организациски сектори, како и кооридинација со Министерство за образование и наука заради обезбедување образование на децата лишени од слобода.

Согласно мандатот и овластувањата, Народниот правобранител - Национален превентивен механизам, редовно го следи степенот на почитување на правата и третманот на мигрантите, барателите на азил и бегалците во сместувачките капацитети во Република Северна Македонија заради идентификување на можни ризици од сурово или нечовечко постапување и казнување. Па така, од реализираните посети во Прифатниот транзитен центар Табановце, како и во ПС за граничен надзор Сопот и ПС за гранични проверки Табановце, тимот советници на Народниот правобранител како Национален превентивен механизам констатира потреба од пополнување на упразнетите работни места, обуки за новопримениот персонал, но и редовни обуки за веќе постоечкиот, набавка и редовно одржување на материјално-техничките средства, како и обнова на возниот парк.

Состојбата во Институцијата, која од јули 2025 година остана без Народен правобранител, ги ограничи активностите на Националниот превентивен механизам на меѓународен план. Имено, меѓународните патувања и активности отсуствуваа во овој период, со што беше оневозможена реализацијата на една од четирите клучни компоненти во мандатот на Националниот превентивен механизам, односно соработката со сродни и релевантни тела и чинители.

Народниот правобранител вршејќи ја надлежноста како Национален превентивен механизам укажува на потребата од обезбедување на кадровски и финансиски ресурси со цел доследно, навремено и ефикасно спроведување на сите надлежности што Националниот превентивен механизам ги има согласно Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување.

# 3 НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ - МЕХАНИЗАМ ЗА ГРАЃАНСКА КОНТРОЛА

Согласно мандатот на Народниот правобранител да дејствува како Механизам за граѓанска контрола (МГК), предвиден со член 11-в од Законот за народниот правобранител, во насока на обезбедување заштита на жртви од тортура и други облици на нехумано или деградирачко постапување и казнување, односно употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба што за последица има смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување, сторени од страна на полициски службеници или припадници на затворската полиција, во извештајната 2025 година, Народниот правобранител постапуваше по 34 предмети што е, споредбено, значително повеќе од претходната 2024 година (25).

Народниот правобранител нотира зголемен број на претставки поднесени од осудени или притворени лица, членови на нивните семејства за физичко малтретирање, употреба на прекумерна сила или понижувачко и деградирачко однесување кон нив, сторени од страна на припадници на затворската полиција (27). Имено, најголем број претставки се поднесени за припадници на затворската полиција во Казнено-поправната установа Штип (9), потоа од притворени лица кои се сместени во Казнено-поправната установа -Затвор Скопје (8) и од осудени лица кои издржуваат казна затвор во Казнено-поправната установа Идризово (6). За казнено-поправната установа во Струмица се примени 2 (две) претставки, и по една за КПУ Куманово и КПУ Прилеп. За секој од наведените случаи е постапувано со должно внимание и сериозност, па во таа насока, со цел испитување на наводите за тортура во казнено-поправните установи, беа преземени соодветни мерки и дејствија согласно законските надлежности на Механизмот, односно обезбедени се сите вербални и материјални докази, медицински извештаи, како и разговори со жртвата, сведоците и потенцијалните сторители.

По преземените дејствија и активности за испитување на наводите, Народниот правобранител за 19 предмети не успеа да утврди повреди на права во смисла на кривичните дела предвидени со член 142 и член 143 од Кривичниот законик на РСМ, кои се однесуваат на малтретирање во вршење служба и мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување, поради отсуство на какви било телесни повреди кај лицата наведени како жртви.

Имено, во дел од овие претставки, осудените или притворени лица се пожалија на крајно непрофесионално, понижувачко и деградирачко однесување на припадници на посебната Единица за интервенции на затворска полиција (ЕИЗП), најчесто, за време на вршење на претреси (редовни или вонредни) во нивните простории на сместување. Оваа единица е формирана во ноември 2024 година, врз основа на измените на Законот за извршување на санкции од 2024 година (Службен весник бр.74/24), со цел спречување и реагирање на поголемо нарушување на редот, дисциплината или сериозно загрозување на безбедноста на установата, како и спровод на осудени или притворени лица од многу висок ризик.

Народниот правобранител, поради зголемениот број поплаки за начинот на постапување на припадниците на оваа единица, достави Укажување до казнено-поправните установи и до Управата за извршување на санкциите за обврската за достоинствено однесување кон притворените и осудените лица, професионално и одговорно постапување

при вршењето на службените дејствија, со почитување на нивната личност и зачувување на нивното телесно и душевно здравје. Притоа, потсети дека Управата за извршување на санкциите има обврска да го заштити психофизичкиот и моралниот интегритет на притвореното или осудено лице, да се почитува човековата личност и достоинство, на начин што треба да спроведува стручен надзор врз работата на казнено-поправните и воспитно-поправните установи, кој, меѓу другото, подразбира и превенција од тортура, нечовечко и нехумано постапување во казнено-поправните и воспитно-поправните установи.

Во повеќето случаи кои беа предмет на испитување од страна на Механизмот за граѓанска контрола, не беа констатирани повреди на права поради прекумерна употреба на сила или нанесување какви било телесни повреди. Единствено, за еден предмет кој се однесува на припадник на затворската полиција, чија постапка беше спроведена во Подрачната канцеларија во Штип, Народниот правобранител, по прибавен релевантен доказен материјал, констатираше повреди на права на осудено лице, по што во декември 2025 година, достави Барање за утврдување казнена одговорност против припадник на затворската полиција до Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција при Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција поради основано сомневање за сторено кривично дело „Малтретирање во вршење служба", казниво по член 143 од Кривичниот законик на РСМ.

Народниот правобранител-Механизам за граѓанска контрола достави уште едно Барање за утврдување казнена одговорност, против повеќе припадници на затворската полиција, на почетокот на 2025 година, поради основано сомневање за сторена тортура, односно „Мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување", казниво по член 142 од Кривичниот законик на РСМ до Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција при Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Овој предмет е оформен во 2024 година, по претставка од осудено лице кое издржува казна во казнено-поправната установа Идризово. Надлежното обвинителство го извести Народниот правобранител дека за истиот кривично-правен настан веќе била спроведена истражна постапка и, следствено, поднесен е обвинителен акт против еден припадник на затворската полиција поради сомневања за извршено кривично дело Малтретирање во вршење служба, но нема известување за текот на кривичната постапка.

Според Народниот правобранител, зголемениот број на претставки од осудени или притворени лица во споредба со претходните години е индикатор за натамошно влошување на состојбата и условите во казнено-поправните установи. Осудените лица, како и другите лишени од слобода, како особено ранлива категорија, најчесто се плашат да пријават за инциденти со затворската полиција, стравувајќи од репресалии и слично, но зголемениот број на претставки покажува дека истите, сепак се охрабруваат да побараа заштита од Народниот правобранител. За механизмот за граѓанска контрола, пак, најголем предизвик во постапувањето и понатаму останува обезбедувањето на релевантен доказен материјал за сторените повреди за овие лица, особено кога станува збор за вербално понижување, нехумано или деградирачко однесување извршено од страна на припадници на затворската полиција кон лицата лишени од слобода.

Во врска со постапувањето на полициски службеници примени се 7 (седум) претставки од граѓани за употреба на прекумерна сила при вршење службени дејствија, неосновано лишување од слобода и малтретирање во вршење служба, што е извесно намалување во споредба со претходната година (10). За сите 7 претставки, Народниот правобранител формираше предмети, од кои 4 се завршени, а по 3 предмети, преземањето дејствија продолжува и во 2026 година согласно надлежностите на Механизмот. Притоа, од примените претставки, 3 се однесуваа на полициските службеници, вработени во МВР-СВР Скопје, 2 за полициските службеници од МВР -СВР Битола, и по една за МВР- СВР Охрид -Полициска станица Дебар и МВР- СВР Куманово.

По спроведена постапка во насока на испитување на наводите на доставените претставки, Народниот правобранител-Механизам за граѓанска контрола констатираше повреди на права во смисла на член 3 од ЕКЧП во еден предмет, по што кон крајот на ноември 2025 година достави Барања за утврдување казнена одговорност против полициски службеник, вработен во МВР - СВР Битола, до Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција при Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција поради основано сомневање за сторено кривично дело Малтретирање во вршење служба. По однос на барањето, Народниот правобранител, до крајот на извештајниот период, не е известен за преземени дејствија од страна на надлежното обвинителство.

Во извештајниот период, Народниот правобранител - Механизам за граѓанска контрола продолжи да го следи текот на постапката за предметите оформени по претставки во текот на 2022 и 2023 година, а за кои беа поднесени Барања за покренување постапка заради утврдување на казнена одговорност до Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања (2) и припадници на затворската полиција (1) до надлежното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, со забелешка дека овие предмети сé уште не се завршени со правосилна судска одлука, односно два се во жалбена постапка, додека за еден предмет сé уште не е донесена прво-степена пресуда.

Народниот правобранител нотира дека Механизмот за граѓанска контрола, и по речиси 7(седум) години од формирањето како посебна организациска единица во рамките на институцијата, не успеа да профункционира во полн состав. И покрај завршениот избор на три здруженија на граѓани, на ден 22.04.2025 година, од страна Собранието на РСМ (Службен весник на РСМ бр. 85/24), нивните претставници, со мандат од една година, не отпочнаа со работа поради необезбедени средства од страна на Министерството за финансии, но и поради незаинтересираност на избраните здруженија. Средствата се конечно одобрени за буџетската 2026 година, така што во наредниот период ќе се пристапи кон нивно формално вклучување во составот на Механизмот.

Во врска со наведеното, Народниот правобранител, ја истакна својата согласност за зголемување на мандатот на претставниците на граѓанските организации од 1 (една) на 3 (три) години со предложените измени и дополнувања на Законот за народниот правобранител во 2025 година, кој е се уште во собраниска процедура, но изразува загриженост поради начинот на избор на граѓанските здруженија во состав на Народниот правобранител од страна на Собранието на РСМ, односно од Комисијата за избори и именувања. Имено, согласно законските одредби, надворешните членови на Механизмот, покрај општите услови, мора да имаат и соодветно работно искуство од најмалку 5 години во областа на човековите права, полициското право и правосудството. Оттука, Собранието на РСМ е должно да ги разгледува доставените апликации со должно внимание и да одлучува за нивен избор соодветно, за што Народниот правобранител предлага да биде вклучен и претставник на Народниот правобранител при нивниот избор заради поголема транспарентност и посоодветно одлучување.

Механизмот за граѓанска контрола при Народниот правобранител, дејствувајќи заедно со избраните граѓански организации, е замислен да врши еден вид контрола врз системот на истрага при кривични дела извршени од страна на лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција, во смисла утврдување повреда на правата предвидени со членовите 2 и 3 на ЕКЧП. Неспорно, Народниот правобранител има јасна уставна поставеност и независност, и е препознаен како институција која може да придонесе за ефикасно спроведување на надворешната контрола над лицата со полициски овластувања и припадниците на затворската полиција. Оттука, Механизмот има и превентивна улога, и во голема мера треба да придонесе за обезбедување и одржување на довербата на јавноста. А, за да може ова да се имплементира, потребна е постојана, ефективна и навремена комуникација, вклученост и размена на информации

на Народниот правобранител со другите надлежни институции, пред сé, со Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди (ОВККИПС) при МВР и Управата за извршување на санкциите, но и со Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во рамки на Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција, која во извештајната година Народниот правобранител ја оценува како средно задоволителна.

# 4 НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ ПРИЈАТЕЛ НА СУДОТ (AMICUS CURIAE)

Народниот правобранител, во рамките на законски утврдениот мандат и надлежности да дејствува во својство на пријател на судот (amicus curiae), во овој извештаен период постапуваше по поднесени претставки од граѓани, а во врска со конкретни предмети или на барање на странките ги мониторираше судските постапки. Следствено, активно вклучувајќи се во судските постапки, и следејќи ги истите, согласно член 30-б од Законот за народниот правобранител, даваше мислења и предлози кои судовите ги земаа предвид при одлучувањето.

Согласно податоците за примени претставки, во 2025 година, нотирано е зголемување на бројот на претставки, за три повеќе во споредба со претходната година. Имено, покрај новопримените 10 претставки во областа, Народниот правобранител во три (3) случаи го продолжи постапувањето од претходната година, кои се однесуваа на постапки пред Врховниот суд, Основен суд Тетово и Основен граѓански суд Скопје.

Согласно содржината на поднесените претставки, во овој извештаен период, една (1) претставка се однесуваше на постапка пред Врховниот суд на Република Северна Македонија, четири (4) се однесуваа на првостепени граѓански постапки (за Основниот граѓански суд Скопје и за Основниот суд Струга), а пет (5) претставки се однесуваа на првостепени кривични постапки (три (3) пред Основниот кривичен суд Скопје, една (1) пред Основниот суд Штип и една (1) пред Основниот суд Охрид).

За претставката, која се однесуваше на постапката пред Врховниот суд на Република Северна Македонија, по извршен увид беше утврдено дека Народниот правобранител нема надлежност да се вклучи како пријател на судот, поради што странката беше соодветно известена и правно советувана за случајот.

Во дел од претставките се бараше присуство и мониторинг на судските рочишта, поради сомнеж и стравување од пристрасно водење на постапките. Во овие случаи, Народниот правобранител вршеше проверки во системот за работа и за претставките за кои беше утврдено дека за конкретен предмет претходно не била водена постапка пред Народниот правобранител, односно не биле утврдени повреди на уставните и законските права на странката, не покренуваше постапка. Ова, од причина што Народниот правобранител не е орган кој врши мониторинг на судски постапки без утврдени повреди или релевантна документација, особено ако станува збор за првостепена постапка, по што странките имаат можност да побараат заштита пред повисоките судски инстанци, а доколку располагаат со докази за противзаконито постапување на судии и пред Судскиот совет на Република Северна Македонија. Во два случаи, (по еден предмет постапката е во тек и активно се следи), додека во другиот предмет пред Основниот граѓански суд Скопје, Народниот правобранител утврди повреда на права, поради што до судот достави мислење во својство на пријател на судот (amicus curiae), кое се однесуваше како на времетраењето на судската постапка, така и на фактичката состојба, имајќи предвид дека Народниот правобранител претходно водел постапка за истата правна работа пред органите на државната управа, при што мислењето беше поткрепено со прибавените докази и наводи и истото беше прифатено од страна на судот, а странката изрази благодарност за придонесот на Народниот правобранител во остварувањето на правата.

Во однос на претставките кои се однесуваа на кривични постапки пред Основниот кривичен суд Скопје, во еден случај беше утврдено дека барањето се однесува само

на мониторинг на судската постапка, без претходно водена постапка пред органите на државната управа или укажување на конкретни повреди, поради што не беа исполнети условите за покренување постапка. Во вториот случај, странките укажуваа на повеќе наводни повреди на судската постапка, неоправдано одложување на истата и фактот дека обвинетите се наоѓале во притвор, поради што Народниот правобранител се вклучи и активно ја следеше постапката како пријател на судот, меѓутоа, поради тоа што не беа утврдени повреди на уставните и законските права, постапувањето беше запрено. Третиот предмет пред Основниот кривичен суд Скопје е сè уште во тек и Народниот правобранител продолжува да го следи во рамките на неговите надлежности.

Пред Основниот суд Штип, Народниот правобранител се вклучи како пријател на судот во кривична постапка, поради тоа што странката не е македонски државјанин и укажуваше на пропусти и одолжување во водењето на постапката. Во однос на предметот пред Основниот суд Охрид, во претставката беше искажана недоверба во судската власт и беше побарано мониторирање на судењето од страна на Народниот правобранител, но со оглед дека за истиот предмет веќе била водена постапка во Подрачната канцеларија Битола, предметот беше доставен до таа канцеларија на понатамошно надлежно постапување.

Со ваквото постапување, Народниот правобранител и во 2025 година обезбеди доследна примена на законските надлежности при вклучувањето во судските постапки како пријател на судот, постапувајќи само во случаи каде што беа исполнети законските услови и утврдени повреди на права, а во останатите случаи обезбедувајќи навремено известување и правна поука за подносителите на претставките.

# 5 НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ -НАЦИОНАЛЕН ИЗВЕСТУВАЧ ЗА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ И ИЛЕГАЛНА МИГРАЦИЈА

Народниот правобранител - Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција, во текот на 2025 година, согласно надлежностите вршеше следење на функционирањето, постапувањето и имплементацијата на Националната стратегија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција со Национален акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2021-2025 и меѓународните стандарди и примена на препораките на ГРЕТА (мониторинг телото за имплементација на Европската конвенција за борба против трговија со луѓе), ТИП Извештајот (Извештај од Стејт Департментот на САД). Притоа, обезбеди информации од Министерството за внатрешни работи за пет (5) идентификувани жртви, од кои (1) една жртва од машки пол, додека (4) четири од женски пол.

Инаку, според видот на експлоатацијата (2) две лица се идентификувани како жртви на сексуална есплоатација, (1) една жртва на незаконско посвојување, (1) една жртва на питачење и (1) една жртва на присилен брак. Со идентификуваните жртви е постапувано согласно Стандардните оперативни процедури за постапување со жртви на трговија со луѓе, односно истите се соодветно сместени во Центарот за жртви на трговија со луѓе и во Центарот за жртви на семејно насилство, врз основа на изработен индивидуален план со вклучување на стручно лице од Центарот за социјални работи. Со жртвите, покрај безбедното згрижување и обезбедување на здравствена и правна заштита се работи на подготовка за реинтеграција и ресоцијализација, како и успешно вклучување во општеството на подеднаква основа со другите.

Во текот на 2025 година, идентификувани се (24) дваесет и четири претпоставени жртви на трговија со луѓе, од кои (19) деветнаесет се од женски пол, а (5) пет се од машки пол. Според податоците добиени од Министерството за внатрешни работи и Министерството за социјална политика, демографија и млади, на претпоставените жртви на трговија со луѓе им е обезбедена координирана помош и поддршка согласно индивидуалните потреби на жртвите.

Во однос на Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе, која е дел на Министерството за внатрешни работи, констатација е дека и во текот на 2025 година оваа Единица функционираше без системско решение во рамките на Министерството и одредени нејзини припадници се полициски службеници кои се времено распоредени од други организациски единици.

Мобилните тимови, во извештајниот период, ја интензивираа својата активност за идентификување и упатување на ранливите категории граѓани под висок ризик, вклучително, претпоставени и жртви на трговија со луѓе. Во 2025 година, идентификувани се 402 лица во ранлива категорија. Од нив 366 биле евидентирани како лица во ранливи категории во ризик од трговија со луѓе, 35 претпоставени жртви на трговија со луѓе и една жртва на трговија со луѓе. Според полот 250 лица од женски пол и 152 од машкиот пол.

Според планираните активности, Народниот правобранител во функција на Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција ги посети Прифатните транзитни центри „Винојуг“ и „Табановце“, како важен сегмент од националниот систем за управување со миграцијата. Како резултат на успешната соработка на Граничната полиција на Република Северна Македонија и Фронтекс, е зајакната граничната безбедност и се

забележани намалени обиди за илегален влез на мигранти кои транзитираат низ нашата земја. Се применуваат највисоките професионални стандарди за работа со примена на софистицирана техничка опрема и возила за патролирање, во интерес на подобрување на статусот, хуманиот пристап и бесплатната правна помош на барателите на азил.

Министерството за социјална политика, демографија и млади, Секторот за еднакви можности како координатор на Националниот механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе, ја продолжи соработката и координирањето на Мобилните тимови, Центрите за социјална работа, Државниот инспекторат за труд и Центарот за жртви на трговија со луѓе. Констатирано е дека досега доделените објекти за формирање на Центар за дневно и привремено прифаќање и згрижување на жртвите на трговија со луѓе не ги исполнуваат стандардите и не е направена проценка на недвижниот имот како основа за реновирање, реконструкција и адаптација.

Во извештајниот период во насока на интензивирање на активностите за сместувачките капацитети, формирана е работна група за воспоставување на Центар за дневно и привремено прифаќање на жртви на трговија со луѓе, составена од членови од Министерството за социјална политика, демографија и млади, Кабинетот на претседателот на Владата, Министерството за внатрешни работи и од Општина Аеродром.

Народниот правобранител и во 2025 година, повторно ја констатира неопходноста надлежните институции да ги унапредат условите за операционализација на пристапот до правна помош, достапност на превод и толкување што претставува и национална и глобална обврска. Констатира дека сместувачките услови на илегалните мигранти во Прифатно-транзитните центри не ги задоволуваат потребите и препорачува интензивирање на активностите за изнаоѓање на системско институционално решение, овозможување на повисоки стандарди на сместувачките капацитети и подобрување на материјално-техничките услови на вработените согласно меѓународните стандарди.

По мониторингот на состојбата со кадровската екипираност, Народниот правобранител ја нагласува потреба од зголемување на бројот на професионални лица, особено истакнувајќи ја потребата од зголемување на бројот на вработени женски лица што е неопходно за професионално функционирање на центрите при прием, спроведување на интервју и третман на илегалните мигранти од женскиот пол и непридружуваните деца-странци.

Во извештајниот период, Народниот правобранител - Национален известувач за трговија со луѓе, евидентира дека Државниот инспекторат за труд, во текот на 2025 година, во соодност со Министерството за внатрешни работи изврши 285 вонредни инспекциски надзори во ризичните дејности за појава на жртви на трговија со луѓе. Конкретно, 6 надзори во преработувачката индустрија, 1 во текстилната, 4 во прехранбената, 47 во градежништвото, 6 во трговија на големо и мало, 1 во поправка на мотори и моторни возила, 1 во транспорт и складирање, 147 во објекти за сместување и дејности со храна, 2 во стручни, научни и технички дејности, 2 во административни и помошно-услужни дејности, 3 во јавна управа и одбрана и здравствено осигурување, 4 во образование, 2 во дејности на здравствена и социјална заштита, 40 во уметност, забава и рекреација и 19 во други услужни дејности.

При извршените надзори констатирани се неправилности при работењето на правните субјекти и се изречени 49 опомени за отстранување на констатираните неправилности и недостатоци во работењето согласно Законот за работни односи, потоа изречени се 57 наредби за отстранување на констатираните неправилности и недостатоци согласно Законот за работни односи и издадени се 57 прекршочни платни налози за одговорното лице во правното лице и следствено за правните лица, 2 прекршочни пријави, една кривична пријава и издадени се 2 забрани за работа.

Народниот правобранител-Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција констатира дека потпишаниот Меморандум за соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи и Државниот инспекторат за труд (во 2023 година) ја подобри меѓу

институционалната соработка - евидентно од постигнатите заеднички активности. Сепак, неопходно е интензивирање и унапредување на соработката, особено за воспоставување на навремена и структурирана размена на повратни информации од заедничките спроведени инспекциски надзори, како и воспоставување на континуирани и заеднички програми за едукација на кадрите, со цел зајакнување на меѓуинституционалната соработка.

Во извештајниот период не се констатирани промени на законската регулатива, при што од особена важност и значење е обезбедувањето на Фондот за обесштетување на жртвите на насилство, вклучително и на жртвите на трговија со луѓе.

Народниот правобранител-Национален известувач за трговија со луѓе и илегална миграција ја истакнува потребата за интензивирање на активностите поврзани за изгласувањето на Предлог-измените и дополнувањето на Кривичниот законик на РСМ во член 418-а и 418-г (конкретно измена на минимално предвидената казна од 4 на 5 години и од 8 на 10 години), а укажува и на потребата од преземање активности за спроведување на измените на Кривичниот законик на РСМ во врска со член 121 од Законот за странци, според кој, на странец - жртва на трговија со луѓе во периодот на рефлексија, одлучување и до одобрување на привремен престој ќе му се овозможи сместување во Центарот за жртви на трговија со луѓе.

Врз основа на заклучоците и согледувањата од следењето на состојбите со трговија на луѓе и илегална миграција за овој извештаен период, ќе биде изготвен Посебен извештај со конкретни заклучоци и препораки, во насока на надминување на слабостите, проактивно дејствување, подобро и поквалитетно работење на органите надлежни за идентификација и третман со жртвите на трговија со луѓе и илегална миграција, кој ќе биде доставен до надлежните органи.

# 6 ПРОМОЦИЈА НА ЧОВЕКОВИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА – ПРОЕКТНО РАБОТЕЊЕ

Во извештајната година, Народниот правобранител продолжи со активностите кои беа започнати претходно, насочени кон промоција на човековите слободи и права преку организирање работилници, конференции, учество во кампањи, средби со претставници на меѓународни организации и слично. За жал, поради фактот што Институцијата речиси половина година функцинираше без прв човек, не беше можно склучување нови договори за проекти, меморандуми за соработка или други активности за преземање на нови проекти.

Со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во 2025 година започна изработката на новата веб-страница на институцијата, целосно редизајнирана и прилагодена за лицата со попреченост, следејќи ги и новите трендови на веб-дизајнот. Во таа насока, со цел зајакнување на внатрешната комуникација и збогатување на содржините на веб-страницата, беше организирана дводневна работилница, во Маврово, на која учествуваа вработени од централната и од подрачните канцеларии.

Во рамките на соработката со Мисијата на ОБСЕ, беше изработен документот „Анализа за усогласеност на Народниот правобранител со меѓународните стандарди за Национални институции за човекови права". Во оваа проценка се дадени три краткорочни, среднорочни и долгрочни препораки за измена и дополнување на Законот за народниот правобранител, со цел целосно исполнување на Париските принципи и стекнување на статус А.

Во 2025 година, продолжи и проектот „Еколошка правда:Зголемување на улогата на Народниот правобранител во еколошката правда", финансиран од норвешкото Министерство за надворешни работи, а реализиран во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Канцеларијата на Високиот комесар за човекови права на ОН во Скопје.

Дел од проектот, беше и одржаната меѓународната конференција: „Одговорност за човековите права: Националните одговори на препораките на Народниот правобранител и Универзалниот периодичен преглед за унапредување на човековите права". На конференцијата меѓудругото, се дискутираше за имплементацијата на препораките од Универзалниот периодичен преглед и влијанието на човековите права во РСМ, како и за потребата од финансиска независност на институцијата Народен правобранител согласно Париските принципи.

По повод 10 декември - Меѓународниот ден на човековите права, се одржа конференцијата под мотото „Човековите права и животната средина – Промовирање на пристап до правдата и институционална одговорност", на која беше презентиран прирачникот „Методологија за мониторинг на црни еколошки точки: проценка на ризик, истражни процедури и влијание врз заедницата", изработен од деканот на Државниот Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, проф. д-р Дејан Мираковски и проф.д-р Олга Кошевалиска. На конференцијата се дискутираше за наодите од терен, влијанијата на загадувањето и препораките за политики, со акцент на улогата на Народниот правобранител во обезбедувањето еколошка одговорност и заштита на заедниците. На настанот беа присутни и новоизбраните градоначалници, локалните власти и претставници на граѓанското општество кои разменија иновативни практики во обезбедувањето чист воздух, одржливо управување со отпад и учество на заедницата во донесувањето еколошки одлуки. Беа споделени и искуства од Краков во Полска, за трансформативниот пристап кон подобрување на квалитетот на воздухот.

Во извештајната година продолжи соработката со Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор - ДЦАФ, во рамките на кој продолжија обуките за вработените од канцеларијата, во делот на неговата надлежност за контрола над безбедносните служби.

Народниот правобранител се приклучува кон глобалната кампањата „16 дена активизам против родово базирано насилство". Во таа насока, претставници на Народниот правобранител учествуваа на настанот „Од пријавување на насилство до спречување на фемицид-системски одговор", организиран од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, со кој се одбележа почетокот на глобалната кампања и претставување на Платформата за следење на случаите на фемицид и обидите за фемицид. Имено, како заштитник на правата на граѓаните, Народниот правобранител смета дека овој вид на насилство мора да се превенира, затоа што последиците од истиот се многу сериозни, како и тоа дека секоја жена, мајка, девојка, мора да живее слободно, да е безбедна и да ужива заштита и не смее да биде предмет на насилство само затоа што некој се смета за посилен или повреден од нејзе. Како институција надлежна за заштита на човековите права, но и за следење на општите состојби со почитувањето на човековите права во општеството, и преземање соодветни мерки, го поздрави формирањето на Платформа и се вклучи со активен продонес кон работата на ова тело со свои согледувања и сугестии, со цел превентивно делување и спречување на родово-базирано однесување и насилство.

По повод Светскиот ден за превенција од сексуална експлоатација, злоупотреба и насилство врз деца, на 18 ноември 2025 година, официјално започна националната кампања „1 од 5 – Стоп за сексуалното насилство врз деца", која се реализира во рамки на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото". Кампањата има за цел превенција и зашита од каков било облик на сексуално насилство, вклучувајќи сексуална злоупотреба и експлоатација, детска порнографија и онлајн вознемирување. Истата се реализира во партнерство на Народниот правобранител и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, а со поддршка од Бирото за развој на образованието, а со дозвола од Советот на Европа кој ги има изработено видео и печатени материјали. Едукативните материјали, наменети за деца, родители, наставници и стручни лица кои работат со деца, беа адаптирани на локалниот контекст и ќе бидат дистрибуирани до образовните установи и јавните детски градинки низ државата. Преку учеството во кампањата „1 од 5 – Стоп за сексуалното насилство врз деца", Народниот правобранител ја потврдува својата посветеност на системска заштита на децата од сите форми на насилство, како и на јакнење на меѓуинституционалната соработка и превентивните политики во областа на детските права.

Тимот за следење на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост при Народниот правобранител, во соработка со „ХЕРА" – Асоцијација за здравствена едукација и истражување, како дел од Националниот механизам за мониторинг на имплементацијата на Конвенцијата за права на лицата со попреченост, отпочна со реализација на активности за запознавање со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост и улогата на Народниот правобранител во заштита и унапредување на правата на овие лица. Првата промотивно-информативна средба беше одржана во Куманово, која, организациски покрај ХЕРА, беше поддржана и од „Инклузива" - Здружение за промоција и развој на инклузивно општество, како едно од партнерските здруженија на Народниот правобранител во процесот на мониторингот на спроведувањето на Конвенцијата за права на лицата со попреченост. Дополнително, беа одржани вакви средби во Тетово и Скопје, на кои учествуваа лица со попреченост, родители/старатели на деца со попреченост, организации „НА и ЗА лица со попреченост", како и претставници на локалната самоуправа, Центарот за социјални работи и Подрачната служба на Фондот за здравствено осигурување, кои зборуваа за искуствата за моменталните состојби и предизвици со кои се соочуваат при остварувањето на правата, во областа на образованието, здравствената заштита, вработување, како и учество во јавниот и политичкиот живот на лицата со попреченост.

Одделот за заштита на правата на детето и лица со попреченост, при Канцеларијата на Народниот правобранител во Скопје, а во соработка со СОС Детско село одржаа креативни

и интерактивни работилници за децата од згрижувачките семејства од Вардарскиот и Југоисточниот регион. Децата од згрижувачките семејства од Велес, Струмица, Кавадарци и Валандово, преку игра и практични примери учеа за своите права, за односот право-обврска согласно Конвенцијата за правата на детето, како и за алатките кои можат да ги искористат во случај на повреда и непочитување на некое нивно право.

Во рамките на соработката со меѓународните организации, Народниот правобранител, г.Насер Зибери оствари средба со Комесарот за човекови права на Советот на Европа, д-р Мајкл О' Флаерти, како и со г.Јонас Гримхеден, Офицер за човекови права, раководител на Одделот за човекови права на Европската агенција за гранична и крајбрежна стража (ФРОНТЕКС), со кој беше потпишан Меморандум за разбирање, за соработка и размена на информации во однос на прекршувања на човековите права.

# 7 КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ СО МЕЃУНАРОДНИ ТЕЛА И АСОЦИЈАЦИИ

Во извештајната година, поради фактот што речиси половина година Институцијата функционираше без народен правобранител, истата беше спречена да учествува како на настаните организирани од другите омбудсмани, така и од сродните институции за заштита на човековите слободи и права. Исто така, спречено беше и учеството на редовните состаноци на институциите каде редовно членува - ЕННХРИ, АОМ, АОМФ, ЕКРИ, ЕОИ, ИОИ, и слично.

Ова, практично значи дека немаше никаква меѓународна соработка, како битен сегмент од работењето, а во рамките на која се следат трендовите на полето на заштитата на човековите слободи и права, потоа со учество на конференции се врши размена на искуства и добри практики, но и надградувањето/ обуката на вработените.

# 8 СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

Народниот правобранител во извештајната 2025 година постапуваше/разгледуваше по 2.921 претставки. Од нив во институцијата Народен правобранител во 2025 година беа примени/заведени 2.400 претставки, а 521 предмети беа пренесени од претходната година.

Најголем број од примените претставки, односно 1.799 беа поднесени лично од подносителите во канцелариите на Народниот правобранител во Скопје, Битола, Тетово, Штип, Кичево, Куманово и Струмица, потоа следат претставките добиени по електронска пошта 697, по пошта 382, преку веб-страницата 118, по телефонско јавување беа оформени 25 предмети, а 31 претставка беше оформена по сопствена иницијатива.

**Преглед бр.1**

| ПРЕГЛЕД НА ПРИМЕНИ/ЗАВЕДЕНИ ПРЕТСТАВКИ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2020 | | 2021 | | 2022 | | 2023 | | 2024 | | 2025 | |
| | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| Недискриминација и соодветна и правична застапеност | 62 | 2,53 | 43 | 1,60 | 76 | 2,37 | 50 | 1,78 | 53 | 1,96 | 60 | 2,50 |
| Полициски овластувања | 130 | 5,31 | 117 | 4,36 | 146 | 4,55 | 141 | 5,03 | 92 | 3,40 | 139 | 5,79 |
| Граѓански состојби и други внатрешни работи | 63 | 2,57 | 96 | 3,57 | 133 | 4,14 | 123 | 4,39 | 408 | 15,08 | 95 | 3,96 |
| Правосудство | 406 | 16,58 | 436 | 16,23 | 534 | 16,64 | 488 | 17,42 | 360 | 13,31 | 307 | 12,79 |
| Обвинителство | 32 | 1,31 | 71 | 2,64 | 87 | 2,71 | 63 | 2,25 | 49 | 1,81 | 47 | 1,96 |
| Социјална заштита | 142 | 5,80 | 183 | 6,81 | 151 | 4,71 | 106 | 3,78 | 114 | 4,21 | 85 | 3,54 |
| Работни односи | 258 | 10,54 | 218 | 8,12 | 288 | 8,97 | 267 | 9,53 | 182 | 6,73 | 219 | 9,13 |
| Станбени односи | 10 | 0,41 | 27 | 1,01 | 34 | 1,06 | 28 | 1,00 | 18 | 0,67 | 41 | 1,71 |
| Здравствена заштита | 53 | 2,17 | 80 | 2,98 | 51 | 1,59 | 50 | 1,78 | 33 | 1,22 | 55 | 2,29 |
| Пензиско и инвалидско осигурување | 109 | 4,45 | 88 | 3,28 | 112 | 3,49 | 100 | 3,57 | 108 | 3,99 | 92 | 3,83 |
| Високо образование, наука, култура и спорт | 20 | 0,82 | 13 | 0,48 | 28 | 0,87 | 24 | 0,86 | 14 | 0,52 | 19 | 0,79 |
| Права на децата | 111 | 4,53 | 254 | 9,46 | 252 | 7,85 | 231 | 8,24 | 200 | 7,39 | 198 | 8,25 |
| Урбанизам и градба | 124 | 5,07 | 136 | 5,06 | 144 | 4,49 | 126 | 4,50 | 107 | 3,96 | 113 | 4,71 |
| Животна средина | 10 | 0,41 | 12 | 0,45 | 17 | 0,53 | 21 | 0,75 | 32 | 1,18 | 79 | 3,29 |
| Финансии | 117 | 4,78 | 111 | 4,13 | 139 | 4,33 | 152 | 5,42 | 94 | 3,48 | 98 | 4,08 |
| Имотно-правни односи | 134 | 5,47 | 150 | 5,58 | 208 | 6,48 | 164 | 5,85 | 130 | 4,81 | 94 | 3,92 |
| Потрошувачки права | 218 | 8,91 | 228 | 8,49 | 337 | 10,50 | 283 | 10,10 | 284 | 10,50 | 264 | 11,00 |
| Казнено-поправни и воспитно-поправни | 166 | 6,78 | 162 | 6,03 | 206 | 6,42 | 166 | 5,92 | 184 | 6,80 | 187 | 7,79 |
| Лица со попреченост | 37 | 1,51 | 17 | 0,63 | 23 | 0,72 | 19 | 0,68 | 14 | 0,52 | 11 | 0,46 |
| НП како пријателна судот | 5 | 55,56 | 10 | 55,56 | 15 | 0,47 | 14 | 0,50 | 7 | 0,26 | 10 | 0,42 |
| НП-механизам за граѓанска контрола | 21 | 9,95 | 8 | 3,98 | 11 | 0,34 | 19 | 0,68 | 25 | 0,92 | 22 | 0,92 |
| Избирачки права | 9 | 0,37 | 18 | 0,67 | 5 | 0,16 | | | 13 | 0,48 | 8 | 0,33 |
| Попис на население | | | 6 | 0,22 | 2 | 0,06 | | | | | | |
| Одбрана | | | 1 | 0,04 | | | | | | | | |
| Друго | 211 | 8,62 | 201 | 7,48 | 210 | 6,54 | 167 | 5,96 | 184 | 6,80 | 157 | 6,54 |
| ВКУПНО: | 2448 | 100 | 2686 | 100 | 3209 | 100 | 2802 | 100 | 2705 | 100 | 2400 | 100 |

Канцеларијата на Народниот правобранител во Скопје постапуваше/разгледуваше по 1.587 претставки, Подрачните канцеларии: во Битола 193, во Кичево 140, во Тетово 139, во Штип 134, во Куманово 125, и во Струмица 82 претставки.

**Слика бр.1**




Од вкупно 2.400 претставки примени/заведени во 2025 година, најголем број 985 или 41,04% се однесуваат на повреда на правата од страна на јавните служби и установи, 588 или 24,5% се однесуваат на повреда на правата од страна на централната власт, 234 претставки или 9,75% се однесуваа на повреда на правата од страна на локалната власт, 201 претставки или 8,38% се однесуваа на повреда на правата од страна на судската власт, 149 претставки или 6,21% граѓаните се пожалија на повреда на правата, како од централната, така и од локалната власт, 109 претставки или 4,54% се однесуваа на повреда на правата од страна на правните лица, а во 134 претставки или 5,58% подносителите се жалат на повреда на правата од други субјекти.

**Графикон бр.11**




Од 2400 примени/заведени претставки оваа извештајна година, 131 или 5,46% се поднесени од страна на организации или здруженија, 31 или 1,29% се формирани по сопствена иницијатива по допрен глас, 19 или 0,79% претставки се анонимни, а 2219 или 92,46% се поднесени од страна на 2.571 подносител (група на граѓани или физички лица).

Од вкупно 2.571 подносител на претставки, 30,38% или 781 подносители се изјасниле за нивната етничка припадност при поднесување на претставките до канцелариите на Народниот правобранител во Скопје, Битола, Кичево, Тетово, Куманово, Штип и Струмица. Од нив 439 или 56,21% се Македонци, 233 или 29,83% се припадници на албанската етничка заедница, 39 или 4,99% се припадници на турската етничка заедница; 37 или 4,74% се припадници на ромската етничка заедница; 10 или 1,28% се Срби; 8 или 1,02% се поднесени од припадници на бошњачката етничка заедница, 6 или 0,77% се поднесени

**Преглед бр.2**

## ПРЕГЛЕД НА ПОДНОСИТЕЛИ НА ПРЕТСТАВКИ СПОРЕД ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ, ПО ОБЛАСТИ

| | | | | | | ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ОБЛАСТ | Примени претставки во 2025 | Анонимни | Број на формирани предмети по сопствена иницијатива | Организација (Здружение) | Број на подносители | Македонци | Албанци | Срби | Роми | Бошњаци | Власи | Турци | Не ја декларирале етничката припадност | Други |
| Недискриминација и соодветна и правична застапеност | 60 | | | 3 | 57 | 6 | 5 | | | 1 | 1 | 1 | 43 | |
| Полициски овластувања | 139 | 2 | 2 | 11 | 150 | 19 | 12 | 1 | 3 | 1 | | | 114 | |
| Граѓански состојби и други внатрешни работи | 95 | | | 5 | 99 | 9 | 10 | | 2 | | | 4 | 74 | |
| Правосудство | 307 | 1 | | 6 | 317 | 77 | 39 | 1 | 4 | 2 | | 18 | 174 | 2 |
| Обвинителство | 47 | | | 3 | 44 | 16 | 6 | 1 | | | | | 21 | |
| Социјална заштита | 85 | | 2 | | 86 | 18 | 18 | | 7 | | | 1 | 41 | 1 |
| Работни односи | 219 | 4 | | 15 | 207 | 39 | 29 | | | | 1 | 1 | 136 | 1 |
| Станбени односи | 41 | 1 | | | 42 | 10 | | | 3 | | | | 29 | |
| Здравствена заштита | 55 | | 3 | 2 | 50 | 7 | 5 | | 1 | | | | 37 | |
| Пензиско и инвалидско осигурување | 92 | | | 6 | 86 | 41 | 5 | 1 | | | | 1 | 38 | |
| Високо образование и наука | 18 | | | 3 | 15 | 1 | | 1 | | | 2 | | 11 | |
| Култура и спорт | 1 | | | | 1 | | | | | | | | 1 | |
| Права на децата | 198 | 2 | 20 | 16 | 186 | 13 | 4 | | 3 | 1 | | 2 | 162 | 1 |
| Урбанизам и градба | 113 | 1 | | 12 | 124 | 46 | 10 | | | | | 1 | 66 | 1 |
| Животна средина | 79 | | 1 | 4 | 74 | 4 | 1 | | | 1 | | | 68 | |
| Финансии | 98 | | | 4 | 94 | 26 | 5 | | 1 | | | | 62 | |
| Имотно-правни односи | 94 | | | 2 | 93 | 27 | 6 | | | | | | 60 | |
| Потрошувачки права | 264 | | | 11 | 298 | 41 | 62 | 1 | 9 | 2 | 1 | 6 | 175 | 1 |
| Казнено-поправни и воспитно-поправни домови | 187 | | 2 | 13 | 171 | 13 | 4 | | 3 | | | 3 | 148 | |
| Лица со попреченост | 11 | | 1 | 1 | 9 | 1 | | | | | | | 8 | |
| НП како пријател на судот | 10 | | | | 10 | | | | 1 | | | | 9 | |
| НП-механизам за граѓанска контрола | 22 | | | 3 | 31 | 5 | 3 | 4 | | | | | 19 | |
| Избирачки права | 8 | | | | 8 | 1 | | | | | | | 7 | |
| Попис на население | | | | | 0 | | | | | | | | | |
| Одбрана | | | | | 0 | | | | | | | | | |
| Други права | 157 | 8 | | 11 | 319 | 19 | 9 | | | | 1 | 1 | 287 | 2 |
| ВКУПНО: | 2400 | 19 | 31 | 131 | 2571 | 439 | 233 | 10 | 37 | 8 | 6 | 39 | 1790 | 9 |

од припадници на влашката етничка заедница; а 9 или 1,15% се од припадници на друга етничка заедница.

Според местото на живеење на подносителите на претставките, најголем број претставки се поднесени од граѓани од Скопје, односно 801 претставка, потоа следат претставки на подносители од: Битола, Куманово, Тетово, Штип, Кичево, Струмица, Велес, Прилеп, Кавадарци и од останатите поголеми урбани средини, како и од други држави.

**Преглед бр.3**

ПРЕГЛЕД
НА ПРИМЕНИ ПРЕТСТАВКИ
СПОРЕД МЕСТО НА ЖИВЕЕЊЕ НА ПОДНОСИТЕЛИТЕ НА ПРЕТСТАВКИТЕ

| Град | 2024 год. | 2025 год. | Град/Држава | 2024 год. | 2025 год. |
|---|---|---|---|---|---|
| Берово | 10 | 5 | Маврово | 2 | |
| Битола | 158 | 139 | Неготино | 8 | 4 |
| Богданци | 4 | 7 | Охрид | 59 | 28 |
| Валандово | 5 | 4 | Пехчево | 4 | |
| Велес | 40 | 60 | Прилеп | 66 | 56 |
| Виница | 3 | 3 | Пробиштип | 7 | 10 |
| Дебар | 7 | 13 | Радовиш | 6 | 9 |
| Делчево | 4 | 8 | Ресен | 5 | 6 |
| Демир Хисар | 7 | 6 | Скопје | 1054 | 801 |
| Дојран | | 2 | Струга | 30 | 35 |
| Гевгелија | 18 | 10 | Струмица | 66 | 61 |
| Гостивар | 33 | 23 | Свети Николе | 7 | 10 |
| Злетово | 3 | | Тетово | 137 | 133 |
| Кавадарци | 33 | 40 | Штип | 104 | 111 |
| Кичево | 64 | 80 | Белгија | 1 | 1 |
| Кочани | 23 | 30 | Бугарија | 1 | |
| Кратово | 4 | 1 | Германија | | 1 |
| Крива Паланка | 8 | 13 | Косово | | 1 |
| Крушево | 4 | 7 | Србија | 2 | |
| Куманово | 122 | 139 | Турција | 1 | |
| Македонска Каменица | 1 | 2 | Не е избран град или држава | 580 | 535 |
| Македонски Брод | 14 | 6 | | | |
| | | | ВКУПНО: | 2705 | 2400 |

## ПОДАТОЦИ ПО ОБЛАСТИ

Оваа извештајна година, најголемиот број на примени/заведени претставки се однесуваа на заштита на правата од областа на правосудството 307 или 12,79%; потоа следат претставките од потрошувачките права 264 или 11,00%; од работните односи 219 или 9,13%; од областа на детските права 198 или 8,25%, од казнено-поправните и воспитно-поправните установи 175 или 7,29%; од областа на заштитата на правата при полициски овластувања 137 или 5,71%; од урбанизмот и градбата 113 или 4,71%; од финансиите и финансиското работење 98 или 4,08%; од областа на граѓанските состојби и други внатрешни работи 95 или 3,96%; од имотно-правната област 94 или 3,92%; од пензиското и инвалидското осигурување 92 или 3,83%; од социјалната сигурност

и социјална заштита 87, односно 3,63%; од животната средина 79 или 3,29%; од недискриминацијата и соодветната и правична застапеност 60 или 2,50%; од здравствената заштита 55 или 2,29%; од обвинителството 47 или 1,96%; од станбените односи 41 или 1,71%, од постапување на НП како маханизам за граѓанска контрола 34 или 1,42%; од образованието и науката 18 или 0,75%, од правата за заштита на лицата со попреченост 11 или 0,46%; од постапување на НП како пријател на судот 10 или 0,42%, од областа на избирачките права 8 или 0,33%, од областа на културата и спортот 1 или 0,04%, како и други права 157 или 6,54% претставки.

**Графикон бр.12**



## Преглед бр.4

**ПРЕГЛЕД НА ПРИМЕНИ/ЗАВЕДЕНИ ПРЕТСТАВКИ И ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕЗЕМЕНИ/НЕПРЕЗЕМЕНИ ДЕЈСТВИЈА/ИНТЕРВЕНЦИИ ПО ОБЛАСТИ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ НА НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ ОД 01.01. ДО 31.12.2025 ПО ОБЛАСТИ**

| | | | | | Начин на решавање | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | Констатирани повреди | | | | | | | | |
| ОБЛАСТИ | Примени во 2025 година | Број на подносители | Останати од претходната година | ВКУПНО во работа | Анонимни | Предмети по сопствена иницијатива | Со одлука за запирање на постапката | Со одлука за непокренување постапка | Правен совет | Дадени мислења, сугестии, препораки | Постапено по интервенција на НП | Преземени сите законски дејствија од НП | Постапката е се уште во тек | Информација или Посебен извештај до министри | Информација или Посебен извештај до Влада | Информација или Посебен извештај до други органи и организации со јавни овластувања | Вкупно завршени постапки | Предмети останати во работа |
| Недискриминација и соодветна и правична застапеност | 60 | 60 | 1 | 61 | | | 22 | 14 | 2 | 13 | 5 | 7 | 1 | | | | 50 | 11 |
| Полициски овластувања | 137 | 161 | 35 | 172 | 2 | 2 | 72 | 43 | 2 | 22 | 18 | 3 | 1 | | | 2 | 140 | 32 |
| Граѓански состојби и други внатрешни работи | 95 | 104 | 121 | 216 | | | 46 | 22 | 4 | 23 | 17 | 1 | 5 | 3 | 1 | 1 | 90 | 126 |
| Правосудство | 307 | 323 | 43 | 350 | 1 | | 165 | 69 | 3 | 62 | 50 | 11 | 1 | 2 | | 3 | 299 | 51 |
| Обвинителство | 47 | 47 | 28 | 75 | | | 36 | 10 | 5 | 7 | 3 | 3 | 1 | | | | 57 | 18 |
| Социјална заштита | 87 | 86 | 17 | 104 | | 2 | 46 | 9 | 1 | 26 | 18 | 3 | 5 | | | | 77 | 27 |
| Работни односи | 219 | 222 | 16 | 235 | 4 | | 129 | 47 | 11 | 32 | 14 | 14 | 4 | 1 | | 1 | 219 | 16 |
| Станбени односи | 41 | 42 | 7 | 48 | 1 | | 22 | 12 | 5 | 3 | 2 | 1 | | | 1 | | 43 | 5 |
| Здравствена заштита | 55 | 52 | 7 | 62 | | 3 | 20 | 8 | 6 | 20 | 6 | 11 | 3 | 5 | | | 51 | 11 |
| Пензиско и инвалидско осигурување | 92 | 92 | 11 | 103 | | | 33 | 11 | 7 | 37 | 36 | | 1 | | | | 87 | 16 |
| Високо образование и наука | 18 | 18 | 6 | 24 | | | 10 | 5 | | 4 | 2 | 2 | | 2 | | | 19 | 5 |
| Култура и спорт | 1 | 1 | | 1 | | | | 1 | | 0 | | | | | | | 1 | 0 |
| Права на децата | 198 | 202 | 22 | 220 | 2 | 20 | 92 | 20 | 19 | 58 | 44 | 14 | | 3 | | 1 | 191 | 29 |
| Урбанизам и градба | 113 | 136 | 33 | 146 | 1 | | 67 | 15 | 7 | 25 | 6 | 15 | 4 | 6 | | 6 | 111 | 35 |
| Животна средина | 79 | 78 | 18 | 97 | | 1 | 68 | 8 | 3 | 9 | 7 | 2 | | 1 | | 2 | 88 | 9 |
| Финансии | 98 | 98 | 7 | 105 | | | 21 | 18 | 3 | 19 | 10 | 3 | 6 | 3 | | 1 | 55 | 50 |
| Имотно-правни односи | 94 | 95 | 39 | 133 | | | 65 | 22 | 2 | 21 | 9 | 12 | | 1 | | 2 | 110 | 23 |
| Потрошувачки права | 264 | 309 | 16 | 280 | | | 153 | 43 | 2 | 45 | 33 | 11 | 1 | 2 | | 3 | 242 | 38 |
| Казнено-поправни и воспитно-поправни домови | 175 | 184 | 45 | 220 | | 2 | 129 | 29 | 2 | 26 | 20 | 2 | 4 | 1 | | | 182 | 38 |
| Лица со попреченост | 11 | 10 | 7 | 18 | | 1 | 7 | 1 | 1 | 5 | 2 | 3 | | | | | 14 | 4 |
| НП како пријател на судот | 10 | 10 | 2 | 12 | | | 2 | 5 | | 2 | 1 | 1 | | | | | 9 | 3 |
| НП-механизам за граѓанска контрола | 34 | 34 | 18 | 52 | | | 18 | | | 19 | 13 | 5 | 1 | | | | 36 | 16 |
| Избирачки права | 8 | 8 | 1 | 9 | | | 5 | 4 | | 0 | | | | | | | 9 | 0 |
| Попис на население | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | | 0 | 0 |
| Одбрана | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | | 0 | 0 |
| Други права | 157 | 330 | 21 | 178 | 8 | | 90 | 52 | 5 | 14 | 9 | 4 | 1 | 1 | | | 168 | 10 |
| ВКУПНО: | 2400 | 2702 | 521 | 2921 | 19 | 31 | 1318 | 468 | 90 | 492 | 325 | 128 | 39 | 31 | 2 | 22 | 2348 | 573 |

## ПОСТАПУВАЊЕ

Од вкупно 2.921 предмети, Народниот правобранител оваа извештајна година покрена постапка по 1.810 или 61,97% претставки, а по 487 или 16,67% претставки не покрена постапка.

Во 90 или 3,08% претставки/случаи граѓаните поставиле прашања, по кои Народниот правобранител по анализирањето на правната регулатива, на граѓаните писмено им одговараше, им даваше правен совет, со што ги насочуваше во решавање на нивните проблеми, а со тоа и остварување на нивните права, додека 534 или 18,28% предмети сѐ уште се во разгледување. (Слика бр.2)

**Слика бр.2**




Од 487 претставки по кои не е покрената постапка, по 246 претставки или 50,51% Народниот правобранител не е надлежен да постапува.

Понатаму, по 109 претставки или 22,38% не се работи за повреда на уставните и законските права, по 77 претставки или 15,81% и по доставено барање за дополнување на претставка, подносителот не ја дополни претставката, по 19 претставки или 3,90% во тек е судска постапка, во 12 случаи или 2,46% од дејството или последната одлука поминало повеќе од 1 година, во 5 претставки или 1,03% се работи за помалку значајни случаи кои и по завршувањето на испитувањето не би можело да даде соодветни резултати, а 19 претставки или 3,90% беа анонимни, во кои најчесто се изнесува незадоволство од определени состојби, или се укажува на повреда на конкретно право, а не се наведува податок за органот и лицето чие право е повредено, ниту податоци за евентуален контакт заради дообјаснување и дополнување на претставка. (Слика бр.3)

**Слика бр.3**




Од 1.810 предмети по кои Народниот правобранител покренал постапка, во 492 или 27,18% констатираше повреда на човековите слободи и права, и постапуваше со цел отстранување на повредите, односно остварување на правата на граѓаните-подносители. Додека, во 1.318 или 72,82% по преземени дејствија за испитување на наводите од претставката не е констатирана повреда на човековите слободи и права, и следствено постапката е запрена.

Поточно, во 927 или 70,33% случаи постапката е запрена, затоа што не се констатира повреда на правата, во 215 или 16,31% постапката е запрена затоа што подносителот во меѓувреме го остварил своето право, во 85 или 6,45% подносителот не покажал интерес за натамошно водење на постапката, во 54 или 4,10% во текот на постапката по претставката подносителот повел судска постапка, во 36 или 2,73% подносителот ја повлече претставката, а во 1 или 0,08% подносителот починал, а неговите наследници не барале продолжување на постапката. (Слика бр.4)

**Слика бр.4**



**Графикон бр.13**




## КОНСТАТИРАНИ ПОВРЕДИ И ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

Од вкупно 492 предмети во кои Народниот правобранител утврди повреди и ги презеде сите законски дејствија, во 325 или 66,06% случаи органите на државната управа, другите органи и организации со јавни овластувања ги прифатија интервенциите на Народниот правобранител. Во 128 или 26,02% случаи по констатираната повреда Народниот правобранител достави укажување за начинот на отстранување на констатираната повреда до надлежниот орган кое не беше прифатено, по што согласно законските надлежности презеде други дејствија, односно достави информации и посебни извештаи до повисокиот орган, по што ги исцрпи сите законски можности, а во 39 или 7,93% случај по констатирана повреда и доставена препорака сé уште се чека одговор од надлежниот орган. (Слика бр.5)

**Слика бр.5**



Оваа извештајна година, најголем број на констатирани повреди беа од областа на правосудството каде беа констатирани 62 повреди или 12,60%, од кои во 50 случаи или 80,65% беа прифатени укажувањата на Народниот правобранител. Потоа, следат претставките за заштита на правата на децата каде беа констатирани повреди во 58 случаи или 11,79%, од кои во 44 случаи или 75,86% беа прифатени укажувањата на Народниот правобранител. Во претставките од областа на потрошувачките права беа констатирани повреди во 45 случаи или 9,15%, од кои во 33 случаи или 73,33% беше постапено по укажувањата на Народниот правобранител за отстранување на констатираната повреда. Потоа, следат претставките од областа на пензиско и инвалидско осигурување каде беа констатирани 37 повреди или 7,52% од кои во 36 случаи или 97,30% беа прифатени укажувањата на Народниот правобранител за отстранување на констатираната повреда. Во претставките за заштита на правата од работните односи беа констатирани 32 повреди или 6,50% од кои во 14 случаи или 43,75% беа прифатени укажувањата на Народниот правобранител. Во претставките од казнено-поправните и воспитно-поправните домови и претставките од областа на социјалната заштита беа констатирани по 26 повреди или 5,28% од кои во претставките од казнено-поправните и воспитно-поправните домови во 20 случаи или 76,92% беа прифатени укажувањата на Народниот правобранител, а во претставките од областа на социјалната заштита во 18 случаи или 69,23% беше постапено по укажувањата на Народниот правобранител. Потоа следат претставките од областа на урбанизмот, каде се констатирани повреди во 25 случаи или 5,08%, од кои во 6 случаи или 24,00% беше постапено по укажувањата на Народниот правобранител. Во претставките од областа на граѓанските состојби и други внатрешни работи, беа констатирани 23 повреди или 4,67%, од кои во 17 случаи или 73,91% беше постапено по укажувањата на Народниот правобранител за отстранување на констатираната повреда. Потоа, следат претставките од областа на полициските овластувања, каде беа констатирани 22 повреди или 4,47%, од кои во 18 случаи или 81,82% беа прифатени укажувањата на Народниот правобранител. Во претставките од областа на имотно-правните области беа констатирани повреди во 21 случај или 4,27%, од кои во 9 случаи или 42,86% беа прифатени укажувањата на Народниот правобранител, а додека во претставките од здравствената заштита беа констатирани повреди во 20 случаи или 4,07%, од кои во 6 случаи или 30,00% беа прифатени укажувањата на Народниот правобранител. Потоа, следат претставките од финансиите и финансиското работење и претстваките од НП механизам за граѓанска контрола каде беа констатирани повреди во 19 случаи или 3,86%, од кои во претставките од финансиите и финансиското работење во 10 случаи или 52,63% беа прифатени укажувањата на Народниот правобранител, а во претставките од областа НП механизам за граѓанска контрола во 13 случаи или 68,42% беше постапено по укажувањата на Народниот правобранител. Во претставките од областа на недискриминација и соодветна и правична застапеност беа констатирани повреди во 13 случаи или 2,64%, од кои во 5 случаи или 38,46% беа прифатени укажувањата на Народниот правобранител. Следат претставки од областа на обвинителството, лица со попреченост, образованието, итн.

**Графикон бр.14**



# 9 ЗА ИНСТИТУЦИЈАТА

## ОРГАНИЗАЦИЈА (правен основ)

1. Устав на РСМ („Сл.весник на РМ" бр.52/91, 91/01),
2. Закон за народниот правобранител („Сл. весник на РМ" бр. 60/03, 114/09, 181/16, 189/16 и 35/18), Одлука У бр. 111/2007 на Уставниот суд,
3. Правилник за систематизација на работните места во Стручната служба, Тимот на националниот превентивен механизам, Посебните одделенија и Канцелариите на Народниот правобранител НПР бр. 1695/3 од 01.07.2021 и 01-1616/1 од 05.04.2022 год. и
4. Правилник за организација и делокруг на работата на Стручната служба, Тимот на Националниот превентивен механизам, Посебните одделенија и Канцелариите на Народниот правобранител НПР бр. 1695/4 од 01.07.2021 год.
    - 11 оддели,
    - Тим на Националниот превентивен механизам,
    - Народен правобранител - механизам за граѓанска контрола,
    - Три одделенија и
    - Подрачни канцеларии.

## НАЧИН НА РАБОТА

Прием на странки, претставки и давање на правен совет:

1. **Лично** во текот на работниот ден и без најава. Граѓаните можат да бидат примени и сослушани од страна на стручните лица при пополнување на претставка доколку при разговорот се утврди дека постои правен основ за постапување. Доколку се констатира дека Институцијата Народен правобранител нема надлежност за постапување, на странките им се дава правен совет и упатување каде и на кој начин можат да го остварат своето право.

Локации на канцелариите:

- Скопје - ул.„Македонија" бр.19,
- Кичево - Бул. „Ослободување" бр.44,
- Тетово - ул. „Илинденска" бр. 62,
- Битола - ул. „Виенска" бр.28,
- Штип - ул. „Тошо Арсов" б.б. (зграда на Кјуби-Македонија),
- Куманово - ул. „11 Октомври" б.б. (зграда на Македонска пошта) и
- Струмица - ул. „Ленинова" бр.44 ГТЦ/ Глобал- 2 кат

Работно време: 08:00- 16:00 часот, секој работен ден.

2. **По електронски пат** во кое било време од денот, при што претставките архивски се заведуваат наредниот работен ден од приемот- **contact@ombudsman.mk**

3. **По телефон** на следните телефонски броеви:
    - Скопје - 02/3129-351, 3129-367, 3129-327, 3129-335,
    - Кичево - 045/228-584, 228-586,
    - Тетово - 044/344-081, 344-083,
    - Битола - 047/242-310, 242-510,
    - Штип - 032/389-700, 389-701,
    - Куманово - 031/431-488, 431-520 и
    - Струмица - 034/329-995, 329-997.

## КАДРОВСКА СОСТОЈБА

Во 2025 година немаше нови вработувања. Три лица вработени во Народен правобранител (државен советник, советник и помлад референт) го завршија работниот однос поради стекнување право на пензија, а еден советник користеше право на мирување на работниот однос во времетраење од една година.

Изборот на седумте заменици на Народниот правобранител (3 во канцеларијата во Скопје, и по 1 во Подрачната канцеларија Куманово, Тетово, Штип и Струмица), кој требаше да се изврши уште во јули 2021 година не беше реализиран ниту во 2025 година.

Функционирањето на институцијата беше дополнително отежнато поради ненавремено распишување оглас за избор на Народен правобранител, со оглед дека народениот правобранител г.Насер Зибери го исполни условот за пензија на 12.07.2025 година. Огласот беше објавен на 16.07.2025 година, но поради редовните локални избори избор не можеше да се изврши. Одлуката за избор на новиот народен правобранител, м-р Фатон Сељами, од страна на Собранието на Република Северна Македонија беше донесена на 23.01.2026 г.

Во август 2025 година, институцијата остана без уште еден заменик (во ПК Битола) поради пензионирање. Од јули 2025 г. до изборот на новиот народен правобранител институцијата Народен правобранител ја претставуваше заменикот на народниот правобранител г. Илбер Руфати.

Во стручната служба на Народниот правобранител, од предвидени 183 работни места, до декември 2025 година беа пополнети 82 работни места (без избрани и именувани лица), согласно последниот Правилник за систематизација на работните места.

Квалификациска, родова и етничка структура на вработените:

**Преглед бр.5**

| | Вработени по пол | | СТЕПЕН НА ОБРАЗОВАНИЕ | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Високо образование | | Вишо образование | | Средно образование | | Основно образование | | |
| | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | |
| Избрани или именувани лица | 1 | 1 | 1 | 1 | | | | | | | 2 |
| Раководни работни места | 9 | 18 | 9 | 18 | | | | | | | 27 |
| Нераководни работни места | 22 | 33 | 14 | 23 | | | 8 | 10 | | | 55 |
| Вкупно: | 32 | 52 | 24 | 42 | | | 8 | 10 | | | 84 |

**Преглед бр.6**

| | ПРИПАДНОСТ НА ЗАЕДНИЦА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Власи | Бошњаци | Други | вкупно вработени |
| Избрани или именувани лица | 1 | 1 | | | | | | | 2 |
| Раководни работни места | 13 | 9 | | 1 | 2 | 1 | 1 | | 27 |
| Нераководни работни места | 21 | 26 | | 2 | 2 | 3 | 1 | | 55 |
| Вкупно: | 35 | 36 | 0 | 3 | 4 | 4 | 2 | | 84 |

## СРЕДСТВА ЗА РАБОТА

Народен правобранител е буџетски корисник од прва линија, кој не остварува сопствени приходи. Во 2025 година немаше донаторски проекти, исто какао и претходните две години.

Поради ниската флексибилност на буџетските процедури и јавните набавки, институцијата во последните три години соработува со Канцеларијата на УНХЦР во Скопје во поинаква форма. Финансиските средства за Националниот превентивен механизам (НПМ) беа менаџирани преку Македонското здружение на млади правници, во износ од 2.000 евра.

Буџетот во 2025 година имаше една измена и дополнување (ребаланс) („Сл.весник на РСМ" бр.151/25), една одлука за прераспределба на средства („Сл.весник на РСМ", бр.246/25), и три прераспределби кои го намалија износот од 95.960.000 на 92.828.000 ден., односно за 3.132.000 денари.

Министерството за финансии продолжи да има рестриктивен пристап кон буџетот на Народниот правобранител. Недостатокот на средства влијаеше на есенцијалните обврски, како закупнина на деловен простор, кои не беа надоместени ниту со ребалансот, ниту со одлуката за прераспределба во декември. Истовремено, средства за есенцијалните потреби беа прераспределени на друг ентитет, создавајќи лажна слика за вишок на средства во буџетот кој Народниот правобранител не може да го потроши.

Промоцијата и ангажманот на три членови од невладиниот сектор во Механизмот за

граѓанска контрола останаа ограничени поради недостиг на средства. Особено проблематично беше неодобрувањето на додатокот на плата од 30% согласно Колективниот договор, дури и во последните два месеца од годината, кога исполнетите услови за исплата не беа реализирани. Имено, на поднесените барања за исплата не беше одговорено воопшто, вирманите беа држени на листа на чекање до самиот крај на годината и службата остана без таа единствена шанса да се избори за почитување на своите барања.

На сите потпрограми беа доделени по 400.000,00 денари, освен НПМ- от со 512.000,00 денари, иако буџетското барање беше значително повисоко. Парадоксално, средствата не беа ефективно искористени поради правни и административни пречки за ангажирање на сите потребни експерти од кои одделите имаат потреба. Иако соработката со експерти од разни области е доминантна и пресудна за квалитетно извршување на работата на секој од одделите, преку спроведување на постапка за јавна набавка, тешко дека може да се одговори на истата.

Структурата на реализацијата на буџетот по групи изразена во проценти е како што следи:

- 79% - основни плати и придонеси за социјално осигурување,
- 19% - стоки и услуги,
- 1% -разни трансфери и
- 1% - капитални расходи.

Реализацијата на Буџетот на програмата на Народниот правобранител е 97%, додека вкупната реализација со четирите потпрограми за 2025 година е 96%.

**Преглед бр.7**

| пот ставки | опис | НП Буџет 2025 | НПМ Буџет 2025 | МГК Буџет 2025 | МДЛП Буџет 2025 | ТЛ Буџет 2025 | НП реализација 2025 | НПМ реализација 2025 | МГК реализација 2025 | МДЛП реализација 2025 | ТЛ реализација 2025 | Вкупна реализација | Остаток | % НП | % НПМ | % МГК | % МДЛП | %ТЛ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 401 | Основни плати | 52.348.000,00 | | | | | 50.171.805,00 | | | | | 50.171.805 | 2.176.195,0 | 95,84 | | | | |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 19.897.000,00 | | | | | 19.469.549,00 | | | | | 19.469.549 | 427.451,0 | 97,85 | | | | |
| 404 | Надоместоци | 1.028.000,00 | | | | | 1.026.876,00 | | | | | 1.026.876 | 1.124,0 | 99,89 | | | | |
| 40 | Плати и надоместоци | 73.273.000,00 | | | | | 70.668.230,00 | | | | | 70.668.230 | 2.604.770,0 | 96,45 | | | | |
| 420 | Плати и дневни расходи | 300.000,0 | 30.000,0 | | | 12.000,0 | 185.903,0 | 21.152,0 | | | 11.001,0 | 218.056 | 122.945,0 | 61,97 | 70,51 | | | 91,68 |
| 421 | Комунални услуги | 4.000.000,0 | | | | | 3.838.371,0 | | | | | 3.838.371 | 161.629,0 | 95,96 | | | | |
| 423 | Материјали и алати | 402.000,0 | | | | | 299.353,0 | | | | | 299.353 | 102.647,0 | 74,47 | | | | |
| 424 | Поправка и тековно одржување | 2.080.000,0 | | | | | 1.953.028,0 | | | | | 1.953.028 | 126.972,0 | 93,90 | | | | |
| 425 | Договорни услуги | 10.600.000,0 | 90.000,0 | 40.000,0 | 40.000,0 | 40.000,0 | 10.600.000,0 | 45.148,0 | | | 1.000,0 | 10.646.148 | 163.852,0 | 100,00 | 50,16 | | | 2,50 |
| 426 | Други тековни расходи | 600.000,0 | | | | | 511.005,0 | | | | | 511.005 | 88.995,0 | 85,17 | | | | |
| 42 | Стоки и услуги | 17.982.000,0 | 120.000,0 | 40.000,0 | 40.000,0 | 52.000,0 | 17.387.660,0 | 66.300,0 | | 0 | 12.001,0 | 17.465.961 | 767.040,0 | 96,69 | 55,25 | | | 23,08 |
| 464 | Разни трансфери | 712.000,0 | | | | | 711.879,0 | | | | | 711.879 | 121,0 | 99,98 | | | | |
| 46 | Вкупно трансфери | 712.000,0 | | | | | 711.879,0 | | | | | 711.879 | 121,0 | 99,98 | | | | |
| 480 | Купување на опрема и машини | 188.000,0 | 101.000,0 | | | | 187.519,0 | 100.769,0 | | | | 288.288 | 712,0 | 99,74 | 99,77 | | | |
| 485 | Вложувања и нефинанс. ср-ва | 320.000,0 | | | | | 319.977,0 | | | | | 319.977 | 23,0 | 99,99 | | | | |
| 48 | Вкупно за капитални расходи | 508.000,0 | 101.000,0 | | | | 507.496,0 | 100.769,0 | | | | 608.265,0 | 735,0 | 99,90 | 99,77 | | | |
| | **ВКУПНО** | **92.475.000,0** | **221.000,0** | **40.000,0** | **40.000,0** | **52.000,0** | **89.275.265,0** | **167.069,0** | | **0** | **12.001,0** | **89.454.335** | **3.372.666,0** | **96,54** | **75,60** | | **0,00** | **23,08** |
| | **ВКУПНО** | **92.828.000** | | | | | **89.454.335,0** | | | | | | | **96,37** | | | | |

**Република Северна Македонија**
**Народен правобранител**

ул:„Македонија" бр.19, 1000 Скопје, РС. Македонија
тел: +389 2 3129335
e-mail: contact@ombudsman.mk
www.ombudsman.mk